Второ издание

*Вилхелм Буш*

# ИСУС



# НАША СУДБИНА

*Вилхелм Буш*

# ИСУС НАША СУДБИНА

ЉУБИТЕЛИ
на ХРИСТИЈАНСКОТО
ЕВАНГЕЛИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 1999 година

**Второ издание**

Вилхелм Буш
ИСУС НАША СУДБИНА
*Наслов на оригиналот*
Wilhelm Busch
Jesus unser Schiksal
*Издадено со одобрение.*
*Сите права ги задржува издавачот.*
*©Copyright 1999*
*Превод од германски*
Љубомир Николоски
*Издавач*
"Љубители на Христијанското Евангелие"
во Република Македонија
П. фах 698, 91001 Скопје
*E-mail:* ehcbore@unet.com.mk
*За издавачот*
Боре Блажевски
*Печат*
"Маринг" - Скопје
*Тираж*
5.000 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
284.991(02.062)
БУШ, Вилхелм
Исус наша судбина / Вилхелм Буш; превод на делото од германски Љубомир Николоски, - Скопје; Љубители на Христијанското Евангелие, 1999. - 291 стр.; 17 см.
Превод на делото: Jesus unser Schiksal / Wilhelm Busch. - белешка за авторот: стр. 290

**ISBN 9989-837-00-7**

а) Христијанство - Евангелизам - Популарна литература

*Мислење од Министерството*
*за култура на РепубликаМакедонија*
*бр. 07-4618/2 од 09.09.1999 г.*

# Кој е Вилхелм Буш?

Речиси непознат во земјите на англиското говорно подрачје, Вилхелм Буш беше еден од најпознатите и најпопуларните германски евангелизатори во времето пред и по Втората светска војна. Неговиот непосреден и искрен начин на проповедање на библиските вистини привлекуваше илјадници луѓе кои се собираа да го слушаат.

Вилхелм Буш беше уверен дека пораката на евангелието е најубавата порака на сите времиња. Во неговите проповеди и пишани материјали, тој со убедлива моќ, но и на едноставен начин, го посочува библискиот одговор на најприродните прашања на луѓето, одговор што можат да го прифатат и млади и стари, и богати и сиромашни, и учени и неучени луѓе.

Роден во 1897 година во Вупертал, Елберфелд, во Германија, Вилхелм Буш ја минува својата младост во Франкфурт на Мајна, каде што завршува средно училиште. За време на Првата светска војна тој има чин поручник. Таму, на бојното поле, го сретна живиот Спасител и му го предаде својот живот на Бог. Тој радикален чекор го измени текот на неговиот живот, и во годините што следеа влијаеше врз животите на илјадници други луѓе.

По завршувањето на Првата светска војна, тој студира теологија во Тибинген, а потоа прифаќа црковна служба како пастор, најпрво во Билефелд, потоа во Рурската област и на крајот во Есен. Таму бил проповедник и водел часови за млади сè до својата смрт. За време на својата служба тој многу патувал низ Германија и низ другите европски земји, проповедајќи го Божјиот Збор.

Поради тоа што се согласувал со строгиот и бескомпромисен став на германската службена црква против мешањето на Третиот Рајх во животот на црквата и поради својата храброст отворено да ја исповеда својата вера, тој бил неколку пати затворан од нацистите.

По завршувањето на Втората светска војна, Вилхелм Буш пак многу патува и служи како евангелизатор-патувач. Во 1966, по неколку децении неуморна работа, Господ си го прибира кај себе.

# Содржина

Предговор ........................................................................ 6
Бог - да, но зошто Исус? ........................................................ 7
Која е смислата на моето постоење? ...................................... 24
Немам време! ........................................................................ 38
Внимание! Опасно за животот! ............................................. 54
Што треба да се прави? ........................................................ 71
Зошто Бог го дозволува тоа? ................................................ 88
Нашето право на љубов! ...................................................... 105
Може ли да се разговара со Бог? .......................................... 121
Што да правам кога не можам да поверувам? ...................... 135
Како да излезам на крај со животот кога постојано
меe прогонува чувство на вина и промашувања? ..................... 153
Како да уживам во животот кога другите
луѓе ми ги кинат нервите? ..................................................... 171
Сѐ треба да се промени, но како? .......................................... 185
Благодарам, не! .................................................................... 201
Има ли сигурност во религијата? .......................................... 214
Дали христијанството е приватна работа? ............................. 233
Кога ќе дојде „крајот на светот“? ......................................... 252
Каква е ползата од животот со Бог? ..................................... 273

# Предговор

„Исус, наша судбина“ - беше насловот на големата евангелизација која пасторот Буш ја одржа во 1938 г. во Есен. Тој со голема радост служеше како пастор за младите, но како страстен проповедник на евангелието беше и неуморен патник. Одржа безброј предавања во многу села и градови, на исток и запад, во Европа и во цел свет, во кои повикуваше на вера во Исус. Многу се радуваше кога луѓето масовно се ѕвиваа да ги слушаат неговите пораки. Беше убеден дека евангелието за Исус е најубавата порака на сите времиња.

Илјадници доаѓаа да го слушаат. Сепак, тој истовремено остана и вистински душегрижник, бидејќи секогаш наоѓаше време за разговор со поединецот. Тоа беше негова специјална служба. Од записите на магнетофонски ленти и од страниците на оваа книга, тој тоа го прави и денес - им зборува на поединците како пратеник на распнатиот и воскреснат Исус Христос.

„Исус, наша судбина” - беше основна тема на неговата порака. Сакате ли да ја чуете таа порака? Таа ви е достапна. Прифатете го водството на Светиот Дух и дојдете пред неговата проповедална. Наскоро ќе сфатите дека - „Исус, наша судбина” - е главна тема на светот и на нашите животи.

Карл Хајнц Еринг

## БОГ - ДА, НО ЗОШТО ИСУС?

Искусен пастор, каков што сум јас, кој цел живот работел во големи градови, секогаш одново ги слуша истите „бисери“. На пример, еден од нив гласи: „Како може Бог да го дозволи тоа?“ Друг вели: „Каин и Авел биле браќа. Каин го убил Авел. Од каде си нашол Каин жена?“ А еден од најомилените ми е овој: „Господине пасторе, секогаш зборувате за Исус. Тоа е убаво. Но зар не е сѐ едно на која религија ѝ припаѓа човек. Главно е да се има страхопочит кон некоја виша, невидлива сила.“

Ова звучи логично, зар не? Истото го кажал и мојот голем сограѓанин, Гете (тој бил исто така од Франкфурт): „Чувството е сѐ, името е само звук и чад...“ Дали ќе кажеме Алах, Буда, Судбина или „Врховно суштество“, сѐ едно е. Важно е да си имаме некаква вера. Би било фанатизам да се прецизира верата. Така мислат можеби половината од вас, зар не? Добро се сеќавам како една стара госпоѓа ми рече: „О, господине пасторе, вие пак само за Исус! Зар Исус не рекол: 'Во домот на мојот Отец има многу станови!' Таму има место за сите!“ Драги пријатели, ова е голема заблуда!

Еднаш бев во Берлин на аеродромот „Темпелхоф“. Пред да влеземе во авионот, мораше уште еднаш да се изврши пасошка контрола. Пред мене, како уште да го гледам, стоеше еден крупен господин, два метра висок, со ќебе под мишката. Набрзина му го подаде пасошот на службеникот, кој му рече: „Момент! На вашиот пасош му поминал рокот!“ Господинот возврати: „Ве молам, немојте да бидете ситничар, главно јас имам пасош!“ „Не“, решително објасни службеникот, „пасошот мора да има рок на важење!“

Исто така е и со верата. Не може само да се има каква било вера. Секој има некаква вера. Неодамна некој ми рече: „Верувам дека од кило говедско може да се направи добра супа.“ И тоа е еден вид вера. Не станува збор за тоа да се има некаква вера, туку за тоа да се има вистинска вера, вера со која може да се живее и тогаш кога ти е тешко, вера која е потпора и во најсилните искушенија, вера со која може да се умре. Смртта е вистинска проверка за исправноста на нашата вера!

Има само една вистинска вера со која може исправно да се живее и исправно да се умре: Тоа е верата во Господ Исус Христос, Синот Божји. Исус рекол: „Во куќата на мојот Отец има многу станови.“ Но постои само една врата низ која се влегува во Божјите станови: „Јас сум вратата! Кој ќе влезе преку мене, ќе се спаси.“

Исус е вратата. Јас добро знам. За тоа луѓето не сакаат да слушаат. За Бог можете со часови да дискутирате. Еден Бог си го претставува вака, друг онака. Но за Исус никој не сака да дискутира. А јас ви велам: Само верата во Исус, Синот Божји, е спасителна вера, вера што води во блаженство, вера со која може да се живее и да се умре.

Еден настан што сум го доживеал покажува колку им е смешна на луѓето оваа вера. Можеби и вие ќе се насмеете. Еднаш, пред многу години, се шетав по улиците на Есен. Двајца луѓе стоеја на тротоарот, очигледно рудари. Кога поминував покрај нив, едниот ме поздрави: „Добар ден, господине пасторе!“ Јас се свртев и го прашав: „Дали се познаваме?“ Тој се насмевна и му рече на другиот: „Ова е пастор Буш. Многу добро момче.“ „Благодарам!“ реков јас. Но тој продолжи: „Но тој е мрднат!“ Јас се побунив: „Што, јас сум мрднат?“ А тој одговори: „Навистина, пасторот е чудно момче. Зборува само за Исус.“ „Човеку!“ викнав возбудено. „Јас

не сум луд! По сто години ќе бидеш во вечноста. Тогаш сè ќе зависи од тоа дали го познаваш Исус. Од тоа зависи дали ќе се најдеш во рајот или во пеколот. Кажи, дали го познаваш Исус?“ „Виде ли?“ се сврте тој кон својот другар, смеејќи се. „Еве, пак почнува.“

Токму така и сега ќе почнам. Има еден стих во Библијата што сакам да го ставам на прво место. Тој вели: „Кој го има Синот Божји, има живот.“ Можеби на веронаука сте научиле нешто за Исус - но Него го немате. „Кој го има Синот Божји!“ - слушајте добро: „го има!“ - „тој има живот“ - сега и во вечноста. „Кој го нема Синот Божји, тој нема живот.“ Така кажува Божјиот Збор. Ја знаете поговорката: „Кој има, има.“ Токму тоа го вели овој стих од Библијата. Би сакал да ве убедам, за ваше добро, да го прифатите Исус и да му го предадете својот живот, бидејќи животот без Него е мизерен.

Ќе ви објаснам зошто Исус е единствен и зошто верата во Исус е единствено правилна. Дозволете ми слободно да ви го изнесам моето лично мислење. Сакам да ви објаснам зошто јас морам да го имам Исус и зошто морам во Него да верувам.

## 1. Исус е Божја објава

Кога некој ќе ми каже: „Верувам во Бог. Но зошто Исус?“ јас му одговарам: „Тоа е неразумно. Бог е скриен Бог. Без Исус ние ништо не знаеме за Бог.“

Луѓето можат да си измислат свој бог, на пример, „нашиот драг Бог“, кој еден чесен Германец нема да го напушти сè додека пие дневно само до пет кригли пиво. Но тоа не е Бог! Алах, Буда - тоа се само проекции на нашите желби. Но Бог? Без Исус ние ништо не знаеме за Бог. Исус е Божја објава. Во личноста на Исус Христос Бог дошол кај нас.

Ќе ви го објаснам ова со една илустрација: Замислете си непроѕирен ѕид од магла. Зад маглата се крие Бог. Бидејќи луѓето не можат да живеат без Бог, почнуваат да го бараат. Се обидуваат да го пронајдат во маглата. Тоа се обидите на разни религии. Сите религии всушност претставуваат барање на Бог од страна на луѓето. За сите религии едно е заедничко: Сите се загубени во маглата, ниедна од нив не го пронашла Бога.

Бог е скриен Бог. Тоа добро го сфатил човекот Исаија (пророкот Исаија, заб. прев.) кој извикнал: „Боже, не можеме да дојдеме кај Тебе. О, кога би ги раскинал небесата и би слегол кај нас!“ И замислете: Бог го чул овој крик! Тој ги раскина небесата и дојде кај нас - во Исус. Кога ангелите на витлеемските полјани пееле: „Денес ви се роди Спасителот! Слава на Бога во височините“ - тогаш Бог дојде кај нас. И сега Исус вели: „Кој ме гледа Мене, го гледа Таткото.“

Без Исус јас ништо не знаев за Бог. Тој е единствениот што може да ми даде сигурност дека го познавам Бог. Тогаш како може некој да каже: „Јас можам без Исус!“

Ова го велам само накусо, и многу морам да испуштам. Сакам толку многу да ви кажам за Исус. Но сега ќе ви ја кажам најважната причина „зошто Исус“.

## 2. Исус е спасоносна Божја љубов

Морам ова да ви го објаснам. Еднаш разговарав со еден новинар кој ме интервјуираше и ме праша: „Зошто всушност одржувате вакви предавања?“ Јас му одговорив: „Затоа што се плашам дека луѓето ќе одат во пеколот.“ Тој се насмеа и ми рече: „Такво нешто не постои!“ Тогаш јас му реков: „Почекајте малку. По сто години сами ќе се уверите дали сте Вие во право или е

во право Божјиот Збор. Кажете ми“, го прашав, „дали некогаш сте имале страв од Бога?“ „Не!“ одговори тој. „Од нашиот драг Бог не треба да се плашиме!“ Тогаш јас му објаснив: „Тешко тебе! Оној што и малку го познава Бог, мора да сфати дека нема ништо пострашно од Него, од светиот и праведен Бог, кој е судија на нашите гревови. Мислиш ли ти дека Тој ќе премине преку твоите гревови? Го нарекуваш ’драг Бог’. Библијата не Го претставува така. Напротив, таму се вели: ’Страшно е да се падне во рацете на живиот Бог.’“

Дали некогаш сте се уплашиле од Бог? Ако не сте, тогаш уште не сте почнале да ја сфаќате сета реалност на светиот Бог и на својот грешен живот. Но кога ќе почнете да се плашите од Бог, тогаш ќе се запрашате: „Како да се одржам пред Бога.“ Мислам дека најголема глупост на нашето време е што нема повеќе страв од гневот Божји. Да, тоа е знак на страшна тврдост кога еден народ не го сфаќа сериозно живиот Бог и Неговиот гнев против гревот.

Професорот Карл Хајм еднаш ми раскажа за едно свое патување во Кина, кога минал и низ Пекинг. Таму го одвеле на еден рид, на чијшто врв имало олтар, наречен „небесен олтар“. Му било објаснето дека во таканаречената „ноќ на помирување“ овој рид се исполнува со стотици илјади луѓе со светилки во рацете. Тогаш таму се качува и царот на Кина - и принесува жртва на помирување за својот народ. Откако професорот Хајм ми го раскажа ова, тој додаде: „Тие незнабошци го сфаќаат гневот Божји и дека на луѓето им треба измирување.“

Од друга страна, образованиот Европеец смета дека може да зборува за „нашиот драг Бог“ и дека Бог би требало да биде задоволен со луѓето сè додека храбро го плаќаат црковниот данок (во Германија луѓето

автоматски плаќаат црковен данок со тоа што им се одбива од платата - одреден процент во полза на црквата за која ќе се изјаснат, заб. прев.). Подобро е да почнеме сите одново да се плашиме од Бога! Сите ние сме згрешиле. Зар не и вие? Се разбира, и вие!

Кога одново би научиле да се плашиме од Бог, природно би ни се поставило прашањето: „Како да се спасиме од гневот Божји? Каде е спасот?" Тогаш ќе ни се отворат очите и ќе сфатиме: Исус е спасителната Божја љубов! „Бог сака сите луѓе да се спасат." Но тој не може да биде неправеден, Тој не може да го премолчи гревот. Затоа Тој го дал Својот Син - за спас, за измирување.

Да отидеме во мислите во Ерусалим. Пред градот има едно ритче. Наоколу гледаме илјадници луѓе. Над главите на луѓето се издигаат три крста. Човекот на левиот крст е како еден од нас, грешник. Оној на десниот исто така. Но човекот во средината, погледнете Го внимателно, носи трнова круна! Тој е Син на живиот Бог!

Таму на Голгота стои подигнат крст,
Тој симбол на најсрамна смрт.
Јас го љубам тој крст, на кој казнет со смрт,
Беше Исус за грешниот свет.*)

Зошто тој виси? Овој крст е Божји олтар, а Исус е „Божје Јагне кое ги зема на себе гревовите на светот" и нè измирува со Бог.

Сфатете: Сè додека не сте го нашле Исус, вие стоите под гневот Божји, иако тоа не го забележувате, иако

---

*) Овде и на други места се цитирани стихови од христијански песни од песнарката: „Христијански песни" во издание на Христијанската баптистичка црква „Радосна Вест" од Скопје.

можеби го негирате. И само ако дојдете кај Исус, вие се помирувате со Бог. „Казната падна врз Него, за ние да имаме мир со Бог.“

Дозволете ми ова да го објаснам со еден прост пример: Во Првата светска војна јас служев во артилерија. Нашите топови имаа штитни плочи. Еднаш на бојното поле останавме без заштита на пешадијата. Тогаш доживеавме тенковски напад од непријателот. Врз нашите заштитни плочи заплискаа куршуми како дожд. Но плочите беа доволно цврсти, така што ние бевме заштитени. Тогаш си помислив: „Доволно е само раката да ја подадам надвор од штитот; ќе ја изрешетат и тогаш сум готов, ќе искрвавам. Но зад штитот, јас сум заштитен!“

Токму тоа за мене е Исус. Сега знам: Без Исус, јас морам на Божји суд. Што и да сторам, без Исус, јас немам мир во срцето. Без Исус, јас не можам да умрам ослободен од смртниот страв пред она што ме чека. Без Исус, јас се движам кон вечна пропаст. Постои вечна пропаст; само почекајте и ќе ја видите! Но ако стојам зад Исусовиот крст, скриен сум како зад заштитните плочи. Сигурно знам: Тој е мој Откупител. Тој е мој Спасител. Исус е спасителна Божја љубов.

Запомнете: „Бог сака сите луѓе да се спасат.“ Затоа и Го даде својот Син, за спас, за откуп. И за Тебе!

Не смирувајте се додека не го добиете овој Божји мир, додека не бидете спасени!

Зошто Исус? Затоа што...

## 3. Исус е единствен што може да ги реши најголемите проблеми во нашиот живот

Дали знаете кој е најголем проблем на нашиот живот? Да, природно, постарите веднаш помислуваат

на нивната жолчка, на бубрезите или на нешто од што токму сега боледуваат. Кај младите тоа е „девојката" или „момчето". Секој си има свои проблеми. Но, верувајте ми, најголем проблем на нашиот живот е нашата вина пред Бог!

Со децении сум бил пастор на младите. Секогаш користев нови илустрации да им го разјаснам ова. Една од тие илустрации сакам да искористам овде. Им велам: „Замислете си како од раѓање носиме железен прстен околу вратот. И секогаш кога ќе згрешиме, ќе ни се завари една алка. Ќе ми дојдат нечисти мисли - нова алка. Бев суров кон мајка ми - една алка. Сум зборувал лошо за другите луѓе - нова алка. Поминат ден без молитва, како да не постои Бог - една алка. Нечесност, лага - пак алка!"

Замислете си колку е долг овој синџир што го влечеме зад себе! Замислете: синџир на вината! Иако тој синџир не се гледа, нашата вина пред Бога е вистинска. И таа е огромна. И ние си ја влечеме со себе. Често се прашувам, зошто луѓето не можат да бидат вистински весели и среќни. Сè им е во ред. Но дали се среќни? Не, не можат да бидат среќни! Не можат - бидејќи си ја влечат со себе својата вина! Од неа не може да ги ослободи ни поп, ни свештеник ниту ангел. Не може ниту Бог, бидејќи тој е праведен: „Што човек ќе си посее, тоа ќе си жнее."

Сепак, тука е Исус! Единствено Тој може да го реши најголемиот проблем на нашиот живот: Тој умрел за мојата вина. Тој ја платил кога умрел. Затоа Тој е во состојба да го отстрани синџирот на вината. Единствено Тој може да го стори тоа.

Од искуство ќе ви кажам. Вистинско ослободување е да се знае: Има прошка за моите гревови. Тоа е најголемо ослободување во животот, а особено пред смртта.

Вие, постарите, помислете си што значи да се умре, а пред тоа сте добиле прошка за гревовите! Или, да се замине во вечноста носејќи ја со себе сета вина! Ужасно!

Познавам луѓе кои цел живот зборуваа: „Добар сум. Праведен сум.“ Еден ден ќе умрат и ќе откријат дека и за последен пат ја загубиле пријателски подадената рака и ќе увидат дека животниот брод им плива низ темните води на вечноста во пресрет на Бог. Ништо не успеале да понесат со себе: ниту куќичката, ниту сметките во банка, ниту штедните книшки - само својата вина. Така доаѓаат пред Бог. Ужас! Така умираат луѓето. И кога велат: „Па така сите умираат!“ - така и умираат сите. Но ти не мора така да умреш. Исус дава прошка за гревовите. Ова е најголемо ослободување што воопшто постои.

Бев момче од 18 години кога дознав што значи проштавање на гревовите: Синџирот отпадна исто како во песната: „Бев загубен, но најден сум...“

Ви посакувам и вие да го доживеете тоа. Одете при Исус! Денес. Тој ве чека. И речете му: „Господе, мојот живот е наполно изопачен и исполнет со грев. Секогаш го криев тоа и се прикажував како добар. Сега ти го предавам тебе. Сега сакам да верувам дека Твојата крв може да ги измие сите мои вини.“ Тоа е нешто прекрасно - прошката на гревовите!

Во седумнаесеттиот век во Англија живееше човек по име Џон Бањан. Заради својата вера тој поминал многу години во затвор. Вакви случаи имало многу во сите времиња. Освен Божјиот Збор, затворите се најстабилното нешто што постои меѓу човештвото. И таму, во затворот, Бањан напишал една прекрасна книга, која сè уште е многу актуелна. Во таа книга тој го опишува патот на христијанинот како опасно патување полно со авантури. Книгата почнува вака:

Еден човек живееше во градот Пропаст. Еднаш стана вознемирен и рече отприлика вака: „Овде нешто не чини. Немам мир. Несреќен сум. Морам да излезам одовде.“ Зборува со својата жена. Таа му објаснува: „Си станал нервозен. Ти треба одмор.“ Но тоа нему воопшто не му помага. Немирот останува. Еден ден решил: „Ништо не помага. Морам да го напуштам овој град!“ И побегнува. Откако заминал оттаму, забележува дека на грбот му е прицврстен тежок товар. Сака да го отфрли, но не успева. Како оди понатаму, чувствува дека товарот станува сè потежок. Пред да тргне на пат, тој и не чувствувал дека има таков товар. Тоа му било сосема нормално. Но, како се оддалечува од градот Пропаст, товарот му станува сè потежок. Конечно, тој не може да продолжи. Со мака се качува по планинска патека. Не може веќе да го носи товарот. Наеднаш, зад една кривина наидува на крст. Веќе на границите на своите сили, тој паѓа пред крстот, го зграпчува со рацете и гледа нагоре, кон Распнатиот. Истиот миг тој чувствува како товарот се откачува од него и со тресок се тркала низ провалијата.

Ова е една прекрасна слика за она што го доживува човекот пред крстот на Исус Христос.

Ах, тој чудесен крст, светот го отфрли!
Сепак, привлечен е за мене.
Исус, Јагне Божје, слезе од небото,
На Свои плеќи да го понесе.

Прошка на гревовите: Спасителот ми ги исплати. Ми го отстрани синџирот на гревот. Се ослободив од товарот. Тоа само Исус може да го подари: Прошка на гревовите!

Зошто Исус? Морам уште еднаш да ви кажам зошто верувам во Исус:

## 4. Исус е добар пастир

Веројатно секој од вас искусил во својот живот колку е тешко да си сам и колку тогаш животот е празен. Во тие мигови ќе си речете: „Нешто ми фали! Но што?“ Јас ќе ви кажам: Ви недостига живиот Спасител!

Пред малку објаснив дека Исус умрел на крст за да ја плати нашата вина. Запомнете ја оваа мисла: „Казната падна врз Него за ние да имаме мир.“ Потоа го положија во гроб, изделкан во карпа. Пред влезот на гробот беше дотркалана тешка камена плоча. За да бидат сигурни, римскиот управител постави печат на гробот и каменот, а постави и стража крај гробот. Си замислувам какви сè искусни војници биле некои од тие легионери кои минале низ „сито и решето“ и војувале во многу земји: Во Галија (денешна Франција), во Германија, во Азија и Африка. Веројатно имале многу лузни од рани добиени во борбите што ги воделе. Во мугрите на третиот ден стојат со штитови во левата рака, со копје во десната и со шлем на главата. Римскиот легионер бил сигурен стражар врз кој човек можел да се потпре. Наеднаш - блесок на светлина. Библијата известува: „... Ангел Господов слезе и го истркала каменот.“ И Исус излезе од гробот! Тој настан е толку страшен, што стражарите се онесвестуваат. Неколку часа подоцна, Исус среќава една од сиромашните девојки. Библијата кажува дека Исус од неа истерал седум демони кои живееле во неа. Девојката плаче. Исус доаѓа кај неа. Сега девојката не паѓа во несвест. Напротив. Таа се радува кога го гледа воскреснатиот Господ Исус и вели: „Господару!“ Се утешува, бидејќи знае: „Исус е добар пастир. Тој живее и е при мене.“

Јас Исус го сакам и заради тоа што ми треба некој кој ќе ме држи за рака. Животот ме фрлал во мрачни

места поради мојата вера. Во времето на нацизмот лежев по затвори. Имаше моменти кога си мислев: „Само еден чекор ме дели од темното царство на лудилото од каде што нема да се вратам.“ Тогаш ми пристапи Исус! И сè беше добро! Тоа јас ви го сведочам.

Една ноќ во затворот како да ми се отвори пеколот. Тогаш нацистите доведоа луѓе во затворот кои требаше да бидат префрлени во концентрационен логор. Тоа беа луѓе без надеж - некои од нив криминалци, а некои без вина, Евреи. Тие луѓе една саботна вечер паднаа во очај. Сите почнаа да викаат. Не можете тоа да си го замислите. Полна куќа со гласни ќелии, луѓе полни со очај, кои се дереа пред ѕидовите и тропаа со сета сила. Стражарите станаа нервозни и пукаа со пиштоли во таванот, трчаа наоколу и ги тепаа. Јас седев во мојата ќелија и си мислев: „Вака е во пеколот.“ Тешко е да се опише оваа глетка. Во тој миг ми светна: „Исус е овде!“ Ви кажувам што доживеав јас. Тогаш тивко, сосем тивко реков во мојата ќелија: „Исус! Исус!! Исус!!!“ И за три минути сè стивна. Замислете: Го повикав - ниеден човек тоа не го чу, само Тој - и демоните мораа да се повлечат! И тогаш гласно викнав (а тоа беше забрането): „Исусе...“

Засолниште во бурни дни,
Во Исус Христос имаме.
Спас сигурен во неволји,
Засолниште во бурни дни...

Сите затвореници ја слушнаа песната. Стажарите не рекоа ниту збор зошто гласно пеам песна:

О, Исус ми е верно засолниште
Во бурни дни и неволји!
О, Исус ми е верно засолниште
Во бурни дни и неволји.

Пријатели! Тогаш сфатив што значи да имаш жив Спасител.

Сите ние еднаш ќе мораме, како што веќе кажав, да минеме низ една голема несреќа, низ несреќата на смртта. Еднаш некој ми дофрли: „Вие пасторите секогаш ги плашите луѓето со умирачка!" Јас му реков: „Со тоа не треба никого да го плашиме, сите веќе се плашиме од неа!" Какво олеснување - во мигот на смртта слободно да ја држиме раката на добриот Пастир! Но луѓето ми велат, а тоа е и вистина, дека „денешниот човек помалку се плаши од смртта, а повеќе од животот. Животот е грозен, полош и од смртта!" Но, драги пријатели, постои и ова: Имаме Спасител и во текот на животот.

Ќе ви раскажам уште една случка која често сум ја кажувал. Таа е неверојатна, но вистинита. Познавав во Есен еден индустријалец, знаете, еден од оние дарежливите. Тој ми се обрати со зборовите: „Господине пасторе, многу е убаво што ги учите децата на добро. Еве ви банкнота од 100 марки за вашата работа." Јас му реков: „А што станува со самите Вас?" „Не, не, господине пасторе! Знаете, јас си имам свој сопствен поглед на светот..." Замислете, добар човек, но сепак далеку од Бог како Месечината од Сириус.

Еден ден имав венчавка. Често тоа е жална глетка во нашите огромни, празни цркви. Дојдоа младоженците и десетина други луѓе. Изгледаа загубени во џиновската црква. Мојот дарежлив индустријалец беше сведок при венчавката. Кутриот човек, ми е жал за него. Носеше многу елегантен фрак и цилиндер во рацете. Не знаеше како да се однесува во црквата. На лицето му се читаше дека се прашува: „Треба ли да клекнам? Или да се прекрстам? Што треба сега да сторам?" Јас малку му помогнав, му го зедов цилиндерот и го одложив настра-

на. Потоа се пееше песна. Тој не ја знаеше песната, но некако се придружи. Можете ли да си претставите? Човек кој толку добро знаеше да се однесува во светот! Тогаш се случи нешто необично. Невестата беше помошничка во неделната детска црковна школа. Затоа при венчавањето нејзе ѝ запеа хор од 30 малечки девојчиња сместени на галеријата. Со своите слатки детски гласови тие пееја една едноставна детска песничка, што можеби сте ја чуле:

Добар, добар, добар е Бог!
Со радост пеам, секому велам:
Добар, добар, добар е Бог!

Тогаш го погледнав господинот и се изненадив: „Што му стана? Да не е болен?“ Се превиткал, лицето го покрил со рацете и целиот се тресе. Си реков: „Нешто му станало! Морам да викнам доктор!“ Тогаш сфатив. Човекот плачеше и липаше. А децата пееја:

Верен, верен, верен е Бог!
Со радост пеам, секому велам:
Верен, верен, верен е Бог!

А овде седеше човекот, големиот индустријалец, и плачеше! Тогаш сфатив што се случило во студената црква. Човекот сигурно си помислил: „Децата го имаат она што јас го немам: Добриот Пастир. Јас сум еден осамен, загубен човек!“

Вие, мажи и жени, нема далеку да стигнете во животот ако не запеете како овие деца: „Се радувам што му припаѓам на стадото на Господ Исус Христос и што имам добар Пастир.“ Без него не можете далеку. Потрудете се и вие така да кажете.

Зошто верувам во Исус? Бидејќи Тој е добар пастир, најдобар пријател, мој жив Господ.

Зошто ми е Исус? На крај би сакал да ви го кажам и ова:

### 5. Исус е кнез на животот

Пред многу години водев летување во Бомервалд. Кога заврши кампувањето и кога младите си заминаа, јас морав да останам уште еден ден и да чекам кола што требаше да ме одвезе. Ноќта ја минав во еден ловечки дворец, кој му припаѓал некогаш на некој крал. Во тоа време таму живееше само еден шумар. Зградата беше половина урната. Немаше ниту електрична струја, но имаше огромна дневна соба со отворен камин каде што гореше оган. Ми дадоа петролејска ламба и ми посакаа добра ноќ. Надвор беснееше луња. Низ елките што беа околу куќата истураше дожд. Вистинско место и време да се доживее криминален случај.

За несреќа, јас немав при себе ништо за читање. На работ од каминот пронајдов некакво книжуле. Почнав да читам под светлината на петролејката. Никогаш не бев прочитал нешто толку страшно. Во книшката еден лекар го истураше својот гнев против смртта. Цели страници содржеа нешто слично на ова: „О, смрт, ти, непријателко на човештвото! Цела седмица се мачев да излекувам човек, и кога си помислив дека успеав, ти нападна од зад креветот и го зграби - и сè беше залудно. Јас лекувам луѓе, но знам дека е сè напразно - ти доаѓаш со твојата коскена рака. О, смрт, лажливке, непријателко!“ Цели страници само омраза кон смртта. И на крај најгрозното: „О, смрт, крајна точко, извичнику!“ И продолжуваше буквално со овие зборови: „О, проклета! Ах, кога би била само крај, извичник! Но, кога ќе те погледнам добро, ми се претвораш во прашал-

ник. И се прашувам: Дали смртта е крај, или не? Што доаѓа потоа? Смрт, ти голем прашалнику!“

Тоа е тоа. И јас ви велам, смртта не е крај на сѐ. Исус, кој сигурно знае, рече: „Широк е патот што води во пропаст, а тесен е патот што води во живот!“ Но се одлучува овде, сега и во овој живот. И се радувам што имам Спасител, кој овде и сега дава живот. Самиот Тој е живот и води кон живот. Затоа толку сакам да им зборувам на луѓето за Него.

За време на Првата светска војна со седмици бев кај Верден, каде што се водеше тогаш една од најтешките битки. Меѓу линиите на фронтот лежеа купишта трупови едни врз други. Никогаш не можам да го заборавам ужасниот мирис на човечки трупови во распаѓање. И секогаш, кога ќе видам споменик со натпис: „Паднати за татковината“, ми иде тој мирис од Верден, мирисот на труповите. И кога ќе си помислам: „По сто години никој од нас живите нема да постои, пак ме задушува смртниот мирис од Верден. Зар вие не го чувствувате?

Сепак, во овој смртен свет има Еден што воскресна од мртвите! И, замислете, Тој вели: „Јас живеам и вие ќе живеете. Верувајте во мене. Дојдете кај мене. Обратете се кон мене. Станете мои. Ќе ве водам во живот.“ Зар не е ова чудесно? Како може човек воопшто да живее на овој свет на кој владее смрт без овој Спасител кој е живот и кој води во вечен живот?

Овие денови читав едно старо писмо што го печател професорот Карл Хајм. Тоа е писмо на еден христијанин, војник од Втората светска војна кој загинал во Русија. Во писмото пишува отприлика вака: „Овде, околу нас, е грозно! Кога Русите ќе запукаат со ’сталиновите оргулји’ (се мисли на каќушите), сите нѐ фаќа паника. А студот! А снегот! Ужасно! Но јас немам страв. Ако треба да загинам, ќе биде прекрасно. Веднаш ќе се најдам

во слава. Тогаш ќе престане бурата и јас ќе го видам мојот Господ лице в лице, и мене ќе ме осветли неговиот сјај. Немам ништо против овде да загинам.“ Набргу потоа тој загинал. Кога го прочитав ова писмо, си помислив: „Колку големо и прекрасно е сознанието еден млад човек да нема страв од смртта, бидејќи го знае Исус!“

Да, Исус е Кнез на животот! И Тој на своите им дава сигурна надеж за вечен живот.

Се случи тоа во Лајпциг, на црковниот ден: Прием во Градскиот совет. Беа собрани црковните челници и челниците на јавната власт, сите великодостојници. Се држеа говори, но неутрални, внимавајќи некој да не биде повреден. Завршен збор имаше Хајнрих Гисен, тогашен секретар на Германската Евангелска црква. Не можам да заборавам како Хајнрих Гисен стана и рече: „Господа, нè прашате каков вид луѓе сме ние. Јас ќе ви кажам со една реченица: Ние сме луѓе што се молат: ’Драги Боже, направи ме така свет, за да можам да влезам во Небото.’“ Потоа седна. Беше очигледно како наеднаш сите се почувствуваа погодени.

За време на Триесетгодишната војна Пол Герхард ги испеа овие стихови:

Животот свој си го носам низ овој свет,
Но намера да останам немам
Во овој шатор туѓ.
По своите патишта патувам
кон татковината што водат
без мерка каде
Таткото ќе ме теши мој.

Ви посакувам и вам вака да се движите низ светот.

Зошто Исус? Сè, навистина сè, зависи од тоа дали Го познаваш!

# КОЈА Е СМИСЛАТА НА МОЕТО ПОСТОЕЊЕ?

Се поставува следното прашање: Зошто живеам? Или: Зошто постојам на овој свет? Или: Која е смислата на моето постоење?

Еден ден во Есен еден индустријалец ме викна по телефон, мошне возбуден: „Господине пасторе, дојдете веднаш!“ Јас побрзав кај него. Тој ме пречека со зборовите: „Мојот син се застрела!“ Јас го познавав момчето. Беше студент. Имаше сè што ќе му посакаше срцето: беше здрав, убав и богат. Одамна имаше и своја кола. Не беше заплеткан во никаква непристојна афера. И таков младич си истрелал куршум во устата! Во писмото што го оставил зад себе стоеја само зборовите: „Не гледам никаква смисла повеќе да живеам. Затоа си го прекинувам животот. Мојот живот е бесмислен!“ Навистина потресно!

Видете, прашањето за смислата на нашето постоење е од непроценливо значење. А тоа е вистина, бидејќи ние имаме само еден единствен живот. Дали некогаш сте размислувале какво значење има фактот што живееме само еднаш?

Кога одев во основно училиште, не бев толку добар по математика. Мојот учител едноставно немаше разбирање за мојот начин на решавање. Кога ќе ги решев задачите, тој понекогаш, не криејќи го несогласувањето со моите математички решенија, сета тетратка ќе ми ја испишеше со црвено мастило. Тоа изгледаше грозно. Кога така добро ќе ја ишараше, јас обично таа тетратка ќе ја тргнев настрана, иако уште не беше наполно испишана, па ќе си купев нова, убава и чиста. Така можев пак одново да почнам.

Ех, кога човек би можел така да почне со својот живот! Верувајте, милиони луѓе, кога ќе им настапи смртниот час, помислуваат: „Ах, само кога би можел уште еднаш да почнам од почеток! Сè би било поинаку!“

Школската тетратка лесно може да се замени со нова, но животот никако. Ние имаме само еден единствен живот. Колку страшно мора да е сознанието кога ќе утврдиме дека сме го извалкале, дека сме живееле грешно! Имаме само еден единствен живот. Ако го прокоцкаме, тој е прокоцкан за сета вечност. Затоа, ова што ви го кажувам е од исклучителна важност!

Утринава, покрај хотелот каде што отседнав помина големо стадо крави. Бидејќи се приготвував за претстојното предавање, си помислив: „Сигурно овие крави се многу среќни. Тие воопшто не размислуваат зошто постојат на овој свет. Овде работата е јасна: Даваат млеко и на крај месо за исхрана на луѓето.“ Сфаќате ли? Животните не мораат да мислат за смислата на животот. По ова животните се разликуваат од луѓето. И ова е најстрашното, што има големо мноштво луѓе кои живеат и на крај умираат без притоа ниту еднаш да се запрашаат: „Зошто всушност живеам?“ Тие луѓе и не се разликуваат од животните. Гледате? Разликата меѓу човекот и животното е мала. А човекот го прави човек токму размислувањето: „Зошто сум овде? Зошто сум човек? Зошто живеам?“

## 1. Површни и избрзани одговори

Драги пријатели, постои огромен број површни и непромислени одговори на прашањето: „Зошто живеам?“ Пред многу години имав можност да ги добијам одеднаш сите тие површни и непромислени одговори. Се случи тоа во 1936 година, значи, во времето на

Хитлеровиот Трет Рајх. Некои студенти од Минстер ме замолија да расправаме за темата: „Која е целта на мојот живот?“ Но веднаш ми рекоа дека тие не сакаат да им држам предавање, туку само да дискутираме за оваа тема. „Добро“, реков, “да почнеме. Која е смислата на мојот живот? Зошто јас постојам?“

Тогаш почна дискусијата. Како што реков, тоа беше во времето на Хитлеровиот Рајх. Едно момче стана и рече: „Јас постојам заради мојот народ. Тоа е како стеблото и листот. Листот не е ништо, стеблото е сè. Јас постојам заради мојот народ!“ „Убаво!“ одговорив јас. „А зошто постои стеблото, зошто постои народот?“ Молк! Момчето не знаеше да одговори. Сфаќате ли? Вистинското прашање со ова не доби свој одговор. Едноставно тоа беше само поттурнато. Тогаш им реков: „Драги пријатели, така не се одговара на ова прашање. Вие само го поттурнувате, го избегнувате одговорот!“

„Која е смислата на мојот живот? Зошто живееме?“ пак ги запрашав. Друго момче изјави: „Јас постојам за да си ја вршам својата должност!“ „Човеку“, реков, „па тое е смешно! Која е мојата должност. Моја должност е да ви го проповедам Божјиот Збор. Матилда Лудендорф мисли дека нејзина должност е да докажува оти нема Бог. Што е тоа должност?“

Еднаш еден висок државен чиновник ми рече: „Господине пасторе, имам доверба во вас, па ќе ви кажам нешто. По цел ден потпишувам разни документи, но кога и сите тие би изгореле, светот и натаму пак ќе си постои. Тешко ми е кога ќе помислам дека извршувам толку бесмислена работа.“ Што е тоа должност? Илјадници СС офицери убија стотици илјади луѓе, и кога после ги судеа, тие тврдеа: „Ние си ја вршевме својата должност. Ни беше наредено.“ Дали верувате дека должност на луѓето им е да убиваат други луѓе? Јас

никако не можам да поверувам во тоа. Затоа на студентите им реков: „Тоа е смешно: Која е моја должност? Кој ќе ми каже? Пак сме на почеток.“

Тогаш младите студенти се замислија. Но стана еден и со гордост кажа: „Јас потекнувам од старо аристократско колено. Моите предци се познати наназад 16 генерации. Тоа е големо родословно стебло. Зар не е добра причина и вредна задача оваа лоза да се одржи и понатаму?“ На ова можев само да му одговорам: „Човече! Ако не се знае зошто живееле 16 генерации, нема никаква смисла да се продолжува со седумнаесеттата!“

Гледате? Има многу површни и избрзани одговори. Во нашите весници често се среќаваат посмртни огласи. Таму најдов еден грозен: „Целиот свој живот ти работеше и само работеше и никогаш не мислеше на себе. Да се трудиш за своето семејство - тоа ти беше највозвишена должност.“ Дали ова ви е познато? Секогаш кога го читам ова се возбудувам и велам: „Па ова е некролог за еден коњ, зар не?“ Еден коњ треба да работи. Но јас не верувам дека човекот е создаден само затоа да 'рга. Тоа би било мизерно. Кога смислата на нашиот живот би се состоела од: „Само работата беше твојот живот...“, подобро би било уште во десеттата година да се самоубиеме. Тоа е грозно! Не, тоа не е смислата на нашиот живот.

Еден друг студент ми рече: „Еве, јас ќе станам доктор. И кога ќе спасувам човечки животи, не е ли тоа еден осмислен живот?“ Јас му одвратив: „Добро, но ако не знаеш зошто живее човекот, нема никаква смисла да им го спасуваш животот на луѓето. Тогаш подобро би било да им дадеш инекција да умрат.“ Немојте сега погрешно да ме разберете. Немојте да речете дека велам оти е подобро на луѓето да им се даде инекција да умрат. Сакав да кажам: „Тоа не е вистинскиот одговор на прашањето за смислата на животот.“

Опкружен со тие студенти, бев потресен од фактот што учените луѓе (така е и денес со многу образовани) живеат без да знаат зошто всушност постојат на овој свет. Можеби и вие малку се лутите на начинот на кој објаснувам. Би можел, се разбира, да употребам фини изрази, со многу странски зборови, но вие веројатно по половина час ќе заспиете. Но бидејќи не сакам тоа да се случи, јас ќе зборувам обично, со јазикот на обичните луѓе. Во ред? Благодарам!

Видете, ако човек минал низ она низ што минавме ние во Германија, се добива одговорот што го добив јас од студентите во Минстер: „Животот воопшто нема некоја подлабока смисла. Чиста случајност е што сум се родил. Нема подлабока смисла зад овој факт. Најдобро е да уживаме во животот додека можеме." Можеби ова е најголемиот предизвик што ќе го доживее еден човек кога ќе му светне мислата: „Мојот живот е бесмислен. Нема никаква смисла. Ако моите родители не се оженеа, јас немаше да бидам ниту зачнат ниту да се родам. Сѐ е чиста случајност. Во суштина мојот живот е сосема бесмислен." Ако некој има тежок живот, ќе се стреми кон самоубиство: „Зошто треба да продолжам да живеам? Кога сѐ е случајно и бесмислено, зар не е подобро сѐ да заврши?" Знаете ли дека бројот на самоубиства во Западна Германија е поголем од бројот на умрените во сообраќајни несреќи? Дали знаете дека околу 50 проценти од самоубијците се млади луѓе под 30 години? Тоа што се случува во ова наше време навистина е потресно. Ние не гледаме смисла во нашиот живот!

Често разговарам со луѓе кои ми велат: „Животот е толку бесмислен. Јас го отфрлам - или ќе го потрошам во уживања, или ќе се самоубијам." А јас ги прашувам: „А кога сепак би имал смисла?! Што ако сепак има

смисла, а вие така сте го проживеале како да нема смисла? Што ќе правите на крајот?“

Има еден стих во Библијата кој прободува како нож. Тој вели: „На луѓето им е судено еднаш да умрат, а потоа следува Божји суд.“ Видете, човек треба да го знае тој стих, па да се запраша сериозно: „Зошто живеам?“ Не можеме едноставно да умреме и да се појавиме пред Божјиот суд ако сме ја промашиле смислата на нашиот живот. Дали сега ви е јасно прашањето. Да одиме чекор понатаму.

## 2. Кој го знае одговорот?

Кој може да ми одговори на прашањето: „Која е смислата на нашето постоење?“ - Кој? Дали Црквата? Не! Свештеникот? Не! Па тој се наоѓа во иста положба како и вие. Професорите? Филозофите? Ниту тие не можат да ни одговорат на прашањето: „Која е смислата на нашето постоење?“ Само Еден може да ни каже зошто живееме: Оној кој и ни го дал животот - Бог.

Дозволете ми да се послужам со една малку смешна споредба: „Еден ден влегувам во еден стан. Таму седи момче и нешто работи со жици и ламби. ’Човеку,’ го прашувам, ’каква пеколна машина правиш? Што ти е тоа?’ Се разбира, тој ми објаснува, но јас од тоа ништо не сфаќам. Но си мислам: ’Никој не може да објасни што ќе стане од ова, освен оној што го изработува. Само тој може да ми каже за што ќе служи оваа направа.“

Така е и со нашиот живот. Само Тој што нè создал може да каже зошто нè создал. А тоа значи на прашањето: „Која е смислата на нашето постоење?“, одговор може да ни се даде само преку откровение. Бог мора да ни каже. Ако сè уште не сум ја читал Библијата, ова прашање е доволна причина да посегнам по неа. Не би

можел да поднесам, а да не знам зошто постојам на овој проколнат свет. Дали овој израз „проколнат свет“ можеби ви е премногу остар? Но Библијата го користи. Само кога би поминале половина година со некој градски пастор, би разбрале зошто велам: овој свет е под страшно проклетство. Јас не би можел да издржам да живеам во него кога од Божјата објава не би добил одговор.

Бог ни дава одговор на прашањето за смислата на животот - во Библијата. Тоа е причината зошто Библијата е исклучително важна. Познавам луѓе кои многу самоуверено тврдат: „Ние не ја читаме Библијата.“ На ова можам и писмено да им одговорам: „Вие никогаш сериозно не сте размислувале за смислата на животот.“ Но глупоста е многу распространета болест. Кога таа би нанесувала болки, светот би бил исполнет со офкања и лелекања. Јас одговорот на Библијата ќе ви го кажам со една реченица: Бог нè создал за да станеме негови деца!

Како таткото што се пресликува во своите деца, така и Бог ги создал луѓето „според својот лик“. Бог сака да бидеме Негови деца кои со Него разговараат - со кои и Тој разговара; со оние што Го љубат Него - зашто и Тој ги љуби нив. Дали се молите? Како се чувствува еден татко ако синот со години не разговара со него? А човек што не се моли, тој не разговара со својот небесен Татко. Гледате! Бог сака да бидеме Негови деца кои со Него разговараат, кои Тој ги љуби - и тие го љубат Него. Затоа сме на овој свет. Ве молам, правилно да ме разберете. Не зборувам за Црквата, за догмите, за религиите и за слични работи, туку за живиот Бог. Тој тебе те создал да бидеш Негово дете. Дали си навистина Негово дете?

Сега морам да одам чекор понатаму. Би требало да бидеме деца Божји, но, според нашата природа, не сме тоа. На самиот почеток на Библијата стои: „Бог ги создаде луѓето според својот лик.“ Потоа следи приказ за една страшна катастрофа. Човекот што беше создаден како наполно слободно суштество, се побуни против Бог! Скина од забранетиот плод. А тоа значеше: „Сакам да бидам независен! Можам да живеам без Бог!“ Разберете: Адам никогаш не се сомневаше дека Бог постои. Тој се одметна од Бог: „Сакам да си живеам според својата волја!“

Морам да ви раскажам една приказна. Неодамна еден човек од улица ме праша: „Пасторе Буш, Вие постојано зборувате за Бог. Но јас никогаш не сум Го видел. Кажете ми, како да Го најдам?“ Јас му реков: “Чујте ме добро. Замислете дека постои временска машина со која можете да се движите низ времето со векови наназад и нанапред. Со таа машина можам да се вратам на почетокот на човештвото. Една вечер се шетам низ рајската градина. Веројатно ви е позната приказната за падот во грев? Таму, крај една грмушка, го сре́кавам првиот човек, Адам. 'Адаме, добровечер!' го поздравувам. 'Добровечер, пасторе Буш.' ми одговара тој. 'Дали се чудиш што сум овде?' го прашувам и му објаснувам како сум стигнал таму: 'Дојдов ваму со поместување на кулисите на светскиот театар.' 'Да', вели тој, а зошто си така замислен?' Јас му одговарам: 'Знаеш што, размислувам за едно прашање што ми го постави еден човек: Каде да го најдам Бог?' Смеејќи се гласно, Адам ми одговара: 'Не е проблем Бог да се најде. Тој е овде. Но бидете искрени, пасторе Буш, тоа што ве мачи всушност е како да се ослободите од Него. Во тоа е маката. Од Него не можете да побегнете!'“

Дали Адам има право? Бог е тука. Човекот може да Го најде. Но човекот не може од Него да побегне. Кога

ја разгледувам духовната активност на човекот во последните триста години, гледам огромен напор да се ослободиме од Бог! Но не успеавме да се ослободиме. Пријатели, во принцип сите вие верувате дека има Бог, но не Му припаѓате нему. Постапувате како и мнозинството на луѓето: проблемот го ставате „под мраз". Не Го негирате Бог - но и не Му припаѓате. Не сте Божји непријатели, но не сте ниту негови пријатели. И така, човекот го остава нерешен најголемиот проблем на својот живот.

Еден швајцарски лекар во една своја книга вели: Ако човек не ги реши големите животни прашања, тој добива душевна рана, траума. И продолжува: Ние на запад сме болни поради Бог. Не Го негираме - но и не Му припаѓаме, не Го сакаме. Затоа сме болни поради Бог. Јас верувам дека е така!

Кога насекаде слушам: „Луѓето денеска не се интересираат за Бог!", можам само да кажам: Да, толку полошо за луѓето денеска. И јас сум современ човек, па сепак се интересирам за Бог и не се сметам за заостанат. Но кога современиот човек не се интересира за своето спасение, тоа е навистина лошо!

Да се послужам со еден едноставен пример: Замислете си еден млад готвачки помошник. Еден ден главниот готвач за него изјавува: „Него воопшто не го интересира готвењето!" „А што го интересира?", прашувам јас. Главниот готвач вели: „Само поп музика и девојки". „Тогаш треба да се спуштите на негово ниво и да разговарате само за музика и за девојки." велам јас. „Не, не", одговара готвачот, „ако момчето не се интересира за готвењето, тоа си ја промашило професијата!"

Сфаќате ли за што се работи? Треба да настојуваме да бидеме Божји деца. Ако современиот човек не се интересира за ова, тој ја промашил својата професија -

„човек". Затоа, нема никаква смисла со него да се разговара за разни други предмети, кои можеби го интересираат, и затоа јас постојано ќе велам: Дури откако ќе станете Божје дете, вие станувате и вистински човек!

### 3. Божји одговор на најважното прашање

Повторувам: Ние по својата природа не сме Божји деца, но постоиме на овој свет за да станеме тоа. Затоа мора нешто да се случи во нашиот живот. Целта на ова предавање е да помогне во таа насока. Не сум овде да ве забавувам, туку би сакал на некои луѓе да им помогнам - кога би можел - нивниот живот да добие смисла.

Значи, ние не сме Божји деца, не Го сакаме Бог, ги прекршуваме Неговите заповеди, не ни е грижа за Него и не се молиме. Единствено малку позитивно што го правиме е тогаш кога, притиснати од мака, само за миг ќе се сетиме на Него. Затоа следното прашање е најважно од сите прашања: „Како можам да станам Божје дете?" Сега најрадо би ви поделил ливчиња и моливи и би ве замолил: „Според ваше мислење, напишете ми како се станува Божје дете!" Едни би напишале: „Така што би бил добар човек!" Други би рекле: „Да верувам во Господ Бог!" Но сето тоа не е доволно. Така најважното прашање: „Како се станува Божје дете?", би останало неодговорено.

Одговорот на најважното прашање може да се добие само преку откровение. Само Бог лично може да ми каже како може да ме прими како Свое дете. Тоа не може да го измисли ниту еден пастор. Библијата дава сосема јасен одговор. Тој гласи: Само преку Исус! Пријатели, кога ќе дојдам кај Исус, срцето ми зачукува побрзо, пулсот ми се забрзува, доаѓам кај Темата на

мојот живот. Ако сакам да станам Божје дете, тоа може да се случи само преку Исус!

Во Библијата има еден стих кој, кога би се превел буквално, би гласел отприлика вака: „Исус дојде од Божјиот свет во овој свет.“ Денес постојано се префрла дека Библијата пренесува едно застарено и надминато сфаќање за светот: Горе е Небото и Бог, долу е Земјата и луѓето. Тоа е глупост. Библијата така не учи. Таа за Бог вели: „Ти ме опкружуваш од сите страни.“ Тоа е нешто сосема друго. Разберете: Дури и кога би побегнал под земја, и таму е Бог. Библијата учи за она што денес се нарекува „повеќедимензионално сфаќање на светот“. Ние живееме во тридимензионален свет во кој имаме должина, ширина и висина. Но има и други димензии. Бог се наоѓа во друга димензија. Тој е сосема близу, при рака. Тој оди со вас. Тој ве гледа на вашиот безбожен пат. Но ние не можеме да го пробиеме ѕидот кон другите димензии. Единствено Бог може да го пробие. И Бог навистина го пробил ѕидот, па Исус дошол кај нас.

Новиот Завет вели за Исус: „Дојде кај своите“ - па сиот свет Му припаѓа на Бог - „и своите не Го примија.“ Евангелието, сè до нашите денови, кажува: Исус доаѓа - човекот Му ја затвора вратата. „Дојде кај своите, и своите не Го примија“. Со тоа требаше да ѝ се стави и крај на расправијата на Бог со луѓето. Но, за чудо, работата оди натаму, имено: „А на сите што Го примија, им даде власт да се наречат Божји деца.“ Така се станува Божје дете - со примање на Исус. Дали веќе сте ја отвориле вратата на вашето срце за Исус? „А на сите што Го примија им даде власт да се наречат синови Божји.“

Во Првата светска војна бев офицер и живеев оддалечен од Бог. Тогаш го открив Исус, и Тој влезе во мојот живот, а јас Го примив. Тоа искуство наполно ми го измени животот. Но за тоа не зажалив ниту еднаш.

Заради верата во Исус минав низ тешки моменти. Заради Исус дури и бев затворан. Заради Исус многу страдав. Но кога би имал и сто животи, од првиот миг кога би бил свесен, би се држел за стихот: „А на сите што Го примија им даде власт да се наречат синови Божји." Мојот живот би имал смисла само тогаш кога би бил Божје дете. Не е важно што сум - дали сум пастор, дали чистач на улици, дали генерален директор или бравар, дали домаќинка или учителка - мојот живот ќе добие смисла во мигот кога ќе станам Божје дете. Значи, морате да го примите Исус. Тогаш сте ја нашле смислата на својот живот. Само тогаш.

Многу е интересно да се проучуваат личностите од Новиот Завет. Таму е опишана една жена чијшто живот бил наполно бесмислен - Марија Магдалена. За неа се вели само тоа дека била „опседната со седум демони". Јас лично знам луѓе што се опседнати со дванаесет демони. Веројатно тоа бил страшен живот: им робувала на сетилата, врзана. Кутрата, страдала во таков бесмислен живот. И тогаш доаѓа Исус во нејзиниот живот, Спасителот, Синот Божји, и ги истерува демоните. Тој може да го стори тоа. Тој го прави тоа. Веднаш оваа жена Му стана послушна на Исус. Нејзиниот живот доби смисла. Но кратко потоа, таа доживува да Го види Исус поразен и мртов. Тогаш ја обзема силен страв: „Сега пак нејзиниот живот ќе биде бесмислен." Изутрината, третиот ден по распнувањето, таа клечи на колена крај гробот на Исус и плаче. Приближувајќи се до гробот, таа се уверува дека тој е празен и големата камена плоча е тргната настрана. Неговото тело не е таму. Затоа таа плаче. Јас сосема добро ја разбирам оваа жена. Кога денес би го загубил Исус, тоа би значело дека пак паѓам во бездната на бесмисленоста. Јас ја разбирам: „Спасителот Го нема веќе. Сега животот ми е пак бесмислен." И наеднаш, таа слуша познат глас зад себе:

„Марија!“ Се свртува и - Го гледа Него, Исус, Воскреснатиот. Како да ја гледам пред себе: солзи радоснички ѝ течат низ лицето: „Равуни! Мој Господе!“

Примерот на оваа жена ми покажува дека не треба да се биде филозоф, па да се најде одговрот на прашањето за смислата на животот. И на најнеобразованиот човек му е јасно: „Мојот живот е бесмислен! Зошто воопшто живеам?“ Во мигот кога Марија Магдалена Го прифатила Исус, за неа прашањето за смислата на животот било решено, таа станала дете на живиот Бог и нејзиниот живот добил длабока смисла!

Затоа сакам да ве замолам: Прифатете го Исус! Тој ве чека. Кога ќе си појдете дома, можете да разговарате со Него. Тој е многу близу до вас. Би било величествено кога би заплакале пред Него: „Господе, Исусе! Мојот живот е бесмислен. Дојди, како што дојде кај Марија Магдалена!“

Кога ќе Го примиме Исус, во нашиот живот се случува голема револуција: соучесник сум во Неговата смрт, каде што моето старо „јас“ умира. Воскреснувам за еден сосема нов живот како Божје дете. Тој ми го дава својот Дух, така што мислам поинаку, имам поинакви желби и стремежи. Примете го Исус! Доживејте го ова! Веднаш ќе ви објаснам: Кога се прима Исус, се добива сосема нов начин на живот. Да се биде Божје дете не значи само промена на мислењето, туку еден сосема нов живот.

Во Вестфалија минатиот век живеел еден чевлар по име Раленбек. Народот го викал „Пиетистички пастор“, бидејќи бил многу сериозен следбеник на Исус. Бил многу духовен и благословен човек. Еден ден него го посетил еден млад пастор. Роленбек му рекол: „Господине пасторе, Вашата теолошка диплома не ви гарантира дека сте Божје дете. Вие мора да Го примите Исус!“ Пасторот одговорил: „Да, Го имам Спасителот. Дури и

една Негова слика закачив во мојата соба.“ При тоа стариот Раленбек рекол: „Да, на ѕидот Спасителот е мирен и пријателски настроен. Но кога ќе Го примите во своето срце и живот, тогаш тоа нема да помине незабележано!“

Ви посакувам и вам да го искусите ова прекрасно чувство - како умира старото и се станува Божје дете што го слави својот Татко на небото. Сега е јасно зошто сме на овој свет, каде што, како Божји деца, го славиме својот Татко на небото со дела, со зборови и мисли.

Ова не е некаква религиозна разбигрижа, ова не се идеи на некој проповедник, туку од ова зависи животот и смртта, и тоа вечниот живот и вечната смрт.

Господ Исус вели: „Еве стојам пред врата и тропам. Ако некој го чуе Мојот глас и ми отвори, ќе влезам кај него.“ Така Исус и нам ни порачува: „Еве, стојам пред вратата на твојот живот. Отвори! Јас ќе му дадам нему смисла.“

Еднаш дојде еден стар рудар кај мене и ми рече „Морам да разговарам со вас, господине пасторе!“ Тој имаше 70 години и ми раскажа: „Кога имав 17 години, присуствував на една евангелизација. Тогаш почувствував како Исус тропа на моето срце. Си реков: ’Ако го сфатам ова сериозно и ако Го примам Исус, другарите ќе ме исмеваат. Тоа не можам да го поднесам.’ И избегав оттаму.“ Потоа продолжи: „Еве, мојот живот веќе помина. Сега сум стар. Сега знам дека животот ми помина погрешно затоа што тогаш не му ја отворив вратата на Исус!“

Пријатели, ние имаме само еден живот, и затоа прашањето „Зошто живеам?“ е од исклучителна важност. Бог на ова прашање јасно и гласно одговорил преку распнатиот и воскреснатиот Исус. Сега тој Исус стои пред вратата на твоето срце и чука. Отвори му! Никогаш нема да зажалиш!

# НЕМАМ ВРЕМЕ!

Кога луѓето ги канат на моите предавања: „Дојди да го слушнеш пасторот Буш“, најчест одговор е: „Немам време!“

Овој настан се случи додека бев во санаториум. При оброците во ресторанот секогаш седев спроти еден постар човек со кој добро се сложував. „Ова е човек што знае да ужива!“ - си помислував понекогаш кога ќе го видов со каков апетит го јаде оброкот, или кога ќе го видов како мирно се сонча на отворено. Но, постепено почна да ми станува жал, бидејќи нашите разговори постојано се вртеа околу неважни работи. Некој би прашал: „Зар тоа е лошо?“ Но јас сум убеден дека Бог е најважен во животот. Кога разбрав колку големо дело Бог направил, тоа наполно го измени мојот живот. „...Бог толку го засака светот, што Го даде и својот единороден Син, за ниеден кој верува во Него да не загине, туку да има живот вечен.“ Страшно е кога човек едноставно одбегнува да се спаси онака како што кажува Бог. Очигледно, ова се случуваше со мојот познајник од трпезаријата. Се прашував како би се чувствувал тој ако Бог ненадејно го повика пред Себе?! Еден ден му подадов една книшка што бев ја напишал јас. „Ве молам, прочитајте го ова! Тоа се случки доживеани со Бог. Тука има важни работи за размислување!“ И што се случи? Човекот срдечно се заблагодари, а потоа рече: „Сега морам да се одморам... но, кога ќе се вратам дома, можеби нешто и ќе прочитам од ова!“ Потоа ја остави. Јас се натажив. Овој човек нема никогаш да има повеќе време отколку овде, кога се одмора и лежи. Тој едноставно не сака да одвои време за Бог. Опасно е вака да се

однесувате со Бог. Затоа сакам малку да се зафатам со оваа тема.

### 1. Чудна состојба

Зошто всушност ние немаме време? Најнапред сакам да ви обрнам внимание на една чудна состојба која никогаш нема да ја разберам и која никој не може да ја објасни.

Видете: Пред сто години, кога еден трговец од Штутгарт сакаше да склучи деловен договор се некој трговец од Есен, му беа потребни пет дена да патува со поштенска кочија до таму и пет дена назад. Тоа се десет дена пат и уште околу два дена за преговори за склучување на договорот. Речиси половина месец му требало за ова. А денес трговецот ја дига слушалката и директно го бира бројот и така заштедува дванаесет дена. Но, се чини дека ниту еден денешен трговец нема вишок дванаесет дена слободно време. Напротив! Секој вели: „Немам време!“ Како е ова можно?

Некогаш, кога како мало дете одев во посета кај баба ми во Швапските Алпи, патот од Елберфелд до Урах беше како пат околу светот. Денес постои Транс-Европски Експрес, воз кој растојанието го минува за 5 часа. Луѓето би требало да имаат многу слободно време!

Порано луѓето работеле по 60 и повеќе часови седмично. Денес се работи само по 40 часа. И никој нема слободно време! Како е ова можно?

Или, да размислуваме вака: Денеска сè е уредено така, за да заштедиме колку што е можно повеќе време, па сепак никој нема време. Можете ли ова да си го објасните? Ова е нешто за што многу сум размислувал и што е несфатливо. Постои само едно сериозно објаснување, но за тоа луѓето не сакаат да чујат. Мене

не ми текнува ништо друго, освен дека има некој што нè подбуцнува. Има една личност која се грижи луѓето никогаш да немаат време и која, слично на дресерот во циркусот кој постојано пука со камшикот пред животните, ги гони луѓето. Точно тоа и го тврди Библијата. Да, тој е присутен! Тоа е ѓаволот. Сега се наметнува прашањето: Постои ли ѓавол? Јас ви велам: Да, ѓавол постои! Постои еден „кнез на темнината".

Неодамна еден човек во разговор ми рече дека „расчистил со христијанството". Јас му одговорив: „Во голема заблуда сте! Ѓаволот владее со вас. Тој ќе ве уништи!" Тој се насмеа и ми рече: „Ѓавол? Зар има такво нешто!?"

Во Библијата е опишан ваков настан: Ѓаволот го одвел Исуса на висока планина каде што имало добар видик. Потоа ја „отстранил завесата" и на Исус во дух му ги прикажал сите богатства на овој свет и нивниот раскош. Тогаш му рекол: „Сето ова ќе ти го дадам тебе, ако паднеш и ми се поклониш, бидејќи сето ова ми е предадено мене и јас му го давам кому што сакам." Ова место во Библијата силно ме возбудува, бидејќи Исус не му противречи на ѓаволот. Тој не го побива фактот дека навистина ѓаволот е владетел на овој свет.

Јас сега ви велам: Човекот е слеп и глуп кога не сфаќа дека постојат сили на темнината! Како на друг начин можете да си го објасните светот? Ќе го илустрирам ова со неколку примери:

Да ги земеме, на пример, луѓето што се жртви на пороци. Една ноќ ми дојде еден управник на претпријатие. Беше полупијан, но сепак јасно размислуваше. Тој ми рече: „Помогнете ми, бидејќи јас сум немоќен. Морам да пијам! И татко ми беше пијаница. Од него наследив. Морам!" Дали можете да си замислите колку има такви луѓе кои од длабината на своето срце викаат: „Морам!"

А кој командува со нив? Замислете се малку над мизеријата на овој свет и почувствувајте дека Библијата има право кога спомнува „власти на темнината“.

Или, размислувајте за сексуалната разузданост на современиот свет. Познавав еден господин кој имаше прекрасно семејство, прекрасна сопруга и - наеднаш падна како жртва на привлечноста на една своја службеничка. Го најдов и му реков: „Драги човеку, вие си го уништувате својот живот, си го уништувате семејството, станавте срам за своите деца!“ Ми се чини дека уште го гледам како седи пред мене големиот индустриски бизнисмен: „Господине пасторе, не можам да се одделам од таа жена, едноставно не можам!“ Зар не ја чувствувате силата на темнината?

Познатиот англиски писател Сомерсет Мом напишал дебела книга со наслов: „За човечкото робување“ (Of Human Bondage). Колку луѓето лесно стануваат робови! Колку постарите му беа робови на Хитлер! „Верував дека два по два се дваесет! Верував бидејќи така кажа Фирерот!“ Дали ја чувствувате на дело силата на темнината - дека ѓаволот постои?

Големиот германски поет Гете ја напишал прекрасната драма „Фауст“. Бидејќи сите сте образовани луѓе, претпоставувам дека го знаете „Фауст“. Во „Фауст“ има една личност, девојката Гречен. Таа е чиста, невина девојка, но бидува заведена. Нејзиниот брат, сакајќи да ја заштити честа на својата сестра, се бори со заводникот и бидува убиен. Кога заводникот дојде кај нив, Гречен на мајка си ѝ дава средство за спиење, од кое оваа умира. Кога се раѓа детето, Гречен го убива, исто како денеска што ги убиваат децата уште во мајчината утроба. Каква ужасна вина сите си натоварија. На крај девојката е одговорна за три убиства: за убиството на мајка си, на брата си и на детето. Сега таа ги изговара овие потресни

зборови: „Зошто ме натера на тоа о, Боже! Беше толку добро, толку убаво!“

Гете не бил глупав. Во „Фауст“ тој раскажува дека зад настаните во приказната стои ѓаволот кој ги влече конците.

Бидејќи сум градски пастор, вакви приказни среќавам постојано. И кога некој ќе дојде и ќе ми рече: „Не постои ѓавол!“, не можам а да не го прашам: „Од кое заостанато село доаѓаш?“, иако знам дека и во такви места ѓаволот е присутен.

Пријатели, дека има ѓавол се уверив и набљудувајќи ги вистинските христијани, кога гледам како се слепи за сопствените грешки. На пример, една побожна жена беше толку егоцентрична и толку си ја мачеше снаата, што таа речиси полуде. Побожна жена! Вие побожните, молете го Бог да ве ослободи од моќта на темнината.

Видете: Светот не може да се објасни ако не се сфати дека има ѓавол, една сила на темнината, една моќ која работи со јасна цел да нè држи постојано зафатени. Затоа немаме време. Целта на ѓаволот е да не ни преостане време да размислуваме дека од оваа сила на темнината постои ослободување. Сега морам да ви зборувам за оваа слобода.

## 2. Прекрасна вистина

Прекрасна вистина: Постои слобода! Ах, пријатели, колку ми е мило што имам толку радосна вест! На карневалите во Германија настапуваат комедијанти, изведувајќи разни смешки. Јас често се прашувам како се чувствуваат тие кога навечер во својата соба ќе ја симнат шминката. Ако се искрени, тие би морале да си мислат: „Заработуваме зборувајќи глупости и двосмислени ’мрсни’ вицови.“ Сигурно се срамат од самите себе.

А колу сум јас среќен што можам да ви зборувам за прекрасни вистини: Има ослободување од силата на темнината!

Апостол Павле вака ја опишува положбата на христијаните: „Бог нè спаси од власта на темнината и нè пресели во царството на својот возљубен Син, во Кој имаме избавување преку Неговата крв.“ Значи, христијанинот на прво место не е христијанин затоа што е крстен и конфирмиран*), или затоа што плаќа црковен данок. Да се биде христијанин значи да се доживее промена во животот, наполно оттргнат од моќта на темнината, и стапување во еден нов живот каде што господари нов Господар!

Морам да ви раскажам една случка што ја чув од еден берлински градски мисионер. Тој му помагаше на еден човек кој му робуваше на пиењето. Такви зависности се незамисливо ужасни. Еден ден тој разбрал дека човекот пак се испијанил. Го испокршил мебелот дома и ја изнатепал жена си. Мисионерот отишол да го посети. Било попладне, околу 5 часот. Човекот седел во трпезаријата и пиел кафе. Покрај него седел неговиот петгодишен син. Мисионерот пријателски го поздравил и го прашал: „Пак ли си ја оплескал работата?“ При тоа човекот зачкртал со забите и скокнал. Не рекол ниту збор, отишол во соседната просторија и се вратил со јаже за сушење облека во рацете. Потоа, без да проговори ниту збор, почнал да го врзува синчето за столица. Мисионерот си помислил: „Што наумил овој? Дали е уште пијан?“ Почекал човекот да ја заврши работата. Овој го врзал детето и добро го стегнал јазолот.

*) Конфирмација е обред во Католичката црква извршен над младите членови од тинејџерска возраст, кои се крстиле како мали бебиња со цел уште еднаш да ја потврдат својата вера.

Потоа му свикал на детето: „Станувај!“ Малечкиот заплакал: „Не можам!“ Тогаш пијаницата се свртел кон мисионерот и со трагичен израз на лицето му рекол: „И јас не можам!“ Во тој миг мисионерот посегнал во својата чанта, извадил од неа џепен нож и, не жалејќи, почнал да го сече убавото јаже. Потоа мирно му рекол на детето: „Стани!“ Детето скокнало на нозе, а мисионерот му рекол на пијаницата: „Ете, гледаш?“ Пијаницата: „Да, откако го пресековте јажето!“ Мисионерот: „Слушај ме добро, има Еден што дојде да ги пресече јажињата кои нè врзуваат. Тоа е Исус!“
Светот е полн со луѓе кои сведочат:

Слобода од гревот сакаш ли ти?
Само во крвта е силата!
Христовата крв те очистува!
Чудна моќ има крвта!
Има сила, моќ чудотворна!
Во крвта Христова има сила,
Моќ чудотворна во крвта на Спасителот!

Прекрасна вистина: Има ослободување од силата на темнината!

Понатаму, морам да ви го кажам и следното:

### 3. Најважна тема

Моја најважна тема! Ослободувањето доаѓа преку Исус. Морам сега да зборувам за Исус. Кога зборувам за Исус, јас зборувам за мојата најважна тема.

Се сеќавам како еднаш во Њујорк бев поканет во еден црнечки клуб. Знаете, таму постои расна нетрпеливост. Во овој црнечки клуб во салата имаше мермерна фигура поставена на подножје. Очигледно, таа не

преставуваше црнец. Се чудев како црнците му подигнале споменик на белец. Прашав еден црн господин: „Пријателе, што е ова?“ Тогаш следеше нешто што никогаш нема да го заборавам. Човекот застана пред статуата и рече свечено: „Тоа е Абрахам Линколн, мојот брат!“ Во тој миг во визија го видов претседателот Абрахам Линколн, многу години пред да се роди овој човек, како во една страшна војна се изборува за слобода на црнците. Во тоа време тој црнец не бил ни роден. Но својата сегашна слобода му ја должи на Абрахам Линколн кој ја постигна на крвавото бојно поле. Заминав по скалите нагоре, но човекот уште стоеше под статуата и го слушав како мрмори: „Абрахам Линколн, мојот брат!“

Така исто и јас би сакал да стојам под крстот Христов и да велам: „Исус, мојот Брат!“

Во Библијта има еден стих во кој се зборува за една чудна работа: „Законот на Духот, кој е жив, нè ослободи од законот на гревот и смртта.“ Постојат природни закони. Ако шамивчето го испуштам, тоа под дејство на законот на гравитацијата ќе падне долу. - Непроменлив закон. Но, ако со рака го фатам шамивчето додека паѓа, тоа нема да падне на земјата. Значи, ако една поголема сила интервенира, се нарушува законот на грвитацијата. Според нашата природа ние сме подложени на законот на гревот и смртта. Сите паѓаме таму, се тркаламе кон вечна пропаст. Тоа добро го знаеме. Сега сè зависи од тоа дали ќе се замеша некоја поголема сила за да го запре ова. Само така може да не пропаднеме. Таа поголема сила Бог ни ја дал во Исус за избавување, за ослободување. Дали го разбирате ова? Исус му ја одзел на ѓаволот сета моќ. Со силата на Светиот Дух, кој ни го подарува Исус, ние можеме да живееме нов, слободен живот.

Има една многу чудна работа. Светот никако не може да се ослободи од Исус. Дали ова го разбирате? Некој рекол дека Исус е како туѓо тело во овој свет. Да тоа е вистина. Тој е туѓо тело кое дошло од небото! Кој е овој Исус? Но морам сега малку да подзапрам. Многу е важно дали го познавате Исус. Ве молам, немојте да се информирате за Исус од весници. Немојте да ве измамат луѓе кои и самите не Го познаваат Исус! Само Новиот Завет дава вистински одговор на прашањето кој е Исус. Еднаш Лутер, врз основа на Библијата, тоа вака го формулирал: „Вистински Бог, од Таткото, роден од вечноста, и исто така вистински човек, Кој беше роден од Марија." Бог и човек истовремено! Небото и Земјата се соединиле во Него!

Исус е „вистински човек!"

Тој беше во состојба да плаче над гробот на Лазар. Тој исто така можеби се смееше кога на учениците им рече: „Погледнете ги птиците небесни. Тие ниту сеат, ниту жнеат, ниту во амбари собираат, па сепак вашиот небесен Татко ги храни!" Да, како да го гледам како буквално се смешка мојот драг Спасител. - Дрските врапчиња! Не се грижат за ништо - и пак се сити и згоени! О, колу чудесен човек е Исус!

Во Библијата стои дека Исус по една своја проповед нахранил 5000 луѓе. Пет илјади мажи, не сметајќи ги тука жените и децата. Ако од нашите христијански собири ги отпуштиме жените и децата, што мислите, колкумина ќе останеме? Колку масовен собир бил тој кај Господ Исус; 5000 мажи, не сметајќи ги жените и децата! Згора на тоа, Тој не се служел со микрофон. Колку силен глас! Каков фантастичен човек!

Една од најимпресивните сцени во Новиот Завет е оваа: Римскиот управник Понтие Пилат наредил Исус да се камшикува. Му ставиле на главата венец сплетен

од трње. Лицето Му било облеано во крв. Грбот Му бил сиот во рани - рана до рана. Лицето исплукано! Со еден збор, урнатини од човек! Таков Тој излегол пред Пилат и пред насобраниот народ. Пилат погледнал прво во Исус, а потоа во народот. Покажал кон Исус и рекол потресено: „Еве го Човекот!" Лутер тоа го превел: „Видете каков човек!" Буквално би требало да гласи: „Гледајте, ова е Човек!" Пилат со тоа сакал да каже: „Сум видел многу двоножни суштества, но сите беа крвожедни волци, опасни тигри, итри лисици, горди пауни, да - можеби мајмуни. Но Исус е вистински човек, какви што треба да бидеме и ние!" Еден човек неодамна ми рече: „Исус бил човек, ист како и ние." Јас му одговорив: „Исус не е човек какви што сме ние, туку таков какви што треба да бидеме ние!" Да, Исус беше човек какви што треба да бидеме ние и какви што нè замислил Бог нас во почетокот. Ако некој ви рече: „Исус бил како еден од нас", - прашајте го веднаш: „Дали си и ти како Исус?"

Исус е „вистински Бог, од Таткото, роден од вечноста".

Би можел со часови да ви раскажувам за ова. На пример, да ви раскажам како чамецот, во кој бил заедно со учениците пливајќи на Генизаретското Езеро го зафатила бура. Чамецот бил преплавен со вода. Јарболот бил скршен... „Вистински морнар ова не би го уплашило!" Се тешеле, бидејќи меѓу нив имало навистина искусни морнари. Но сепак, почнале да се плашат, а потоа ги зафатила паника и повикале: „Каде е Исус!" „Ах, ене го спие во кабината!" И сите трчаат во кабината; водата јури по нив, а тие Го тресат за да го разбудат: Господе, тонеме!" И го гледам Исуса како излегува на палубата, во срцето на бурата. Ние како да сакаме Исус да го затвориме во нашите питоми цркви, но Тој оди

среде бурата. Дали ви е тоа познато? Се чинело дека бурата лесно ќе го дувне во водата, но Тој ја подава раката и со силен заповеднички глас ѝ вели: „Запри и смири се!“ Во истиот миг морето се смирува и облаците се отвораат! Кога оваа случка им ја раскажував на моите мали дечиња, малечкиот ме праша: „Дали и грмењето престанало?“ „Да“, реков јас, „и грмењето стивнало.“ Сонцето изгреало. А учениците попаѓале на колена: „Каков е овој човек! Ова не е човек како нас!“ Тие конечно го нашле одговорот: Тоа е Бог, Кој станал човек!

Вистински тие ова го сфатиле дури по воскресението, кога Исус жив излегол од гробот. Пријатели, јас не ви кажувам бајки. Јас не би стоел овде кога не би знаел дека ова е вистина: дека во Исус, во Воскреснатиот, живиот Бог дошол кај нас.

Но најважна ми е глетката кога Тој виси на крст. Таму тој навистина е „Бог и човек“. Би сакал да ви го прикажам пред вашите очи како е крунисан, но со подбивна круна. Силните раце Му се прободени со дебели шајки. Тој ја наведнува главата и испушта душа.

Гледај го Исус закован,
И сиот во крв облеан;
Раце и нозе крвави,
И ребрата прободени.

Гледајте го овој Исус, стојте пред Него и прашајте се: „Зошто Тој виси?“ Прашувајте се сè додека не го најдете одговорот: „На крстот Тој ме ослободи од власта и од силата на темнината. Тој ме ослободи од власта на ѓаволот.“ Јас можам тоа вака да го опишам: Вие во Исусовиот крст ќе видите, ќе дознаете, ќе сфатите и поверувате дека „тука јас сум ослободен од моќта на

темнината, откупен сум за да станам слободно Божје дете". Не морате веќе да се плашите од ѓаволот, туку во светлината на овој крст можете да доживеете: „Власта на ѓаволот е победена. Исус е посилен. Распнатиот ме откупи за да бидам слободно Божје дете."

Оставете ги глупавите современи теории. Свртете се кон она што е вистинска реалност. Ние смееме и треба да бидеме слободни Божји деца. Бог за ова ги дал сите претпоставки во Исус, Кој беше распнат на крст и воскресна од мртвите за нас!

Јас знам дека, кога се говори за Бог, човек доживува големи непријатности. Зошто е така? Видете, сите ние сме во положба на загубениот син за кој ни раскажува Библијата. Тој заталка од дома, од куќата на својот татко. Но не ја најде среќата далеку од татковиот дом. Посака да се врати во домот на татка си, но не се осмелуваше! Зошто? Бидејќи многу работи се испречија меѓу него и татко му.

Има многу луѓе што не сакаат да дојдат кај Бог, бидејќи во своето срце си мислат: „Толку многу се насобрало меѓу мене и Бог, што ние немаме ништо заедничко." Во тоа наполно се во право. Тие навистина се под власта на темнината и не можат да имаат заедница со Бог. Тие стојат под власта на темнината и не можат да општат со Бог. Но Исус сака да нè спаси од власта на темнината и да нè направи чеда Божји. Затоа Тој го отстранува она што е меѓу нас и Бог. Токму тоа и го сторил на крстот. Сега ние добиваме проштавање за вината кај Него. Да, овој распнат Спасител дава и проштавање на гревовите. Апостол Павле тоа го сфатил кога вели: „Бог нè спаси од власта на темнината и нè премести во царството на својот возљубен Син." По природа ние сме под власт на ѓаволот. Исус, Синот Божји, нè спасува со тоа што ни подарува проштавање на нашата вина.

Драги пријатели, токму затоа Бог ни го дава ова време со кое располагаме за да добиеме слобода во Исус!

### 4. За еден човек кој исто така немаше време

Уште не сум завршил. Сега сакам да ви раскажам за еден човек кој исто така немаше време. За него пишува во Новиот Завет. Тој беше голем човек - римски државник. Името му беше Феликс. Тоа е прекрасно име, значи „среќен". Имаше жена која се викаше Друзила. Кај него имаше еден затвореник по име Павле. Еден ден, кога имаше доволно време, тој рече: „Жено, ајде денес да го испитаме тој Павле." И така влегоа во судската сала и со голема помпа ги заседоа местата. Лево и десно од нив стоеја легионери. Тогаш затвореникот го доведоа пред нив. „Павле, зборувај зошто си овде?"- му се обрати Феликс на затвореникот. Тогаш Павле одржа силен говор. И јас би сакал да можам така да говорам. Атмосферата како да се згуснува, говорот е сè построг. Одеднаш во просторијата се чувствува присуство на живиот Бог. Павле зборува за праведноста со која треба да се одликува еден судија. Тоа го погаѓа Феликса. Во мислите му минуваат сите пристрасни пресуди што ги донел од корист. Потоа Павле зборува за чистотата која како да ја исфрла Друзила од столицата. „Човеку, во кое време живее овој?"- си помислува таа. Кога Павле продолжи да објаснува: „Бог ова го бара од нас!"- на обајцата им стана задушливо. Павле продолжи да зборува за Божјиот суд во кој може да се загуби вечниот живот. Тогаш Феликс скока и вели: „Извини, Павле, тоа е сосема убаво што го велиш. Сигурно е и многу важно. Кога ќе имам доволно време, пак ќе те ислушам. Но сега немам време!" И наредува да го одведат. Тој никогаш повеќе немаше време...

Ако ние немаме време да му дозволиме на Бог да ни зборува за праведноста, за чистотата и за Неговиот суд, се плашам дека ќе поминиме исто како Феликс! Толку ни е незгодно кога ќе ја почувствуваме Божјата реалност, зар не? Тогаш радо брзаме да го гледаме следниот филм на кино или го вклучуваме телевизорот. Во најмала рака сакаме да останеме во атмосфера која не нè вознемирува. И така, сè си останува по старо!

Зар не е страшно кога за еден живот ќе се каже: „Кај него сè си остана по старо - засекогаш!" Но Божјиот Син доаѓа и вели: „Еве, создавам сè ново! Го проштавам минатото! Ве откупувам со мојата смрт во Божјето царство! Ви го дарувам Светиот Дух за да бидете нови луѓе!" - А ние велиме: „Ах, не!" - и сè си останува по старо. Има христијани чиешто христијанство одамна е изумрено. Едноставно тие тоа и не го забележале - и сè си останува по старо. Ах пријатели, јас посакувам кај вас да биде поинаку. Ви посакувам сè најубаво. Кај вас да не биде сè по старо, туку ново, преку Исус!

**5. За еден човек, кој има време**

На крај морам да ви кажам нешто важно: Сè додека сме под власта на ѓаволот, ние постојано ќе бидеме под притисок и нема да имаме време. Но јас познавам Еден кој има време за вас - тоа е Исус, Спасителот, Воскреснатиот! Можеби жените се жалат: „Мојот маж нема време за мене." Мажите се жалат: „Мојата жена нема време за мене." Родителите се жалат: „Нашите деца немаат време за нас." Децата се жалат: „Родителите немаат време за нас." Чујте го ова: Исус има време! Исус има време за нас!

Во последно време тоа за мене е едно сосема ново откритие. Минатата седмица имав неколку тешки

проблеми, кои сега не би сакал да ги раскажувам во подробност. Често и лесно нас нѐ окупираат проблемите на нашето време. Бев толку потиштен, што жена ми ми рече: „Толку си неподнослив! Но те разбирам." Јас поцрвенив и излегов, истрчав во природа. Таму во тишина разговарав со мојот Спасител: „Господе Исусе, морам да ти ја раскажам мојата мака..." И сѐ му реков. И тој имаше време подробно да ме ислуша. Додека да се свртиш, поминаа два часа. Тогаш го отворив мојот Нов Завет, и секој збор ми беше како Божји одговор за мене лично. Колку радосен се вратив дома! Открив нешто сосема ново: Исус има време за мене!

Во Новиот Завет има една прекрасна случка. Еден слепец седи на улица и пита. Во рацете има дрвен сад што го подава секогаш кога некој минувач ќе мине покрај него и вика: „Ве молам, милостиња!" Одеднаш тука минува толпа луѓе. Слепиот си мисли: „Што е сега ова?" Минува ли некоја процесија или војска? Најпосле прашува еден човек: „Што е тоа?" Овој му одговара: „Поминува Исус!" И слепецет го осветлува светлина, одвнатре. Тој за Исус слушнал, да, тој верува дека Исус е Божји Син. Почнува да вика силно: „Исусе, Сине Божји, помогни ми! Исусе, Сине Божји, смилувај ми се мене!" Луѓето стануваат нервозни и му велат: „Престани да викаш! Сакаме да го слушнеме Исус." Но слепиот продолжува силно да вика: „Исусе, Сине Божји, смилувај ми се!" Да, тој вика уште повеќе. Луѓето се лутат и му се закануваат: „Престани! Ќе јадеш ќотек!" Кога се заканува толпа, тоа е опасна работа. Но слепецот не можат да го замолчат: „Исусе, Сине Божји, смилувај ми се!" Да бев јас таму, ќе му објаснував: „Слушај ме сега, ова мораш да го разбереш. Исус оди на Голгота. Таму ќе умре за светот. Светот оди во пропаст заради својата вина. Исус ќе го реши проблемот на гревот така што

врз себе ќе ја земе вината на светот за да настане мир со Бог. Потоа тој ќе воскресне за да ја победи смртта. Ова се важни работи. Немој ти тука сега да пречиш.“ Но слепецот и натаму вика: „Исусе, Сине Божји, смилувај ми се!“ И сега доаѓа едно од најубавите места во Новиот Завет: „Исус застана...“ А јас често велам: „Господе Исусе, денес имам важен состанок, не би сакал заради никого да се задржувам!“ „Исус застана и нареди да го доведат“, се вели во Библијата. Исус, кој ги решава проблемите на светот, има време за овој слеп питач! Толку многу тој го цени човекот!

И ти исто толку вредиш во Неговите очи! Мисиш ли дека на светот има некој друг што толку те цени? Но ти сè уште немаш време за Него? Веројатно ѓаволот го затемнил твојот ум.

Јас еднаш слушнав за една чудна случка. Еден брод тонел, и стјуардот трчал низ ходникот и викал: „Сите на палуба! Бродот тоне!“ Минал и покрај кујната. Таму готвачот сосема мирно си печел пилиња и рекол: „Морам прво да си ја завршам мојата задача!“- и продолжил да пече пилиња. И така се удавил заедно со своите пилиња. Ист е случајот и со луѓето денеска: „Исус? Не е актуелно! Не ме интересира! Немам време!“ И светот си оди без Исус во пеколот!

Зборот ми е дека прво треба да го правиме она што е најважно. Ако Бог нуди спасение, тогаш тоа е најважно. Тоа спасение треба да се прифати. Би сакал да застанеме пред Исусовиот крст и заедно со поетот да му кажеме:

Стено, ти засолни ме,
В прегратки Свои сокриј ме.
Вода нека потече
Од грев да ме измие;
Стено, само крвта ти
Брише мои престапи!

# ВНИМАНИЕ! ОПАСНО ЗА ЖИВОТОТ!

По автопатот, додека доаѓав кај вас и мислев на предавањето што требаше да го одржам, постојано ме прогонуваше мислата: „Внимание! Опасно за животот!“ Познато ви е дека денес луѓето по правило не умираат стари и во кревет. Денес се доживува несреќа, или се добива инфаркт. Некогаш луѓето живееле по 90 години, а потоа легнувале и умирале. Денес тоа не е случај. Денес авион експлодира над океан: 80 луѓе се мртви. Автобус се урива во провалија: 60 луѓе се мртви. Настанува експлозија во фабрика: пак мртви. Во рудниците во Рурската област постојано гинат луѓе. Секои дваесетина години се води по една голема војна. Во Првата светска војна умреа 2 милиони, во следната 5 милиони. Ние живееме во постојана опасност.

Кога така си размислувам, често си велам: Ние речиси и немаме шанса да умреме удобно, во кревет. Замислете дека денес во десет часот ви се случува несреќа. Тоа е можно, зар не? Каде ќе бидете во 11 часот? Што ќе се случи со вас? Дали за тоа барем еднаш сте размислувале?

### 1. Сериозноста на ситуацијата

Ќе ви раскажам една интересна случка што не сум ја доживеал лично јас, туку сум ја чул од мојот дедо. Тој знаеше фантастично да раскажува.

Еднаш едно момче дошло кај својот стар чичко и му рекло: „Чичко, честитај ми. Ја завршив матурата.“ „Прекрасно!“ рекол чичкото. „Еве ти 20 марки, купи си за награда нешто убаво. Но, кажи ми, што планираш сега?“

„Сега?“, одговорило момчето, „сега ќе студирам. Сакам да станам правник.“ „Убаво“, рекол чичкото, „а потоа?“ „Потоа, извесно време ќе бидам судски приправник.“ „Одлично“, рекол чичкото, „а после?“ „После, ќе станам член на окружниот суд.“ „Многу добро“, рекол чичкото, „а што следи потоа?“ „Е па, тогаш ќе си побарам некоја девојка и ќе се оженам, ќе основам семејство.“ „Супер!“ вели чичкото. „А после?“ „Па добро, се надевам после да станам некој славен човек, претседател на окружен суд, или јавен тужител.“ „Одлично“, вели чичкото, „а што потоа?“ „Па добро чичко“, младичот почнал да станува нервозен, „потоа ќе дојде време и да остарам и да се пензионирам“. „Многу добро, а што следи потоа?“ „Е па, добро, потоа ќе си одберам некој убав плац, ќе си направам куќичка, ќе си насадам јаготки.“ „Добро“, вели чичкото, „а што потоа?“ Младичот веќе се налутил: „После ќе дојде ред и да умрам!“ „А, така“, вели чичко му, „а што следи потоа?“ На момчето веќе не му било забавно. Го фатил страв при помислата на смртта: „Ќе умрам, а што потоа?“ „А што потоа???“ прашал чичко му. „Чичко“, одговорило момчето, „за ова никогаш не сум размислувал.“ „Како?“ рекол чичкото, „ти си завршил матура и толку ли си глуп, па размислуваш само од денес до утре? Зар еден човек, кој од Бог добил разум, не размислува и за иднината? Како така?“ Момчето брзо одвратило: „Чичко, што има по смртта никој не знае!“ „Тоа не е точно, момче мое“, рекол чичкото, „има Еден кој со сигурност знае што иде по смртта. Тоа е Исус. Тој рекол: 'Широк е патот што води во пропаст, а тесен е патот што води во вечен живот.' По смртта доаѓа Божји суд. Може да се оди во пропаст, но може и да се биде спасен.“

Морам да ве предупредам дека не е доволно да се испланира животот до гробот. Треба да се запрашате: Што следи потоа?

Како пастор на младите, јас често вака им објаснувам: Ако имам чифт чевли за поправка, јас не одам кај автомеханичар. Автомеханичарите се добри луѓе, но од чевли ништо не се разбираат. Јас за чевлите одам кај чевлар. Но кога имам проблем со колата, јас не одам кај чевларот, туку кај автомеханичар. Кога сакам печиво, не одам кај месар во месарница. Тие се добри луѓе, но ништо не знаат за печивото. Кога ми треба печиво, јас одам кај пекар. Кога ќе ми прсне водоводна цевка, јас одам кај водоинсталатер. Значи, секогаш барам специјалист. Но кога сакаме да знаеме што иде по смртта, се информираме кај ојле и дојле, или се потпираме на својот „здрав“ разум. Зар за ова важно прашање - 'што следи по смртта?' - нема да прашаме специјалист?! А кој е специјалистот? Кој е стручњакот? Има само еден специјалист. Тоа е Божјиот Син, Кој дојде од другиот свет и Кој самиот се спушти во царството на мртвите. Тој умре на крст и пак оживеа. Тој добро го знае ова и вели: „Ти одиш кон пеколот! Но можеш да влезеш и во рајот!“ И да се соберат 25 професори и да ми речат: „Со смртта сè се завршува!“ - јас пак ќе им речам: „Секоја чест на вашите големи титули, но вие не сте специјалисти за оваа проблематика. Вие не сте биле од онаа страна, а јас познавам Еден што бил таму: Исус. Тој ме учи поинаку.“

Луѓето денес живеат на свој ризик, имено, се однесуваат како со смртта сè да завршува, или како да се подразбира дека ќе отидат на небото, под услов да се крстени и да ги погреба свештеник. Но јас ве уверувам дека пеколот ќе „врие“ од луѓе што се крстени и што биле погребани со свештеник. Дали ви е јасно? Вие се наоѓате во непосредна и многу опасна состојба. Ние сите, кој порано, кој подоцна, ќе застанеме пред Божјиот суд!

Морам да ви кажам дека токму тоа е причината зошто јас денес се наоѓам меѓу вас. Кога бев момче, воопшто на ум не ми паѓаше дека еден ден ќе бидам на проповедална. Во Првата светска војна бев млад офицер. Во мојот полк имавме големи загуби. Јас бев офицер како и другите, ни полош ни подобар. Но некој да ми речеше: „Ти еден ден ќе проповедаш по црквите", в лице ќе му се насмеев. Јас лично можам да ви посведочам: Бев далеку од Бог. Татко ми еднаш ме праша: „Зар не веруваш во Бог?" Јас му одговорив: „Не сум толку будала да го негирам Бог. За да бидеш атеист треба да си многу глупав, а јас не сум. „Но", реков тогаш, „не сум имал средба со Бог. Затоа Тој не ме интересира." Набргу по овој разговор се најдов со еден мој другар, исто така млад поручник, во ров покрај патот на маршот за Франција. Чекавме наредба за напад. Раскажувавме глупави вицови - оние што служеле војска знаат за што зборувам. Тогаш раскажав еден „мрсен" виц, но пријателот не се насмеа. „Кучеру," викнав, така му беше името, „зошто не се смееш?" Во тој миг тој се преврте и, видов - веќе беше мртов! Едно мало парче од граната беше го погодило право в срце. Стоев така млад и зелен крај трупот на мојот другар, од почеток не многу возбуден: „Колку неучтиво од твоја страна пријателе, отиде без да го дослушаш мојот виц!" Но во истиот миг ме прободе мислата: „Каде е тој сега?" Како сега да се гледам во тој ендек покрај патот, кога ме исполни силна заслепувачка светлина како од атомска бомба: „Па тој сега стои пред Светиот Бог!" Следната мисла беше: „Да седев јас на неговото место, а тој на моето, сега јас ќе бев пред Бог!" Не пред некаков господин бог, туку пред Бог, Кој ја открил Својата волја, ги дал заповедите, и јас сите сум ги прекршил - исто како и вие. Има луѓе чии гревови се креваат до небо, а сепак велат: „Правам добро и не се

плашам од никого.“ Немојте да се залажувате. Во истиот миг знаев: сум ги прекршил сите заповеди! Сега да ме погоди куршум, и ете ме мене пред Бог!“ Веднаш ми стана јасно: „Тогаш ќе завршам во пеколот!“ Тогаш дојдоа војници со коњи. „Тргнувајте напред!“ Јас јавнав коњ. Мојот мртов другар остана да лежи таму. Тогаш, за првпат по многу години, ги склопив рацете и се помолив: „Драги Боже, не дозволувај да загинам сѐ додека не се осигурам дека нема да завршам во пеколот!“

Подоцна отидов кај военииот свештеник и го прашав: „Господине, што треба да направам за да не одам во пеколот?“ Тој ми одговори: „Господине поручниче, мораме прво да победиме, да победиме, да победиме!“ „Ни вие тоа не го знаете!“ му одвратив.

Зар не е потресно тоа што илјадници одат во смрт и нема кој да им објасни како можат да се спасат? И тоа среде еден „христијански“ народ! Ќе паднев во очај, ако еден ден (тоа не можам да го раскажам во подробности) не ми допаднеше в раце еден Нов Завет. Уште се сеќавам на тој настан што се одигра во околината на една француска куќа зад линијата на фронтот. „Нов Завет“, си помислив, „овде стои сѐ како треба да се спасам!“ Прелистував набрзина, бидејќи добро не се снаоѓав во оваа книга. Тогаш очите ми застанаа на еден единствен стих: „Исус Христос дојде на светот за да ги спаси грешниците.“ Тоа беше како удар на молња. „Грешници“ - тоа сум јас, никој не треба повеќе да ми објаснува.

Зар нема и вие да признаете пред Бог и луѓето: „Јас сум грешник!“ Престанете со вашето погрешно самооправдување. Во тој миг не ми требаше свештеник. „Јас сум грешник!“ Тоа ми беше јасно. Сакав да бидам спасен. Не знаев што е всушност тоа. Единствено разбрав: Да се биде спасен значи да се излезе од состојбата во која

се наоѓав, да се најде мир со Бог. „Исус Христос дојде на светот за да ги спаси грешниците." Кога Исус тоа може, јас сакам да Го пронајдам Исус! Тоа траеше уште неколку седмици. Барав некој да ми покаже како да дојдам до Исус. Никој не можеше да го стори тоа. Тогаш направив нешто што би му го препорачал на секого од вас. Се заклучив во една стара француска селска куќа (уште се наоѓавме на марш). Речиси таа беше уништена, напуштена куќа, но една соба сè уште беше цела. Во бравата се наоѓаше клуч. Влегов, се заклучив одвнатре и паднав на колена, па реков: „Господе, Исусе! Во Библијата стои дека Ти си дошол од Бога 'да ги спасиш грешните'. Јас сум грешник. За иднината не можам да ветам, бидејќи имам лош карактер. Но јас не сакам да дојдам во пеколот, ако ме погоди куршум. Затоа, Господе, Исусе, јас Ти се предавам од глава до петици. Прави со мене што сакаш!" Не се слушна никаков татнеж, никакво посебно движење, но кога излегов надвор, знаев дека го најдов Господ и дека сега сум негов.

Оттогаш, кога имав само 18 години, секој ден гледам во каква ужасна опасност живеат луѓето. Живеат без проштавање на гревовите. Дали вашите гревови се простени? Како ќе поминете на Божјиот суд? Луѓето живеат без да имаат мир со Бог. Живеат без да се обратени. Живеат малку обоени со христијански лак и боички, но длабоко во нив чука немирно, необратено срце. Добро слушнете го ова: Бог не сака никој да оди во пеколот. Тоа Бог никако не го сака. Напротив, „Бог сака на сите луѓе да им помогне да ја запознаат вистината". Затоа Тој Го прати Својот Син. Но, пријатели мои, и ние мораме да дојдеме кај Исус. И ние мораме да станеме Негови. А тоа како „христијаните" во Германија и на други места во светот се однесуваат кон Бог и спасението преку Исус, нема да излезе на добро. Од тоа

морници ме лазат. Сфатете дека се наоѓаме во огромна животна опасност, бидејќи неизбежно се движиме кон Божјиот суд.

Во мојата младинска група имав едно симпатично момче. Тој доаѓаше редовно на нашите библиски часови. Беше тоа во времето на Хитлеровиот Трет Рајх. Еден ден мораше да се приклучи кон национал-социјалистичките образовни курсеви, и тогаш престана да доаѓа на нашите проучувања. Јас веќе не го гледав. Сепак, еден ден налета на мене. „Добар ден Гинтер!“ му реков. „Хајл Хитлер!“ одврати тој. „Гинтер, како си, одамна не сум те видел?“ го запрашав јас. Тој се исправи и изјави: „Мојата девиза гласи: ’Прави добро и не плаши се од никого.’ Ако нешто не чини во мојот живот и ако има Бог, јас како чесен човек ќе одговарам пред Него. Но не ми треба жртвен јарец, Исус, да умира за мене!“

Гледам пред себе милиони луѓе како одат со него и мислат на ист начин: „Правам добро и за мојот живот ќе одговарам пред Бог.“ Драги пријатели, јас лично не би сакал пред Бог да се повикувам на мојата праведност, бидејќи знам дека, ако постапам така, сум го обрал бостанот. Помирете се со тоа дека мораме да застанеме пред Божјиот суд! Сакам да ве предупредам. Мене морници ме лазат кога ќе помислам како луѓето ќе застанат пред Божјиот суд!

Уметникот Ернст Марлах направил прекрасни скулптури. Освен тоа, тој напишал и едно драмско дело, „Русокосиот Бол“. Русокосиот Бол е еден земјопоседник кој е секогаш малку синкав во лицето. Еднаш тој добро се натрескал и напил и на дневна жега излегол на градскиот плоштад во малото гратче. Застанал пред црквата на чии порти биле претставени херувими што дуваат во труби. Гледајќи ги така херувимите, наеднаш му се сторило дека тие оживеале и дека трубат за Божји суд:

„Сега почнува Божјиот суд со луѓето!“ Марлах буквално ги запишал овие зборови: „Станете сите мртви од вашите гробови! Излегувајте! Нема приговори!“ Тогаш на Русокосиот Бол му стана јасно: „Не може да се побегне од Божјиот суд. Еднаш ќе морам да застанам пред Него со сета моја беда!“ Сите ние длабоко во себе знаеме дека со нашата самоправедност „прави добро и не плаши се од никого“ нема да стигнеме далеку. Божјиот суд сигурно доаѓа. Сета наша самоправедност ќе се растопи како восок на оган.

Јас добро знам дека ваква порака денес не е радо слушана. Кога им велам на луѓето: „Ако не му се предадете на Исус сигурно одите во пеколот!“, тие со потсмев ми одговараат: „Пекол! Тоа е средновековен поим. Такво нешто не постои!“ Кога го слушам тоа, секогаш се сеќавам на една случка што морам да ви ја раскажам.

Тоа беше за време на војната. Сакав да посетам некои мои познати. Кога веќе бев тргнал, почна воздушен напад. Дотрчав во најблискиот бункер и почекав додека да мине тревогата. Продолжив понатаму и стигнав во населбата каде што одев. Таа сè уште си стоеше на своето место, но сите дваесетина куќи, колку што ги имаше, беа сосема пусти. Си помислив: „Да не е ова сон! Сите куќи си стојат, а од луѓе ни трага ни глас!“ Сретнав еден човек од цивилната заштита и го прашав: „Зошто сите луѓе побегнале?“ Тој ништо не ми рече, туку ме зеде за рака и ме одведе во една од зградите, па ме доведе до еден прозорец. Тогаш ја видов причината: куќите беа наредени околу една зелена полјана, а среде полјаната лежеше огромна авионска бомба, голема колку котел на парна локомотива. Јас реков: „Неексплодирана бомба!“ „Не, не!“, одговори човекот. „Не е неексплодирана бомба. Тоа е бомба со временски програмирана запалка!“ Тоа беа многу подмолни бомби. Тие не експло-

дираа при падот, туку можеби 5 или 20 часа подоцна. Обично тие бомби експлодираа кога луѓето ќе се вратеа од скривниците. „Поради ова сите се избегани!“ продолжи човекот. „Дали слушате како отчукува?“ Навистина, можеше да се чуе дури и чукањето на временската запалка. Бомбата секој миг можеше да експлодира. „Да одиме одовде.“ му реков на човекот од цивилната заштита. „Овде не е пријатно!“ Се повлековме подалеку, каде што имаше малечко засолниште, во случај бомбата да експлодира. Во истиот миг видов нешто смешно: Јато врапци долетаа и весело се спуштија врз бомбата. Едно од нив дури стоеше на врвот, кај запалката. Викнав гласно: „Бегајте, врапци, опасно е!“ Врапците како да ми одговорија со живо цивкање: „Ха, ха! Ние сме напредни! Кој денес верува во бомби? Бомбите се безопасни!“

Дали разбирате? Такви се и денешните луѓе! Бог многу сериозно ни зборувал досега преку Библијата, преку судовите, односно страдањата низ кои поминал нашиот народ. Синот Божји дошол на овој свет, бил распнат на крст и воскреснал. Секој може да сфати дека Бог е свет Бог. Кога некој ќе дојде и ќе рече: „Вие сте во опасност! Морате да се погрижите за спасението на вашите души!“, тогаш луѓето се смеат и велат: „Ха, ха! Ние не веруваме во такво нешто!“

Библијата знае да биде иронична. Сиот атеизам и негирањето на Бог се споменати само на едно место, со само една реченица. Таа гласи: „Безумниот си рече во своето срце: ’Нема Бог.’“ Така Библијата зборува за атеизмот. Се надевам дека вие нема да го прифатите атеистичкиот поглед на свет.

## 2. Како да се спасите?

Бог веќе еднаш овој свет го казнил со тешка казна. Само еден човек со своето семејство се спасил. Човекот се викал Ное. Нему Бог му дал совет да изгради ковчег односно кораб уште пред на настапи казната. Дали ви е позната историјата за потопот? Ако не ви е позната, можеби ќе се засрамите и нема да признаете дека не знаете. Уште пред да настапи судот, Бог му рекол на Ное: „Влези во коработ ти и твоето семејство!“ Ное влегол, а Бог ја затворил вратата зад него.

Сфатете: Светот веќе се движи во пресрет на праведниот Божји суд, но постои кораб за спасување: Тоа е милоста понудена во Исус. Тој дошол од Божјиот во нашиот беден свет, умрел за нас на крст. Треба да го сфатите ова: Кога Бог дозволил Неговиот Син да умре на страшен начин на крст, тогаш Тој со тоа дело остварил спасение и за најголемиот грешник. Тој воскреснал од мртвите и нè вика преку Светиот Дух. Исус е коработ. Како тогаш Бог што му рекол на Ное: „Влези во ковчегот ти и твоето семејство!“, така Тој преку мене ве моли: „Влезете во милоста наречена Исус Христос! Направете го чекорот кон измирување со Бог! Прекинете со сè што ве задржува! Кажете му на вашиот Спасител: 'Доаѓам како многу голем грешник!' Положете ја сета вина пред Неговиот крст! Верувајте дека Неговата крв била за вас пролеана! Кажете му: 'Господе, јас ти го предавам целиот мој живот!'“ Вака се влегува во овој кораб.

„Внимание! Опасно за животот!“

Колкаво мноштво луѓе одат необратени и наполно незаштитени во пресрет на Божјиот суд! Сепак, огромната милост е тука. Да се верува значи да се направи еден чекор од Божјиот суд кон Христовата милост.

Тој чекор не е играчка. Тој значи спас од животната опасност!

Познатиот мисиски инспектор Алберт Хофман, мисионер од Нова Гвинеја, еднаш ми раскажа една случка што никогаш нема да ја заборавам. Јас му реков: „Брате Хофман, имам тешка борба во мојот христијански живот. Не е лесно ниту за еден пастор да му припаѓа на Исус во еден свет што му служи на ѓаволот и ита кон пеколот.“ Тогаш тој ми рече: „Ќе ти раскажам нешто. На Нова Гвинеја имавме обичај Папуанците што сакаа да станат христијани да ги поучуваме за вистински Христови следбеници. Еден неделен ден приготвивме крштевање. Тоа секогаш беше голема свеченост. Доаѓаа да присуствуваат и многу незнабошци. Но решавачкиот чекор секогаш се случуваше една вечер пред крштевањето. Тогаш се палеше голем оган. Кандидатите за крштевање истапуваа напред. Во своите раце тие ги носеа сите прибори сврзани со нивното идолопоклонство: средства за правење магии, кипчиња, амајлии. Пристапуваа кон огнот и ги фрлаа овие знаци на нивниот претходен живот во силниот пламен. Еднаш посматрав една млада жена. Таа пристапи кон огнот со раце полни со сликички на идолите и амајлии. Но во мигот кога сакаше да ги фрли во огнот, таа немаше сила. Сигурно си мислеше: 'Со ова живееја моите предци. Со ова е поврзано сето мое минато. Од ова сепак не можам да се одделам!' Таа се повлече. Но веројатно ѝ дојде друга мисла: 'Но вака не можам да му припаѓам на Исус!' Потоа пак тргна три чекори напред, но пак од тоа не можеше да се оддели и пак се повлече. Тогаш ѝ пристапив“ - ми раскажуваше мисионерот Хофман понатаму - „и ѝ реков: 'Многу ти е тешко! Можеш да се јавиш на наредните крштевања.' Тогаш младата жена се замисли малку подолго, но потоа брзо направи три чекори

напред и ги фрли работите во огнот, па се урна онесвестена на земја." Никогаш нема да ги заборавам зборовите на мисионерот Хофман, тој херој на верата, со лице како извајано во камен. При разделбата ми рече: „Верувам дека само оној што доживеал вистинско обраќање може да ја разбере возбудата на оваа жена."

Драги пријатели, потребен е само еден чекор за да влезете во коработ. Надвор е опасно за животот, а внатре - прегратката на Исус. Но тој чекор не е детска играчка. Тој значи прекин со минатото. Но, треба да ви биде јасно: Поевтино не е можно!

Дали бев доволно јасен? Секогаш се потресувам кога гледам колку многу луѓе, и покрај многуте предупредувања, итаат кон нивната вечна пропаст. Тоа на Бог не му е мило. Тој сака да бидете спасени. Затоа и го пратил својот Син. Затоа и платил за вашата вина. Треба само да си ја признаете својата вина и отплатата на Исус да ја прифатите со вера.

За време на Третиот Рајх, кога пак бев викнат во Гестапо, чекав во една просторија во која имаше голем број полици со документи. Имаше цели ридишта документи поврзани во снопови. Од секоја папка висеше висулче со натпис - презиме: „Маер, Карл!" или „Шулце, Фридрих". И така, бидејќи морав многу долго да чекам, му благодарев на Бог што не морав да го минувам животот меѓу сите тие документи. Од здодевност, почнав да ги читам натписите: „Маер, Карл!" , „Шулце, Фридрих". Наеднаш прочитав: „Буш Вилхелм!" Значи имаше папка и за мене! Одеднаш полиците веќе не ми беа здодевни. Замислете, тука беа документи и за мене! Имав силна желба да ги отворам и да прочитам што напишале овие типови за мене. Но на тоа не смеев ни да помислам. Така останав треперејќи при помислата: „Моето досие!"

Гледате, така и за мене некогаш беше Христовиот крст. Имаше време во мојот живот кога ништо не ми беше поздодевно од христијанството. Поинтересни ми беа кафеаните - сè до моментот кога го забележав Христовиот крст во вистинска светлина: „Се работи за моето досие!“ Оттогаш, Христовиот крст за мене е најинтересното нешто на светот. О, гледајте го човекот со трнова круна! Тој е Спасителот! Таму, на крстот, Тој заработил спасение за мене и за тебе! Ако досега не си знаел, тоа се однесува и лично на тебе. Ах, јас го подигнав гласот. Знам дека треба да говорам потивко, но како да се остане рамнодушен при една ваква порака!

### 3. Од смрт во живот

„Внимание! Опасно за животот!“ Ова се зборови што би сакал да ви ги кажам и од друг агол. Кога ми блесна во мислите: „Внимание! Опасно за животот! Стоп! Човече, обрати се! Побарај го својот Спасител!“, тогаш одеднаш си помислив: „Па во животна опасност може да се наоѓа всушност само оној што е жив!“ Кога автобусот ќе се урне во провалија и сите патници ќе загинат, тие веќе не се во животна опасност. Јасно, нели? Сега би сакал ова вака да го кажам: Вие сте во опасност никогаш да не го досегнете животот, да бидете мртви во светот и на крај да бидете отфрлени. Дали добро се изразувам? Животната опасност за која ви зборувам всушност ви се заканува да си го промашите животот. Библијата сосема јасно кажува: „Кој го има Синот Божји, тој има живот. Кој го нема Синот Божји, тој нема живот!“

Неодамна сретнав млада жена, учителка по странски јазици од Берлин. „Извинете!“ - ѝ реков - „еден пастор може да биде малку и нељубезен. Ве молам, колку годи-

ни имате?“ Младите жени не треба да се прашуваат за годините, нели, но еден стар пастор може и тоа да си го дозволи. Таа без колебање одговори: „Осум години!“ „Момент!“ реков изненаден, „зар само осум? Вие сте учителка по странски јазици и знаете три јазика, а сепак имате само осум години?“ Таа се насмеа и рече: „Пред осум години јас го најдов Исус. Тогаш добив живот. Пред тоа бев мртва.“ Јас се зачудив: „Тоа го рековте прекрасно!“ Таа ми рече: „Кој Го има Синот Божји, тој има живот. Кој го нема Синот Божји, тој нема живот.“ Потоа продолжи: „Видете, порано јас немав Спасител, немав вистински живот. Заработував пари, но тоа не беше живот!“

Зар ова не е храбро признание? Тој што не се предал на Исус со доброволно прифаќање од сè срце, нема живот. Да, без Исус ние не знаеме што е тоа живот. Само оној што го има Синот Божји, има живот.

Пред многу години ме посети едно момче. Го прашав: „Што сакаш?“ „Ни јас самиот не знам!“ - ми одговори. „Само едно знам: тоа што го живеам не е живот!“ Изненаден, јас прашав: „Како тоа? Ти имаш добра работа како бравар и заработуваш многу пари.“ „Сепак тоа не е живот!“ одврати момчето. „Тоа не е никаков живот! Во понеделник бравар, во вторник бравар, во среда бравар, во четврток бравар, во петок бравар, во сабота на фудбал, во недела кино и девојка, во понеделник бравар, во вторник бравар, во среда бравар, во четврток бравар, во петок бравар, во сабота на фудбал, во недела кино и девојка. Тоа не е живот!“ „Момче“, му реков, „ти си наполно во право. Навистина си сфатил: тоа не е живот! Јас ќе ти објаснам што е живот: „Во мојот живот се случи огромна промена. Тоа се случи кога ме пронајде Исус, Кој за мене умре и воскресна. Тој стана мој Спасител и ме измири со Бог. Кога ова го сфатив, јас

Му го предадов своето срце. И замисли, од тогаш јас имам живот!“ Момчето постапи како што му советував.

Пред извесно време јас го пронајдов во Фрајбург. „Па, како е сега?“ го прашав. „Дали сега живееш?“ „Да“, одговори тој со радост на лицето, „ова сега е живот!“ Тој сега е многу жив, води група млади христијани и ги доведува луѓето кај Исус. Тој во Исус го најде животот.

Го разбравте ова? Вие сте во животна опасност доколку го пропуштате животот кој е во Христа, иако можеби нешто сте чуле за христијанството, а Христа не сте го нашле.

Имам еден пријател трговец. Неодамна тој беше поканет кај еден фабрикант. Фабрикантот има убава вила во еден прекрасен парк. Таму биле околу сто гости. Во навалицата луѓе на прославата, мојот пријател се сретнал со домаќинот и му рекол: „Човеку, колку сте среќни! Како цар сте! Толку голем имот! Толку голема фабрика! Толку прекрасна жена! Прекрасни деца!“ Тогаш човекот одговорил: „Да, имате право: Добро ми оди.“ Но наеднаш тој станал смртно сериозен и рекол: „Но, не ме прашувајте како изгледа овде, внатре?“ - покажувајќи при тоа на срцето.

Одејќи по улица, често си размислувам: Кога луѓето би биле искрени, сите би застанале и би викале: „Не прашувате како ми е овде, во срцево!“ Во него нема мир. Мислите ве обвинуваат. Тоа е вината.

Треба да ви биде јасно: Има само една Личност што може да нè излечи. Замислете - Бог ја гледа нашата беда! Ние сами не можеме да дојдеме кај Бог, но Бог во својата голема љубов дошол кај нас преку Исус. Тоа е порака од која здивот запира, порака што јас ја разгласувам: „Бог толку го засака светот...“ Да сум јас на Негово место, не би го сакал. Со железен стап би го мавал овој свет полн со нечистотија, со зло и глупост. А Бог го

сака светот. Овде на човек и разумот му застанува. „Бог толку го засака светот, што го даде и својот единороден Син, Исус, за ниеден што ќе ја прифати таа љубов да не загине, туку да има живот вечен.“ Одговорете: Што треба Бог уште да направи? Тој го даде својот Син да умре само вие да имате живот!

Ќе привршам со една интересна приказна. Еднаш, по проповедта, кај познатиот англиски проповедник Чарлс Хадон Сперџен, дошло едно момче и му рекло: „Господине проповедниче, вие имате право, и јас ќе морам да се сретнам со човекот од Голгота, ќе треба да станам Божје чедо. Еден ден ќе се обратам.“ „Еден ден?“ - прашал Сперџен. „Да, еден ден, некогаш во иднина.“ „Во иднина? Зошто не денес?“ Тогаш момчето почнало да објаснува малку засрамено: „Би сакал да се спасам, и затоа планирам еден ден да се обратам на Исус, но пред тоа сакам малку да пробам од животот.“ Тогаш Сперџен се насмеал и рекол: „Млад човече, ти си бил многу скромен. Да се бара малку да се проба од животот - тоа е премалку. Јас не би барал малку од животот, јас би го барал животот во сета негова полнина. А во мојата Библија пишува: (тука тој веднаш го пронашол стихот) 'Исус рече: Јас дојдов за да имаат живот и тоа живот во изобилие.'“

Кога привршувам со една ваква проповед, секогаш ме мачи незгодно чувство, бидејќи си мислам: „Не си им го кажал тоа на вистински начин!“ Дозволувате ли уште еднаш накратко да повторам? Бог дозволил Исус да умре на крст за нас загубени и проколнати грешници, за ние - овде и денес - да имаме живот. Кога утре ќе се разбудам, да можам да пеам од радост што сум станал Божје чедо, што имам во Него живот. Сфатете, Исус дошол со цел ние овде да имаме живот, и во вечноста да бидеме

поштедени од Божјиот суд - таму да добиеме вечен живот и со радост да продолжиме во вечноста.

Дозволете ми да употребам уште една мала илустрација. Замислете ноемвриска вечер. Врне снег со дожд. Дува силен и студен ветер. По улица си врват двајца луѓе. Едниот нема капут, само ја кренал јаката од палтото. Како да му е сѐ едно што сиот накиснал. Се движи како да му е сѐ едно каде оди, бидејќи нема дом да се прибере. Вака талкаат најголем број луѓе во светот. Тие немаат цел. Дали и вие живеете вака? Жално е да се нема цел во животот. Големиот безбожен филозоф Ниче во една песна вака се изразил:

Птиците летаат кон градот,
Наскоро и снег ќе падне.
Тешко на тој дом што нема!

Дали и вие немате вечен дом? Друг минувач наидува по улицата. Минува низ истиот студ и бура, низ истата нечистотија - ист дожд, ист снег. Но тој си потпевнува и чекори храбро. Зошто? Тој отспротива ги гледа светлата на својот дом. Таму е неговата куќа. Таму е топло. Патот него многу не го тревожи. Така одат луѓето што Го знаат Исус и што му го предале својот живот и што имаат живот, сега и во вечноста.

Така, како Бог што му рече на Ное: „Влези во коработ!", и јас ве молам: „Влезете!" Влезете во некое тивко место. Таму и Исус е присутен. Можете да разговарате со Него. Отворете го своето срце пред Него.

Еднаш некој ме праша: „Можам ли да разговарам со вас за верата?" Јас му одговорив: „Зошто со мене? Не треба луѓето да разговараат со мене, треба директно со Исус да разговараат!" Сторете го токму тоа и вие!

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРАВИ?

Драги пријатели, јас добивам секојдневно купишта писма со секакви прашања. Неодамна во едно писмо прочитав: „Дали тоа што го проповедате е ваше сопствено мислење, или тоа е мислење на вашата црква?“ На ова можев да одговорам: „Тоа е мислење на Библијата!“ Ова прашање веднаш ме натера да помислам: „Сè додека го слушате мислењето на пастор Буш, ќе бидете разочарани.“ Од мене не треба многу да очекувате. Вие морате да го слушате гласот на Господ Исус! Исус се нарече себеси „Добар пастир“. Гласот на Овој „Добар пастир“ морате да го слушате. Мое е со сета слабост само да ве убедам да го слушате гласот на „Добриот пастир“ на нашите души.

Сега, кога темата ни е „Што треба да се прави?“, многу е важно да му дозволите на Господ Исус да ви зборува, да го слушате Неговиот пастирски глас.

### 1. Прекинете со излитеното неверие!

Како пастор во голем град, сум слушал разни приговори против библиската порака. Тие приговори се многу стари и употребувани и затоа ве молам, за добро на вашата душа, веднаш отфрлете ја вашата стара неверба.

За време на војната јас, покрај мојата служба како пастор на младите, служев и во една голема болница. Еден ден стоев пред вратата на една болничка соба во приватниот оддел и, тукушто сакав да зачукам, од долгиот ходник дотрча една млада медицинска сестра која без здив ми рече: „Господине пасторе, ве молам не влегувајте во оваа соба!“ „А зошто не?“ - прашав. „Бидеј-

ќи господинот што лежи тука изрично забрани да биде посетуван од кој и да е пастор. Особено вас не сака да ве види. Ќе ве исфрли надвор.“ Притоа таа покажа на името напишано на вратата и јас можев да се уверам дека тоа беше еден познат бизнисмен. За него веќе сум слушал од рекламите. „Сестро“ - ѝ реков, „јас имам нерви како челични сајли!“ - и затропав на вратата. „Напред!“ - се чу силен машки глас. Влегов во собата. Во креветот лежеше постар човек со бела коса. „Добар ден!“ - реков. „Јас сум пастор Буш!“ „О“, одврати тој, „многу сум слушал за вас. Можете малку на мира да ме посетите!“ „Толку убаво од вас!“ - реков јас радосно. А тој продолжи: „Но, ве молам, не здодевајте ми со вашето христијанство!“ „Каква несреќа“, реков со насмевка. „Токму за тоа сакав со вас да зборувам!“ „Исклучено!“, мавна со раката, како да сакаше да ме истера до собата. „Не доаѓа предвид! Јас со тоа веќе сум расчистил! Знаете, кога бев дете, родителите ме тераа напамет да ги учам псалмите. Ако не ги знаев, добивав ќотек. Кога пораснав, прифатив поглед на свет во кој главни столбови се Дарвин, Хекел и Ниче!“

Кога ги слушнав овие зборови, почна да ми се дига притисокот. За жал, јас лесно се лутам, па му реков: „Слушајте вие, стар господине! Едно шеснаесетгодишно момче да ми го фалеше Ниче како свој идол, можеби ќе се насмеав и ќе му речев дека тоа е минлива фаза. Тие наскоро ќе сфатат дека ни модерните филозофи веќе не им веруваат на своите стари пророци. Но еден старец, како што сте вие, кој со едната нога зачекорил во вечноста, да ми вели вака, тоа е страшно! Вие сте на претсмртна постела. Дали сакате пред Бога да дојдете со една ваква бесмислица? Ве молам!“

Човекот изненадено гледаше во мене. Не беше навикнат да му се обраќаат на ваков начин. Тогаш ми

светна нова мисла: „Стој! Во болницава не смееш да се жестиш. Овде треба да се постапува кротко.“ Одеднаш ми стана жал за овој кутар човек. „Уфрлив во прва“ и на смирен начин почнав да му зборувам како Исус сака да биде и негов „добар пастир“. Тој длабоко воздивна: „Да, тоа би било убаво. Но што да сторам со овој мој поглед на светот!? Треба ли едноставно да отфрлам сè во што цел живот верував?“ „Секако!“ викнав јас радосно. „Драги господине! Отфрлете сè од себе што нема да ви користи во вечноста! Фрлете сè низ прозорец - подобро денес одошто утре! Со вашето излитено неверие не можете ниту да живеете ниту блажено да умрете. Потоа фрлете се во раширените прегратки на Божјиот Син, Кој умре за вас и ве откупи. Тој Спасител ќе стане и твој Спасител!“ Тогаш дојде сестрата. Таа се зачуди кога виде дека пријателски разговараме. Потоа ми даде знак со рака. Јас сфатив дека времето за посета е завршено. Јас му ја стиснав раката на господинот и тивко ја напуштив собата. Не знам дали ги прифати моите совети. Тој умрел истата ноќ.

Ме потресува секогаш кога самообразовани луѓе одат по светот со Дарвин, Хекел и Ниче - и со таква излитена неверба си навлекуваат вечно проклетство. Затоа, пред сè би сакал да ве замолам: Фрлете ги низ прозорец вашите излитени причини со кои си го оправдувате своето неверие. Отфрлете го. Тоа не вреди ни скршена пара. Во Библијата стои: „Има само еден Бог и еден посредник меѓу Бог и луѓето, а тој е Исус Христос.“

Еден ден седев наспроти еден човек. Тоа беше тип голем како орман со три врати. Ќе го наречам Фанелко, бидејќи носеше дебела блуза. Неговата жена загинала во бомбардирањата. Двата сина му загинаа во војната. Жал да те изеде! Тогаш јас го посетив. Тукушто се

сместив на масата, човекот остро ми дофрли: „Господине пасторе, не ми го стегајте вратот со вашето христијанство! Толку многу поминав, што во ништо веќе не верувам. Премногу имам преживеано! Кој сака и што сака нека ми објаснува, јас нема ништо да верувам!“ Се насмеав и му реков: „Не можам да си замислам. Кажи ми, те молам, Фанелко (се разбира, тој има друго име), дали ти се возиш со железница?“ „Да.“ Тогаш му реков: „Дали секогаш одиш кај машиновозачот и му бараш да ти покаже возачка дозвола?“ „Не, не!“ рече тој. Може да ѝ се верува на железницата дека сите нејзини машиновозачи...“ „Како?!“ се чудам јас. „Ти се качуваш на воз, а не провеpуваш дали момчето напред знае да управува со возот?! Им веруваш на секакви луѓе, без да ти дадат никакви докази?! Ете, тоа се вика вера, господине Фанелко, кога јас си го доверувам својот живот. И немој никогаш веќе да ми велиш: 'Јас никому не му верувам!', туку вели: 'Јас никому не му верувам, освен на машиновозачите од државните железници! '“ „Да.....“ Јас понатаму прашувам: „Господине Фанелко, дали ти наминуваш во аптека?“ „Да“, вели тој. „Често ме мачи главоболка. Во аптеките си купувам прашок за главоболка.“ „Но, господине Фанелко“, велам јас, „некои апотекари во забуна место прашок за главоболка издале на луѓе отров. Зар не го проверуваш прашокот што ти го даваат?“ „Не“, одговара тој, „такви апотекари што се разбираат од занаетот, нема белки да ме излажат!“ „Како?“ се чудам јас, „ти го голташ прашокот на слепо? Зар на апотекар му го доверуваш својот живот? Го земаш лекарството од неговите раце едноставно затоа што му веруваш?! Тоа јас го викам силна вера. Драги Фанелко, немој веќе да велиш: „Јас никому не му верувам', туку вели: 'Јас никому не му верувам, освен на државната железница и на апотекарите!'“ Така го убедував. Може вака уште да се докажува.

Тогаш му посведочив: „Еден ден во мојот живот дојде Човек пратен од Бога. Тој воскреснал од мртвите и на рацете имаше рани од клинци. Со нив Тој сведочи дека ме сака со толку силна љубов, што бил готов да умре за мене - и умрел. Никој на светот не направил толку за мене колку што направил Исус. На никого не може повеќе да му се верува одошто на Исус. Дали мислиш дека Исус барем малку лажел?“ „Не!“ „Молам: Јас би го зел за сведок само Исус. Кога го дознав ова, си реков: 'Јас животот ќе му го доверам на Исус!'“ Тогаш тој праша: „Зар тоа е толку едноставно?“ Му одговорив: „Да, тоа е толку едноставно господине Фанелко! Толку едноставно! Ти веруваш на сешто и секого, а на Оној на Кој навистина треба да му се верува, ти не му веруваш. Фрли го своето излитено неверие преку ограда и предај му го животот на Господ Исус!“ Јас еднаш на стотици младинци им реков: „Му давам награда од милион марки на оној што ќе посведочи дека се кае што му го предал својот живот на Исус!“ Јас немав милион марки, но со сигурност знаев дека нема таков човек што би се каел. Но знам мноштво луѓе што се покајале што тоа не го направиле!

Затоа, доста со старото неверие! Верувајте му на Оној што направил сè за вас! Тоа е работа меѓу вас и Него! Морате да се повлечите во самотија и да Му речете: „Господе Исусе, од денес натаму, јас ќе бидам Твој!“

**2. Откажете се од неверојатната самоправедност**

Во Библијата стои: „Ова е сигурно сведоштво и заслужува целосно внимание: Исус Христос дојде на светот за да ги спаси грешниците“ - или „да ги направи

блажени.“ Многу луѓе се тревожат кога ќе им се каже ова и велат: „Па јас не сум грешник! Не сум некој злосторник!“ Јас им велам: „Лажете! Тоа ќе морате да го кажете еден ден пред лицето Божје: „Не сум грешник! Сум ги одржал сите Твои заповеди!“ Дали навистина ќе можете тоа да го кажете? Ах, ве молам, престанете со таа неверојатна самоправедност, која си ја вообразувате и живеете како со вас да е сè во ред. Всушност, ништо не е во ред, ништо.

Пред многу години разговарав со едно 20-годишно момче и тој разговор никогаш нема да го заборавам. Еден ден го сретнав и му реков: „Драги Хајнц, веќе не доаѓаш на нашите библиски проучувања во младинската група.“ Тој ми одговори: „Видете, господине пасторе, во меѓувреме јас се премислив. Вие постојано зборувате за Исус Кој умрел за грешниците. Но мене не ми треба жртвен јарец кој страда за мене. Ако нешто сум скривил, и ако има некој бог, јас ќе одговарам пред него! Но мене ми е смешно дека ми бил потребен Спасител кој умрел за мене!“ А јас му одговорив: „Добро, драги мој. Ти пред Светиот Бог ќе се повикаш на правото. Во ред. Имаш право да го отфрлиш Исус и да кажеш: 'Пред Бога се повикувам на правото!' Но, драги пријателе, нека ти биде јасно: Во Франција судат според француското право, во Англија според англиското, а пред Бога ќе се суди според Божјето! Пријателе драги, јас ти препорачувам да не прекршуваш ниту една Божја заповед, зашто ќе бидеш осуден! До гледање!“ „Момент!“, рече тој. „Веројатно нема да се суди толку прецизно!“ „Ха!“ - одвратив, „а како ти си го замислуваш Бог?! Замисли дека јас сум живеел добро и исправно 50 години, а само три минути сум крадел. Тоа се дознава и јас бидувам изведен пред суд. Стојам пред судијата и се правдам: 'Господине судија, немој да бидеш ситничар! Јас 50

години живеам уредно и без казни, а само три минути крадев. Тоа може заемно да се поништи! Како можеш да бидеш толку ситничар, господине судија!' Можеш ли такво нешто да си претставиш? Како ќе ти одговори судијата? 'Момент, молам! Јас не ги спомнувам 50-те исправни години, туку само трите минути кога си крадел! Законот те качи токму за тоа дело!' Ако вака суди земниот судија, сигурно уште повеќе Небесниот!"

Зар ти не знаеш дека пред Бог за тебе има веќе обвинителен акт? Зар не сфаќаш дека ти треба прошка на гревовите? Дали не сфаќаш дека си грешник? Ах, престанете со неверојатната самоправедност и барајте го Господа Кој умре за вашите гревови на крст на ваше место за да го исплати вашиот долг. Прифатете ја таа исплата, признајте му ги своите гревови и речете: „Господе, јас се предавам и ја отфрлам мојата неправда. Би сакал сега да бидам помилуван. Измиј ме со Твојата крв."

### 3. Преземете решителен чекор

Сега пак ќе раскажам една случка која го појаснува она што сакам да го кажам.

Тоа се случи на почетокот на Хитлеровиот нацистички режим, кога пак имав работа со еден висок државен службеник, ќе го наречам „Еполета човек", бидејќи високите службеници во нации режимот беа накитени со еполети, украси, светливи гајтани и лимчиња, што личеа на злато и сребро. Се прчеа како пауни. Јас со страв и трепет одев кај овој човек, бидејќи, знаете, тогаш свештениците не вредеа скршена пара. Но, за чудо, човекот воопшто не ме прими грубо, туку, напротив, дури и љубезно ме ислуша. Кога завршив, реков: „Видете, ретко ми се случува некој како Вас да постапува

со мене убаво. Сакам да ви заблагодарам за тоа. И бидејќи бевте толку љубезен, би сакал да ви направам нешто големо. Сакам да ви ја кажам мојата порака: 'Бог толку го засака светот, што го даде и својот Син, за секој што му се доверил Нему да не загине, туку да има живот вечен.'"

Тој ме погледна и рече: „Не треба ништо повеќе да ми зборувате. Моите родители се верни, побожни луѓе. Јас ја знам вашата порака уште од мојата младост. Но..." Тој положи празен бел табак хартија на своето биро, зеде молив, нацрта линија на белиот лист и продолжи: „Видете, господине пасторе. Јас го знам сето тоа и кога би сакал истото да го добијам, би морал да преминам една ваква граница како што ја нацртав, да зачекорам преку линијата. Јас сум многу близу" - покажувајќи при тоа со моливот место до самата линија - „на самата граница. Но морам да го направам тој решавачки чекор!" Потоа рече, малку засрамен: „Но тоа не ми го дозволува мојата општествена положба!"

Јас излегов многу натажен. Тој сега е одамна мртов. Неговата општествена положба во вечноста нема ништо да му помогне. Но тој правилно сфати: „Ако сакам да дојдам во Божјето царство, морам да ја пречекорам таа линија."

Дали вие имате храброст за вакво нешто. О, тоа се исплатува. Исус ве очекува со раширени раце. Направете го тој решавачки чекор преку линијата - во раширените прегратки на Исус.

### 4. Прекинете со гревовите за кои сте свесни дека ги правите!

Познавам еден човек кој живее во прељуба - има љубовница. Еднаш го запрев и му реков: „Ти вршиш

прељуба. Ја мачиш твојата сопруга. Иднината ти е во пеколот!“ Тој ми одговори: „Тоа се глупости. Дозволи да ти објаснам: Мене мојата жена не ме сфаќа...“ И почна да ми раскажува на долго и широко, но тој знаеше: „Тоа што го правам е грев!“

Има луѓе што живеат во кавги и велат: „Другиот тоа го почна!“ Се чини дека постојат само такви кавги кои другиот ги почнува. Никој не признава дека самиот почнал некоја кавга, нели? Секогаш другите почнуваат. Но јас ви велам: Во Божјите очи кавгата е исто што и убиство. Зошто не ја прекинете? Можеби ќе прашате: „Што треба да направам?“ Ќе ви кажам: „Прекинете со гревовите за кои сте свесни дека ги правите!“

Треба да направите една пауза во вашиот живот и да се запрашате: „Што е тоа што не чини во мојот живот? Со што треба дефинитивно да прекинам?“ Сигурен сум дека точно ќе знаете што е тоа со што треба да прекинете. Зар мислите дека Исус ќе ви ја подари својата милост ако и понатаму свесно сакате да грешите? Во Библијата се вели: „Обратете се!“ Загубениот син го остави стариот живот зад себе. Можете да дојдете кај Исус онакви какви што сте: натоварени и полни со неверство. Но морате да прекинете со оние работи што ве водат во пропаст, за кои добро знаете дека се грев.

Во многу писма што ги добивам секојдневно луѓето се бунат и велат: „Тоа што го велите вие е премногу строго. Тоа и тоа не е грев.“ И спомнуваат работи што воопшто не сум ги рекол. Тогаш чувствувам како нашата совест се буни против власта на Господ Исус во нашиот живот. Треба да ви биде јасно дека не можете да дојдете до жива вера и да останете во истата ако немате храброст да му се предадете на Исус, раскинувајќи со сè она со што мора да се прекине. Престанете да ги правите гревовите за кои сте свесни дека ги правите.

## 5. Зборувајте со Бог

Дали знаете да се молите? Можеби знаете да поврзете неколку реченици, но знаете ли да се молите? Некои луѓе имаат таква претстава за молитвата, од која мене ми се крева косата на главата. Пред извесно време посетив еден дом. Мајката рече: „Ние сме добри христијани. Кларице, дојди ваму!“ Потоа ја натера својата 4-годишна ќеркичка: „Ти знаеш многу убаво да се молиш. Ајде помоли се пред пасторот малку да те слушне.“ Детето почна, но јас бргу го прекинав: „Стој! Немој така: ’моли се малку пред пасторот’. Ве молам, тоа никогаш да не го правите. Тоа не е молитва. „Молитва значи да се разговара со живиот Бог, Кој ни е близу преку Исус Христос и пред Кого треба да го отвориме срцето. Дали така сте се молеле досега?

Еден човек, по име Робинсон, кој е англиски бискуп, напишал грозна книга што ја нарекол: „Бог е поинаков.“ Во неа тој вели дека модерниот човек воопшто не знае да се моли. Јас исто така го делам неговото мислење. Но тоа не зборува лошо за молењето, туку за современиот човек. Зар не мислите така? Бискупот предлага целото христијанство да се реформира, затоа што модерниот човек не знае да се моли. Јас побргу би предложил нешто друго: Да го научиме модерниот човек да се моли.

Одлучете се еднаш да се молите. Едноставно речете: „Боже, јас би сакал да те спознаам.“ Или: „Господе, те молам спаси ме и мене.“ Или: „Боже, води ме во исправна побожност.“ Или: „Господе, прости ми ги моите гревови.“ Но сепак почнете. Молитвите нема веднаш да ви бидат беспрекорни. Можеби пасторите прекрасно се молат - со книга во рацете од каде што читаат. Но тоа воопшто не е потребно. Најдобрата молитва е разговор со живиот Бог. Почнете да се молите и бргу ќе научите.

Видете, верата е жив однос меѓу две личности, меѓу мојот Господ и мене. Таа мора да значи комуникација, нели? Јас му зборувам Нему, Тој ми зборува мене. Така доаѓаме до следната точка на моето излагање:

**6. Читај ја Библијата!**

Како Бог им зборува на луѓето? Тој зборува преку Библијата. Затоа морате веднаш да почнете да ја читате Библијата. „Библијата денес веќе никој не ја чита." си велите вие. Да, за жал. Еден човек еднаш рекол: Евангелистите на празникот на Реформацијата секогаш ја пеат Лутеровата песна „Господ е наша тврдина". На крајот на истата се вели: „И христијаните ја оставаат Библијата да стои..." - на полицата за книги и не ја симнуваат. Си мислат: „Тука си стои на сигурно место!" Лутер не мислел така.

Често кога влегувам во домовите ми велат: „Да, господине пасторе, ние имаме стара Библија дури од 1722, потекнува уште од нашата прабаба!" И го симнуваат стариот музејски примерок што сигурно никој не го чита. Секоја почит на старите Библии, но јас ви советувам: Купете си мал Нов Завет. Ги има помали и од мојата дланка. Некои изданија се многу интересни. Купете си едно такво модерно издание.

Потоа одредете си едно време во денот во кое ќе си читате. Едноставно слушајте ја пораката. Всушност, тогаш Исус зборува со вас.

Можеби има места што не ќе можете да ги разберете. Мирно читајте натаму. Јас имам обичај на моите младинци вака да им објаснувам: „Некогаш ми објаснуваше еден фармер од Бразил како дошол до парчето земја што го обработува. Кога го посетил местото, видел дека еден дел од земјиштето е џунгла. Ја ископачил

шумата и ги извадил големите камења. Стигнал дотаму што еден ден впрегнал два вола и за првпат почнал да ора. Само што изорал неколку бразди, плугот цврсто се заглавил. Што да прави? Да оди дома, да бара динамит и да ја минира карпата, заедно со плугот и воловите? Не! Тој го повлекол плугот назад, ја заобиколил карпата и продолжил да ора. Кога завршил со орањето, ја погледнал нивата и утврдил дека не е баш најдобра. Но посеал и ожнеал нешто. А кога орал следната година, испаднало малку подобро. Откако пак извадил нешто карпи и корења, веќе полесно се орало. При третото орање веќе било многу полесно.

Така морате да ја читате Библијата. Но прво почнете. Ако има нешто што не разбирате, прескокнете го. Продолжете! Во првата глава на Новиот Завет ќе го сретнете стихот: „Исус ќе го спаси својот народ од неговите гревови." Тогаш ќе кажете: „Тоа го разбирам! Тоа е како за мене речено!" Дозволете му на Бог така да ви говори преку Библијата. Одвојте секој ден време за Божјата Реч. Притоа молете се вака: „Господе, подари ми светлина! Помогни ми да разбирам! Осветли го моето срце, мојот ум и мојата душа!"

Уште нешто: Немојте да дозволите никој да ви зборува лошо за Библијата. Библијата едноставно е величествена книга. Нема книга што е поактуелна и повозбудлива од неа.

Како млад војник во Првата светска војна еднаш бев пратен во извидници, во близината на Верден. Беше вечер. Се спушти мрак. Јас седев на работ на некоја провалија. Пред наполно да се стемни, јас наеднаш видов како од другата страна низ дрвјата се тркала непријателската кујна. И не помислувавме дека на тоа место може да помине некое возило. Но таа мала полска кујна, која не можела да го дочека мракот, ни откри нешто: Овде

се наоѓа патот што води кон непријателот. Ако може тука да мине кујната, може да мине и снабдувањето за пешадијата и колоните со муниција и по ова патче да стигне во непријателскиот логор. Тоа е важна линија за комуникација на непријателот. И што направивме ние? Мислите ли дека го поштедивме патчето? Не, цела ноќ со топови го гаѓавме тоа патче.

Треба да ви биде јасно: Библијата е токму таков пат за снабдување и комуникација, за дотур на муниција. Тоа е стратегиски пат од Бог до христијаните, а ѓаволот е доволно итар тој пат постојано да го бомбардира. Затоа се пука врз Библијата. Некое глупаво момче ќе рече: „Их, таква книга!" Мудрите професори ќе докажуваат дека тоа е само една обична книга што ја напишале луѓе. Разбирате? Во едно се единствени: Со сите сили удираат врз Библијата. Но ако вие сакате да станете Божје дете и да се спасите, за ова не треба да се грижите. Немојте да дозволите да ви ја исмеваат Библијата. Библијата сама кажува дека ја напишале луѓе исполнети и просветлени од Светиот Дух. Кога ја читате Библијата, веднаш ќе забележите дека тука има некој друг дух, Божји Дух.

Еднаш еден човек ми се жалеше: „За мене Божјиот Збор е мртов. Многу би сакал да се спасам, но Речта Негова ништо не ми кажува." Јас му реков: „Моли го Бога за Свети Дух. Ако треба, моли се секојдневно, со месеци: 'Господе, подари ми Свети Дух за да ја разберам твојата Реч, за да ми оживее верата!' Верувајте ми: Бог ќе ви одговори, сигурно ќе ви одговори!"

Сега да ви го кажам и последното:

### 7. Слушајте го Божјиот Збор како се проповеда!

Посетувајте места каде што можете Божјиот Збор јасно да го разберете. Не се колебам да кажам дека има

места каде што можете да чуете како се проповеда „разводнето евангелие“. Таму не треба да се оди. Значи: не на разводнета лимонада, туку на радосно вино на евангелието! Набргу сами ќе откриете дали се проповеда радосната вест, или нешто друго. Насекаде има и свештеници и проповедници и верници што евангелието правилно го толкуваат. Одете кај нив и слушајте такво проповедање! Дружете се со луѓе што по секоја цена го сакаат доброто толкување.

Неодамна еден ми рече: „Видете, јас сум индивидуалист!“ Јас можев само да му одвратам: „Ако не се дружите со другите христијани и ако не одите таму каде што се проповеда Божјиот Збор, вие нема да се одржите во живата вера!“

На крај би сакал да ви раскажам за една стара жена што ја познавав. Едно момче ми рече: „Немој да ми раскажуваш прикаски за стари баби.“ Но такви се младите - тие многу не ги сакаат старите луѓе. Старата жена за која ќе ви раскажам одигра голема улога во мојот живот. Јас запознав дури три инженери што преку нејзиното влијание се здобиле со вера во Исус Христос. Сфатив дека од оваа жена извира голема Божја сила и отидов да ја посетам. Таа беше вдовица на еден рудар. Се израдува кога ја посетив и ми раскажа како самата се здобила со вера. Порано живеела во едно предградие што денес се споило со Есен и се вика Стопенберг. Еден ден читала во весниците дека во црквата на „Апостол Павле“ ќе бидат посветени два нови свештеника. Тогаш им рекла на своите пријателки: „Такво нешто секогаш е голем настан во Есен. Да одиме и ние таму!“ И така по полски патеки се упатиле во Есен. Патот бил прилично долг. Кога стигнале таму, црквата веќе била сосема полна. Морале да стојат во задниот ред. Тогаш бил посветен пасторот Јулиус Даман, кој одигра голема

улога во Есен. Госпоѓата ми раскажа како било: „Јулиус Даман се качи на проповедалната и прочита од Писмото: 'Бог толку го засака светот, што го даде и својот единороден Син за ниеден кој верува во Него да не загине, туку да има живот вечен.' Потоа се наведна напред и рече: 'Од стотици илјади зборови кои се напишани во Библијата, од ниеден не се плашам толку многу колку од зборот загубен. Човекот може да биде загубен ако Бог го напушти. Тоа е пекол!' Јас, тогаш уште девојче, стоев во огромната црква назад и освен ова, ништо веќе не слушнав. Како гром да ме погоди: 'И јас сум загубена. И јас немам мир со Бог. И јас немам прошка на гревовите. Не сум Божје дете. Загубена сум!' Се вратив дома како на сон. По три дена татко ми ме праша: 'Да не си болна?'" Таа се обидела да им објасни на родителите. Тие ѝ одговориле: „Ти си луда! Си го загубила разумот!" Никому не можела да му го објасни својот смртен страв: „Јас сум загубена!"

Јас ви посакувам секое добро, и токму затоа имам желба и вие тоа да го доживеете, вистински да го запознаете Светиот Дух, да сфатите: „Јас сум загубен!"

Жената продолжи да раскажува: „Четири седмици се мотав низ куќа, неспособна да се зафатам со каква било работа. Потоа пак прочитав во весниците: 'Пасторот Даман пак ќе проповеда.' Пак отрчав од Стопенберг во Есен. Во текот на целиот пат се молев. Само една молитва знаев, а тоа беше стих од песна:

Едно е, само ова нужно.  
Научи ме да го познавам добро!  
Сè друго, иако блеска,  
Само јарем е тежок.

Сето време само вака се молела. Така стигнала во црквата на апостол Павле, а таму проповеда Даман. Сè е

преполно. Пак за неа нема седиште, мора да стои назад. Во мислите ѝ се одгласува истата молитва: „Едно е, само ова нужно. Научи ме да го познавам добро! Сè друго, иако блеска, само јарем е тежок.“ Ја отворила песнарката, според бројот на песната за пеење и, на нејзино изненадување, тоа е истата песна: „Едно е, само ова нужно. Научи ме да го познавам добро...“ Почнала да си мисли: „Штом сите ќе запеат, мора нешто да се случи!“ Тогаш пастор Даман се искачува на говорницата и чита од Евангелието според Јован: „Исус рече: Јас сум вратата. Кој ќе влезе низ Мене, ќе се спаси. Амин.“ Таа продолжи да раскажува: „Ова беше вторпат како бев во црквата, и пак ништо друго не разбрав освен овие зборови. Но во истиот миг ми стана сè јасно: Воскреснатиот Исус е вратата за животот. Јас влегов низ Него. Ништо веќе не чув од проповедта, но сосема ми беше доволно. Јас стапнав во животот!“

Оваа приказна им ја раскажувам на луѓето што ги среќавам и што ми велат: „Јас не сакам да одам во црква. Не можам да ја поднесам таа атмосфера. Повеќе сакам да одам в шума, каде што ги слушам птиците и ветерот како дува низ гранките...“ Јас пак им одговарам: „Онаа жена за која ви раскажувам никогаш немаше да сфати што значи тоа да се има жива вера, ако не одеше таму каде што се проповеда Божјиот Збор!

Што треба да направиме? Да престанеме со излитеното неверие. Да престанеме со неверојатното самооправдување. Да го направиме тој решавачки чекор. Да комуницираме со Бог. Да ја читаме Библијата. Да го слушаме проповедањето на Божјиот Збор.

Моја задача беше да одговорам на прашањето: „Што треба да се прави?“ Со ова ги дадов најважните одговори, но необично ми е важно на крај да кажам уште неколку зборови за најважното:

Не е најважно што правиме ние - иако и тоа е многу важно. Најважно е што Бог направил за нас - во Исус! Тоа е радосната вест што јас ви ја проповедам: „Исус сторил сѐ за нас. Тој дошол кај нас, умрел за нас, за нас и воскреснал, за нас сега седи оддесно на Таткото. Тој е добар пастир кој се грижи за своите овци. Псалмистот во 23 псалм вели: „Господ е мој пастир, ништо нема да ми недостига...“ И натаму набројува кои сѐ драгоцени работи добива од добриот Пастир. Ви посакувам и вие да кажете: „Господ е мој пастир!“

# ЗОШТО БОГ ГО ДОЗВОЛУВА ТОА?

Во светот се одигруваат страшни настани!

Се случи тоа во Есен, мислам дека беше во 1937 година. Одејќи по улица, сретнав едно 16-годишно момче што го знаев од нашите младински состаноци. Тоа беше сосема растроено. Го прашав: „Што се случило?“, а тоа ми одговори: „Ме одведоа в болница и ме стерилизираа, бидејќи мајка ми е Еврејка. Кога се вратив дома, родителите беа одведени некаде.“ Тоа никогаш веќе не ги виде. Татко му бил уапсен. Мајка му стигнала во концентрационен логор во Аушвиц! Јас успеав да му помогнам на момчето да пребега во Холандија. Оттаму тоа замина во Америка, но никогаш нема да ја заборавам сликата на тоа растроено момче: „Ме одведоа в болница и ме стерилизираа, бидејќи мајка ми е Еврејка. Кога се вратив дома, родителите беа одведени некаде!“ Вакви случки имаше милиони на број. Автоматски на луѓето им се јавуваат прашања: „А Бог?“ - „Каде е тогаш Бог?“ - „Зар Тој нема што да каже на ова?“ - „Зошто Бог молчи?“

Во Келн еден лудак влегол во едно училиште со фрлач на пламен. Убил 12 деца. И пак луѓето прашуваат: „А Бог?“ - „Зошто Бог молчи?“

Или, се сеќавам на една жена што имаше рак. Полека и со грозни маки умираше пред своите деца. Кој го доживеал ова, мора да праша: „А Бог?“ - „Зошто Бог молчи?“

Има многу луѓе што имаат свои истории за раскажување и на крај прашуваат: „А Бог?“ - „Каде бил тогаш Бог?“ -„Зошто Бог молчи?“

Нашиот омилен германски поет Фридрих Шилер во една прилика напишал песна што ја нарекол „Песна на

радоста". Во неа се наоѓа и стихот: „Браќа, над ѕвезденото небо мора да има мил Татко." Наспроти ова, модерниот човек е склон да каже: „Браќа, над ѕвезденото небо нема никаков мил Татко!"

Кога некој ќе почне да размислува вака, кога ќе го спопаднат прашањата: „Каде е Бог? - „Зошто Бог тоа го дозволува?" - „Зошто Бог ги дозволува тие страшни работи?", веројатно ќе дојде до точката кога ќе го нападнат опасни мисли: „Па можеби нема никаков Бог?! Можеби небото е празно?! Можеби атеизмот сепак е во право?" Драги пријатели, оној на кого му доаѓаат вакви мисли треба да се уплаши. Кога би било вистина дека нема Бог, тоа би било страшно. Тогаш ние луѓето би биле сами и напуштени - како диви животни! Би биле како загубени деца што не знаат да се вратат дома. Да нема Бог!? Би било ужасно! Кога луѓето ќе ми речат: „Јас сум атеист!", им велам: „Вие не знаете што изразувате со тоа. Да не постои ништо над нас! Да сме напуштени! Да сме препуштени сами на себе!" Нема ништо пострашно за луѓето од самиот човек, зар не? Римјаните ја изрекле поговорката: „Homo hominis lupus"*) Тоа е страшно!

Не можам да ви опишам колку често луѓето ми велат: „Како може Бог тоа да го дозволи? Зошто Бог молчи?" Бидејќи така често ме прашуваат, би сакал сега да одговорам.

Но, пред сè морам да кажам: Јас не сум му на Бог министер за внатрешни работи. Тој не ми ги доверил своите планови, ниту ми ги диктирал во стенограм. Дали ме разбирате? Освен тоа, само по себе е по малку глупаво да се поставуваат вакви прашања, како божем ние

*) Човек на човека е волк

Бог можеме да го разбереме. Таков Бог, што ние би можеле да го разберме, би бил само некаков декан или врховен црковен поглавар. Ако е таков, тогаш и јас би го разбрал. Но кога јас целосно би го разбирал, тоа не би бил Бог. Во Библијата на едно место се вели: „Моите мисли не се ваши мисли, и моите патишта не се ваши патишта“. Тоа е доволно јасно, нели?

Но, со помош на Библијата јас сепак сум дошол до извесни сознанија и јас сега би сакал со нив, колку што можам подобро, да ви одговорам на прашањето: „Зошто Бог молчи?“

## 1. Погрешно поставено прашање

Прво, би сакал да нагласам дека прашањето: „Зошто Бог молчи?“ е наопаку поставено прашање. Имено, тоа прашање се поставува како да постои некој судски процес: На судиската столица седи госпоѓа Шулце или пастор Буш. На клупата за обвинети седи Бог. И сега му велиме: „Обвинет Боже, зошто ти сето ова го дозволуваш? Зошто молчиш?“ Морам јасно да ви кажам: Таков Бог, што дозволува да седи на клупа за обвинети, всушност не постои!

Се сеќавам на една страшна сцена од времето кога бев сосем млад пастор. Со 27 години тукуштo пристигнав во Есен, кога избувна рударски штрајк, што силно ги возбуди духовите. Еден ден поминував покрај еден плоштад. Таму еден човек, качен на сандак за сапун, остро им зборуваше на насобраните луѓе. Зборуваше за гладните деца, за надниците, за невработеноста. Наеднаш ме забележа, и довикна: „Ха, еве го пасторот! Дојди малку ваму!“ Обично прифаќам љубезни повици. Така се приближив до толпата. Луѓето ми направија пат и јас пристапив до говорникот. Околу сто рудари стоеја

околу мене. Ми стана малку незгодно. На универзитетот не ме учеа за вакви прилики.

Тогаш тој почна: „Слушај ме попче! Ако има некој бог, што јас не го знам, но можеби постои, јас, кога ќе умрам, ќе застанам пред него и ќе му речам“ - при тоа почна да се дере: „Зошто дозволуваш луѓето на бојно поле да бидат масакрирани? Зошто дозволуваш да гладуваат деца, а други да го кошкаат јадењето, бидејќи го имаат во изобилие? Зошто дозволуваш луѓето мизерно да умираат од рак? Зошто? Зошто?“ Потоа ќе му кажам: ’Ти, боже, отстапи! Губи се! Исчезни!’“ - викаше човекот. Тогаш и јас му се извикав: „Сосема точно! Да се губи таков бог!“ Наеднаш сè стивна. Говорникот направи чудна гримаса и рече: „Момент! Зар ти не си свештеник! Ти не смееш да кажеш: „Да се губи таков бог!“ Јас му одговорив: „Слушај ме ти! Таков бог, пред кој така ја отвораш устата, и кој би дозволил ти да го ставиш на клупа за обвинети, да стоиш како судија пред него и да го обвинуваш - таков бог има само во твојата фантазија. На таков бог и јас би можел само да му кажам: ’Долу со таков бог!’ Долу со таков будалест бог кој создал такви услови да можеме да го обвинуваме, да го поттурнуваме и пак да го викаме - според потребите. Таков бог не постои. Но јас ќе ви речам нешто друго: Има еден друг, вистински Бог, пред Кого ти ќе бидеш обвинет, и пред Кого не ќе можеш ниту уста да отвориш, бидејќи Тој ќе те праша: ’Зошто не ме почитуваше? Зошто не ме повикуваше? Зошто живееше нечист живот? Зошто лажеше? Зошто мразеше? Зошто се караше? Зошто...?’ Така ќе те прашува. Тогаш ќе ти застане зборот во грлото! Тогаш не ќе можеш да изустиш ниту збор! Не постои бог на кој би можеле да му речеме: ’Губи се!’ Но има еден жив, вистински, свет Бог, Кој ќе може да ни каже: ’Марш надвор!’“

Истово ова би сакал и вам денес да ви го кажам: Ако денес слушнете луѓе што му префрлаат на Бог: „Како може Бог сето тоа да го дозволи? Зошто Бог молчи?“, тогаш речете им: „Таков будалест и замислен бог, кого би можеле да го обвинуваме, не постои! Има само еден свет Бог Кој нас нè обвинува, тебе и мене!“ Дали се придржувате кон Божјите заповеди? Што си замислувате? Бог не се шегува со своите заповеди. Ние сме обвинетите, а не Бог!

Ова беше прво што сакав сосема јасно да ви го кажам: Целото поставено прашање е во основа погрешно.

А сега второто:

**2. Божјето молчење значи негова осуда**

„Зошто Бог молчи?“ Видете, Бог често молчи, и Божјето молчење е најужасна осуда врз нас.

Ја сум цврсто уверен дека постои пекол. Тој сигурно не е таков како што е претставен на многу слики, место каде ѓаволот ги пече душите или слични глупости. Јас верувам дека има пекол, каде Бог нема што да им каже на луѓето. Таму можете да се молите, можете да Го преколнувате, да викате по Него - но Тој нема да одговори! Рускиот писател Достоевски еднаш рекол: „Пеколот е место каде што Бог не погледнува“ - тоа е место каде што конечно сме оставени, наполно напуштени од Бога. Да, Божјето молчење е Негов суд. Треба да ви биде јасно: Пеколот затоа и почнува овде на земјата, кога Бог молчи.

Ќе ви раскажам една приказна од Библијата. Имаше два града, Содом и Гомор, градови со високо развиена цивилизација и рафинирана култура. Не се негирал Бог. Веројатно имало и неколку свештеници. Но Бог не се сфаќал сериозно. Можеби си спомнувале за Него за

време на свадби и погреби, но во останатиот дел од животот многу не се грижеле за Него. Неговите заповеди буквално се газеле под нозе.

Но во Содом живеел еден побожен човек по име Лот. Тој им обрнувал внимание: „Не смеете така да се однесувате со Бог. Не залажувајте се, Бог не може да се надмудри. Човек што ќе посее, тоа и ќе си жнее!“ „Ах“, велеле луѓето, „не прави смешки. Па ти не си свештеник. Престани со тие глупости: Што човек ќе посее, тоа и ќе жнее.“

Но еден ден, откако Бог претходно го изведе Лот надвор од градот - од небото падна оган и сулфур врз градот, слично како кај нас кога беше бомбардирањето. На Бог за ова не му биле потребни авиони бомбардери. Можам да си замислам како луѓето срипувале од своите кревети и викале: „Во подрум!“ Се собрале во подрум, но набргу таму станувало сè пожешко - како во печка за печење. Не се издржувало. Нов повик: „Излегувајте надвор!“ Истрчувале надвор. Но надвор насекаде паѓа оган и сулфур. Кутрите луѓе: Надвор не се може, внатре се задушуваат. Така раскажува Библијата. Си замислувам секакви можни ситуации (иако во Библијата нема подробности). Каква интересна група луѓе заедно! Една монденска млада жена, која не го претпочиташе драгиот Бог пред еден добар маж; еден постар господин, кој беше голем познавач на вина, и тој не беше против Бога, но кон Него беше сосема рамнодушен. Такви типови беа во подрумот еден до друг. Симпатични луѓе, обични граѓани, храбри државници, луѓе кои не прикриваа данок. Сите си имаа црни тајни - како и секој денес што има. Во подрумот станува неподносливо жешко. Сакаат надвор, но не смеат, бидејќи наоколу е пустош. Ги лазат морници. Еден дебел господин вели: „Луѓе, Лот имаше право: Навистина има Бог!“ Монденката вели: „Тогаш

ни останува само едно: Мораме да се молиме! Кој знае да се моли?“ И рацете се подигаат во вис (во старо време се мolеле со кренати раце) - за последен пат. И ете, можеле да се молат: „Господе, смилувај ни се! Ние ти грешевме! Ние не те почитувавме! Но, слушај ваму! Зар Ти не си драги Бог, зар Ти не си милослив! Господе, па смилувај се веќе еднаш!“

Но Бог молчи. Се слуша само прскање на огнот. Рацете паѓаат надолу, и дланките се виткаат во тупаници: „Боже, зошто молчиш?!“ И натаму ништо не се случува. Може да се чуе само дивеењето на огнот. Можат што сакаат да прават, и да молат и да преколнуваат - Бог повеќе не одговара!

Има една граница што може да ја премине еден човек, еден град или една нација. Тоа е границата на рамнодушноста кон живиот Бог. Оттука натаму Бог веќе не одговара. Можеш што сакаш да правиш, да се молиш или да пцуеш - Тој повеќе не одговара. Зар не гледате дека ова Божје молчење всушност е најтешката казна од Бог врз Содом? Бог веќе немал што да им каже! Кога денес ја гледам мојата татковина во целосна рамнодушност кон Божјите вистини, против Божјите заповеди и Божјето спасение, тогаш ме лазат морници. Можеби и вие еднаш ќе доживеете да молите или да колнете, а Бог нема да одговори.

Во Библијата на едно место Бог вели: „Јас повикував, а вие не се оѕвивавте.“ Зошто човеку молчиш, кога Бог те повикува?

Да заклучиме: Божјето молчење е Божја страшна казна. Трето:

### 3. Големата оддалеченост ѝ пречи на комуникацијата

Кога имаме впечаток дека Бог молчи, тоа може да значи дека сме многу оддалечени од Него.

Пред извесно време еден млад човек дојде кај мене и ми рече: „Пасторе Буш, вие ми одите на нерви! Постојано говорите за Бог. Секогаш кога ќе ве сретнам, вие веднаш почнувате за Бог. Јас Бог не Го слушам, не Го гледам. Каде зборува Тој? Јас ништо не слушам!“ Јас му одговорив: „Млади човече, дали ја знаеш приказната за загубениот син?“ „Отприлика, да!“ изјави тој. „Отприлика да“ не е доволно. Јас ќе ти ја раскажам, тоа е приказна што ја кажа лично Исус.

Си бил еден богат земјопоседник кој имал два сина. Едниот од нив бил малку мрзлив. Му било тесно и здодевно дома. Едноставно не му се допаѓало. Еден ден му рекол на татка си: „Стари, дај ми го моето наследство, исплати ме веднаш, сакам да заминам во светот!“ Татко му му го дал тоа што го барал и тој заминал во широкиот свет. Потоа се прочуло за него: „Тој го потрошил богатството живеејќи развратно.“ Можете да си замислите. Во големите градови може многу лесно да се потрошат парите. Тогаш синот останал без работа и гладен. Тој безнадежно пропаднал и завршил како свињар. Во Израел свињите важеле за нечисти животни. Најсрамно за еден Израелец било да чува свињи. Бидејќи немал ни за храна, тој бил среќен да јаде крадени мешунки што ги јаделе свињите. Додека бил таму, тој не можел да го слушне гласот на татка си. Едноставно бил премногу далеку. Загубениот син можеше да каже: „Не го слушам гласот на татко ми.“ Јасно, не можеше да го чуе.

Дозволете ми да додавам малку, бидејќи сето ова не го пишува во Библијата. Така загубениот син при свињите седи налутен. Го обвинува татка си: „Како можеше тој да дозволи вака да пропаѓам!“ Така и јас си го замислувам денешниот свет: Тој го напушта Бога, а кога ќе го сполетаат несреќи, тој вика: „Како може Бог ова да го дозволи?! Зошто Бог молчи?!“ - Сепак, Исус

поинаку ја раскажа приказната за загубениот син: Има еден момент во неговиот живот кога тој си доаѓа на себе: „Јас сум глупав! Кај татко ми има леб во изобилие - а јас скапувам од глад. Ќе станам, ќе отидам кај татко ми и ќе му речам: 'Татко, јас ти згрешив.'" Тој навистина станува и оди. Татко му го гледа оддалеку и му полетува во пресрет. Загубениот син му вели: „Татко, јас ти згрешив!" Татко му го прима во прегратка и наредува: „Донесете ги овде најубавите облеки, дајте му прстен на раката и чевли на нозете!" Сега тој веќе го слушал гласот на својот татко. Така јас на младиот човек, со кој разговарав, му реков: „Ако не можеш да го чуеш Божјиот глас, тоа значи дека си многу далеку. Мораш да се свртиш и да се вратиш назад, тоа ти е познато."

Луѓето може да се многу оддалечени од Бог, дури до свињите, кажано сликовито. За време на мојата младост, кога бев голем безбожник и бев поручник во Првата светска војна, ова добро го знаев и си велев: „Всушност, морам да се обратам!" Јас уште не сум сретнал човек што во принцип не знае дека: „Всушност, морам да се обратам!" Една самоправедна жена ми изјави: „Со мене е сè во ред!" Но кога повеќе поразговаравме, таа рече: „Да, јас всушност треба да се обратам. Во мојот живот направив многу неправди. Во основа моето срце е скаменето."

Секој од нас знае: „Би требало да се обратам!" Па тогаш и направете го тоа. Обратете се. Тогаш ќе го чуете Татковиот глас. Одам на следната точка по прашањето „Зошто Бог молчи?"

### 4. Мораме да ги слушнеме последните Божји зборови!

Дали ме следите? Да не сум досаден? Ако е здодевно, тоа не е поради евангелието. Проповедниците се во сос-

тојба евангелието да го направат здодевно, нив обвинете ги. Во таков случај, читајте си ја Библијата сами. Но евангелието е толку интересно, што го запира здивот, верувајте ми.

Тоа што сега сакам да ви го кажам е најважно: Ако имате чувство дека Бог молчи, треба да го слушнете последниот Божји збор. Овде ќе цитирам едно место од Библијата кое е толку долго, што би сакал двапати да го кажам. Тоа место е во првата глава на писмото до Евреите: „Откако Бог во стари времиња во повеќе наврати и на разни начини им говореше на нашите татковци преку пророците (преку Мојсеј и Еремија, на пример), во последно време ни зборува и нам преку својот Син.“ Дали знаете кој е Синот Божји? Тоа е Исус!

Исус! Еве ме пак кај мојата тема. Срцето ми чука забрзано кога можам да зборувам за Исус. Овој Исус (како што е наречен на едно место) е Божјиот Збор што станал човек: „Зборот стана Човек и се насели меѓу нас.“ Видете, кога ќе изговориме некој збор, тој веднаш исчезнува, како здив. Бог направил еден Збор да стане човечко тело - во Исус. Исус е Божјиот последен збор!

Дали ви е познат изразот „мојот последен збор“? Да претпоставиме дека јас сакам да ви продадам една крава. Не плашете се, јас не се занимавам со тоа. Немам поим како се продаваат крави. Но замислете дека ви продавам крава. Колку вреди една крава? Јас не знам. Да речеме: 1000 марки. Вие велите: „Давам 300 марки за неа. Не повеќе!“ А јас изјавувам: „Јас барам 1200 марки. Сега вие нудите 400 марки. Јас одвраќам: „Мора да ми се набројат 1100 марки!“ И така се пазариме сè додека јас не речам: „Добро, 800 марки. Тоа е мојот последен збор!“ Ако сум сериозен, јас си останувам на оваа цена и нема промени.

Исус е последниот Божји Збор! Ако вие не Го прифатите, Бог нема што повеќе да ви каже. Разбирате?

Кога луѓето се жалат: „Бог не говори. Зошто Бог молчи?“, тогаш јас им одговарам: „Бог нема друго што да ви каже, кога Неговиот последен Збор не сакате да го слушнете!“ Морате да Го прифатите Исус. Морате да го примите. Не може поинаку.

Често среќавам луѓе што ми велат: „Јас верувам во драгиот Бог. Но зошто Исус?“ Сфатете: Исус е Божјиот Збор што станал тело, последниот Божји Збор упатен до нас. За да ви стане појасно, морам уште да ви појаснам. При тоа морам да ви раскажам нешто за Исус. Јас тоа го правам со најголемо задоволство.

Околу Исус се собрала голема толпа народ и тој им зборува. Наеднаш, одзади се јавува некоја мешаница. Исус го прекинува својот говор: „Што се случува таму?“ Нешто страшно се случува: Меѓу луѓето доаѓа еден лепрозен. Дали знаете што е тоа лепра? Тоа е распаѓање на жив човек. Ужасно: Гној му ги нагризува ушите, носот, усните. Лепрата е толку заразна, што човек може да се зарази дури и од здивот. Затоа лепрозните морале да живеат во пустина. Тие не смееле да дојдат меѓу луѓето. Сега еден таков лепрозен доаѓа среде толпата народ. Тој чул за Исус, и има големо барање: „Сакам да Го видам Спасителот!“ Доаѓа. И веројатно на човекот му прават место. Едноставно се повлекуваат назад. Тие негодуваат: „Бегај оттука! Губи се!“ Земаат камења и се закануваат. Но тој не се збунува. Можам да си замислам како среде толпата се создава пат од исплашените луѓе. Низ создадената уличка тој напредува сè додека не застане пред Исус. Не, тој пред Исус не стои простум, туку паѓа пред Него во правот и плаче, излевајќи го сиот свој јад: „Животот ми е расипан и нечист! Исусе, ако сакаш, можеш да ме очистиш. Помогни ми!“ Ах, гледате, уништениот човек и Спасителот мораат да се сретнат! Така мора да биде: Нашата мизерија треба да

дојде пред Исус. О, јас ви посакувам да ја отфрлите таа малечка „религија“ што ја имате и својата мизерија да ја донесете пред Исус. И еве, лепрозниот лежи пред Исус: „Ако сакаш, можеш да ме очистиш!“ И тогаш се случува нешто што го сметам за бесконечна убавина. Јас би можел да си замислам дека Исус се повлекува еден чекор од овој лепрозен и уништен човек и вели: „Да, добро. Стани! Биди чист!“ Но не, Тој не го прави тоа. Исус оди чекор напред и ја полага својата рака врз болната глава! Луѓето викаат изненадени: „Лепрозниот не смее да се допира!“ Библијата раскажува: „И Исус го допре.“ Никаква нечистотија на Исус не му е премногу одвратна! Никоја мизерија не му е преголема! Тој ја става раката врз него. Кога јас би бил некој друг Вилхелм Буш, на пример сликар, вака би нацртал: Исусовата рака врз разурнато, наполу распаднато лице на лепрозен. Таков е Исус, најголемо чудо на сите времиња!

Ако има сега овде некој човек за кого никој не се грижи, Исус ги става рацете врз него и вели: „Јас те откупив, ти треба да бидеш мој!“ Ако има некој овде што се измачува и е лепрозен поради нечистотијата на гревот, Исус ја става својата рака врз него и му вели: „Биди чист!“

Во Исус се покажува целокупната Божја љубов кон нас, среде нашата мизерија, среде нашиот грев, нашата нечистотија, нашата болест. Исус е Божјиот Збор што станал човек! И уште луѓето велат: „Зошто Бог молчи?“ Зар Бог не зборувал јасно и доволно и прекрасно? Зар тоа не е Божје зборување?

Истиот Исус еден ден го положиле на крст. Му забоде клинци низ рацете и нозете. Потоа го подигнале крстот. Околу крстот се собрала разјарена толпа. Римски војници одржуваат ред и ги туркаат луѓето назад.

Да се протуркаме и ние низ оваа толпа и да дојдеме под крстот. Погледнете го Него, овој човек од Голгота!

Гледај го Исус закован,
И сиот во крв облеан!
Раце и нозе крвави,
Ребрата прободени!

Погледнето го! Прашајте го: „Зошто висиш тука?“ Тој ви одговара: „Заради твојата вина пред Бог. Или ти ќе ја платиш во пеколот, или јас ќе ја платам за тебе. Еден мора да плати. Јас сакам да го сторам тоа за тебе. Само верувај во Мене!“

Драги пријатели! Кога уште како млад човек сфатив дека Тој е жртвеното Јагне што го очистува гревот на светот, дека мене ме помирува со Бог, дека го платил откупот за да ме купи за Бог, јас тогаш го оставив срцето под крстот и реков:

Сигурност слатка! Исус е мој!
О каква радост е за мене Тој!
Дете сум Божје, сигурно знам!
Откупен со крв, роден од Дух.

Потоа Исуса Го положиле в гроб изделкан во карпа. Пред вратата дотркалале голема плоча. Однадвор била поставена стража од римски војници. Наеднаш, рано изутрината третиот ден, блеснала силна светлина, слична на експлозија на атомска бомба, толку силна светлина, што војниците - а тоа биле искусни војници - сите паѓаат во несвест. Последното што го гледаат е како Исус славно излегува од гробот.

Јас не ви раскажувам никакви бајки. Ви објаснувам, бидејќи знам дека Исус воскреснал од мртвите. Овој

Исус, кој умрел за вас, е жив. Нема ниеден жив за кого Исус не умрел. Исус е жив. Тој ве вика како последен Божји Збор! Решавачко прашање на вашиот живот е дали ќе Го примите Него!

„Зошто Бог молчи?“ Бог воопшто не молчи, драги мои. Тој зборува. Неговата Реч се вика „Исус!“ Тоа значи љубов, милост и милосрдие.

Во мојот живот сум имал страшни мигови - за време на нацизмот - во затворите и за време на бомбардирањата. Се сеќавам на некои ужасни моменти. Крикот ми застана во грлото кога еднаш, за време на бомбардирањата, се најдов во едно двориште. Околу мене лежеа околу 80 трупови што биле откопани тој ден од еден погоден бункер. Секако, јас веќе сум гледал слични стравотии од бојното поле во Првата светска војна. Но ова беше уште пострашно. Овде не лежеа војници. Овде лежеа тела на стари луѓе, жени и деца. Мали дечиња на чии слаби тела се читаше долготрајната војна. Дечиња! Што имаа тие заедничко со оваа бесмислена војна!? Додека стоев меѓу тие многубројни мртви тела - сам во ужасот и во мртовечката тишина, во срцето викав: „О Боже, каде си Ти сега? Зошто молчиш?“ Одеднаш ми дојде во свеста еден стих од Библијата: „Бог толку го засака светот, што го даде својот Син.“ Веројатно сам Бог ми го повика во свеста поради мојата разочараност. Наеднаш во свеста пред мене се појави крстот од Голгота каде што Бог дозволи да искрвави Неговиот Син - сè заради нас. Јас не го разбирам целосно Бог. Не разбирам зошто Бог многу допушта. Но постои еден факел, еден знак, споменик или светилник кој сведочи за Неговата љубов. Тоа е крстот на Исус. „Тој не Го поштеди својот сопствен Син, туку Го предаде за сите нас. Зар нема со Него да ни подари и сè друго?“ Вака вели апостол Павле. Тоа е вистина. Секој што ќе најде

под Христовиот крст мир со Бог, тој веќе не поставува прашања.

Кога децата ми беа малечки, тие не разбираа сè што работев јас, но имаа доверба во мене: „Тате тоа ќе го направи добро!“ Кога ќе најдам мир со Бог под крстот Исусов, кога ќе станам чедо Божје, јас исто така можам да имам доверба во небесниот Татко: Тој прави сè добро. Тогаш нема да имам повеќе прашања. Сè зависи од тоа - да се прифати и да се прими овој последен Божји Збор.

Дали би сакале да ме слушате уште пет минути? Морам да ви кажам уште нешто, што е многу важно:

## 5. Божјето молчење може да стане повик

Може да се дискутира со часови за тоа зошто Бог го допушта ова или она, но прашањето станува навистина актуелно и акутно само тогаш кога човека лично ќе го погоди. Не е ли така? Во сите страшни темници на мојот живот јас сум наоѓал излез преку крстот Христов.

Пред извесно време една млада девојка, наполно разочарана, ми рече: „Не можам повеќе да живеам!“ Јас не знам во каква положба сте вие, но за темнината во вашиот живот би сакал да ви речам: Не се прашува: „Зошто? Зошто? Зошто?“ - туку треба да се праша: „Со која цел?“ За ова јас пак ќе ви раскажам една случка.

Пред неколку децении, кога служев како пастор во еден рударски регион, се случи еден страшен настан. Еден ден чув за еден работник кој настрадал. Камен паднал врз неговиот грб и му го скршил ’рбетот. Тој се парализирал, без надеж за излекување. Страшна несреќа! Јас, се разбира, отидов да го посетам, но тоа беше најстрашна посета што сум ја имал. Собата беше полна со рудари. На масата стоеја шишиња со ракија. Парализираниот седеше во својата количка. Кога влегов, тој викна гласно: „Надвор ти, црна птицо! Каде беше твојот

Бог кога каменот ми го скрши ’рбетот? Зошто Бог молчи?“ Следеа други пцости. Беше како во пеколот, не можев ништо да кажам и излегов надвор. Имав неколку пријатели меѓу рударите од мојата област, на кои следната вечер им раскажав за мојата посета, кога имавме библиски час за возрасни мажи. Една седмица подоцна, кога пак требаше да почне библискиот час , вратата се отвори со тресок и - го внесоа парализираниот човек сосе количка. Пријателите рудари го беа донеле едноставно да слуша. Не знаев дали нешто му рекле, но мислам не. Така тој седеше и го слушаше моето предавање. Јас проповедав на тема: „Бог толку го засака светот“ - не за да нè остави без ништо, туку „го даде својот Син.“ Зборував за Исус, последната Божја Реч, која мораме да ја слушнеме, и продолжив: „...За ниеден што верува во Исус да не загине.“ Човекот слушаше. За првпат тој слушна така да му се зборува за Исус. Одеднаш тој виде светлина. Ќе скратам: Три месеци подоцна тој му припадна на Исус Христос. Не знам на кој начин сè се измени. Станот му се среди. Таму каде што порано се слушаа пцости, сега одекнуваа песни за Исус. Старите пријатели исчезнаа. Исчезнаа и шишињата со ракија, само Библијата стоеше на масата. Жена му и децата живнаа. Кратко пред да почине, јас пак го посетив. Не можам да заборавам. Тој имаше многу убаво име: „Амзел“. Нека не ми се земе за зло што му го спомнувам името - тој сега е на небото. „Амзел“, го прашав, „како си?“„Ах“, рече тој, „откако мојот живот му припаѓа на Исус, откако имам прошка на гревовите, откако сум чедо Божје, така е во мојот дом.“ Тој се замисли за миг и потоа продолжи: „Секој ден ни е како Божиќ!“ Тоа е така убаво кажано од еден рудар, зар не? И тогаш се случи нешто што никогаш нема да го заборавам. Тој рече: „Буш! Јас наскоро ќе умрам; тоа го чувствувам.“

Ние бевме на „Ти“, бидејќи бевме добри пријатели. „Тогаш ќе минам низ портата и ќе застанам пред Бог. Наполно ми е јасно. Со смртта не завршува сè. Кога во вечноста ќе застанам пред Божјиот престол, јас ќе паднам пред Него и ќе Му се заблагодарам затоа што ми го скрши ’рбетот.“ „Амзел“, го прекинав изненаден, „какви се тие зборови?“ Тој одговори: „Знам добро што зборувам. Да не се случеше тоа, Бог да ме оставеше да си бидам и натаму безбожен, јас ќе си отидов право во пеколот, во вечна гибел. Бог во својата спасителна љубов мораше толку силно да замавне и да ми го скрши ’рбетот за да можам да го најдам Неговиот Син, Исус. Во Исус јас станав радосно Божје дете. Затоа јас ќе Му заблагодарам!“ Тогаш рече една мисла што ми е неизбришливо врежана: „Подобро е парализиран да му припаѓаш на Исус и да бидеш Божје дете, одошто со две здрави нозе да рипнеш во пеколот!“ Не можам тоа да го заборавам. Човекот рече: „Подобро е парализиран да му припаѓаш на Исус и да бидеш Божје дете, одошто со две здрави нозе да рипнеш во пеколот!“ Јас му одговорив: „Драги мој Амзел! Ете, гледаш, Бог ти пратил тежок товар. Во почетокот ти се прасправаше: „Каде беше Бог? Зошто Бог дозволи? Зошто Бог молчи?“ Но сега ти сфати со каква цел Бог тоа го прати. Тој сакаше да те привлече кон Исус, а и Исус да те привлече тебе.

Разбирате? Не треба да прашаме: „Зошто?“, туку: „Со каква цел?“ Јас би сакал да ви кажам: Сите неволји во нашиот живот имаат за цел Бог да нè привлече кон Исус и кон себе. Затоа радо си ја пеам песната:

Поблизу до тебе да сум, Боже,
Само покрај Тебе наоѓам мир.
Затоа молам јас, пак и во овој час,
Поблизу до Тебе да сум, Боже.

Ви посакувам оваа песна да си ја запеете како молитва.

# НАШЕТО ПРАВО НА ЉУБОВ!

Оваа тема и вака ја формулирав: „Дали љубовта може да биде грев?“ Се работи за сексуалноста, што сите многу нè окупира. Дозволете ми да ја почнам темата: „Нашето право на љубов!“ Најпрво ќе го кажам најважното.

## 1. Безгранична опасност

Многу необичен факт на нашето време е што луѓето никогаш не биле толку осамени како што се денес. Но никогаш не биле толку тесно поврзани како денес. Па сепак, иако сме стегнати како сардини, осамени сме како никогаш досега.

Едно 16-годишно момче еднаш ми рече: „Јас немам никого!“ Јас му одговорив: „Не зборувај бесмислици! Имаш татко.“ „Ах, стариот мој!“ одговори - „тој доаѓа дома попладне во пет часот, незадоволно нешто мрмори, јаде и пак излегува.“ „А мајка ти?“ „Ах, таа е толку зафатена! Нема време да се грижи за мене.“ „А твоите пријатели?“ „Тие се само колеги, ништо друго. Јас немам никого кому би му го отворил срцето.“

Ова го слушнав од едно 16-годишно момче. Но ваква самотија не доживуваат само децата. Сопругите умираат од самотија покрај своите мажи, и обратно. Сопругот нема поим за што се интересира неговата жена. А жената нема поим за што се интересира нејзиниот маж. И тоа денес се вика брак! Ние сме многу осамени луѓе.

Кога денешните филозофи зборуваат за осаменоста на човекот во современиот свет, тие побудуваат големо внимание. Човекот буквално вика за спас од осаменоста. Видете, оваа страст за спас од осаменоста се поврзува

со најмоќната сила што постои во нашиот живот, со сексуалниот нагон. Браната пука! Петнаесетгодишникот си бара пријателка која го спасува од осаменоста. Сопругот, кој живурка покрај својата жена и е целосно осамен, оди со својата секретарка за да се спаси од осаменоста. Млад студент, еден од 10000 или 20000 студенти на некој наш универзитет, кој е крајно осамен, се здружува со студентка, која исто така е осамена. Копнежот за ослободување од осаменоста се врзува со најсилниот порив на животот, со половиот нагон, и така се случува да живееме во еден крајно сексуализиран свет. Фактот што денес човекот во сексуалната област бара решение за својата осаменост, го искористуваат бројни вешти бизнисмени: Филмски продуценти, писатели на романи и други. А ова значи: Секој филм мора да има барем една креветска сцена! Нема книга без брачно неверство!

И кога сето тоа ќе се разгледа - флертовите, додворувањата, бакнежите - се добива впечаток дека е само слатка радост и веселба. Една млада девојка ми рече: „Господине пасторе, ние имаме сосем поинакви сфаќања во однос на нашите предци; ние имаме нов морал, нова етика!" Јас за малку ќе се обидов да ѝ симнам капа (кога би ја носел) и да ѝ одговорам: „Секоја почит!" Но, ако некој е толку долго градски пастор како мене, нема лесно да верува на вакви помпезни изјави. Јас знам од искуство дека овие големи зборови се само маска. Зад оваа маска се крие безгранична опасност - момчиња и девојки живеат во матни врски и не се начисто со самите себе. Бракови кои живуркаат во лицемерие или се распаѓаат. Една безгранична опасност! За оваа опасност сите знаеме, бидејќи не се работи за непознати луѓе, туку за нас самите.

Пред многу години во Липерланд држев слично предавање во едно мало гратче пред млади луѓе. Кога дојдов во салата, си помислив: „Ова е пекол!" Момчиња,

девојки, чад од цигари. Некои од момчињата извадија шишиња со ракија. Некои девојки им седеа во скут на младинците. „Овде треба да им зборувам! Ах младино, младино!“ си мислев во себе. И тогаш почнав со оваа реченица: „Во областа на сексуалноста лежи огромна опасност!“ Во истиот миг како некој да го дигна пердето. Уште како да гледам едно момче како ја оттурна девојката од скутот. Изгледа зборовите го погодија. Наеднаш - мртва тишина! Јас си мислев: „Во прв миг изгледаше дека сè е само празник и радост, но сепак е точно: На подрачјето на сексуалноста демне огромна опасност!“

**2. Каде е опасноста?**

Видете, опасноста лежи во фактот што ние не знаеме веќе што е всушност добро, а што зло. Ние велиме: „Денес важат нови сфаќања во оваа област!“ Но сепак останува: Гревот е реалност. И кога ќе згрешам, на совеста ми легнува еден товар. Тоа е реалност. Тука е опасноста, што не знаеме што е добро а што зло. Затоа, дозволете ми да прашам: Дали предбрачните сексуални односи се дозволени или тоа е зло? Дали неверството во еден лош брак е потреба или пак зло? Дали лезбиската љубов меѓу женски лица е грев или не? Дали хомосексуалноста, кога мажи со мажи, или мажи со деца, или деца со деца стапуваат во сексуални односи е нешто лошо или не? Дали самозадоволувањето е зло, дали разводот е зло - или не? Што всушност е зло, а што добро? Овде лежи опасноста! Илјадници романи нè уверуваат дека овде нема ништо заедничко со поимите добро и зло, како божем со тоа прашањето да е разрешено. Зар не е така? Да не си добар другар, тоа е за осуда, но во сексуалните работи немало ни зло

ни добро! Да ги землеме за пример модерните филмови: Бакнеж во гро план, а потоа зад завесите сенките се движат. Ова сака да каже дека овие работи се од онаа страна на поимите за зло и добро. Но дали е ова така? Што е зло а што добро? Уште се сеќавам кога како момче дојдов до сознанија за овие работи. Ме мачеше прашањето: „Што е дозволено, а што не?"

За да се одговорат овие прашања, мораме да го поставиме и следното прашање: „Кој всушност одредува што е добро а што зло? Кој е тој што може да ни го каже ова?"

Еднаш кај мене дојде една брачна двојка. Таа беше дебело нашминкана, а тој имаше лабилен изглед, со пожолтени прсти од тутунски чад. „Па, проблемот што ве мачи се гледа уште оддалеку!" Малечката ми објасни: „Нема никаков проблем, господине пасторе, нема проблем!"А јас одвратив: „Кој може да каже дали меѓу вас има нешто или не?" Да, кој всушност има право да каже што е добро, а што зло? Дали црквата? Не! Ни јас не би ѝ се покорил. Како момче јас никогаш не го признавав авторитетот на пасторите над мојот живот, а еве сега и јас сум еден од нив. Кој има право да каже што е добро а што зло? Тетка ми Амалија? Дали можеби мојата совест? „Јас го следам мојот внатрешен глас!" Хм, Хм! Кој може да каже што е добро а што зло?

Сфатете: Ова е битно. Ако има жив Бог што е господар на вселената, Тој треба да каже што е добро а што зло. Ако пак нема Бог, тогаш правете што сакате. Ако е така, не гледам причина зошто би држеле до мислењето на тетка Амалија. Овде се поставува прашање пред секој човек: Дали Бог постои или не? Познавам луѓе кои живеат во секаква нечистотија, но сепак тврдат: „И јас верувам во дедо Господ." Глупост! Ако навистина има Бог, тогаш неговата волја владее и на подрачјето

на сексот. Морате да се одлучите: Можете Бог да го отфрлите од својот живот, но затоа и вие ќе умрете! Не може до 45-та година од животот да се вика: „Јас живеам без Бог!“, а потоа, наеднаш да се стане и стар и побожен. Тоа не оди. „Барајте Го Господа додека може да се најде!“, вели Библијата. Не вели: „Кога ви е згодно.“ Јас пак велам: Ако нема Бог, правете што сакате: Но ако има жив Бог, Тој ќе каже што е добро а што зло. Тоа е јасно, зар не?

А сега јас ви велам: Бог е навистина жив. Тој е реалност. Ако ме прашате од каде знам вака наполно сигурно, ќе ви кажам: Бидејќи Тој се објавил во Исус. Во оваа пригода ќе истакнам: Откако дошол Исус, секоја рамнодушност спрема Бог, негирањето на Бог - сето тоа всушност е незнаење или непријателство спрема Бог. Бог е жив и бидејќи е жив, Тој има што да каже, имено, што е добро, а што зло. Вие можете да Го отфрлите и да кажете: „Ние имаме други морални правила.“ Но јас ви велам дека пред Бог ќе морате да полагате сметка за вашиот живот.

За човек е големо ослободување кога ќе сфати дека Бог има мислење за тоа што е добро а што зло. Во својот Збор, во Библијата, Бог тоа многу јасно ни го кажал. Еден човек еднаш ме запраша зачуден: „Зар во Библијата има и за тие работи?“ А јас му одговорив: „Да, има и за тоа. Бог дава јасни упатства за сексуалната проблематика!“

Дали до овде ме следевте? Треба да прашаме: „Што всушност вели Бог за ова тема?“ Врз основа на Библијата јас ќе ви ја изложам самата суштина.

### 3. Што вели Бог?

*а) Бог ги одобрува сексуалните односи*

Поетот Тухолски напишал една песна во која вели

отприлика вака: Од појасот нагоре сум христијанин, а од појасот надолу - незнабожец. Но ова е бесмислица. Библијата јасно вели: „Ги создаде Бог луѓето, човек и жена ги создаде.“ Значи, Бог ги создал заедно со нивната сексуалност. Затоа јас овде зборувам сосема отворено. Тоа не е „табу“ подрачје. Бог мене ме создал како маж, а и вас овде присутни мажи. Ние не сме некакви слабаци. И вас жени, Бог ве создал како жени. Затоа бидете вистински жени. Жените кои со борба сакаат да се прикажат како да се мажи и обратно, имаат нездрави стремежи. Затоа бидете вистински жени. Бидете вистински мажи. Во Библијата стои дека „Бог ги создаде луѓето, машко и женско“, а не некој среден, неодреден пол. Бог ја одобрува нашата половост. Тоа треба да го знаеме. Ние не треба да се чувствуваме притеснети. Сиот напон што постои во фактот што сме машко или женско, потекнува уште од создавањето.

Но, ние сме деградирани созданија. И сиот свет не е каков што бил кога излегол од Божјата рака. Токму затоа ова важно и чувствително подрачје на сексуалноста е особено загрозено. Токму затоа Бог ова подрачје го заштитил на специјален начин:

*б) Бог сексуалноста ја заштитил со бракот*

Значи, Бог ја одобрува сексуалноста, но ја заштитил со бракот. Бракот не е општествен договор, туку Божја уредба.

Еден американски психијатар, кој напишал дебела книга за оваа област (иако самиот не е христијанин), вели: „За оваа тема никој не напишал нешто поубаво отколку што е напишано во Библијата: ’Бог го создаде човекот, машко и женско ги создаде.’“ Тој понатаму вели: „Јас не сум христијанин, но како психијатар велам: ’Ова е вистинското - бракот.’“ Разберете ме вистински!

Верниот брак - не седмиот, осмиот, деветтиот или десеттиот „брак“, како кај холивудските филмски ѕвезди! Ваквите „бракови“ да се сметаат за некаков идеал, тоа е уште една бесмислица на нашето време и јасно ја покажува нашата беспомошност. Бог го создал бракот како институција - но брак со љубов и верност.

Јас сега би сакал да одржам мал говор за бракот: Вие, драги сопруги, не е доволно на мажите да им готвите вкусна храна и да им ги зашивате отпаднатите копчиња. Вие, драги сопрузи, не е доволно на своите жени да им оставате само пари за одржување на домаќинството и за ништо веќе да не се грижите. Бракот според Божја волја треба да биде решение на проблемот на осаменоста. Дали вашиот брак е таков? Можеби треба да си поразговарате меѓу себе и да си кажете: „Каде всушност стигнавме? Нашиот брак требаше да биде решение на нашата осаменост!“ „Не е добро“, вели Бог на почетокот, „човекот да биде сам; ќе му создадам помошничка.“ Запамтете: Спас од осаменоста!

Сега ќе ви раскажам една случка која навлегува многу длабоко. Кога бев сосема мал, со моето семејство отидовме на свадба кај блиски роднини во Штутгарт. Мене тоа ми беше прва свадба на која сум присуствувал, и затоа сè ми беше интересно. Со кочија отидовме до црквата, а потоа на ручек во хотелот. На листата за јадења на крај беше напишано: Десерт - „ледена бомба“. Јас и моите сестри седевме на масата и со нетрпение очекувавме да пристигне таа ледена бомба. Меѓутоа, како што ни се чинеше нам, чекањето се одолжи до бесконечност. Имено, некои чичковци држеа долги говори што ни беа страшно здодевни. Но сепак тие говоранции ми останаа во неизбришливо сеќавање. Стана еден чичко кој сакаше да биде духовит и рече: „Драги гости! Велат дека на небото има две столици

што се наменети за брачните другари кои не се покајале ниту една секунда што стапиле во брак.“ А потоа продолжи: „Но овие столици сè до ден денеска се празни!“ Оваа изјава истиот миг беше прекината. Татко ми гласно ѝ рече на мајка ми: „Мамичке, тие столици нè чекаат нас!“ Јас бев сосема мал и не ја сфаќав длабоката смисла на сите овие зборови. Но срцето ми се преполни со радост бидејќи ја чувствував чудесната топлина на мојот родителски дом. Дали и вашиот брак е ваков? Бог токму ваков го замислил!

Кога јас се женев, имав еден постар колега кој одржа убав говор при ручекот врз основа на овој стих од Библијата: „Да му создадеме помошничка, која ќе биде при него.“ Тој толкуваше: „Не е речено една господарка, што ќе го гази, ниту една робинка што тој ќе ја гази. Дури не е речено да биде покрај него, како нешто споредно. Речено е дека таа другарка треба да биде при него.“ Ах, јас би сакал, кога би имал време, да запеам една голема пофална песна за бракот.

Ми остави длабок впечаток како татко ми при сребрената свадба ја погледна мајка ми и рече: Во овие 25 години секој ден ми беше сè помила! Тогаш си помислив на оние бракови каде што по 25 години сè е изладено. Ужасно! Има многу луѓе во брак кои би требало да му речат на својот партнер: „Слушај, ние би морале да почнеме сè од почеток!“ Тоа е можно! Да, тоа е можно!

Но има и трета работа. Има многу млади луѓе кои велат: „Јас воопшто не мислам на женидба. Што е со нас? Можеме ли ние да си правиме што сакаме?“ Ним им упатувам исто така порака:

*в) Бог сака чиста младина*

Мене ми е сосема јасно: Ова што ќе го кажам сега

денес предизвикува потсмев. Но дали вие мислите дека Бог се раководи од модата? Ова јас не сум го измислил. Тоа го вели Божјиот Збор.

Можеби треба уште малку да поткрепам со докази. Библијата има величествени замисли. Таму се зборува за еден млад човек по име Исак. Татко му еден ден решил да испрати да му најдат жена. Исак се шета низ поле и сè моли, бидејќи е уверен дека Бог ќе му доведе жена. Иако сè уште не ја познава идната жена, тој веќе ѝ е верен. Вие, момчиња, кои сè уште не мислите на женидба, треба да бидете убедени дека Бог ќе ви даде вистинска девојка во вистинско време. И на таа девојка вие треба уште од сега да ѝ бидете верни. И обратно: Вие, девојки, бидете му верни на оној кој уште не го познавате. Тоа е замислата на Библијата. Бог сака чиста младина.

Еден доктор психијатар ми изјави: „Јас сум убеден дека секоја девојка вистински може да сака само еднаш. Само еднаш таа си го дава своето срце. Ако девојката имала седум љубовници, таа е (според неговите зборови) руинирана за брак. Таа се мажи за седмиот, а секогаш го подразбира првиот, кој го сакала." Јас му одговорив: „Интересно! Вие преку психијатријата дојдовте до истиот резултат како и Божјиот Збор."

Морам наполно да бидам јасен: предбрачните сексуални односи, лезбиската љубов, хомосексуалноста, прељубата, разводот - сето тоа се гревови за кои ќе морате да одговарате пред светиот Бог!

Всушност, сега би требало да прекинам. Но знам колку беше важно за мене кога бев млад да ја сфатам Божјата волја за мене. Би било сурово од мене да прекинам, а да не кажам уште нешто што е важно.

## 4. Како да се избегне опасноста?

Во Библијата има прекрасна и потресна приказна. Божјиот Син, Исус, е опкружен со толпа народ. Наеднаш настанува страшна мешаница. Луѓето прават место - отвораат пат. Толпа луѓе, свештеници и прост народ влечат убава млада жена. Како да ја гледам пред себе со полуискината облека. Ја довлечкуваат пред Исус и велат: „Господине, Исусе! Оваа млада жена е фатена во прељуба со туѓ маж. Божја наредба е прељубниците да се осудат на смрт. А Ти си така милосрден. Господине, Исусе, ти сепак не смееш да бидеш против Божјата волја. Би сакале ти да одобриш оваа жена да се каменува!“ Исус ја погледнува оваа млада жена и вели: „Да, Бог прељубата ја сфаќа многу, многу сериозно. Според волјата Божја, таа заслужува смрт.“ Луѓето кои ја довеле задоволно ги разведруваат лицата. Некои веќе грабаат камења да ја убијат. Но, Исус продолжува: „Момент! Оној меѓу вас, кој нема грев, во мислите, зборовите и делата, прв нека фрли камен.“

Потоа Исус се наведнува и нешто пишува по песокот. Многу би сакал да знам што напишал Исус, но тоа не е кажано во Библијата. По подолго време, тој се исправа, а местото е пусто. Само жената уште стои. Библијата вели: „Отидоа, бидејќи беа обвинети од нивната совест.“

А сега ве прашувам сите вас: Дали би се осмелиле први да фрлите камен на жената бидејќи во оваа област - во мислите, зборовите и делата - сте сосема чисти? Дали би биле во состојба вие да го фрлите првиот камен? Зар никој?! Тогаш сите ние сме еден збир грешници. Да, ние всушност и сме тоа, грешници.

Видете: Овие луѓе направија голема грешка. „Си заминаа, покарани од совеста.“ Но требаше да постапат обратно. Требаше да речат: „Господе Исусе! Нашето

место е покрај оваа жена. Ти не ја осуди, но помогни ни и нам!“ Во сексуалната опасност на денешното време јас не знам подобар помошник од Исус. И кога го велам ова, го кажувам како човек кој и сам добил помош од Него. Кога зборувам за Исус, јас не раскажувам теории. Тој стана живот на мојот живот, и тоа остана сè до овој час. Пасторот не е неутрален, и тој е само човек. И нему му треба Спасителот како и на секој друг човек. Јас доживеав каков Спасител е Исус, и тоа на два начина:

*а) Исус ги проштава гревовите*

Ниеден пастор, ниту свештеник, ниту пак ангел, не можат да ви ги простат геревовите. Секоја нечиста мисла и секој морален пад се непоправливи гревови. Со својот грев одите кон вечноста, кон Божјиот суд, ако пред тоа не сте Го нашле Исус и не сте Му ги признале своите гревови и не сте Му дозволиле да ви ги прости. Исус е единствениот што може да ја прости нашата вина.

Во визија застанете пред Исусовиот крст и кажете: „Еве, ги одложувам своите младешки гревови пред Тебе. Сите мои промашени љубовни врски ти ги признавам, ништо не кријам. И потоа погледнете нагоре, кон Неговиот крст, и речете:

О, чудесна милост од небо,
Го испрати Исус на крст,
Тој за мене со крв да плати,
Јас негово чедо да сум.

Библијата јасно вели: „Крвта на Исус Христос, Синот Божји, ме чисти од секој грев“. Порака за слобода!

Со 17 години јас станав војник. Во таа средина мојата душа се загадуваше. Наеднаш како да се разбудив, го погледнав мојот нечист живот и се запрашав: „Кој ќе

ме ослободи од мојот грешен младешки живот?“ Тогаш сфатив: „Исус го брише моето минато. Исус ми ги проштава гревовите!“ И јас се обратив на Него. И сега не би сакал повеќе да живеам без Него.

Во Диселдорф еднаш на еден голем собир зборував за тоа како Исус преку проштавањето на вината го брише и нашето минато. Кога собирот заврши и кога сите почнаа да излегуваат, видов еден висок забележлив човек кој се движеше кон мене низ масата која излегуваше. Застана пред мене сиот возбуден и праша: „Дали е вистина тоа што го кажавте дека постои прошка на вината?“ „Да“, реков јас, „фала му на Бога! Јас поради тоа сум денес жив!“ Тогаш тој рече: „Јас сум психијатар. Знаете, кај мене доаѓаат многу луѓе со душевни болести. Имаат комплекси. Но тие не знаат од што се болни. Најчесто тоа се стари чувства на вина, на кои тие не се сеќаваат или не сакаат јасно да се сеќаваат. Јас морам со нив напорно да работам со цел тие вини да ги извлечеме од потсвеста во свеста. Но тука мојата моќ завршува. Јас можам вината да ја извлечам на виделина: лаги, кавги, нечесност. Но јас често си мислев, разочаран: ‚Кога би можел уште и да ја отстранам вината!‘ Затоа ве прашувам, господине Буш, дали навистина постои некој кој ја отстранува вината? Дали тоа е вистина или не?“ Јас уште еднаш радосно потврдив: „Фала му на Бога! Да!“ И одново сфатив колку е недоволно разбрана, но величествена пораката на Новиот Завет: Исус ги проштава гревовите!

Уште и ова:

*б) Исус ги одврзува сите јажиња*

Еднаш, кога една млада убава секретарка ја укорив со зборовите: „Госпоѓице, вие одите кон пеколот! Вашиот однос со шефот е ужасен! Немојте да му нане-

сувате несреќа на тој човек и на неговото семејство!", таа ми одговори со болка во очите: „Не можам да го оставам. Многу го сакам." „Да", одвратив јас, „но човекот има жена и деца. Тоа е сурово." Таа ми одговори: „Јас не можам да се повлечам." Јас почувствував колку ја мачи неа таа врска, но немаше сила да ја прекине. А јас бев среќен што можев да ѝ порачам: „Оковите на гревот ние сами не сме во состојба да ги раскинеме, но во Библијата пишува: 'Оној што ќе го ослободи Синот Божји, тој е навистина слободен.' Повикајте го Исус. Тој е во состојба да ги раскине таквите мачни врски!" Има една духовна песна која толку ми е мила:

Доаѓа Исус, врските се кинат,
Тој јажето смртно го скина на две!

Значи, на сите нас, и на младите и на постарите, ни треба Спасителот и Ослободителот Исус за да се ослободиме од ропството на сексуалниот нагон и да ги избегнеме маките што ни ги создаваат грешните врски. Дека Исус дарува вистинско ослободување можеме да се увериме само ако се обидеме со Него. Ви треба Спасителот, инаку животот ќе ви биде и натаму беден.

**5. Светот е гладен за „агапе" љубов**

Морам да додадам уште нешто. Има многу девојки кои велат: „Еве, јас сум веќе во четириесеттата, а никој не ме побара за жена. Што да правам?"

Видете, јас сега сум убеден пацифист и таков ќе останам. А таков станав кога ја увидов трагедијата на овие девојки. Во Втората светска војна загинаа 5 милиони млади мажи. А ова значи дека 5 милиони млади девојки останаа без можноста да усреќат еден маж, и

сега мораат својот животен пат да го врват сами. Зар ни се потребни уште причини за да ја мразиме војната? Можете ли да разјасните колкава тивка мака се крие во овие 5 милиони девојки во нашиот народ? Мажите што тие можеа да ги усреќат лежат паднати на бојното поле. На таквите девојки ќе им порачам: „Немојте сега вие преку грев да го надоместувате она од што сте лишени! Не растурајте туѓи бракови! Тоа е една река од опасности и искушенија која го преплавувва нашиот народ." Но тие прашуваат понатаму: „А што треба да правиме?" А јас им одговарам: „Кога веќе имате таква судбина, прифатете ја како таква. Ако не си мажена, не значи нужно дека си бедна."

Библијата ни опишува една немажена жена по име Табита. Таа живеела во градот Јопа (денешна Јафа). Кога умрела, во близината се затекол апостол Петар. Брзо бил повикан. Кога влегол во собата, многу се зачудил. Можеби си мислел: „Веројатно на смртната постела лежи осамена стара девојка." Но собата е полна со народ. Една вдовица изјавува: „Табита ми го соши овој фустан." Друг слеп маж вели: „Јас бев многу осамен. Табита секоја недела попладне од 3 до 4 часот доаѓаше и ми читаше по еден час. Тоа беше најубавото време во мојот живот." Тука се и малечки мрсулави деца кои велат: „Ние сме сирачиња. Никој за нас не се грижеше. Но дојде Табита и се погрижи за нас!" Тогаш Петар сфатил: „Табита имала побогат живот од многу сопруги кои покрај својот досаден маж со текот на времето се исполниле со горчина.

Во германскиот јазик постои само еден збор за љубов. Но во грчкиот има два. А Новиот Завет во оригинал е напишан на грчки. Љубовта за која зборувавме на почетокот на грчки се вика „ерос". Оттаму доаѓа зборот „еротика". А другиот збор за љубов е „агапе". Тоа е

Божјата љубов, љубов без интерес, која христијанинот треба да ја пренесува натаму.

Вие, млади девојки, кои не сте мажени! Прифатете ја таа состојба. Исполнете го својот живот со “агапе“ љубов, бидејќи светот чезнее за таква љубов.

Дозволете ми уште еднаш да повторам. Сам Бог одредува што е добро а што зло. А Бог вели: Чиста младина, верен брак. А ако не можеме да имаме брак, да ја прифатиме таа состојба.

## 6. Љубов на која немаме право

На крај би сакал пак да зборувам за Исус. Мојата тема е: „Нашето право на љубов!“ Има една љубов на која ние немаме право, која ни се дарува бесплатно. Тоа е љубовта на Исус Христос. Ние сме грешници. Ни треба Спасител. Дозволете ми да го дадам моето лично сведоштво.

За време на Третиот Рајх еднаш пак бев во затвор заради мојата вера. Затворскиот свештеник ме посети и ми рече: „Вашата перспекива е многу мрачна.“ И потоа си замина. Јас се повлеков сам во ќелијата. Високо горе имаше процеп низ кој допираше светлина. Беше студено и јас ѕемнев. Но сета атмосфера во која попаднав беше многу студена. Копнеев за мојот дом и за мојата жена, за мојата служба и за моите младинци кои ги водев во духовен живот. Седев без надеж дека ќе бидам ослободен. Кога се спушти мрак, ме совлада безграничен очај. Не знам дали во вашиот живот сте доживеале вистински очај. Но имаше еден момент, можам да ви посведочам, кога во мојата ќелија влезе Исус. Тој живее! Тој може да влезе низ затворени врати. Тој го стори тоа и пред очи ми го претстави својот крст каде што умре за моите геревови. Јас слушнав глас: „Јас сум добар

пастир. Добриот пастир си ја дава душата своја за овците.“ Во тој час од Исусовите раце потече река на божествена љубов кон мене што одвај ја поднесував. Како да беше премногу за моето срце. И тогаш сфатив. Тоа е љубов што ние не ја заслужуваме, на која немаме право, која ни се подарува. Оваа љубов и вам ви е понудена! Зошто да дозволите да ве зобиколи? Таа може да се влее и во вашето срце.

# МОЖЕ ЛИ ДА СЕ РАЗГОВАРА СО БОГ?

Во Швапската област се раскажува оваа симпатична анегдота. Во едно швапско село дошла група акробати кои требало таа вечер да одржат претстава. На местото предвидено за претставата било поставено и оптегнато јаже по кое требало да се оди. Пред да почне претставата, една мајка со мало дете отишле да разгледаат. Детето прашало: „Мамо, дали можат тие да одат по ова јаже?“ Мајка му му рекла: „Можат, ако знаат како. Јас не можам.“

Ова сега е првото што сакам да ви го кажам во врска со оваа тема.

## 1. Може, ако се знае како

Да, тоа е можно, бидејќи Бог е присутен! - но само ако се знае како. Меѓутоа, мнозина од вас ќе речат: „Јас не можам!“ Природно е човек да може да разговара со Бог. Кога веќе може да зборува со овој или оној човек, зошто не би можел да разговара и со живиот Бог? Тој е тука. Но дали вие знаете да разговарате со Бог?
Кога бев дете научив една песничка:

Далеку на небото,
Каде живеат ангели,
Драгиот Бог е таму...

Јас тогаш си мислев: „Нема смисла да се молам, бидејќи толку далеку не се слуша и Бог нема да ме чуе.“ А Русите се пошегуваа: „Ние пративме Спутник на небото. Ако имаше Бог, ние секако ќе го сретневме.“

На многу луѓе не им е јасно, па прашуваат: „Па добро, каде се наоѓа Бог? Дали далеку на небото? Горе високо? Колку високо? Дали сто километри, илјада километри?“ Но јас ќе ви кажам сосема јасно: Во Библијата никаде не се вели „далеку на небото“, туку нешто сосема друго. Таа говори за еден жив Бог: „Тој не е далеку од никого од нас.“ А на друго место се изразува вака: „Ти ме обвиваш од сите страни.“ Тоа можеме да го разбереме, бидејќи нашите сетила се создадени да го сфатат тридимензионалниот свет. А Бог е во една друга димензија, но само една дланка е оддалечен од вас. Кога грешите, тој е близу - и молчи. Има луѓе кои имаат по 40 или 50 години, кои грешеле по 40 или 50 години и тоа пред Божјето лице, а Тој - молчи.

Секако, со Бог може да се разговара. Но тоа е исто како и кај акробатите: Може само оној што знае. Но многу луѓе денес мораат да изјават: „Јас не можам!“ Ве молам, бидете чесни. Признајте дека не знаете да се молите. Може само оној кој знае. Но не знаете.

Неверојатна карактеристика на денешново време е што луѓето ја загубиле способноста да се молат, а со тоа и да веруваат. Познатиот писател Франц Верфел напишал роман со наслов: „Изневерено небо.“ Таму стои една мисла која секогаш ми доаѓа на ум кога се занимавам со луѓето. Мислата гласи: „Карактеристика на модерното време е метафизичкото заглупување на луѓето.“ Со поимот „метафизика“ се означуваат вечните работи кои се реалност, но кои припаѓаат на некоја друга димензија. Поимот „метафизичко заглупување“ значи дека човекот е долготрајно заглупуван преку радиото, телевизијата, озборувањето, пропагандата, идеологиите, политиката, соседите, работното место - и сето тоа до степен кога тој не е способен да верува дека има Бог и дека треба со него да се разговара.

Може ли да се разговара со Бог? Може, кога човекот не би бил отапен во последните сто години!

Едно 16-годишно момче ми раскажа една потресна случка што ја доживеал кога бил присилно вклучен во војната. Врз неговата батерија дејствувал воздушен напад. Бидејќи тој потоа прв излегол од бункерот, видел човек чие тело било парчосано од бомбите. Сакал некако да му помогне. Човекот му рекол: „Јас умирам. Нема потреба да ми помагаш. Само едно ми треба, да се молиме заедно. Момче, ајде моли се!“ А момчето одговорило: „Јас во Хитлер-Југенд научив како да пцујам, но не и да се молам.“ Потоа отрчал кај заповедникот и му рекол: „Заповедниче, дојдете малкуваму!“ Заповедникот дошол до човекот чија утроба била истурена, и го прашал: „Другар, што ти треба?“ „Заповедниче, јас умирам. Моли се со мене!“ „Жими сè, јас не знам да се молам!“, рекол заповедникот. Потоа пратил да го викнат поручникот.

И така стоеле тие околу тој несреќник, војничишта, инаку сигурни во себе, кои се во состојба да раскажуваат разни мрсни вицови, знаат добро да пцујат - а ниеден не знае да се моли. Ниту еден не знае да го каже „Оче наш“.

Момчето ми рече: „Тогаш, стоејќи таму, си помислив: 'Ако излезам жив од таа нечиста војна, прво што ќе го направам е да одам некаде каде ќе научам да се молам. Не сакам да умрам вака бедно како овој човек!'“

Видовте ли? Во таква состојба е денес човештвото. Без оглед дали му се обраќате на генералниот директор или на некој работник: Првиот е премногу паметен за да се моли, а вториот е под теророт на слободоумието. Ние не знаеме да се молиме. Тоа е таа очигледна катастрофа која писателот Франц Верфел ја нарекува „метафизичко заглупување“. Затоа се чувствуваме страшно беспомошни при секој удар на животот.

За време на сојузничките бомбардирања сум седел во подземните засолништа со луѓе кои во свое време зборуваа за конечната победа, за прекрасниот Фирер, за Голема Германија, а тогаш, кога бомбите истураа, тие цимолеа. А ние христијаните се молевме и им пеевме песни за Исус за да ги охрабриме. Тие сами не знаеја да се молат. Кога луѓето не знаат да се молат, тоа е еднакво на катастрофа.

Пред извесно време еден интелигентен и образован човек дојде при мене и со потсмев ми рече: „Господине пасторе, молитвата ништо не помага!" При тоа јас му згрмев и реков: „Не зборувајте глупости!" „Како?" праша тој збунето. А јас му одговорив: „Вие ми изгледате како човек со ампутирана нога кој вели: 'Скијањето не вреди ништо!' А таков човек воопшто не може да се скија!"

За скијањето може да се расправа, но не со луѓе со ампутирани нозе, зар не? Но такви сме и ние. Не знаеме да се молиме, а се топориме и велиме: „Молитвата е бесцелна!" Од моите зборови забележавте дека јас загубив доверба во германските интелектуалци. И тоа со право, верувајте ми. Колку духовно сме победни, даваме сè погорделиви изјави. Кога би можел да ве натерам да се повлечете некаде насамо и да си признаете: „Бог знае дека најмалку што може да стори еден христијанин, е да се моли. А јас ни тоа не можам да го сторам."

Се исполнувам со лутина и болка кога ја гледам отапеноста на нашиот народ. Ме потресува кога гледам како црквата ги третира луѓето така, тврдејќи дека се подразбира оти тие знаат да се молат. Дали и вие правите вака: На Божиќ луѓето одат в црква, инаку не стапнуваат таму. На божиќната служба црквата е преполна. А кога свештеникот ќе рече: „Да се молиме!",

тогаш сите ги склопуваат рацете и ги наведнуваат главите. Во тој миг ми иде да викнам: „Не правете го тоа! Ни десет проценти од вас не знаат да се молат. Вие глумите.“ Зар немам право? Иста е сликата и при венчавките: „Сега да се помолиме.“ При погребите: „Ќе се молиме.“ И сите стојат со цилиндрите в раце и си мислат дека, ако гледаат во нив, веќе се молат. На крај сите одат во кафеана и се опиваат.

Кога бев војник во 1915, по наредба одевме в црква. Пред тоа наредникот ни даваше упатства: „Тивко одете на своите места. Кога ќе дојдете во клупата, застанете мирно простум, симнете го шлемот и бројте полека до 12, а потоа седнете!“ И луѓето ги гледаа војниците и си мислеа: „Колку се побожни, се молат!“ А тие всушност полека бројат до 12 и си седнуваат. Јас сум уверен дека при венчавките и погребите луѓето не бројат ниту до 12. Многу ме растажува кога ќе си помислам како луѓето непријатно се чувствуваат бидејќи се свесни дека тоа не е молитва.

Големиот мисионер и истражувач на Централна Африка, Давид Ливингстон, една од најголемите фигури кои воопшто постоеле на светот - храбар, интелигентен и учен - си заминал во вечноста (световните луѓе би рекле - умрел) на следниот начин. Патувал низ централна Африка со своите носачи - домородци. Едно утро носачите почнале да ги пакуваат шаторите и товарите за да го продолжат патот. Само шаторот на Ливингстон останал неспакуван. Никој не сакал да му пречи, бидејќи знаеле: Тој наутро се моли. Секое утро тој разговара со својот небески „Туан“ - Бог. Но овојпат тоа многу се одолжило. Конечно, водачот на носачите ѕирнал во шатотрот, а таму - Ливингстон е уште на колена. Чекале сè до пладне. Најпосле се охрабриле да го урнат шаторот. Ливингстон сè уште бил на колена, но неговото срце престанало да чука.

Овој голем духовен маж умрел на колена молејќи се. Така си заминал во својот небесен дом. А германскиот малограѓанин вели: „Молитвата е бесцелна!“ Каков срам! Наместо да кажеме низ солзи во очите: „Јас не знам да се молам!“

Давид Ливингстон знаел да се моли. Тој умрел молејќи се. Ние умираме во болница со инекции против болки. Не можеме да ја поднесеме смртта ако не нѐ опијат со дроги. На Ливингстон не му биле потребни инекции Тој разговарал со Бог. Разговарајќи си заминал во вечноста.

Како е со молењето по домовите? Во мојот дом ние бевме осум деца: Наутро сите се собиравме на појадок. Се пееше песната. „Утрински сјај на вечноста...“ или: „Славете го Бога...“ Потоа се читаше извадок од Библијата. На крај се молеше татко ми. А потоа, кога живеев безбожно, секогаш се сеќавав како дома се молевме. И кога отпаднав и како млад офицер тргнав по лоши патишта, родителската молитва беше како некоја котва која ме враќаше назад.

Дали кај вас има утринска побожност? Вие татковци, Бог еден ден од вас ќе ги бара душите на вашите деца и жени ако не сте вистински управители на вашиот дом. Како почнува денот кај вас? Дали се пее духовна песна? Дали се чита некој библиски стих? Зар не знаете да се молите? Што ќе се случи ако децата ти речат: „Тато, моли се со нас ова утро!“

Се сеќавам како во Есен еден ценет господин ме замоли: „Дојдете ве молам и посетете нѐ!“ Дома седеа со неговата жена и ми раскажуваа: „Денес се случи нешто необично. Нашиот 16-годишен син дојде од вашиот библиски состанок и нѐ праша: 'Зошто ние не се молиме?' Кога јас му објаснив: 'Ах, па тоа е само формалност. Молитвата нема дејство!', тој продолжи: 'Тато, а што

мислиш ти за Светиот Дух?' Јас му реков: 'За тоа воопшто не мислам!' Тогаш синот ми рече: 'Во тоа е трагедијата на нашето семејство. Ни треба некој кој ќе се моли за Светиот Дух.'" Сето ова ми го раскажа човекот. А јас го прашав: „А што треба сега јас да сторам? Дали треба да го укорам вашиот син оти бил малку остар со својот татко? Господинот ми одговори: „Не, никако! Јас мислам обратно: Ако син ми има право, тогаш јас грешам." Немав што друго да му кажам освен: „Да, вие грешите. А вашиот син е во право." „Да", рече тој, „јас се плашам дека е така. А што да правам?"

Гледате ли? На човекот му стана јасно дека ја занемарил најважната обврска како глава на семејството. Не е доволно на децата да им купувате облека и јадење. Врз вас, татковци, лежи голема одговорност. Дали знаете да се молите?

Знаете, кога разговарам со луѓето од денешно време, јас користам разни примери. Меѓу морнарите постои легенда за проколнат брод кој талка без посада по сите мориња и не потонува. Се случува некој брод да го сретне овој проколнат брод. Тие му даваат знаци, но тој не одговара. Ние сме како овој проколнат брод, а Бог постојано ни праќа сигнали. Во една духовна песна се вели отприлика вака:

Сега со љубезност,
После низ маки,
Ми приоѓаш Ти, о Боже,
Моето срце да го приготвиш.

Бог ни сигнализира низ она што ни се случува во нашиот живот, пред сè низ Неговиот Збор. Но ние не одговараме, бидејќе сме „проколнати бродови".

Еднаш, кога зборував за овие работи, доживеав едно мало дете да ја праша мајка си: „Мамо, зошто оној човек

таму така нè кара?“ Се надевам дека ме разбирате. Јас не карам никого, туку често срцето ми се кине кога гледам каде оди мојот народ, и учените и неуките, мажи и жени, стари и млади; доведени се во состојба да не знаат како да го повикаат на помош Бог, кој е тука, близу до секого од нас.

Многу луѓе се ориентирани „христијански“ или „црковно“, но не знаат да се молат. Кога посетувам домови, често среќавам луѓе кои велат: „Ние сме многу големи љубители на христијанството. Мајка ми го знаеше пастор Шулце. Дали вие го познававте? Не. Мајка ми многу добро го знаеше!“ А јас на тоа им одговарам: „Ако вие не го познавате Господ Исус, ќе отидете во пеколот, и покрај вашиот пастор Шулце. Главно е дали знаете да го повикате името на Исус, дали знаете да се молите!“ Ве молам, прашајте се самите себе: „Дали знам да се молам? Дали се молам?“ И сами дадете си одговор.

Но, некои можеби ќе речат: Па добро, Пасторе Буш! Ајде еднаш, научи нè да се молиме! А токму тоа сега сакам да го сторам.

## 2. Како да научам да се молам?

### *а) Првиот писок на новороденото бебе*

Како човек научува да зборува? Дали се сеќавате како сте научиле да зборувате? Не, вие не се сеќавате на тоа. И јас не се сеќавам. Но ако сакате да научите да се молите, треба да добиете живот од Бог. Ќе ви објаснам што значи ова.

Господ Исус раскажа една случка. Два човека отишле во храмот. Едниот бил фин човек со силно влијание. Тој отишол сосем напред и почнал: „Драги Боже, јас ти благодарам што сум фин човек!“ При тоа

Бог наполно ги затворил ушите. Човекот можел да продолжи и да говори што сака, Бог него повеќе не го слушал. Има вакви работи!

Другиот човек бил прилично сомнителен. Ние би рекле: „личи на криминалец!“ Нешто како шверцер, црноберзијанец или слично. Библијата го нарекува „цариник“ (во Палестина во библиско време цариниците биле омразени, бидејќи земале прекумерни давачки за поробувачите - Римјаните). И кога влегол во храмот, се уплашил од атмосферата што владеела таму, па останал крај вратата и си мислел: „Јас не сум за овде. Јас добро знам да се однесувам во кафеана, но овде не.“ Речиси ќе си заминел, ако не се потсетел зошто е дојден тука. Тој копнеел за Бог. Сите ние имаме безграничен копнеж за Бог. Да се вратиме во домот на нашиот Татко. И така, тој сепак останал во храмот. Но не смее ниту да влезе во внатрешноста на храмот - останува на прагот. Си спомнува каков живот водел - и затоа си ги склопува рацете и изговара само една реченица: „Боже, биди ми милослив мене грешен!“ А Библијата вели: „Небесното воинство се радува.“ Еден човек оживеал!

Тоа е првиот крик на новородениот: „Јас сум грешник!“

Да илустрирам пак. Кога се раѓаше мојот прв син, јас ја следев ситуацијата одблизу. Мојата жена имаше тешко раѓање. Се сетив на Исусовите зборови: „Жената кога раѓа е во жалост, бидејќи настапил нејзиниот час.“ Си мислев дека жена ми, чијашто глава ја придржував, нема да ги издржи болките. Одеднаш чув едно гласче, едно плачливо гласче. Дете се роди! Нов живот се појави! Ова плачење не беше воопшто убаво. Но јас викнав од радост кога го слушнав. Можете ли да си го претставите тоа? Ме потресе: Првиот вик на еден нов живот!

Гледате, првиот вик на еден нов живот роден од Бога е кога човекот ќе стапи во вистинската светлина и ќе рече: „Јас сум грешник! Боже, биди ми милослив, мене грешен!“ Сите ваши молења нема да вредат ништо ако од почеток не постои овој прв вик на животот. Јас не сум видел бебе веднаш да почне да држи големи говори, ако прво не го испуштило првиот животен вик. Нема друг пат во Божјето царство.

Првиот животен вик! Дали се случил веќе во вашиот живот? Не? Тогаш жити сѐ побрзај на некое скришно место. Драги пријатели, јас не сум пропагатор на црквата, но не сакам некои од вас да отидат во пеколот. Не може тоа да се оствари на друг начин ако не го испуштите тој прв животен вик кон Бог: „Боже, јас ти згрешив! Биди ми Боже милослив мене грешен!“

Кога загубениот син си дојде од свињите дома, први негови зборови беа: „Тате, јас згрешив против Небото и против тебе.“ Во истиот миг, кога ќе го кажете тоа, Синот Божји, Исус, застанува пред вас и ви објавува: „Драго мое сакано дете! Јас умрев за твоите гревови! Јас платив за тебе!“

*б) Само Божјите деца можат вистински да се молат*

Пред извесно време сретнав еден мој познат кој има три слатки деца, едно момче и две девојчиња. Кога се приближуваа, забележав дека децата го засипуваа со прашања, зборувајќи сите одеднаш. Човекот имаше мака да им одговори на сите. Тогаш им пристапив и реков: „Добар ден господине Н Н! Добар ден дечиња!“ И што стана? Децата веднаш молкнаа. Значи, пред странецот тие молчат. А ова значи дека тие вистински можат да разговараат само со својот татко и својата мајка. Ако се појави странец, тие не сакаат да разговараат.

Можеме да се молиме само ако сме станале Божји деца. Затоа и не можеме да се молиме, бидејќи не сме Божји деца.

Се разбира, ние сме „христијани“, ѝ припаѓаме на црквата, не ја негираме неа, веројатно понекогаш одиме таму, свештеникот го поздравуваме со „добар ден“ и сигурно не маваме по него, туку, напротив, многу сме учтиви. Еден силен проповедник на евангелието еднаш рекол: „Вие сте крстени зајаци!“ А еден човек го прашал: „Што треба тоа да значи?“ А тој одговорил: „Ако фатиш зајак и го крстиш, штом го пуштиш, тој пак ќе ти побегне во полето. Вие сте слични со зајаците: тукушто крстени, и веднаш бегате назад во светот!“

Драги пријатели, таквите луѓе не знаат ниту можат да се молат. Само Божјите деца можат вистински да се молат. И затоа само чедата Божји можат да бидат вистински радосни во тоа.

Сфатете: Вие морате да станете Божји деца. По својата природа вие не сте тоа. Имате малку христијанска боичка, но деца Божји не сте. Дете се станува само преку раѓање, а пак Божје дете - само преку ново раѓање. Морате да станете Божје дете - тогаш ќе можете да се молите. Да, Божјите деца не можат да живеат без молитва. За децата Божји молитвата е како дишењето. Моите младинци од библиската настава прават смешки кога еден на друг си довикуваат: „Не заборавај да дишеш!“ А вие заборавате да дишете духовно. За Божјите деца молењето е како дишењето. Затоа морате да станете Божје дете.

Јас накратко ќе ви објаснам као се станува Божје дете: Само преку Исус. Тој вели: „Јас сум вратата. Кој ќе влезе низ мене, ќе се спаси.“ Исус, човекот со рани од клинци, доаѓа низ маглата на овој свет кај вас. Вие за Него не сте се грижеле. Ви изгледало глупаво да му се

приближите. Но Тој доаѓа при вас. И тогаш може да се случи да го препознаете: „Ти, човеку од друг свет, Сине на живиот Бог, Ти си мој Спасител!“ Прв чекор како да станеме Божје дете е да го препознаеме Исус. А втор чекор е да имаме голема доверба во Исус - доверба дека Тој може мојот внатрешен живот, мојот немир, мојата таинствена вина, моите младешки гревови да ги доведе во ред!

Во Стариот Завет еден Божји човек рекол: „Ти се грижиш за мојата душа.“ Наеднаш човек добива доверба во Исус. Се добива доверба да се излезе од досегашниот живот и да се предаде преостанатиот живот во Неговите раце. Ние тоа го нарекуваме обраќање. Имаше еден час во мојот живот, кога со 18 години јас го напуштив мојот безбожен живот и преостанатиот дел од животот му го предадов на Исус. Тука не ми помогна никој. Ни јас вам не можам да ви помогнам во ова. Тоа морате сами да го решите со Исус. Но ризикирајте и кажете му:

Сè му предавам на Исус.
Од срце, доброволно,
Нему верно ќе му служам,
За него ќе живеам.

Во мигот кога ќе го сторите тоа, вие сте станале Божје дете.

Кај мене доаѓаат луѓе и ми објаснуваат дека има и други начини на кои човек може да се спаси. Ако мислете дека е така, пробајте. Но јас ви велам: Има само една врата низ која се влегува во Божјето царство. А таа врата се вика Исус. Тој умрел за нас, но и воскреснал за нас.

И кога ќе станете Божје дете, тогаш барајте го и вие Исус, бидејќи Тој толку долго вас порано ве барал.

Сега можете да се молите, бидејќи Тој го знае јадот на вашиот живот, можете да му го отворате и излевате своето срце исто како детето пред својот татко.

Јас сум веќе стар проповедник и сум запознал многу луѓе. Јас знам дека секој човек, буквално секој има некои свои темни тајни кои си ги носи со себе. Но, ако станам Божје дете, јас ќе си го излеам своето срце пред Исус. Ќе си ги откријам моите црни тајни, моите недоследности, моите грешни врски и зависности. Нему можам да му го кажам она што не смеам на ниеден човек.

Со моите младинци при завршувањето на летниот одмор си раскажувавме настани од животот. Еден 18-годишен младинец раскажуваше: „Јас бев христијански воспитан, но често ми идеше сето тоа да го отфрлам. Еден ден, пред да отидам на библиско проучување, му реков на Исус: 'Господе, Исусе, ако вечерва не ми речеш нешто лично, од сè ќе се откажам. Без твоја помош јас не можам да се снајдам со моите животни проблеми и со градскиот живот!'" И потоа продолжи: „Кога си одев дома по библискиот час, сè ми стана јасно. Бог ја слушнал мојата молитва и лично ми проговори." Ова признание длабоко ме возбуди. Младичот во своите сомневања и очај го викнал Исус и добил одговор. Ако сме негови деца, многу побргу ќе добиеме одговор на нашиот повик.

Мајка ми живееше во Хулбен кај Урах во Швапските Алпи. Во текот на војната таа ми пиша: „Ноќеска се разбудив во три часот. Мислев на моите деца кои се на бојното поле, на внуците и на вас кои сте погодени со бомбардирањата, на Елизабета која е во Канада, од која немам никакви вести. Ме обзеде грижа и чувствував како некој да ме дави со железни ракавици. Не можев да поднесам. Тогаш се помолив: 'Господе, Исусе, кажи ми барем збор! Не можам да ја поднесам оваа грижа!' Тогаш

го запаливи светлото, ја зедов Библијата и ја отворив (Блазе на тие кои на наткасната си држат секогаш отворена Библија). Први зборови што ги прочитав беа: 'Сите свои грижи префрлете ги на Него, бидејќи Тој се грижи за вас.'" Писмото на мајка ми завршуваше со прекрасните зборови: „Ги ставив сите мои грижи на Него, го угаснав светлото и безгрижно заспав." Вака може да живее само оној кој е Божје дете.

Се сеќавам како мајка ми еден ден рече: „Вчеравечер бев толку уморна, што не можев воопшто да се молам. Едноставно реков: 'Добра ноќ драги Спасителе!'" Јас си помислив: „Вака сосема разбирливо си разговараат Божјите деца со својот Господ." И Тој навистина се грижи за сѐ. Секој ден, во секој миг на денот и ноќта, мојот Спасител е близу и јас сум негова своина и наполно сигурно можам да сметам на Него. Дали разбравте? Ако некој не знае да се моли, тоа е најголема катастрофа што го снашла. А јас ви го посакувам првиот животен вик: „Згрешив! Господе, биди ми милослив мене грешен!" Јас ви посакувам да не се смирите сѐ додека не му припаднете на Исус, сѐ додека не станете Божје дете. Тогаш ни јас нема повеќе да се грижам за вас.

# ШТО ДА ПРАВАМ КОГА НЕ МОЖАМ ДА ПОВЕРУВАМ?

## 1. Без вера не е можно да се живее

Тоа е вистина: Ако човек не верува, тој не може да излезе на крај со животот. Јас друго не знам да ве посоветувам. На неверен човек е невозможно да му се помогне. Сакам да ви појаснам зошто е тоа така.

Луѓето мислат дека Бог е теолошки поим, една идеја, или природна сила или нешто слично. Но, пријатели драги, Бог е личност. Тој е жив и исполнува сè. Ако човек нема мир со Бог, ако не е во ред со Бог, ако не е Божје дете, тој живее надвор од реалноста. Тоа е опасно.

Голем миг во мојот живот беше кога јас, како млад офицер во Првата светска војна, наеднаш сфатив: „Бог е тука, околу нас!“ Се чувствував како човек кој, возејќи кола, удрил директно во ѕид. Пред тоа имав обичај да кажам: „И јас верувам во дедо Господ“ - и слични глупости, но јас не сфаќав дека Бог навистина постои. Наеднаш се судрив со фактот дека Бог навистина постои.

Во Библијата има еден псалм кој зборува со огромна сила дека Бог е реалност од која не се бега. Таму се вели: „Дури и ако се качам на небото, Ти си и таму.“ Американскиот астронаут Џон Глен рекол дека, кога се наоѓал во вселенската капсула, бил трогнат од мислата оти Бог е сеприсутен и сфатил: „Бог е и овде!“ Значи: „Ако се качам на небото, Ти си и таму“, или, „ако се најдам во вселената: И таму Си присутен!“ Дури кога би отишол и во најдлабоката рударска јама, на

пример, длабока 1000 метри - и таму е присутен Бог! Псалмистот вели: „Ако отидам и во пеколот, Ти си таму." Пред извесно време, кога летав за Калифорнија, жена ми во куферот ми ставила еден стих од тој псалм за да го прочитам кога ќе стигнам во Сан Франциско и ќе го отворам куферот: „Кога би си ги зел крилјата на Зората, и кога би отишол на најдалечното море, и таму раката Твоја би ме водела." Бог е најважното нешто во животот!

И бидејќи Бог е најважен, не можеш да го проживееш својот живот неказнето, ако Го занемаруваш Бог. Ако живееш како Бог да не постои, ако не ти е грижа за Неговите заповеди, ако не ја празнуваш неделата, ако си неверен во бракот, лажеш, не ги почитуваш родителите, не му даваш слава на Бог, ти го пропушташ она што е најважно. Тогаш не би можел и успешно да го проживееш својот живот.

Погледнете малку околу себе. Луѓето не можат да си ги решат проблемите, иако имаат многу пари. Немаат мир во срцето, нивниот приватен живот е нарушен, во семејството не им оди.

„Како можеме да се справиме со животот, кога не сме во состојба да веруваме?" Без вера навистина не можеме успешно да живееме; особено не можеме да умреме како што треба! По сто години ниеден од присутните нема да биде овде. Сите до тогаш ќе мораме да умреме.

Некој ќе каже: „По смртта нема ништо. Ние едноставно не постоиме!" Размислете малку, дали повеќе ќе му верувате на вашето срце, или на Божјиот Збор. Како ќе ја поднесете смртта кога наеднаш ќе сфатите: „Настапи мигот да оставам сѐ што собирав, ништо не можам да понесам со себе!" Некој си направил убава куќичка (јас сѐ уште не сум), а можеби и некој од вас.

Јас лично имам многу книги, и од сè што ми е мило, исто така и од луѓето што ми се мили, не ќе можам ништо да си понесам. Само едно нешто може да се понесе во вечноста: Мојата вина пред Бог. Замислете си го ова: Легнуваш да умираш и наеднаш ти текнува: „Сè морам да оставам! Пред светиот и праведен Бог ќе бидат со мене само моите престапи и гревови, почнувајќи од младоста!“ Како ќе поминеме на Божјиот суд без вера во Оној што ги оправдува безбожните? Ние секако ќе застанеме пред Бог!

Господ Исус, Кој е познат како милослив, рекол: „Не плашете се од оној што може да убие“ - иако и јас сум се плашел од таквите. Исус сака да каже дека тие се ситни риби. Натаму вели: „Плашете се од Оној што може да го уништи и телото и душата во пеколот.“ Нека ве лазат морници од овие зборови на Исус, бидејќи Тој е јасен: Од тоа треба да се плашиме.

Пред извесен број години во Норвешка живееше еден професор по име Халесби. Јас лично не го познавав. Но тој бил прекрасен човек: сериозен, одмерен Норвежанец. Една седмица секој ден држел предавања на радио. Еднаш пред микрофонот ги кажал овие зборови: „Може да се случи денес навечер мирно да си легнете в кревет, а утре наутро да се разбудите во пеколот. Би сакал да ве предупредам на ова!“ Оваа изјава предизвикала бурни реакции, бидејќи и Норвежаните се вбројуваат во „луѓе со модерни сфаќања“ чијшто глас денес е најсилен. Еден новинар од најтиражниот дневен весник во Осло напишал уводен напис во кој вели: „Ние не сме во средниот век! Не смее една таква модерна институција, како што е радиото, да се користи за ширење на такви бесмислици!“

И, се разбира, кога најтиражниот весник пишува вака, тогаш и помалите се приклучуваат кон ова. Во

сите информативни гласила одѕвонувало: Па ние не сме во средниот век! Како смее еден професор да зборува за пеколот! Тогаш радиото на Осло го замолило професорот Халесби работата малку да ја ублажи. Професорот Халесби пак застанал пред микрофонот и рекол: „Морам да ја разјаснам оваа работа: Може да се случи денес навечер мирно да си легнете в кревет, а утре наутро да се најдете во пеколот! Би сакал да ве предупредам на ова!“

Тогаш пак сè се разбранувало. Сите норвешки бискупи добивале прашања: Дали навистина постои пекол или не? Дури и магазинот Шпигел се зафатил со ова прашање и објавил голема статија под наслов: „Кавга во Норвешка околу пеколот.“

Не помина ни една година по овие бурни настани, јас држев предавања кај студентите во Осло и навечер уште неколку јавни предавања. Ова почна со конференција за печатот. Во хотелот се собраа претставници на сите весници. Тогаш се случи нешто чудно. До мене седеа оддесно оној новинар што прв ја подигна бурата во весниците, а лево професорот Халесби како претставник на евангелските весници. Започнаа. Новинарот ми се сипа: „Господине Буш, јас се расправам со професорот Халесби. Но вие сте современ човек. Што мислите, дали постои пекол?“ „Да!“- реков јас - „се разбира дека има пекол. Тоа се подразбира.“ Тој ми одговори: „Не можам да сфатам како можете да тврдите такво нешто.“ „Јас со задоволство ќе ви објаснам!“ - му реков. „Верувам дека има пекол, бидејќи сам Исус ова го рече, а јас безусловно верувам во она што го рекол Исус. Тој знае подобро од сите мудреци!“

Божјиот Збор вели: „Бог сака сите луѓе да се спасат и да ја сфатат вистината.“ Затоа ние зборуваме за потребата од вера, бидејќи Бог покажал пат како да се спасиме и блажено да поживееме и умреме.

Како можеме да излеземе на крај со животните проблеми, ако не сме во состојба да веруваме? Како може секој од нас тоа да го изведе, ако нема вера? Навистина, ние не сме способни за ова.

Дозволете ми ова да го образложам и на друг начин. Замислете си дека имате малечка рибичка. Еден ден си мислите: „Ти кутро, малечко суштество, ти мораш постојано да живееш во студена вода! Јас сега ќе ти помогнам!“ Потоа ја вадите од водата, ја бришите со крпа и ја ставате во убав златен кафез. Ѝ давате најдобра храна (јас не се разбирам во исхраната на рибите), на пример, јајца од мравки или нешто слично. Значи, ѝ давате најквалитетни јајца од мравки и ѝ велите: „Драга моја златна рибичке, еве ти еден убав златен кафез, еве прекрасни мравкини јајца, еве ти свеж воздух! Сега ти е добро!“

Што мислите, што ќе направи рибичката? Дали ќе ви замафта со перките и ќе ви каже: „Благодарам! Благодарам!“ Не, туку ќе скока и ќе се прпела борејќи се за воздух, и кога би можела, би ви кажала: „Не ти го сакам златниот кафез, ниту твоите мравкини јајца, си ја сакам мојата средина, сакам да сум во водата!“

Затоа, сфатете: Нашиот животен простор е живиот Бог, кој ги создал небото, земјата и нас самите. Швајцарската национална химна почнува со зборовите: „Сиот живот потекува од Тебе!“ Бог е нашиот животен простор! Ако јас не сум во мир со Бог, на својата душа ќе ѝ понудам златен кафез, зар не? Денешниот човек ѝ нуди на својата душа семожни работи: задоволства, патувања, добро вино - сѐ, а нашата душа скока, се прпела и вели: „Во суштина сето тоа и не ми треба. Јас си сакам во мојата средина, сакам мир со Бог.“ Немојте да бидете така сурови кон себе. Нашето срце вика во нас сѐ додека не најде мир со живиот Бог. Како рибата

што си ја сака својата животна средина, водата, така нашата душа Го сака Бог, Кој е наша животна средина.

Е па сега како ќе се справиме со животот, кога не можеме да веруваме? Јас велам: Ние и не можеме да излеземе на крај ниту со животот, ниту со умирачката, ниту со вечноста.

Можеби ќе ми речете дека најголемиот дел од луѓето се задоволни и добро им оди. Но јас ќе ви кажам: Времето ќе покаже, да го видиме крајот! Гете бил човек убав, богат, бил и министер, паметен и така натаму, со еден збор имал сè, а сепак на крајот од својот живот на Екерман му рекол дека, кога би ги собрал сите мигови на внатрешното задоволство, не би се собрале ни три дена. Какво отсуство на мир! Не, ова е вистината, не можете да се соочите со животот ако немате вера.

Ова беше првото нешто што сакав да го истакнам. А сега, мојата втора точка:

## 2. Битно е да се има исправна вера

Најважно од сè е да имате вистинска и спасоносна вера.

Секој човек има некаква вера. Еднаш, уште како студент, кога бев дома, дојде една госпоѓа да ја посети мајка ми. Бидејќи таа не беше дома, јас реков: „Госпоѓо, мајка ми не е дома, ќе треба да ви правам малку друштво.“ „Многу љубезно од вас!“ - рече таа учтиво. Откако ѝ понудив место, таа ме праша: „Што работите Вие?“ Јас ѝ одговорив: „Студирам теологија.“ „Што?“ праша таа изненадено. „Теологија? Зар денес уште има луѓе што веруваат? Тоа не е можно!“ Тогаш старата дама гордо изјави: „Ние ја имаме верата на Гете! На христијанството му дошол крајот. Тоа е минато!“ (Ова се случуваше во Франкфурт, градот на Гете). Бидејќи

мене не ми беше пријатно да се расправам, а разговорот западна во мачни води, се обидов да ја сменам темата: „Госпоѓо, дозволете да ве прашам, како ви е здравјето?“ Таа бргу одговори, чукајќи трипати на дрво (масата): Пу, пу, пу!*) „Такво нешто не се прашува!“ „Извинете, ве молам!“, реков јас, „што ви значи тоа : ’Пу, пу, пу?’“ „Тоа го велам за да не ме заречеш - тоа е одбрана од злото. Твоето прашање носи несреќа!“ „Ааа, така!“ - реков јас. „Вие сте ја отфрлиле верата во живиот Бог, а верувате во изреката: ’Пу, пу, пу!’ и трипати чукање во дрво. Тоа е многу интересно! Убава трампа сте направиле!“

Тогаш сфатив. Секој човек има некаква вера. Но прашање е дали имате вистинска, спасоносна вера. Денешните луѓе велат: „Важно е да имаш некаква вера!“ Потоа велат: „Јас верувам во Господ Бог!“ - „Јас верувам во природата!“ - „Јас верувам во судбина!“ - „Јас верувам во Провидение!“ Не, не, драги пријатели, многу е битно да се има вистинска вера, вера што дава мир, мир со Бога и мир во срцето. Морам да имам вера што спасува од пеколот, вера што уште сега ќе ја почувствувам, бидејќи ми дава нов живот. Ако верата не е ваква, таа е безвредна.

Во свое време многу луѓе во Германија веруваа во државата, во конечна победа, во Фирерот. Што остана од тоа? Зар не сфаќате дека постои и лажна вера? Секој мора да ја најде вистинската вера, онаа што спасува.

Вистинската, спасоносна вера всушност е верата во Исус, Синот на живиот Бог. Вера во Исус Христос. Не вера во некој основач на религија. Такви основачи има

---

*) Во оригиналот: „Тој, тој, тој.“ Ова е еден суеверен извик вообичаен за Германија, нешто како кај нас она: „Пу, пу, пу!“

еден куп. Не вера во такви основачи, туку вера во Исус Христос, Синот на живиот Бог.

Сега ќе ви зборувам за Исус и за односот со Него. Во Библијата е раскажана една прекрасна случка која покажува што е тоа спасоносна вера во Исус. Да се вратиме во мислите 2000 години назад во историјата; да појдеме во Ерусалим. Низ градските порти да појдеме на ритчето што на еврејски се вика Голгота, а во превод значи „черепница“. Таму се извршувале смртните казни над осудениците. Не сосредоточувајте се на толпата народ што џагори и вика. Не обрнувајте им внимание на присутните римски војници, чија задача е да држат стража и кои со ждрепка си ги делат облеките на осудениците - на што, според обичајот, имаат право. Внимавајте горе на крстот во средината, каде што виси Божјиот Син. Низ лицето му тече крв од трновата круна што насила му ја притиснале на главата. Тука Бог виси на крст. Десно од него виси распнат еден убиец. И тој е осуден на смрт. Лево - уште еден таков. Наеднаш се стемнува! Смртта се приближува. Одеднаш еден од разбојниците почнува да вика: „Слушај ти! Ти рече дека си бил Божји Син. Ако си тоа, ако не лажеш, слези од крстот и помогни ми и мене!“ Тоа е разбирливо. Кога на човек ќе му се приближи смртта, тој зборува работи што не би ги рекол во други околности. Тогаш се јавува другиот распнат разбојник. Тој го укорува својот колега и му вели: „Зар не се плашиш од Бога!“ Така треба да се почне. Човек треба да увиди дека Бог е свет и дека е Судија.

Кога паѓаа бомби врз нашите градови, луѓето беа обземени од ужас. Можеби е виновна црквата која не ги предупредуваше луѓето дека Бог може да биде и страшен, дека може да го сврти своето лице и да крене раце од нив. Таа требаше да им вели: „Зар не се плашите

од Бог?“ И денес треба да се оди по улиците и да се вика: „Зар уште не се плашите од Бог?“ Треба да се оди по установите и работните организации, таму каде што луѓето се измачуваат едни со други и каде се гази преку трупови заради повеќе пари, и да се вика: „Зар сè уште не се плашите од Бог!“ На младите што живеат во блуд треба да им се каже: „Зар сè уште не се плашите од Бог? Како си го замислувате тоа? Зар сте слепи?“ Тука е почетокот. Треба да се сфати дека Бог е страшен!

Понатаму, истиот разбојник, кој се кае, вели: „Ние оваа осуда ја заслуживме!“ Ова е второто нешто што води кон спасоносна вера: Да се признае сопствената вина.

Сум сретнал многу луѓе што велат: „Јас не можам да верувам!“ Јас ги прашувам: „Дали сфаќате дека сте виновни пред Бог?“ „Не, јас правам добро и од ништо не се плашам.“ Тогаш им одговарам: „Сè додека се залажувате, нема да видите светлина!“

Неодамна сретнав еден човек што исто така рече: „Јас правам добро и од ништо не се плашам.“- „Честитам!“ - му одвратив. „Јас, за жал, тоа не би можел да го кажам. Во мојот живот има многу работи што не се добри.“ „Се разбира“ - рече тој - „кога си премногу ситничар!“ „Ооо“ - реков - „Бог е голем ситничар. Затоа немојте ни вие да се залажувате!“

Видете, човек доаѓа до вистинска спасоносна вера дури тогаш кога гревот ќе го нарече грев, кога своите нечисти сексуални врски ќе ги нарече курварство, кога прељубата ќе ја нарече прељуба, кога лагата нема да ја нарекува итрина туку едноставно - лага, кога себичноста нема да ја оправдува, туку ќе си признае дека си е сам свој бог, а тоа е идолопоклонство. Тоа е таа втора работа што ме доведува до спасоносната вера, кога своите гревови конечно ќе ги наречам гревови, кога ќе истапам

пред Бог и ќеречам: „Боже, јас го заслужувам Твојот суд!“ Изненадува како луѓето денес сами се уверуваат: „Сè е во ред.“ Но Бог еден ден ќе ја тргне маската од нашите лица.

Тогаш, овој разбојник конечно му се обраќа на Исус и му вели: „Ти не си сторил ништо лошо. Зошто ти висиш овде?“ Наеднаш му текнува: „Тој виси заради мене! Тој ја носи на себе мојата вина!“ Му останува само да му довикне: „Господе, сети се за мене кога ќе дојдеш во Твоето царство!“ Ова е третото нешто што е важно. Тој верува дека може да се спаси за вечноста, бидејќи Исус умре место нас. Тогаш Исус му одговара: „Уште денес ќе бидеш со мене во рајот!“

Ете, тоа е спасоносна вера: Да сфатам дека Бог е свет, да признаам дека сум загубен и да признаам дека Исус умре на крстот за мене, да сфатам дека тоа е мојата единствена шанса. Без ваква вера не можете вистински да излезете на крај со животот. Но со таква вера можете. Немам друга порака за вас.

Луѓето ми префрлаат дека сум многу едностран, тесноград. Јас им велам: „Извинете, но постои само еден пат по кој можете да живеете, да умрете и да поминете на Судот. Треба да дојдете како грешници кај Исус, во покајание да му ги признаете гревовите и да верувате онака како што кажува песната:

Што го брише мојот грев?
Само Исусовата крв!
Од зло што ме очисти?
Само Исусовата крв!
Света крв невина, снежно обелува!
Нема друг белител, освен Исусовата крв!

Би сакал никогаш да не ја заборавите оваа мисла: „Исус умре за мене!“ Кога утре ќе се разбудите, во мислите

нека ви одѕвонува: „Исус умре за мене!“ Кога утре ќе бидете на работното место, или ако западнете во неволји, веднаш сетете се: „Исус умре за мене!“ Бог тогаш ви укажува милост за да сфатите и со молитва да му се обратите: „За мене лично умрел Исус! Јас смеам да верувам во ова!“ Во истиот миг, кога ќе го сфатите ова, вие станувате Божје дете. Исус рече: „Јас сум вратата, кој ќе влезе низ Мене, ќе се спаси.“

Сега ќе преминам на нешто трето: ќе ви кажам за луѓето што ми се обраќаат со зборовите: „Пасторе Буш, јас во никој случај не можам да верувам во она што го велите вие. Додека ве слушам, ми звучи убаво, но никако не можам да поверувам.“ Сега ќе ви го разјаснам ова. Луѓето што ми зборуваат вака ќе ги поделам во четири групи:

**3. Луѓе што не можат да поверуваат...**

*а) ....бидејќи не се религиозни*

Во првата група спаѓаат луѓето што ми велат: „Не можам да верувам, бидејќи не сум религиозен, а вие сте религиозен, господине пасторе!“ На ова секогаш им одговарам: „Ни јас не сум религиозен.“ Навистина, јас воопшто не се интересирам за ѕвонењето на камбаните, за кадењето со темјан и слично. Многу ми е мило што во последните години во Есен проповедав во сали каде што свиреше само оркестар со лимена музика. Немаше ниту оргулји ниту камбани, па сепак ништо не ми фалеше. Немам ништо против тие работи, но јас не ги користам. Ете, толку малку сум религиозен!

Кога Божјиот Син, Исус, беше на земјата, имаше многу религиозни луѓе. Тоа беа познавачи на законот - законици, свештеници, фарисеи - сите многу религиозни. Малку полиберални религиозни луѓе биле, на

пример, садукеите. Тие одговараат на оние што денес велат: „Јас Бог го наоѓам во природата.“ Во времето на нацизмот, тие велеа: „Бог е на наша страна.“ Секогаш религиозни! Таквите религиозни луѓе го распнаа Божјиот Син. Не им се вклопуваше во плановите.

Од друга страна, пак, имало сосема нерелигиозни луѓе: блудници, шверцери - Библијата ги нарекува „цариници“; работници што се труделе по цел ден за да си ги задоволат основните потреби. Спомнат е еден човек од повисокиот слој по име Захеј, што си беше дал задача да пласти пари и богатство. Сите тие биле наполно нерелигиозни луѓе. Сепак се приклониле кон Исус. Како е ова можно? Тие сфатиле: „Ние пред Бог сме виновни. Нешто не чини во нашиот живот. И еве, доаѓа Спасител Кој ни нуди да станеме Божји деца!“ Така тие поверувале во Него.

Господ Исус не дошол религиозните да ги направи уште порелигиозни, туку дошол да ги спаси грешниците од смртта и пеколот и да ги направи Божји деца. Затоа, кога луѓето ми велат дека не можат да веруваат бидејќи не се религиозни, јас им велам: „Уште подобро. Вашите шанси да станете Божје дете се уште поголеми. Ние сме грешници, тоа е очигледно, но, како што видовме: „Исус умрел за нас!“ Значи, Исус не дошол религиозните да ги направи уште порелигиозни, туку загубените грешници да ги направи деца на живиот Бог!

*б) ....бидејќи не сакаат да веруваат*

Втората група ја сочинуваат луѓе што велат: „Јас не можам да верувам!“, но кои всушност, кога би биле искрени, би требало да си признаат дека е поточно да кажат: „Јас не сакам да верувам!“ Тоа е затоа што, кога би поверувале, би требало наполно да си го променат својот живот. Тие тоа не го сакаат. Свесни се дека многу

работи во нивниот живот не се на свое место. Ако станат Божји деца, тие би морале да дојдат во Божјата светлина. Тие тоа по никоја цена не го сакаат. Можеби се плашат дека пред своите колеги ќе испаднат глупави. Што ќе кажат роднините ако чујат дека станале христијани? Не, не, подобро не! Затоа, ако сретнете луѓе што велат: „Јас не можам да верувам", можеби тие спаѓаат меѓу овие луѓе што не сакаат да веруваат.

Има една потресна приказна во Библијата. Синот Божји, Исус Христос, седи на Маслинската Гора, веднаш над Ерусалим. На прекрасната дневна светлина јасно се гледа сета убавина на градот во чија средина е височинката со прекрасниот храм. За овој храм и неевреите од тоа време признавале дека може да се вброи во светските чуда. Сето тоа е како на дланка! Наеднаш, учениците, изненадени, забележуваат солзи во очите на својот Учител. Тие се вчудовидени и прашуваат за причината. Тогаш Господ Исус ги изговара познатите зборови: „Ерусалиме, Ерусалиме! Колку често сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира своите пилиња, но вие не сакавте. Сега вие сте соочени со Божјиот суд. Вашиот град ќе опусти." Овие зборови спаѓаат меѓу најпотресните зборови во Библијата: „А вие не сакавте!" Луѓето од тоа време сигурно му velele на Исус дека не можат да веруваат. Но всушност, тие не сакале да веруваат.

Сфатете го ова: Кој не сака да верува и не мора. Зар ова не ви е јасно? Во црквите сепак има некаква принуда, но во Божјето царство сè е доброволно. Кој сака да живее без Бог, може слободно да реши и така да живее. Бог нè кани, а ние имаме можност да го одбиеме. Дали сакате да живеете без Бог? Можете! Дали сакате да живеете без мир со Бог? Можете! Сакате ли да живеете без молитва? Можете! Сакате ли да живеете без

Библија? Можете! Сакате ли да ги кршите Божјите заповеди? Можете! Сакате ли да не ја почитувате неделата, да блудничите, да лажете, да крадете? Смеете! Ако некој не го сака Спасителот што го пратил Бог да ги спаси грешните, слободно нека Го одбие. Кој сака да заврши во пеколот, не му е забрането! Кај Бог нема принуда. Но, нека ви биде јасно дека ќе морате сами да си ги сносите последиците. Бог преку Исус ви нуди проштавање на гревовите и мир. Можете да кажете: „Мене тоа не ми треба. Јас тоа не го сакам." Имате право така да живеете. Но немојте да се надевате дека во последните 5 минути на вашиот живот - при умирачката - ќе го сфатите и разберете она што Бог ви го нудел во текот на целиот ваш живот. Можете да ја одбиете Божјата понуда за мир преку Исус, но во вечноста ќе морате да живеете без мир со Бог, а токму тоа е и дефиниција на пеколот.

Пеколот е место каде што Бога навистина го нема. Таму нема повеќе да ве канат да верувате. Бог нема повеќе да ве повикува. Можеби ќе сакате да се молите, но веќе нема да можете. Можеби ќе сакате да го повикате името на Исус, но тоа име нема да ви доаѓа на ум. Оваа порака што ви ја проповедам јас не морате да ја прифатите. Можете да одбиете да се обратите кон Исус. Но нека ви биде јасно дека со тоа вие го одбирате пеколот! Сосема сте слободни.

Исус на Ерусалимците во тоа време им вели: „А вие не сакавте!" Тој не ги принуди. Но она што тие го одбраа беше ужасно!

*в) ... бидејќи толку многу преживеале*

Третата група луѓе што велат: „Јас не можам да верувам!" имаат едно чудно објаснување. Такво објаснување даваат само мажи. Тоа не сум го чул од некоја жена.

Тоа гласи отприлика вака: „Господине пасторе, јас толку многу сум преживеал, што веќе не можам да верувам!" Јас ги прашувам: „А што всушност сте преживеале? Ни јас не сум имал некој здодевен живот!" „Па, ова, како да кажам, ..... јас толку многу сум преживеал, што едноставно не можам повеќе во ништо да верувам!" Тоа е една фраза кај мажите што ги привлекува како магнет. Во вакви случаи јас имам обичај малку да се пошегувам на нивна сметка па им велам: „Вие му верувате, зар не, на возниот ред што е објавен? Претпоставувам дека им верувате на полициските извештаи?" „Да, се разбира!" Тогаш, ве молам, не велете: 'Јас не верувам веќе во ништо!', туку кажете: 'Јас не верувам веќе во ништо, освен во редот на возење и во полициските извештаи.'" Така можеме да продолжиме да расправаме, нели? Потоа јас им велам: „Во мојот живот, кој беше мрачен и полн со грев, со нечистотија и заблуди, влезе Исус. Тогаш сфатив: Тој е Божји Син, пратен од Бог. Така јас му Го предадов мојот живот Нему, Кој толку многу направи за мене. Ако ти не можеш никому и на ништо да му веруваш, можеш да му веруваш на Оној што го даде својот живот за тебе. Да, можеш да се потпреш врз секој Негов збор. Ти толку многу им веруваш на сите, а на Оној што најмногу заслужува доверба, на Оној што никого не го изневерил, му велиш: 'Не!' Па тоа е смешно. И уште тврдиш дека многу си преживеал. Ти не си преживеал доволно!"

*г) ... бидејќи од нешто се соблазниле*

Четвртата група луѓе што не можат да веруваат се малку посебни луѓе. Тие наводно не можеле да веруваат бидејќи ги одбива нешто во учењето на црквата.

Имав средба со една млада студентка која ми рече: „Јас студирам природни науки." Јас ѝ одговорив: „Многу

добро госпоѓице! А што ве мачи?“ Таа рече: „Господине пасторе, јас слушав едно ваше предавање. Има нешто што би сакала да го имам, но мислам дека не можам да верувам. Видете, таа црковна догма, сите тие правила, не можам да ги сварам. Ми се чини дека тоа морам да го голтнам како сноп сува слама.“ Јас се насмеав и ѝ реков: „Госпоѓице, не морате да голтате цел сноп слама! Дали сте слушнале за Исус?“ „Да!“ - рече таа. „Што би рекле ако кажам: 'Исус е лажливец!'“ „Не“ - рече таа - „тоа не е вистина!“ „Верувате ли дека Исус ја зборувал вистината?“ „Да“ - рече таа - „верувам.“ Јас продолжив: „Познавате ли некој човек за кого можете да кажете дека никогаш во животот не лажел?“ „Нееe“ - рече таа - „тоа не можам да го тврдам за ниеден човек.“ „Ете, виде“, реков јас, „вие госпоѓице веќе верувате. Вие му верувате на Исус. Тоа е голема работа. Така се почнува. Тој ја зборува вистината. Библијата вели: 'Тоа е вечен живот, да го познаат Оној што си Го пратил Ти, Исус Христос.' Нема потреба да расправаме за догмите и уредбите на црквата.

Од маглата на светот некој ти се приближува. Сè појасно се забележуваат раните од клинците и од трновиот венец. Тие покажуваат дека Тој ја зел врз себе твојата вина и те засакал, тогаш кога никој друг не те љубел. Нека се сосредоточи вашиот поглед во Исус сè додека не изустите: 'Спасителе мој, Господе мој и Боже мој!' Да се верува не значи да се проголтаат догмите како сува слама затоа што така рекол свештеникот. Да се верува значи да се запознае Исус Христос!“

„Ха“- вели некој - „јас не можам да верувам бидејќи пасторите, пасторите...“ и почнуваат да раскажуваат разни приказни за пасторите. Еден имал љубовни авантури со некоја жена. Друг проневерил црковни пари. Насекаде нешто се случило со пасторите. „Затоа јас не

можам да верувам!“ Пред ова и јас поцрвенувам, бидејќи добро се познавам себеси. Додуша, јас не сум проневерил црковни пари, но кога луѓето добро би ме познавале, би се замислиле и над мене. Што да одговорам на ваквите забелешки? Внимавајте добро: Никаде во Библијата не пишува: „Верувајте во свештеникот за да се спасите“, туку стои: „Верувај во Господ Исус Христос и ќе се спасиш.“ Пасторот е (ако исправно функционира) само сообраќаен знак што покажува кон Исус! (Иако има и спротивни примери). Кај еден сообраќаен знак не пречи многу ако стои малку накриво, или ако од дождот малку избледел. Доволно е да сфатам што тој покажува. Јас на ниту еден пастор нема да му верувам ако не покажува кон Исус, кон распнатиот и воскреснатиот Божји Син. Јас нема да негодувам против знакот кој ми го покажува патот и целта, туку ќе врвам по тој пат и кон таа цел. Таа цел е Исус Христос, изворот на милоста. Зар сакате на Судниот ден да застанете пред живиот Бог и да речете: Господе, јас не го прифатив спасението и проштавањето на гревовите бидејќи пасторот беше за никаде!“ Зар сакате вака да излезете пред Бог? Ова ме потсетува на момчето што рекло: „Така му треба на татко ми. Ми смрзнаа рацете затоа што не сака да ми купи ракавици!“

Не, драги пријатели, нема вистина во тоа кога некој вели: „Не можам да верувам!“

Има една многу важна изјава на Исус која гласи: „Ако некој сака да ја врши Божјата волја, тој ќе знае дали мојата наука е од Бога.“ Сè зависи од тоа дали јас сум подготвен да го користам и најмалечкото сознание за да бидам послушен на Бога и да ја вршам Неговата волја.

**4. Што да се прави кога не можеме да веруваме?**

За крај еве неколку совети:

*а) Молете го Бога за просветлување!*

Бог е близу до секого од нас. Речете му во молитва: „Господе, те молам, подари ми вера. Отвори ми ги очите за да сфатам!“ Бог слуша вакви молитви!

*б) Верувајте дека Бог е присутен!*

Исус е близу. Изолирјте се насамо и речете Му: „Господе Исусе, јас сакам да ти го предадам мојот живот.“ Јас така постапив во свое време, кога се уплашив од Бог поради мојата безбожност и разбрав за Исус.

*в) Читајте ја Библијата!*

Поминете 15 минути секој ден насамо со Исус. Во тоа време читајте ја Библијата и слушнете што Бог има да ви каже. Читајте гласно. Потоа склопете ги рацете и речете: „Господе Исусе, јас имам толку многу да ти кажам. Не можам да излезам на крај со мојот живот, те молам помогни ми!“

*г) Побарајте заедништво со другите христијани!*

Побарајте заедништво со луѓе што сакаат да бидат вистински христијани. Не останувајте сами. Нема осамени патници кон Небото. Придружете се кон христијаните што патуваат по истиот пат.

# КАКО ДА ИЗЛЕЗАМ НА КРАЈ СО ЖИВОТОТ КОГА ПОСТОЈАНО МЕ ПРОГОНУВА ЧУВСТВО НА ВИНА И ПРОМАШУВАЊА?

Во Виртемберг употребуваат една ваква изрека: „Отсега нема лабаво!“ И јас во нашиве разгледувања би рекол: Отсега нема лабаво. Отсега ќе биде сериозно.

„Како да успееме во животот кога постојано нѐ следат вина и промашувања?“ Овде морам веднаш да ви кажам дека изразот: „...постојано нѐ следат вина и промашувања“ не е сосема точен, бидејќи тие се наше дело. Вината и промашувањата навистина постојано нѐ следат. Токму затоа јас сум многу среќен, бидејќи ќе ви зборувам за една голема и прекрасна тема, за еден подарок што ги прави луѓето пресреќни и пребогати. Тоа е нешто што никаде не може да се купи, во ниедна земја на светот. Дури кога и ти би бил милијардер, кој сите свои банкноти би ги истурил на маса, подготвен да ги дадеш, сепак тоа не би можел да го купиш. Ова не можеш да го добиеш ниту со добри врски. Знаеме дека денес она што не може да се купи за пари, се добива преку врски. Ова прекрасно нешто, за кое сега ќе зборувам, не можеш да го добиеш преку врски. Ниту пак има начин оваа прекрасна работа со свои сили да си ја обезбедиш. Може да ја добиеш само како подарок. Оваа прекрасна, голема и чудесна работа, што не може да се купи со пари ниту да се добие преку врски, се вика „проштавање на гревовите“.

Знам, сега мнозина се разочарани и си велат: „Што? Проштавање на гревовите?“ Затоа сега се поставува прашањето:

## 1. Дали тоа мене ми треба?

Убеден сум дека половината од вас ќе речат: „Проштавање на гревовите? Немам потреба!" Еден млад човек неодамна ми рече: „Живееме во време кога потребите се побудуваат преку реклами. Нашите прадедовци не знаеле за гума за џвакање и за цигари. По пат на бескрајни реклами преку телевизијата, радиото, плакатите, постепено сме доведени до уверување дека без цигари воопшто не можеме да живееме. Прво се предизвикува потреба, а потоа почнува потрошувачка". Момчето продолжи: „И црквата прави така. Ги убедува луѓето: 'Ви треба проштавање на гревовите!' - и потоа таа си ги продава своите услуги. Разбирате? Ние воопшто немаме потреба од тоа - но вие ја будите таа потреба за да си ја продавате стоката!" Дали е ова така? Ако сега запрете некого на улица и ако му се обратите: „Добар ден. Како се викате?" „Маер!" „Господине Маер, дали ви треба проштавање на гревовите?", господин Маер ќе одговори: „Глупости! Ми требаат 2000 марки, а не проштавање на гревовите!" Дали е ова точно? Дали прво се побудува потребата, а потоа со Библијата ја задоволуваме?

Ќе ви одговарам: Ова е голема заблуда, страшна заблуда. Нам навистина најпотребно ни е проштавање на гревовите. Тој што мисли дека не му е потребно проштавање на гревовите, не Го познава светиот и страшен Бог. Многу е зборувано за Божјата љубов, така што ние заборавивме дека Бог - како што е претставен во Библијата - исто така е и страшен Бог! Кога јас се разбудив од животот во грев, прво што сфатив беше: Пред Бог треба да трепериме од страв! Оној што вели: „Не ми треба проштавање на гревовите!" - нема поим за живиот Бог, кој има моќ да ги погуби и душата и

телото во пеколот. Да, постои пекол во кој може да се падне за вечност! Тоа го вели сам Исус. Тој сигурно најдобро знае. Дури и ако сиот свет вели: „Ние не веруваме во тоа!“ - тогаш сиот свет ќе пропадне во пеколот! Исус знае што има зад завесата на смртта. Тој најсериозно нè предупредува за таа пропаст, а ние, потонати во нашите гревови, се осмелуваме да викаме: „Нам не ни треба проштавање на гревовите. Црквата ги измислува тие работи. Тоа не постои.“ Ова е голема заблуда. Ништо не им е толку потребно на луѓето како проштавањето на гревовите.

Овде ќе ви раскажам еден настан. Еднаш држев предавање во прекрасниот град Цирих. Тоа се одржуваше во Конгресниот центар, една огромна сала полна со народ. Мнозина стоеја од страните, бидејќи немаше доволно место. Меѓу слушателите забележав два господина кои нешто весело си дошепнуваа. Беше очигледно дека дошле тука само да гледаат сеир. Едниот од нив имаше убава брадичка. Ми се допадна, бидејќи си мислев: „Штета што и јас не можам да имам таква!“

Кога го почнав предавањето, се обидував да го привлечам вниманието на овие двајца. Тие навистина почнаа внимателно да слушаат. Но тогаш за првпат го спомнав изразот: „Проштавање на гревовите“. Кога го спомнав тој израз, видов како господинот со брадичката презриво се насмеа и нешто му шепна на својот колега. Како што ви реков, се работеше за огромна сала полна со народ. Господата што ги опишувам беа далеку, така што не можев да знам што си дошепнуваа. Сепак, мислам дека го сфатив значењето: „Проштавање на гревовите! Типични црковни глупости! Боже, Боже!“ И можеби следеа мислите: „Па јас не сум некој злосторник. Мене сигурно не ми треба прошка на гревовите.“ И вие така си мислите, зар не? „Јас не сум никаков злосторник.

Мене не ми треба прошка на некакви гревови!" - Најверојатно и тој така си велеше. Тогаш ме опфати гнев. Признавам, Бог не сака да пламнуваме во гнев, тоа не е исправно. Сепак, се разгневив. „Ве молам за внимание" - реков - „да направиме половина минута пауза. Јас ќе поставам едно прашање, а секој од присутните нека си одговори за себе со да или не: Дали ќе се откажете од прошка на гревовите за сета вечност затоа што сега мислите дека таа не ви е потребна? Да или не? Дајте си збор!" И настана половина минута мртва тишина, иако беа присутни илјадници луѓе. Мислам дека видов како господинот со брадичката побледе и се потпре на ѕидот. Очигледно, човекот се уплаши. Сигурно во себе си помисли: „Сега тврдам дека не сум никаков злосторник. Но кога ќе дојде ред да се умира, кога ќе биде сериозно, сепак тогаш веројатно е добро да имам прошка на гревовите. Зошто би се откажал од неа за сета вечност?"

Претпоставувам дека и вие така си велите, зар не?

Има една изрека што безброј пати сум ја слушал во животот: „Јас правам добро и не се плашам од никого!" Но внимавајте: Оваа изјава не сум ја чул од луѓе помлади од 40 години. Младите добро сфаќаат дека во нивните животи има многу вина. Дури откако совеста наполно ќе ни отапи, ние се осмелуваме да кажуваме вакви лаги. Кога некој ќе ми рече: „Правам добро и не се плашам од никого!" - јас му одговарам: „Ти имаш повеќе од 40 години. Тоа е знак за артериосклероза. Тоа е знак за сосема умртвена совест. Сè додека совеста ни е барем малку жива, свесни сме дека најпотребно од сè ни е токму проштавањето на гревовите.

Пред неколку години во градот Есен настапуваше „модерниот" рок музичар, Бил Халеј. Илјадници младинци се собраа во Ругахале да го слушнат него и

неговиот бенд. Но уште при првата песна тие почнаа полека но сигурно да кршат и да ја демолираат салата. Штетата беше проценета на 60.000 марки. Еден млад полицаец по настанот ми рече: „Јас седев напред и цврсто се држев за столчето, бидејќи во спротивно, и јас ќе им се придружев.“ Следниот ден одев низ центарот на градот. Видов тројца младинци како стојат заедно. Се чинеше дека тие беа посетители на концертот. Им се приближив и им реков: „Добар ден! Се обложувам дека и вие сте биле на концертот на Бил Халеј вчера!“ „Се разбира, господине пасторе!“ „О“, реков јас, „значи се знаеме! Убаво! Бидејќи мене не ми е јасно, ве молам, кажете ми, зошто така ја демолиравте салата?“ Тие ми одговорија: „Пасторе Буш, тоа е само поради очајот!“ „Што?“ реков јас, „а зошто очај?“ Еден од нив ми одговори: „И нам не ни е јасно!“

Се сеќавам на сведоштвото на големиот дански теолог и филозоф Сорен Киркегард. Тој раскажува свои доживувања како, кога бил уште дете, често се шетал со својот татко. Понекогаш татко му застанувал и замислено го гледал својот син. Потоа би рекол: „Драго дете, ти паѓаш во некаков тивок очај.“ Кога го прочитав ова, си помислив: Јас, како градски пастор со 40-годишно искуство ова најдобро го знам. Секого го мачи очај.

Затоа ве прашувам: Дали ви е познато тоа чувство на внатрешен очај во животот? Јас знам и ќе ви објаснам од каде тој доаѓа. Да го испитаме малку своето сопствено срце. Ќе се послужам со една слика. Како пастор во Рурската област, често влегував во рудниците. Тоа е прекрасно искуство. Ви даваат работничко одело, шлем на главата и со лифт ве спуштаат во длабочината, да речеме, на осмото ниво. Може ли подлабоко? Да, но таму не се оди бидејќи долу е „мочуриште“. Таму се збира

водата и нечистотијата, па затоа рударите го викаат „мочуриште“. Додека бев во Есен, еднаш сајлата се скинала и лифтот се урнал во длабочините, во „мочуриштето“. Страшно!

Оваа реална состојба мене ми служи како споредба со состојбата на луѓето. Познато ви е дека нашиот живот има многу „нивоа“. Можеби за другите изгледаме како луѓе со весел изглед, но одвнатре сликата е поинаква. Човек може да се смее, но сепак да биде смртно тажен. Може да изгледаме како животот да ни е веселба, но длабоко во внатрешниот душевен живот, во длабочината на срцето, постои длабок очај. Ова го велат и лекарите, и филозофите, и психолозите и психијатрите. За ова се зборува во филмовите и во романите. Неверојатно е како стравот и очајот можат да се појават ненадејно. Еден психијатар ми рече: „Немате поим колку млади луѓе доаѓаат во мојата ординација!“ Но најголемиот број луѓе воопшто не се прашуваат од каде потекнува стравот и очајот, туку се обидуваат да се растоварат преку алкохол и дрога. Многу помудро би било да се соочат со вистината.

Дека очајот лежи во длабината на човечкото срце не е нова работа. Зачудува што Библијата тоа го утврдила уште пред 3.000 години. Таа вели: „Срцето е горделиво и неверно.“ Но Библијата ни ја објаснува и причината зошто е тоа така. Таа ни објаснува дека уште од падот на Адам во грев, луѓето се отуѓени од Бог, така што оттогаш луѓето живеат надвор од својот природен елемент. Нашиот природен елемент е Бог! Ние всушност се плашиме дека живиот Бог ќе нè осуди поради начинот на кој го минуваме животот. Но најдлабока и најважна причина за нашиот очај е нашата вина - нашата вина пред Бог! Тоа е најголемиот проблем во нашиот живот со кој не сме во состојба да се соочиме. Тоа ни е познато. Затоа во срцата криеме длабок очај.

Е па, сега, дали ни треба прошка на гревовите? Се разбира, ни треба. Всушност, тоа е најголема потреба во нашиот живот.

А што е грев? Грев е секој вид одвоеност од Бог. Ние всушност сме и родени како грешници. Да го разгледаме овој пример:

Едно дете, родено во Англија за време на војната, сигурно нема ништо против нас Германците, но тоа сепак припаѓа на противничкиот табор. Секој од нас е роден во таборот што е непријателски поставен кон Бог. Тоа е овој свет. Така според нашата природа ние сме одвоени од Бог. Потоа уште повеќе се оддалечуваме од Бог затоа што си градиме ѕид од вина. Секое прекршување на Божјите заповеди е како еден камен што го вградуваме во тој ѕид. Така гревот станува страшна пречка меѓу нас и Бог.

Сега ќе ви раскажам како јас за првпат сфатив дека гревот навистина постои и дека ниеден грев не може да се поправи. Имав прекрасен татко со кој бев во добри односи. Еден ден бев зафатен со учење за испит во собичката во поткровјето на нашата куќа. Татко ми ме викна оздола: „Вилхелм!“ (така ми е името). Јас ја подадов главата низ прозорецот и го прашав: „Што ме викаш, тато?“ Тој рече: „Морам да одам в град. Ајде прави ми друштво. Двајца е поинтересно.“„Тато!“ - довикнав јас - „имам важен испит. Сега навистина не можам!“ „Тогаш ќе одам сам!“ - рече тој. Но по 14 дена тој умре.

Тогаш кај нас уште беше обичај мртовецот да се чува дома до закопот. Сите синови бевме крај отворениот ковчег. Беше мирна ноќ. Сите спиеја. Јас седев сам крај отворениот ковчег. Одеднаш ми текна дека пред 14 дена татко ми ме замоли да му правам друштво во градот, а јас го одбив! Го погледнав и му реков: „Ах, тато, ајде

пак замоли ме! Ако треба сто километри да одиме, ќе ти правам друштво!" Но неговата уста беше нема. Така сфатив: Таа мала нељубезност е нешто што веќе никогаш не може да се поправи!

Што мислите, колку грешки и колку пропусти имаме направено во животот? Како ќе се справиме со животот кога имаме толку многу грешки и пропусти? Затоа, без прошка на гревовите, ние не можеме да се соочиме со животот!

А што е со смртта? Дали ќе си ја понесете сета вина во вечноста? Често размислувам за ова. Јас веќе се приближувам кон тој час. Засега сè уште една љубезна рака ме поткрепува, но иде денот кога ќе морам да заминам. Мојот животен брод ќе отплови кон Бог, пред Неговото лице! Верувајте ми, и вие ќе застанете пред Него! Со сета ваша вина, со сите ваши пропусти ќе стоите пред живиот и свет Бог! Ќе биде потресно кога ќе откриете: „Јас со себе си ги носам сите мои грешки и пропусти!"

Дали ни треба прошка на гревовите? Ништо не ни е толку потребно колку прошка на гревовите. Тоа ни е повеќе потребно од лебот што секојдневно го јадеме!

**2. Каде може тоа да се добие?**

Дали има начин минатото да се избрише? Ако има, каде се прави тоа?

Пред малку ви ја раскажав случката со мојот татко Јас тој пропуст никогаш не можам да го поправам. Зар не е така? Во принцип ние не можеме да ги исправиме нашите грешки. Последиците од нашите постапки остануваат пред Бог. Казната за нив ќе дојде во свое време.

Имаше еден човек по име Јуда. Тој го продаде својот Спасител за 30 сребреници. Наеднаш му „светна“: „Јас згрешив!“ Отишол кај луѓето на кои им го предал, им ги вратил парите и им рекол: „Сторив неправда. Земете си ги парите. Јас ќе си ја поправам грешката.“ Тие одмавнале со рака и рекле: „Што ни е нам гајле? Тоа е твој проблем!“ Обиди се и ти и обрати му се на кого што сакаш во врска со твоите грешки, и ќе го добиеш истиот одговор: „Тоа е твој проблем!“

Сепак, дали е можно да се избрише и да се поништи вината и пропустот? Каде може да се најде тоа? Каде да најдеме прошка за гревовите?

Драги пријатели, од Библијата одекнува хармоничен хор на мноштво гласови, хор што подвикнува од радост. Од почеток па сè до крај, и во Стариот и во Новиот Завет, одекнува мелодијата: „Постои проштавање на гревовите!“

Но каде? Излези малку надвор од градските ѕидини на Ерусалим и упати се кон ритчето Голгота. Не гледај во мноштвото насобран народ, ниту во двајцата разбојници од двете страни што висат распнати на крстови. Нека не го привлекува твоето внимание стражата вооружени римски војници. Гледај го само Човекот што виси распнат на средниот крст. Кој е Овој Човек? Тој не е како еден од нас. Во една прилика Тој му рече на насобраниот народ: „Кој од вас може да Ме обвини за еден грев?“ Никој не се оѕвил. Никој од нас не би се осмелил вака да им се обрати на своите ближни. Сепак, овој Човек беше вовлечен во еден судски процес и му се судеше од страна на римскиот суд и еврејскиот Врховен совет. Никакво зло не можеше да се напише во неговото обвинение. Никој од нас не може да се пофали со такво нешто. Значи, на оваа Личност не ѝ требало прошка на гревовите. Сепак, еве виси осуден и

распнат на крст?! Кој е овој Човек? Тој не потекнува од човештвото, туку дошол меѓу луѓето од друга димензија, од Божјиот свет. Тоа е Исус, Божјиот Син. Виси распнат! Зошто? Како?

Драги пријатели, Бог е праведен и затоа Тој мора да го казни гревот. Тој всушност нашите гревови ги ставил врз Својот Син и ги осудил врз Исус! Големата порака на Библијата гласи: „Казната лежеше врз Него заради нашиот мир!“ Овде се наоѓа прошка на гревовите!

Каде можам да се ослободам од мојата вина? Каде да најдам мир со Бог? - Под крстот на Исус! „Крвта на Исус Христос, Божјиот Син, ме чисти од секој грев.“ Ах, кога би го сфатиле ова!

Има една интересна книга што ја напишал Американецот Вилијам Л. Хул. Тој бил пастор кој водел тринаесет пати разговор со масовниот убиец на Евреите, Адолф Ајхман, кога овој бил затворен пред извршувањето на смртната казна. Тој бил сведок на последните зборови на Ајхман, а го следел сè до неговото погубување на бесилката и присуствувал на растурањето на неговата пепел во Средоземното Море. Во книгата со наслов: „Борба за една душа“ тој ги раскажува своите разговори со Ајхман. На почетокот тој вели: „Се трудев овој страшен грешник да го спасам, да не попадне во пеколот.“ Потресно е да се знае за овој масовен убиец кој, седејќи крај својата работна маса со потписи праќал милиони луѓе во смрт и нанесол неизмерна болка во светот, како сè до последниот миг велел: „Не ми треба никој да умира за мене. Мене не ми треба прошка на гревовите. Не сакам!“

Дали сакате да одите по стапките на Ајхман и да умрете како него? Не? Ако не го сакате тоа, тогаш обратете се од сè срце кон Исус, Божјиот Син, кој единствено на светот ги проштава нашите гревови, бидејќи за тоа и умрел, и за тоа платил!

Кога пасторот Хул разговарал со Ајхман, тој како да се плашел да му понуди на овој човек прошка на гревовите преку Исусовата крв. Зар може еден ваков злосторник да добие прошка на гревовите? Да! Да! „Крвта на Исус Христос, Синот Божји, нѐ чисти од секој грев.“ Но јас морам да ги признаам гревовите, да му ги кажам, а потоа да погледнам кон крстот и да сфатам:

Слобода од гревот сакаш ли ти?
Само во крвта е силата!
Христовата крв те очистува!
Чудна сила има крвта!

Библијата користи многу сликовити претстави за да објасни како распнатиот и воскреснатиот Господ Исус (претпоставувам дека сите знаеме оти Исус не останал во пазувите на смртта, туку третиот ден воскреснал и сега е жив) ги проштава гревовите.

На пример, се користи поимот „гарант“. Оној што гарантира за мене е обврзан да ме застапува ако, на пример, не можам да го платам долгот. Некој мора да плати. Така е секогаш во животот. Некој мора да плати. Со секој грев во нашиот живот настанува една обврска кон Бог, а Библијата вели: „Плата за гревот е смрт.“ Бог бара да умреме за нашиот грев. Тогаш доаѓа Исус и ја прифаќа смртта поради нашиот грев за ние да имаме живот. Тој е нашиот гарант, жирант пред Бог. И сега: Или ти ќе си платиш за твојот грев во пеколот - или оди кај Исус и речи му: „Господе Исусе, јас сфатив дека Ти за мене си платил!“
Ернст Готлиб Волтерсдорф во една своја песна вели:

Немав веќе зборови,
Кога се појави гарантот,

Кој вината моја ја понесе.
Сметката ја призна за своја,
И целосно ја наплати,
И од целиот куп гревови,
Не остана ни трошка.

Друга слика што ја употребува Библијата е сликата на откупот. Еден човек паѓа под власт на трговците со робје. Самиот себе не може да се откупи. На пазарот за робје доаѓа добар богат господин и ги разгледува робовите. Срцето му гори од желба и прашува: „Колку чини овој? Јас го откупувам и го ослободувам!“ Од кој миг робот може да се смета слободен? Сигурно од мигот кога ќе се исплати и последната паричка. Господ Исус на Голгота ја плати и последната паричка. Сега останува тоа да го прифатите и да кажете: „Господе Исусе, сега јас Ти ги предавам моите гревови и верувам дека Ти си ги очистил.“ Исус откупува и ослободува! Исус ги ослободува робовите на гревот. Филип Фридрих Хилер пее:

Гревовите се простени.
Ова значи живот
За измачената душа
Само во името на Исус...

Библијата дава уште прикази. Таков е приказот на помирувањето. И најзаостанатите дивјаци знаат дека им е потребно помирување. Во сите религии постои армија од свештеници што принесуваат жртви за помирување. Но Бог признава само една жртва на помирување: „Еве го Јагнето Божје Кое ги зема на себе гревовите на светот!“ Безбројни свештеници досега принеле безбројни жртви. Но Исус сам е свештеник што помирува со Бог! Тој сам е жртва помирница што доведува до мир со

Бог! Само Тој може вистински да нè помири со Бог. Алберт Кнап во една своја песна вели:

Вечно пред очи да ми стои,
Исус како јагне кротко.
Како блед и крвав сам,
На крстот виси таму?
... На гревот мислел мој,
'Се сврши', викна Тој!

Библијата користи уште еден приказ. Тоа е приказот на миењето. Еден христијанин им пишува писмо на другите христијани: „Тој нè засака и нè изми од нашите гревови со Својата крв." Веројатно ја знаете приказната за загубениот син кој, на крајот од својата кариера заврши во нечистотија - при свињи. Мнозина завршиле при свињи. Можеме само да констатираме: - Каква штета! Но загубениот син не остана таму. Тој си дојде на себе и отрча онаков нечист право кај својот татко, во неговите прегратки. Тој прво не се изми, ниту си купи ново одело и чевли. Тој дојде таков каков што беше. Татко му го изми и го пресоблече. Мнозина си мислат дека треба прво да се подобрат и така ќе станат христијани. Тоа е страшна заблуда. Ние треба да дојдеме кај Исус нечисти и смрдливи, какви што сме. Колку е извалкан и нечист нашиот живот! Дојдете кај Исус онакви какви што сте. Тој ќе ве измие. Тој создава сè ново. „Крвта на Исус Христос, Божјиот Син, нè чисти од секој грев." Така сведочи апостол Јован. Ова треба да биде и наше сведоштво.

Јас не можам сега да ги набројувам сите прикази од Библијата, но се надевам дека сами ќе почнете да ја читате со цел да ја запознаете подобро оваа прекрасна порака за проштавање на гревовите.

Е па, како можеме успешно да живееме кога нè притискаат вина и пропусти? Без ослободување од овој товар навистина не можеме. Но, можеме да успееме во тоа ако го пронајдеме Исус и преку Него добиеме проштавање на гревовите. Тогаш истовремено ќе се загуби и стравот и очајот. Да се предадеш на Исус не е некое мрачно искуство. Напротив! Тоа значи да излезеш од мрачната визба на стравот во пролетната сончевина на Божјата милост. Јас ова ви го посакувам од сè срце!

Да резимираме: Дали ни треба прошка на гревовите? Да! Каде да ја најдеме? Кај Исус, распнатиот и воскреснат Спасител!

**3. Како да го постигнам ова?**

Сега некој веројатно си вели: - Одлично! Прекрасно е да се добие прошка на гревовите! Но како доаѓаме до тоа? Во дневните весници за ова не пишува, модерните романи ова не го опишуваат, на филм не се прикажува. Како да дојдам до ова? Да, навистина, како да дојдеме до оваа цел?

Во оваа работа не можеме многу да си помогнеме еден на друг. Најдобро е уште денес да се повлечеш на осамено место и да го повикаш Исус. Тој воскресна и сега е жив! Во Библијата оние што се здобиле со вера го имаат овој заеднички именител: „Сите што го повикуваат името Исус." Ајде, одете веќе насамо и повикајте го името Исус!

Дали ви е познат изразот „повикај?" Го користиме при телефонирањето. Еве, до Исус постои директна телефонска линија! Досега ниту еднаш не сте ја употребиле. Каква штета! Сега јавете му се. Не треба долго да се бира. Речете само: „Господе, Исусе!" - Тој е веќе од

другата страна на жицата. Тој е тука. Тоа е суштината на молитвата.

Што треба да му речете? Сè што ви лежи на срце! На пример: „Господе Исусе! Јас имам грешна врска со еден човек (или жена). Сам не можам да се ослободам. Знам дека тоа е грев, но, Господе Исусе, Те молам, помогни ми!“ - „Господе Исусе! Со мојот занает (работа) ми е многу тешко. Не можам да врзам крај со крај во оваа скапотија. А и даночните пријави криво ги пополнувам. Не знам како поинаку да постапам, мислам дека ќе капитулирам. Господе Исусе, Те молам, помогни ми!“ - „Господе Исусе! Јас ѝ бев неверен на жена ми. Сега не знам како да се извлечам од ова. Господе Исусе, те молам помогни ми!“

Дали сфаќате? На Исус можете да Му го кажете она што не можете да му го кажете на ниту еден човек. Врската никој не ја прислушнува. Растоварете се. Тоа е ослободување. Кажете Му за сите свои кривици.

Прашајте Го и за ова: „Господе Исусе, пасторот Буш вели дека преку Твојата крв сè се средува. Дали е тоа вистина? Речете Му токму така! Уште денес повикајте Го. Почнете да ја користите оваа досега неискористена линија. Линијата нека се усвити од користење! Можете да разговарате со Него. Придружете се кон семејството луѓе што „го повикуваат името на Исус“.

„Добро“, велите вие, „јас сè му кажав на Исус, но Тој ништо не ми одговори!“ Внимавајте, не е така! Сега ќе ви кажам по која линија Тој ви одговара. Земете еден Нов Завет. Подоцна ќе го читате и Стариот Завет. Но, не почнувајте веднаш со него, за почеток тој е тежок. Почнете со Новиот Завет, со Јовановото евангелие, потоа продолжете со Евангелието според Лука. Почнете да читате исто како што ги читате настаните во некое илустрирано неделно списание. Веднаш ќе забележите:

Тука Тој зборува! Ќе видите дека Библијата се разликува од сите други книги и дека таа е линијата преку која Господ зборува со вас.

Еден човек во една прилика ми рече: „Јас кога сакам да Го слушнам Бога, одам в шума.“ Јас му одговорив: „Тоа е бесмислица! Кога јас одам в шума, ги слушам дрвјата како шумолат, птиците како пеат и потоците како жуборат. Тоа е убава слика. Но шумата ништо не ми кажува дали ми се простени гревовите, како да добијам ново срце, дали Бог ми е милослив. Тоа Бог ми го кажува само преку Библијата.“

Одвојте си секој ден четврт час за молитва кон Исус. Повикајте Го Исус и речете Му сè: „Господе, денес имам толку многу задачи. Сама не ќе можам да ги постигнам.“ Разбирате? Кажете му сè! Потоа отворете го Новиот Завет и прочитајте половина глава. „Господе Исусе! Сега Ти зборувај!“ И наеднаш, гледате дека некој стих се однесува на вас. Забележувате: „Ова Тој мене ми го вели.“ Подвлечете ги тие редови. Најдобро е да запишете и датум на белината покрај текстот.

Кога бев млад, посетив еден дом. Таму на клавирот лежеше Библија. Кога ја зедов во раце и ја отворив, видов дека многу редови беа подвлечени со црвено и со зелено, а имаше и датуми на маргините. Тие беа големо семејство, па затоа прашав: „Кому му припаѓа оваа Библија?“ „На нашата Еми.“ Јас ја погледнав Еми и - се оженив со неа. Токму таква девојка ми требаше, која сфатила дека Исус ни зборува со помош на оваа линија, а не со некои други.

Кога луѓето се расправаат за Библијата, често ми се смачува. Мнозина велат: „Па Библијата ја пишувале луѓе!“ - и додаваат секакви измислици. Толку ме замораат такви расправии!

Во Првата светска војна бев телефонист. Тогаш немавме радио врска. Имавме апарати на кои беа приклучени жици. Еден ден морав да одам до еден врв каде што имаше наши набљудувачи. Немаше изградено засолништа, па морав да лежам додека ги поврзував жиците. Одеднаш преку ридот дојде еден лесно ранет пешак. Му свикав: „Човеку, скриј се! Откриени сме! Сега ќе запукаат по нас!“ Тој прилегна, дојде лазејќи до мене и рече: „Многу фино сум ранет, токму да добијам отсуство и да си одам дома. Види, види, па ти имаш од старите апарати!“ „Да“ промрморев, „тоа е стар модел.“ „Ама стегалките му се лабави!“ „Да“, потврдив, „навистина се лабави.“ „Ама еден дел ти е откршен!“ Мене ми прелеа чашата: „Престани веќе еднаш со критики! Немам време да те слушам! Морам да воспоставам врска!“

Така е и со критизирањето на Библијата. Јас сакам да го чујам Исусовиот глас, а доаѓаат луѓе и ми велат: „И Библијата ја пишувале луѓе!“ На ова можам само да одговорам: „Затворете си ја устата. Јас сакам да го слушам гласот на Исус!“

Сфатете го битното: Немојте да дозволите да ве направат будала. Лично Бог зборува преку овој канал! Затоа барајте друштво на луѓе што сакаат да одат по истиот пат.

Во мојата пракса во разни прилики сум разговарал со разни луѓе на кои сум им го кажувал истото ова што ви го кажувам и вам. Мнозина ми велат: „Тоа се прикаски за стари баби. По црквите има само стари луѓе.“ Јас, пак, сум многу среќен што еве 30 години сум пастор на млади и што познавам многу млади луѓе кои ќе ви го посведочат истово ова, имено дека постои прошка на

гревовите, дека со Исус навистина може да се разговара и дека Тој одговара.

Трудете се да се дружите со христијани кои имаат искуство со Исус. Да, навистина може да се најдат луѓе што одат со Исус во овој живот и се на пат кон небото.

Сега Исус стои пред вас и ви вели: „Дојдете кај Мене сите што сте уморни и натоварени, вие што постојано ве мачи чувство на вина и пропусти. Јас ќе ви дадам одмор! Јас ќе ви подарам прошка на гревовите!“

## КАКО ДА УЖИВАМ ВО ЖИВОТОТ КОГА ДРУГИТЕ ЛУЃЕ МИ ГИ КИНАТ НЕРВИТЕ?

Мојата денешна тема е за луѓето што ни ги „кинат нервите". Можеби не треба да речам „ако", бидејќи другите „сигурно" ни ги кинат нервите. Има ли некој овде на кого другите не му ги кинат нервите. Мислам дека нема да згрешам ако кажам дека речиси на секој човек „другите му одат на нерви". Има ли некој што овој проблем не го мачи? Никој не се јавува. Значи, навистина не е „ако" туку е „сигурно". Нели имам право? О да, ние заемно си ги кинеме нервите. Не сите. На пример, жена ми мене не ми ги кине нервите. Но има други кои тоа ми го прават постојано. Ви прават така и вам? Секако.

Така ние заемно се измачуваме. Во семејството, по домовите, меѓу соседите во зградата, во фабриките, па дури и во христијанските кругови, еден на друг си ги кинеме нервите. Светот е полн со напнатост која просто се рее во воздухот, но не се гледа со голо око. Тоа произлегува од таквото кинење на нервите. Има многу луѓе кои лесно би можеле да кажат: „Така ќе ми беше убаво да не беше тој и тој!" Другиот е трн и во око, трн и во животот. Затоа ова е проблем што треба да го разгледаме: „Како да излезам на крај со животот, кога другите ми одат на нерви?

Драги присутни, морам проблемот да го посматрам пошироко. Тоа е како некој што поткашлува, но тоа е симптом на сериозна болест на белите дробови. Тука не помагаат ментол бонбони. Треба посеопфатна дијагноза и поинаква терапија! Ја разбравте споредбата,

нели? Фактот што едни на други си одиме на нерви, всушност е знак дека целото човештво е болно. За одењето на нерви има подлабоки причини од изговорот дека моите соседи се незгодни луѓе. Затоа морам целата работа да ја ставам во една поширока рамка. Ќе ви докажам дека „одењето на нерви“ е симптом на заболеноста на сиот човечки род.

## 1. Светот во кој живееме

Веднаш да се разбереме: Мој поглед на светот е библискиот поглед. За мене тој е и единствено исправен поглед. Сите други траат по дваесетина години и потоа се забораваат.

Библијата ни кажува: Кога Бог го создаде светот, тој беше совршен. Тогаш Адам и Ева не си оделе на нерви, ниту живиот Бог им одел на нерви, ниту пак луѓето Му оделе на нерви на Бога. Сите биле во хармонија, Бог со луѓето, а и луѓето меѓу себе. Не постоел никаков јаз.

Тогаш, според она што го кажува Библијата, настанала првата и најголема катастрофа. Библијата овој настан го нарекува „пад во грев“. Луѓето биле подложени на еден испит. Им било забрането да јадат од одредено дрво. Таа наредба ја дал сам Бог. Но тоа ги копкало - можеле да бираат и - го избрале злото, односно непослушноста. Скинале од забранетиот плод. Во истиот миг, на самиот почеток на човечката историја, луѓето паднале во грев и сè се урнало.

Сега Бог и луѓето се одвоени. Бог ги истерал луѓето од рајот, а пред вратата поставил херувим како стражар. Од тој ден ние сме одвоени од Бог. Од тој момент и Бог нам ни оди на нерви, а му одиме и ние Нему. Пробајте да зборувате со луѓето за Бог. Веднаш стануваат нер-

возни: „Престани веќе еднаш со тоа. Воопшто не е докажано дека Бог постои.“ Меѓу нас и Бог има страшна провалија.

Во истиот миг се расипале и односите меѓу луѓето. Тоа јасно се гледа на примерот со децата на Адам и Ева. Веднаш почнале да си одат на нерви.

Еве овде двајца браќа. Токму меѓу браќата најчесто се јавува нетрпеливост. Каин и Авел биле доста различни. Не знаеме зошто било така. Еден ден Каин, кој бил земјоделец, со мотика в раце се наоѓа во полето. Наидува Авел. Можам да си замислам како на Каина му зоврива крвта: „Не можам да го поднесам овој слабак. Не можам повеќе да го гледам!“ Авел му се приближува и му кажува неколку збора. Каин ја дига мотиката и удира по омразеното лице. Дури откако брат му паѓа мртов на земја, тој станува свесен за стореното дело.

Драги присутни! Ние сме „цивилизирани“ и не се убиваме со мотики. Но во весниците пишува како се прави тоа. Кога ќе се сетам на големите судења за масовни убиства од времето на Третиот Рајх, си мислам: Тоа во суштина е истиот грев: „Јас ги мразам луѓето!“ Така се убиваат стотици илјади луѓе. Каин си дошол на себе кога брат му паднал мртов. Малку се уплашил, но набргу ископал плитка дупка, го истркалал телото внатре и го запретал со земја. Се свртел наоколу и си рекол: „Никого не сретнав, никого не видов!“ Ние обично мислиме дека, ако никој не нè видел, како и да не се случило. Што мислите, какви сè страшни тајни кријат луѓето во себе!

Каин веќе бега од местото. Му станува непријатно. Наеднаш некој вика: „Каине!“ „Леле, кој може да биде тоа?“ „Каине!“ Наеднаш го спопаѓаат морници. Му текнува кој би можел да биде: живиот Бог! Тој постојано бил присутен и видел сè! „Каине! Каде е брат ти Авел?“

Но Каин сè уште сака да се брани: „Не сум му јас стражар на брат ми! Зар јас ќе го чувам?“ „Каине“, вели Бог, „крвта на брат ти вика кон мене од земјата.“

Ете, видете, оваа приказна објаснува сè: Од падот во грев сè е расипано. Врските меѓу луѓето се испокинале. Секој секому му оди на нерви. Меѓу луѓето и Бог исто така се расипал односот. Бог му оди на нерви на Каина, исто како на некои од вас што сте овде. Но ние не можеме да се ослободиме од нашите ближни, а ни од Бог. Таков е светот во кој живееме!

## 2. Зборовите не помагаат

Овде зборовите навистина не помагаат. Така, на пример, ништо не помага поимот „драгиот Бог“. Меѓу Бог и нас луѓето е поставен ѕид, односно огромна провалија. За време на војната, кога половина од градот Есен гореше, а со него и мојата куќа, една жена се втурна во мене и извика: „Како може тој ваш Бог ова да го дозволи!?“ Јас ѝ одговорив: „Мојот Бог ова го дозволува. Можеби Бог е ваш непријател!“

Уште од времето на падот во грев секој однос е расипан: Пред сè, меѓу Бог и човекот! Ние сме одвоени од Бога, но сме одвоени и меѓу себе. Тоа е најдлабоката причина зошто луѓето ни одат на нерви. Ако имате сосетка која ви оди на нерви, причината е во падот во грев. Тоа е затоа што ние сме отпаднат човечки род, одвоени од Бог. Овде убави зборови не помагаат.

Пред извесно време поминав на швајцарската граница. На граничната зграда имаше залепено симпатичен плакат: „Заедно е подобро!“ Јас си помислив: „Да, јасно! Но плакатот ништо не ми помага ако некој ми оди на нерви!“ Или, пред извесно време на еден плакат видов: „Бидете љубезни еден кон друг!“ Американците

насекаде лепат плакати со натпис: „Keep smiling!"*) Но ова не ја подобрува состојбата. Зар не е така? Не, зборовите ништо не помагаат.

Се сеќавам на еден настан од времето кога бев млад теолог. Често навраќав во една куќа каде што сите беа раскарани. Сите роднини живееја во исто населено место и беа сосема раскарани. Со мојот голем ентузијазам една вечер успеав сите да ги соберам заедно и се обидов да ги помирам. Им зборував убаво. Вечерта во единаесет часот сите беа единствени и си ги подадоа рацете. Јас бев пресреќен и си велев: „Ти ќе бидиш добар пастор, одлично почна."

Радосен си заминав дома и мирно си спиев. Следното утро сретнав една млада жена од помирените и ја прашав: „Колку убаво беше вчеравечер!" „Убаво?" - одврати таа. „Зар не знаеш што се случи?" Прашав: „Што се случило?" - пребледев. Тие веднаш, уште на пат кон дома, почнале пак да се караат. Потоа состојбата станала уште полоша од порано. Смешно ви е? Мене не ми беше. Тогаш сфатив колу страшни последици има падот во грев, дека односите со Бог и меѓу луѓето се сосем нарушени и дека добрите зборови ништо не помагаат.

Често ми пишуваат разни луѓе: „Драги пасторе, јас имам роднини што се раскарани меѓу себе. Дали би можеле да ги посетите?" Јас одбивам, бидејќи знам дека ништо не помага да се зборува убаво. Сега помислете на оние што вам ви одат на нерви. Јас би можел долго да ги советувам, но тоа нема да помогне. Тоа е трагично. Но истовремено, кога подобро ќе се разгледа, тоа е и смешно.

Пак ќе ви опишам еден настан. Посетив едно семејство. Тогаш влезе дома нивниот 17-годишен син,

*) Бидете постојано насмеани!

неуреден, со скинати фармерки, со долга бушава коса. Забележав како таткото се разгневи: „Гледај го каков е!“ - рече. „Види го!“ Таткото беше вреден и чесен службеник. Можете да си замислите како му беше кога го виде својот непрокопсан син.

Или, да разгледаме на пример една мајка, добра христијанка, но по малку старомодна и конзервативна. Ќерка ѝ си ги црви усните. Мајката вели: „Како ми оди на нерви!“ А ќерката пак се жали: „Како ми оди на нерви оваа моја мајка!“ Зар не е ова општа појава?

Ме сретна еден што живее разведен и на кого му објаснував: „Дали знаеш дека разводот е грев?“ Тој ми рече: „Господине пасторе, само да знаеш колку мојата жена ми оди на нерви. Кога јаде супа таа гласно срка!“

Дали ова ви изгледа смешно? Мене ми изгледа страшно! Можеби ќе речете: „Тоа се ситници!“ Зар мали работи? Не, ова се знаци дека човештвото живее во еден морално паднат свет, отпаднат од Бог. Луѓето живеат отуѓени од Бог.

Одењето на нечии нерви може да биде и многу лошо. Познавам во Есен една млада девојка што боледува од мултиплекс склероза и поради оваа страшна болест е сосема парализирана. Живее во една мала куќа. Во станот до неа живее едно бесно момче, кое секоја вечер гледа телевизија од седум и половина сè до единаесет часот, и притоа телевизорот го пушта до крај. Кутрата млада девојка. Мора да слуша секоја вечер врева низ тенкиот ѕид. И така ден по ден, час по час, со години. Таа често го молела овој човек: „Ве молам, намалете го малку телевизорот, да се слуша само во вашата соба!“ Тој пушта уште посилно. Замислете си ја таа состојба - трае со години. Ние луѓето знаеме да бидеме ѕверови, да, токму ѕверови! Дали можете да си замислите како овој човек ѝ оди на нерви на кутрата девојка? Од друга

страна, на момчето на нерви му оди токму оваа девојка. Тоа е една борба преку ѕидот која им го прави животот неподнослив.

Кога бев сосема млад пастор, имав на верска обука 150 верници. Почнав сите да ги посетувам дома. Сите живееја во најмени куќи. При првата посета открив кавга во куќата, кај вторите - пак кавга, кај третите - исто така. Еден ден, за време на наставата, побарав да станат тие кај кои нема кавга во куќата. Станаа само тројца или четворица. „Зар кај сите други е кавга?" „Да!" И потоа ги прашав оние кај кои немало кавга: „Како успеавте кај вас да има слога?" Тие одговорија: „Ние живееме сами!"

Така стојат работите. Во таква состојба треба да работиме, да сме весели, да создаваме, при сета напнатост на нервите! Ако некој ни стапне на нозете, нè боли. Но ако некој ни оди на нерви, тоа не се трпи!

**3. Бог доаѓа на помош!**

Ако немав нешто друго да ви кажам, освен она досега, подобро ќе беше воопшто и да не почнав да зборувам. Но јас имам една несфатливо голема порака, една револуционерна порака: Во оваа тиња на одење по нерви и заемно измачување интервенира Бог со својата несфатлива милосрдност. Сиот наш беден свет лежи пред Божјите очи и Тој интервенира во него.

И се вмешува на чудесен начин. Тоа е порака на Библијата од која застанува здивот. Тој ја отстранува завесата што стои меѓу Него и нас и доаѓа кај нас во лицето на својот Син Исус! Фактот што луѓето од нашето време го отфрлаат евангелието за Исус како нешто неважно не е минус за евангелието, туку сведоштво за глупоста на луѓето, кои на тој начин си ја одземаат

единствената шанса. Може ли Бог да стори повеќе од она што го сторил - ја урнал преградата меѓу Него и нас и го дал Својот Син во нашата средина која е непријателска кон Бог, во нашиот кавгаџиски свет, каде што секој на секого му оди на нерви? Но кога доаѓа Господ Исус, тогаш сè се менува!

*а) Исус дарува мир со Бог*

Би сакал да ви кажам дека во Исус сè е поврзано и хармонично. Исус не беше во спротивност со Бог. Исус е Божји Син. Еден човек неодамна ми рече: „Исус е обичен човек, како еден од нас. Најмногу што можам да кажам е дека бил религиозен водач." Јас му одговорив: „Вие веројатно зборувате за некоја друга личност. Јас зборувам за Оној што рече: 'Јас сум од горе, а вие сте од долу.'" Да, јас зборувам за Синот на живиот Бог, Кој самиот е чудо, Кој е поинаков и Кој претставува продор на Бог во овој загубен и проколнат свет. Тој не е одвоен од Бог. Нему никој не му оди на нерви. Ни Јуда, кој го предаде, не му ги искина нервите. Ако некој мене ме предаде, тој би ми ги искинал нервите, а Исус го љубеше Јуда до крај. Треба животот на Исус да го гледате на овој начин: Тоа е човек кому никој не му ги искинал нервите.

Последната вечер, пред да пострада на крстот, Исус вечераше со своите ученици. Овој настан е прекрасно опишан во Библијата. Можеби не знаете, но на Истокот не се седи кога се јаде, туку се лежи околу ниска трпеза на широки перници. Ни мене не ми е сосема јасно како луѓето јаделе во вакви услови. Во секој случај, во лежечка положба не може да се користат нож и вилушка. Но тие јаделе токму така. Пред тоа си ги собувале сандалите. Вообичаено било претходно да си ги измијат нозете од правот. Во текот на денот учениците, заедно

со Исус, долго оделе пеш. Сега биле уморни, си ги собуле сандалите и се струполиле врз перниците. Можам да си замислам како Петар го погледнува Јована и му намигнува. А тоа значи: „Еден од нас мора да земе вода и сунѓер и на сите да ни ги измие нозете. Тоа би можел ти да го сториш, бидејќи си најмлад. Ме нервира како секогаш се извлекуваш Јоване!“ Јован ги дига рамениците и си мисли: „Петар ме нервира, секогаш мене ми заповеда, бидејќи сум најмлад. Би можел и Јаков да ни ги измие нозете!“ Јаков си мисли: „А зошто пак јас? Па јас спаѓам меѓу најомилените ученици на Исус. Нека работи еднаш и Матеја!“ Наеднаш сите се изнервирани, бидејќи никој нејќе да ја заврши таа работа.

Тогаш станува Исус. Учениците се изненадени. „Веројатно не Тој!“ Сепак, Тој се фаќа за работата. Влегува во собата препашан со крпа како слуга, а носи и вода и сунѓер - и на сите им ги мие нозете. Дури и на Јуда! Дури и на Петар! И на Јован! И на Јаков! И на Матеја! Јас би додал: И мене! Таков е Исус, Тој е во хармонија со секого. Во него е Бог и Тој сите ги љуби.

Морам да ви Го претставам Исус - онака како што ми е најмил - како виси на крст! Сакам да ве наговорам заедно со мене да појдеме кон едно ритче близу до ерусалимските порти. Таму џагори мноштво насобран народ. Таму стојат римски војници со копја во рацете. Над нивните глави се издигаат три крста. Јас сакам да се концентрираме на средниот крст. Сакам да ви го претставам Човекот на него, на чија глава има трнова круна. Драги пријатели, Тој таму умира за да ве измири со Бог и да ве избави од овој несреќен свет, каде што и вие на другите им ги кинете нервите, а и други вам ви ги кинат нервите, и каде што сами себеси си ги кинете нервите, каде што секој секого го нервира.

Ако сакате да го отстраните сето она што стои меѓу вас и Бог, дојдете кај крстот на Исус. Овој Исус, Кој умре за тебе и Кој воскресна за тебе, е Божја понуда за мир. Отфрли ги сите свои сомневања (а такви сигурно имаш многу). Фрли се во прегратките на Исус! Положи ги сите свои грешни врски и сите гревови пред нозете на Исус! Тоа можеш да го сториш ако погледнеш на Исусовиот крст. Подај Му ја својата рака и речи Му: „Јас Тебе ќе Ти припаѓам!" Во тој миг ти си го направил првиот чекор кон мир со Бог. Павле во писмото до Римјаните вели: „Сега сме праведни пред Бога, преку верата во Исус Христос." Да, Исус е Божја мировна понуда упатена до човекот. Прифати ја! Страшно е и зачудува колку луѓе ја чуле оваа понуда, а сепак не оствариле мир со Бог. Тоа е страшно! Сакам да ѕвонам за тревога во нивните срца! Сакам да ѕвонам заради нивните души, да ја примат оваа понуда од Бог!

Денес имав еден разговор со новинарите. Дискутиравме за темата: „Што може денас да се смета за нешто сериозно, нешто во што можеме да имаме доверба?" Јас им изјавив: „По двете светски војни и нацистичкиот режим, јас не наоѓам нешто во што би можел да верувам. Не им верувам на визиите и предвидувањата на современите политичари и аналитичари - 'пророци'. Во нив ни тие самите не веруваат. Јас не наоѓам ништо под сонцето што би било достојно за доверба, освен мировната понуда на Бог преку Исус!" Ова треба сериозно да се сфати. Тоа всушност е и единственото сериозно нешто што се нуди. Само од тоа има полза.

Ако има овде некои што тврдат: „Нема денес ништо сериозно и достојно во што би се верувало!", јас ќе им речам: „Евангелието е токму тоа! Во Исуса Бог бил крајно сериозен. Затоа и вие сериозно сфатете ја Божјата понуда за мир преку Исус."

Исус ја обновува врската меѓу Бог и човекот. Вие можеби донекаде сте христијански настроени, и редовно ги плаќате црковните давачки, но немате мир со Бога. Јас ви велам: Исус умре и за вас и ја презеде сета ваша вина на себе, за вие сега да дојдете, да се фрлите пред Неговите нозе и да кажете: „Боже, доаѓам како загубен грешник. Сега верувам во Тебе. Јас те примам!" - и така преминувате во живот, во мир со Бог!

*б) Исус ни подарува мир со ближните*

Таму каде што се појавува Исус, се добива не само мир со Бог, туку и мир со ближниот. Таму престанува одењето на нерви.

Ве молам сега за внимание: Меѓу вас има многу силни христијани, но тоа трае сè додека другите не почнат да ви одат на нерви, зар не? Така ли е? Вие можеби ќе си најдете изговор: „Ама само да знаеш какво магаре е мојот сосед!" Но јас ви велам: „Сè додека вие немате љубов кон него, со вас нешто не е во ред. Таму каде што завладува Исус, не постојат повеќе истенчени нерви како кај другите луѓе!"

Сфатете, таму каде што доаѓа Исус, Тој дарува мир со Бог и мир со оние што ни ги кинат нервите. Ако има такви луѓе што ви ги кинат нервите, вам ви треба Исус. Инаку ништо не ви помага. Нервите сосема ќе ви се искинат. Исус мора да ви подари мир со Бог, а вие да го примите во себе. Тогаш ќе се средат односите и со останатите луѓе.

Имам еден пријател што живее недалеку. Живее во прекрасен најмен стан, но неговиот станодавец е незгоден човек, многу лаком за пари. Пред извесно време станодавецот му напишал едно безобразно писмо во кое вели: „Треба да правите така и така! Треба да платите толку и толку...!" Пријателот ми раскажуваше:

„Мене ми зовре крвта. Седнав и јас да му напишам соодветен одговор. Наеднаш, пред очи ми дојде сликата на Исус, Кој умре за мене, а исто така и за овој станодавец. Не можев повеќе да издржам. Отидов лично кај него и му реков: 'Слушајте, зар мора да разговараме на овој начин? Па ние сме разумни луѓе. Зошто човечки да не се разбереме? Јас ве сметам за пријател и зошто да се караме?'" И така, кавгата била избегната. Денес имаме двајца пријатели, незгодниот станодавец и христијанинот што се раководи од Исус.

Сакате ли да ви раскажам една убава приказна? Внимавјте добро: Познавам еден човек што се вика Дапоцо. Тој е француски евангелист. Додека бил во концентрационен логор, едната рака му била наполно уништена. Тој ми ракажа за една случка што никогаш нема да ја заборавам: „Еден ден околу ручек, управникот на логорот нареди да бидам доведен. Ме воведоа во една соба каде што беше поставена маса за јадење. Но на мастата имаше само еден прибор за јадење. Тогаш дојде и управникот. Јас бев гладен како волк. Управникот си седна на масата и му сервираа прекрасен ручек - едно јадење, па друго... Јас морав мирно да стојам и да гледам. Тој правеше гримаси колку му е вкусно, а јас умирав од глад. Но тоа беше само почеток. На крај нарача кафе. При тоа на масата стави пакетче и ми рече: 'Види, ова го прати жена ти од Париз: Тоа се слатки.' Јас знаев дека таму е голема скудност за храна и дека жена ми со голема мака заштедила за да ги направи тие слатки. Управникот го отвори пакетот и почна да ги јаде слатките. Јас го замолив: 'Ве молам, дајте ми само едно, нема да го јадам, би сакал само да го имам за спомен на мојата жена.' Тој, смеејќи се, го изеде и последното"

Ова е миг кога кинењето на нервите го достигнува својот максимум, и кога се раѓа вистинска омраза. Дапоцо

продолжи: „Во еден миг ми стана јасно што значи 'Љубовта Божја е излеана во нашите срца.' Јас можев да го сакам тој човек. Си помислив: 'Кутар човеку, ти немаш никој што те сака. Тебе те опкружува само омраза. Колку мене ми е добро како Божје дете!'" Разбирате ли? Тој почувствувал дека може да го опкружи со сочувство и милост. Не му одел повеќе на нерви. Тогаш управникот скокнал и истрчал од собата. Го почувствувал тоа сочувство! Дапоцо по војната го посетил. Човекот побледел: „Вие сакате да се одмаздите!" „Да, јас сакам да се одмаздам!" рекол Дапоцо. Сакам да испијам шолја кафе со вас, а во колата донесов и торта за вас. Ајде да јадеме и да пиеме заедно!" Човекот бил потресен и вчудовиден кога видел дека не е можно оној што се наоѓа под власта на Исус да мрази и да биде изнервиран, бидејќи љубовта Божја му е излеана во срцето.

Јас сум пастор во голем град и често слушам вакви поплаки: „Многу сум осамен. Никој не ме сака. Вакви работи не можам да поднесам." Јас во тој случај би прашал: „А што е со тебе? Дали ти некого сакаш? Дали некој може за тебе да каже: 'Тој мене ми подари љубов.'" Знаете што: Јас сметам дека е многу глупаво (извинете што сум груб, јас сум од Рурската област каде што сите по малку сме груби) кога слушам некого така да ми се жали: „Нема љубов на овој свет!" - а и самите се ладни како мраз!

Кога ми дојдоа овие мисли, си реков: „Треба и јас кон некого да покажам љубов." Но што забележувам: Ние не сме способни за тоа. Нашето срце е неискажливо себично. Се разбира, има луѓе што можеби се сакани, бидејќи се симпатични. Но што со оние што ни ги кинат нервите?

Се сеќавам на еден разговор со еден работник - комунист. Тој рече: „Демонстриравме за наемните

работници во Шангај!“ Јас му реков: „Прекрасно! А како стоиш со твојот сосед?“ А нему му излета: „Да го сретнам би го претепал како куче!“ Гледате? Да се љуби својот далечен и не е толку тешко, но да се љуби својот ближен, тоа е голем проблем.

Јас мислам дека светот би бил сосема поинаков, ако секој од нас го љуби својот ближен - и оној што е незгоден, и оној што е опасен, и оној што му прави зло. Тоа не може да се случи само од себе. Тоа е Божји дар. Драги пријатели, тоа, се разбира, не е едноставно. Јас тоа сум го проверил. Имено, кога Исус ќе дојде во нашиот живот и ќе ни подари мир со Бог, Тој исто така сака да ни подари и мир со нашиот ближен. Тоа многу боли, бидејќи тогаш Тој ни покажува дека ние на другите им ги кинеме нервите многу повеќе отколку тие нам, и дека за другите сме многу понеподносливи. Откако го познавам Исус, Тој ми покажува колку јас сум им скривил на другите. Така сè повеќе го ценам тоа што Спасителот умрел на крстот и што ми дарува проштавање на гревовите.

Исус ја донесе најголемата револуција во светот, но таа мора да се прифати. Затоа би сакал да ве замолам: Немојте само да го слушнете ова, туку треба самите да се предадете на Исус. Јас посакувам да изјавите: „Јас Го најдов Исус. И Тој ме најде мене!“

# СЀ ТРЕБА ДА СЕ ПРОМЕНИ, НО КАКО?

Кога бев млад многу се читаа новелите на Макс Ејтх, писател кој денес е заборавен. Тој всушност бил инженер и материјал за своите дела земал од историјата на техниката. Една негова новела носеше наслов: „Трагедија на занимањето." Во неа тој опишува еден млад инженер кој преку необични настани добива многу значајна задача. Тој треба да проектира мост преку една река близу до нејзиното устие во морето. Тоа е тешка задача, бидејќи на такво место влијанието на плимата и осеката е многу силно. На почетоците на техничката ера сѐ уште не се располагало со сите технички средства со кои се располага денес. Така младиот инженер го гради својот голем мост. Кога сѐ било готово, се приредила голема свеченост со музика, знамиња и мноштво новинари. Високите достоинственици требало да се повозат со воз преку мостот. Младиот инженер е во центарот на вниманието. Во сите весници се пишува за него. Станал многу популарен. Во Лондон тој основал огромно проектантско биро. Се оженил за богата невеста. Така добил сѐ што може срцето да посака. Но сепак, во неговиот живот има една темна дамка за која никој не знае, освен нешто малку неговата жена. Секогаш на есен патувал некаде. Всушност тој патувал до својот мост. И ноќе, кога дувале бурни ветрови и леел силен дожд, тој, наметнат со мушама, стоел на мостот и се тресел од страв. Како да ги чувствувал врз себе моќните удари на бурата врз носачите на неговиот мост. Одново и одново пресметувал дали носачите се доволно димензионирани и дали правилно е избран притисокот на ветерот што се проценувал на тоа место. Кога ќе поминело времето на

есенските бури, тој пак се враќал во Лондон. Таму пак си ја заземал улогата на голем и значаен човек во општествениот живот на големиот град. Никој не забележувал дека него го мачи голем страв. „Дали мостот е доволно цврсто изграден?“ Ова тешко прашање било мрачна страна на неговиот живот. Писателот потоа пак опишува една тешка ноќ во која беснее бура и инженерот се наоѓа на својот мост. Се појавува воз што се движи по мостот. Возот изминува и веќе се гледа оддалеку само задното светло. Но наеднаш бурата удира со сета силина и мостот, заедно со возот, исчезнуваат во немирните студени води. Мостот се скршил на половина!

Кога како момче ја читав оваа новела, ми мина една мисла низ главата: „Зар не е тоа историјата на секој човек?“ Сите ние го градиме мостот на нашиот живот. Од време на време, во некоја немирна и непроспиена ноќ, или кога ќе се јави некој проблем, се јавува страв: „Дали го изградив доволно цврсто мостот на мојот живот? Дали тој ќе им преодолее на бурите на животот?“ Тогаш сме свесни: Не е сосема добро! Мостот на нашиот живот не е доволно добар. Тоа е првото што би сакал да го докажам:

## 1. Не е сосема добро

Како градски пастор, сум разговарал со многу луѓе и сум ги прашувал: „Ве молам, би сакал да знам дали вашиот живот е сосема во ред?“ Досега не сум сретнал човек што на крај конечно сепак не ми признал: „Сосема во ред? Не! Многу нешта треба да бидат поинакви!“ Јас, се разбира, не знам каде мостот на вашиот живот има слабо место. Но вие си знаете: „Многу нешта би требало да бидат поинакви!“

Затоа понекогаш паѓаат одлуки: „Ќе се променам! На тоа и тоа поле ќе се поправам! Кажете ми, ве молам: Дали мислите дека човек може да се промени сам од себе? Не, во принцип човекот не може да се промени. Библијата тоа многу јасно и недвосмислено го констатира: „Може ли Етиопјанецот да си ја промени бојата на кожата? Или пантерот своите шарки? И вие, можете ли да правите добро, кога сте научени да правите зло."

Светот е полн со разговори и предлози за моралот, како тој да се поправи - но ниеден човек не може да се промени сам од себе. Ова е тврда беседа. Јас често сум потресен кога ги набљудувам луѓето со кои се среќавам и им велам: „Вие знаете дека мостот на вашиот живот не е сосема добар!" Ќе прашате: „Да, а што треба да правиме? Не можеме да се промениме!" Тоа е така. Нечесниот не може да добие чисто срце. Лажливецот не може да стане искрен. Самољубивиот не може наеднаш да стане великодушен. Тој може да изигрува малку љубов, но си останува самољубив како и порано. И нечесниот не може да стане чесен. Кога повеќе би ве познавал, јас би ви кажал каде е слабото место на мостот на вашиот живот. Но Бог тоа може да го стори веднаш.

Тоа е една потресна вистина за која зборува Библијата. Јас не ви проповедам мои идеи, туку она што го вели Божјиот Збор. Но слушнете: Библијата зборува за нешто нечуено, нешто од што застанува здивот. Таа вели: Живиот Бог пратил Некого на овој свет, Кој може нас и нашите животи да ги промени! Тоа е лично Неговиот Син, Господ Исус!

## 2. Сѐ може да се промени

Драги пријатели, јас не знам дали црквата е таа што е виновна за распространетото мислење дека христијан-

ството е нешто здодевно. Јас сметам дека христијанството е порака што го одзема здивот. Бог го пратил во светот својот Син Исус како единствена прилика за нас. Тој ист Исус го рекол и ова: „Еве, сè ново создавам!“ Тој, само Тој, може да го промени човекот!

Познавам пијаници што станале трезни; себични старици, кои со својата себичност ги мачеле своите ближни, одеднаш се промениле и мислат и за другите; мажи, кои биле потонати во својот блуд - станале слободни. Исус менува, и штом Тој ќе дојде - создава сè ново! Тоа не се бајки. Можам да ви наведам безбројни примери.

Затоа ни е потребен овој Спасител, бидејќи знаеме дека мостот на нашиот живот не е сосема во ред. Нам ни е потребен Христос, не некое христијанство, туку лично Христос! Го разбирате ли ова? Не ни треба религија, догма, црковност, туку жив Спасител. А тој е тука! Можете да Го повикате уште вечерва и да Му ја кажете сета горчина на своето срце. Тоа е големата порака што сакам да ви ја пренесам.

Дозволете ми ова што го кажав да го илустрирам со еден пример. Пред извесно време, една недела бев во Минхен. Една од убавините на Минхен е големиот парк во центарот на градот, наречен Енглише Гартен. Бидејќи хотелот во кој отседнав беше во негова близина, јас одев таму секое утро. На влезот има едно мало дрвено мовче над рекичката. Лево од дрвеното мовче има брана преку која водата се прелева. Еден ден, гледајќи во вирот каде што паѓаше водата, видов поголемо парче дрво како водата го занесува и превртува. Бидејќи имав време, гледав долго време како дрвото постојано се вртеше во круг. Се чинеше дека секој миг струјата ќе го понесе и парчето дрво ќе отиде надолу по реката. Но вителот пак го враќаше назад. Кога дојдов следниот ден, дрвото

беше сè уште тука. Како да се мачеше да замине од вителот, но постојано беше враќано назад. Можете ли да си го замислите тоа? Водената струја постојано го фрлаше натаму наваму, но дрвото сепак се вртеше во бескраен круг.

Таков е животот на повеќето луѓе. Секогаш сè се движи во истиот стар круг: Исти гревови, исти опасности, иста безбожност, ист очај во срцето... Сè е исто и секојдневно, сè во ист круг! А тука близу постои жива струја која извира од Божјиот Син, од Исус. Тој Исус умрел на крст за нас. Зар не гледате дека, кога Бог дозволил Неговиот Син така да пострада, во тоа се крие некое огромно значење, иако можеби сосема не го разбирате. Погледај го тоа со духовни очи. Тоа мора нешто да значи. Немојте да поминете тукутака преку тоа. Треба да се помачите барем малку да го разберете. А потоа, третиот ден, Бог Него го воскресна од мртвите. Од Тој Исус тече струја на ослободување. А ние сме како она дрво во Енглише Гартен, постојано се вртиме во круг. Си мислев таму во паркот: „Само мал удар треба и дрвото ќе биде подземено од матицата, па ќе замине." Но не можев да достигнам во водата, бидејќи беше далеку. Ние сме како тоа парче дрво. Само еден чекор треба за да побегнеме од тој вечен стар круг и да нè зафати матицата на ослободувањето. Таа струја излегува од Божјиот Син. Ние тој чекор мораме сами да го направиме. На крај ќе констатираме дека во таа одлука не сме биле сами, дека Бог лично ни помогнал и нè повлекол. Но јас морам да ви кажам: Овој чекор во матицата на спасението морате сами да го направите. Има луѓе што јасно чувствуваат како Бог ги повлекува во нивното срце да го направат тој исчекор од стариот вечен круг кон матицата на спасението што излегува од Исус.

### 3. Вака или поинаку?

Би сакал да разјаснам неколку библиски приказни. Апостол Павле паднал во затвор во градот Цезареја. Во тој град римскиот управител на областа имал своја резиденција. Нов римски управник во тоа време станал Фест. Еден ден на Фест му дошле во посета јудејскиот крал Агрипа и неговата жена Береника. Обајцата му рекле: „Чуј, Фесте, слушнавме дека кај тебе има еден интересен затвореник по име Павле. Би сакале малку да го сослушаме.“ И така, еден ден се организирало свечено распрашување на интересниот затвореник Павле. Биле присутни сите големци што нешто значеле, воени началници, политичари и службеници. А Фест, Агрипа и Береника се појавуваат и ги заземаат централните места на издигнатиот подиум. Римските легионери стојат мирно наоколу. Голема помпа.

Тогаш го воведуваат затвореникот, Павле. Но наскоро сценариото се менува. Павле не е веќе во положба на обвинет, туку обвинети се сите присутни околу. Тој почнува еден евангелизационен говор со кој на сите присутни јасно им дава на знаење Кој е Исус. Овојпат тој не зборувал многу за гревовите на присутните, туку им Го опишувал Исус Христос кој рекол: „Кој е жеден, нека дојде кај мене да пие.“ „Вие, што сте гладни и жедни за живот, вие, што имате нечиста совест, што копнеете за Бог и се плашите од смртта, слушнете: Исус ги подава рацете и вели: ‚Дојдете сите што сте уморни и натоварени!'“ Така зборувал Павле. Така тој го возвишувал Исус Христос, Кој му се објавил нему. И кога Павле завршил, управителот Фест рекол: „Павле, ти си многу голем говорник. Но сепак многу претеруваш. Тоа се граничи со лудоста. Многу се занесуваш.“ Фест всушност воопшто не разбрал. Библијата вели за некои луѓе:

„Срцето им е задушено во сало." Срце обвиено со сало! Тоа постои, драги мои. Такво срце ништо не прима од духовната порака. Можеби и овде, меѓу присутните има луѓе на кои срцето им е зараснато во сало. Таков бил и Фест. Но кралот Агрипа бил многу потресен. Тој вели нешто што многу ме погодува: „Павле, малку фали па и мене да ме убедиш и јас да станам христијанин." „Малку му фали!" - и потоа заминал. И кај него сè си останало по старо. Исто како кај дрвото од вирот кај Енглише Гартен, кое се врти во вителот на старото секојдневие, во стариот живот - сè до смртта и сè до пеколот. Секогаш старата песна на гревот и самоправедноста! Дали и кај вас сè си останува по старо? Тогаш Исус за вас залудно умрел. Тој залудно и воскреснал. Тогаш вие не сте добиле прошка на гревовите, немате слобода и мир со Бог. Ви фали само еден чекор: „Фали само малку за да станам христијанин." Тоа е потресно, луѓе што личат на христијани, но не се Божји деца. Луѓе кои имаат привид на христијани, а сепак одат во пропаст. Луѓе блиски до христијанството, а сепак немаат мир.

А сега ќе ви раскажам една поинаква приказна. Еден ден апостол Павле дошол во европскиот град Филипи. Таму имало секакви места за забава: театар и сè друго што му прилега на еден „современ и развиен" град. Имало и затвор, бидејќи такво нешто мора да има во еден современ и развиен град. Управник на затворот бил еден пензиониран римски офицер, кој најверојатно ова мирно работно место го добил откако бил ранет во битките. Еден ден на овој управник му довеле двајца необични затвореници, какви досега никогаш немал - апостол Павле и неговиот придружник Сила. Овие претходно многу проповедале низ градот. Нивните проповеди силно го вознемириле градот, па затоа градските власти наредиле да ги фатат, да ги камшику-

ваат и да ги предадат во затворот. Така Павле и Сила биле предадени на овој затворски управник (Библијата го нарекува темничар) со наредба: „Добро пази ги до утре!“ Управникот на затворот, искусен во овие работи, вели: „Добро да ги чувам? Се разбира! Сѐ што треба ќе сторам!“ Затоа ги фрлил во најдолниот дел, во најтесната и најмрачна ќелија на затворот, каде се цедела влага по ѕидовите. И не само тоа, туку и нозете им ги стегнал во специјални направи, за да не можат да мрднат. Ако некој сега ме праша каква религија имал овој темничар, можам да ви речам: како поголемиот дел од нас. Тој верувал во дедо Боже, а можеби и во повеќе богови. Можеби не знаете, но во тогашен Рим религијата била многу демократска работа и секој можел да си бира во која ќе верува и тоа не се земало многу сериозно. Исто како што е денес! Дали можете да си го замислите овој темничар? Но нему сега му се случило нешто многу необично. Тоа не може никогаш потполно да се објасни. Прво, на полноќ Павле и Сила почнале да пеат духовна песна во која го слават Исус. Веројатно на Павле му било потребно ова време до полноќ да се соземе од сѐ што му се случило - од неправедната постапка со него, од навредите и силниот ќотек што го изел, па уште и од овој мрачен затвор. Со такви работи никој не може лесно да се помири. На крај, му текнало: Мене Божјиот Син, Исус, ме откупи со Својата крв! Па јас сум Божје дете! Јас имам мир со Бог! Па и овде јас сум под Негова власт! И почнал да пее духовна песна. Сила веројатно веднаш почнал да го придружува како втор глас или бас. Прекрасно! Сите затвореници слушале. Такви звуци никогаш немало во овој затвор. Драги присутни, јас од искуство ги знам затворите на градската полиција. Таму имаше клетви, викање, очај и врева на стражарите. Кога таму сакав да запеам духовна песна,

веднаш ми забранија. Денес веќе е утврдено дека, кога се пее духовна песна во затвор, станува опасно. Во старо време за тоа уште немале сознанија. Значи, Павле и Сила пеат духовна песна. Се разбира, темничарот се чудел. „Боже, па овие пеат!“ Се напрегнал да разбере што пеат. „Па овие пеат духовни песни! Зар сè уште има луѓе што тоа сериозно го сфаќаат? Овде, во затвор? Долу во таа дупка секому би му секнал гласот. А тие му пеат на својот Бог!“ Кога си легнал конечно во својот кревет да се одмори, темничарот доживува страшен земјотрес. Без сомнение, тоа е од Бог! Сите врати на затворот испаднале од шарките и се отвориле. Затворениците се слободни. Темничарот скока од кревет, набрзина го облекува најнужното и гледа: Вратите стојат отворени! „Леле, моите затвореници избегаа! Сега ќе ме деградираат! Каков срам, ја загубив службата!“ Тој побргу сака да умре, да се убие. Тогаш Павле свикува одоздола: „Не прави си никакво зло! Ние сме сите овде!“

Библијата не нè известува што се случувало во неговата душа. Но на човекот веднаш му станало јасно: „Значи, постои еден жив Господ Кој им се објавува на своите слуги. Има жив Бог Кој јас сум го исмевал со сиот свој живот! Тој жив Бог би требало мене да ме отфрли! Значи, има жив Бог Кој ги знае сите мои гревови, сите мои нечисти дела! Има жив Бог, а јас сум загубен!“ Тогаш се стрчува во ќелијата на Павле и вели: „Еј, луѓе, што треба да сторам за да се спасам?“ Тој почувствувал: Неговиот живот е како дрвото во Енглише Гартен. Секогаш се врти во истиот круг. Знаете, сè си останува по старо. Но сега многу му е битно да го дознае одговорот на прашањето: „Што треба да направам за да дојдам до матицата на животот?“

Можеби ние на ова прашање би направиле голема проповед и голема морална поука. Можеби би му рекле:

„Прво изведи ме одовде!“ Но Павле му вели само една реченица: „ Прифати го Исус! Верувај во Исус Христос и ќе се спасиш и ти, и целиот твој дом!“ Темничарот немал некое големо знаење. Тој само нејасно слушнал дека Исус спасува од Божјиот гнев, од судот и од пеколот, од стариот начин на живот. И, видете, тој во еден миг добива импулс да прескокне од стариот живот - во струјата на животот и спасението. Тој станува Исусов. Понатаму се раскажува како темничарот ги изведува Павле и Сила од затворот, слуша за Исус и како уште истата ноќ се крштава за да стане Исусов. Приказната завршува со зборовите: „Се радуваше бидејќи од сѐ срце поверува во Бог.“ Така тој поминал во животната струја. Така тој дошол до мир со Бог.

Кај првиот важеше: „Му треба само уште малку.“ А другиот доживеа импулс што го пресели во матицата на спасението. Како ќе биде со вас?

### 4. Бидете сериозни со Исус!

„Сѐ мора да се промени, но како?“ Пред сѐ, најважно е да се запознае Исус!

Се случи тоа по војната. Ме повика еден управник на средно училиште: „Господине пасторе, овде има 15 момчиња. Тие завршија матура за време на војната, но тоа денес не им се признава. Мораат да посетуваат настава уште половина година. Тоа се поранешни воздухопловни поручници, артилериски натпоручници и други слични. Се разбира, тие страшно мразат одново да се вратат во школските клупи. Дали би сакале вие да им држите веронаука?“ Со страв и трепет реков „да“ и почнав со работа.

Пред мене седеа во своите излитени униформи - војници што уште мирисаа на барут. „Добар ден!“ ги

поздравив. „Јас треба да ви држам веронаука." Уште чесно не почнав со мојот увод, кога стана еден и изусти: „Како можеше Бог да дозволи една таква страшна војна?!" Друг продолжи: „Каде е тука љубовта Божја?! Тој молчи, а милиони Евреи се задушени со гас!" И така продолжуваа натаму. Постојано ме засипуваа со слични прашања. На крај ја кренав раката и реков: „Молам малку внимание! Се затрчувате како прле пред магаре. Нема никаква смисла така да зборувате за Бог! Бог е наполно таинствен и непознат. Тој се објавил само со една своја страна: Во Исус. Пред да продолжиме, мораме да дознаеме кој е Исус? Драга господа, пред да дискутирате, морате прво да го знаето Божјето откровение. Токму тоа ќе го разгледуваме. И за таа цел следниот пат да си ги донесете своите Библии." Потоа читавме: „Во почетокот ги создаде Бог небото и Земјата." Читавме за падот во грев и за Божјиот суд над отпаднатото човештво. Им остави длабок впечаток ова место од Библијата: „Мораш да сфатиш и да разбереш колкава болка и страдање донесува кога ќе го напуштиш твојот Бог." Оваа судбина ја доживуваат и народи и поединци. Потоа читавме за Исус. Во еден здив прочитавме за Неговата смрт и за Неговото воскресение. Не можам да го заборавам мигот кога настана страшна тишина, кога еден читаше, а другите слушаа. Ни застануваше здивот додека читавме за големите Божји дела преку Исус - толку ги трогна тоа, што нивната глупава дискусија од почетокот повеќе не ја ни спомнаа. Тие себе се нарекувале христијани, а немаа поим за живиот Бог, Кој нè посетил во ликот на Исус и за нас направил сè.

Затоа сериозно сфатете го повикот на Исус Христос. Исус еднаш раскажа една парабола (приказна): Еден цар приредил свадбена свеченост за својот син. Ги пратил своите слуги да канат гости: „Дојдете, бидејќи сè е

готово!“ Но поканетите почнале да си изнаоѓаат изговори. Еден рекол: „Јас радо би дошол, но се зафатив со голем бизнис, тоа ми е сега приоритет.“ Едноставно тоа може да се сфати вака (како што ми велат мене): „Вие сте пастор. За вас не важи истото што и за нас. Еден бизнисмен не може со тоа да се занимава.“ Друг вака се изговарал: „Благодарам за поканата, но јас тукуштo се оженив. Морам на меден месец. Не можам сега со тоа да се занимавам.“ И така, никој не сакал да дојде. Си ги замислувам тие луѓе како си размислуваат: „За малку ќе отидов на свадбата на царевиот син, но не ми испадна згодна прилика.“

Со мнозинството од вас се случува токму тоа: За малку и јас ќе станев чедо Божје - но ете, не ми беше згодно... Да, всушност се случи така што... Ах, јас ве молам: Прифатете го Исуса сериозно, со вера!

Има други луѓе што велат: „И јас имам некоја вера.“ Германците за време на Третиот Рајх во што сè не веруваа? - Во Фирерот, во Германија, во конечната победа, во конечното супер оружје итн. Се веруваше во семожни работи. Но не е доволно да имам некаква вера. Треба да имам мир со Бог, а тоа можам да го добијам само преку Исус. Сега ќе ви објаснам што значи вера. Тоа ќе ви го разјаснам со неколку илустрации.

Како млад пастор вршев куќни посети, одев од куќа во куќа во еден страшен кварт. Каде и да дојдов, луѓето ми ја треснуваа вратата пред носот и ми викаа: „Не купуваме ништо!“ Јас подметнував нога пред вратата и им велев: „Јас ништо не продавам. Јас сакам да ви подарам нешто! Јас сум пастор.“ „Нејќеме никакви попови!“ - ми викаа.

Еден ден дојдов во еден стан во кој од влезната врата веднаш се влегуваше во кујната. Од собата дотрча млад човек со бесен изглед на лицето. „Добар ден!“ реков

јас. „Добро де, нека ти е добар!“ „Јас сум евангелистички пастор.“ Тој се загледа во мене и се развика: „Што, што?! Уште ти ми фалеше! Да, само ти ми фалиш сега! Марш надвор! Јас во ништо не верувам, јас загубив вера во луѓето.“ Веројатно тој доживеал нешто непријатно. Јас му одговорив: „Момче, дојди да те прегрнам! Ни јас не верувам во луѓето! Ние одлично се сложуваме!“ „Како?“ - праша тој зачуден. „Како пастор вие морате да им верувате многу на луѓето!“ „Така мислиш?“ - прашав. „Жалам, но јас сум загубил вера во луѓето. Јас учествував во војната и кога ќе се сетам за сите оние нечистотии и безобразија, и за тоа дека никој за никого не се грижеше, не, благодарам. Мојата вера во човештвото се распадна и исчезна!“ „Па добро“, продолжи тој, „не разбирам зошто тогаш си станал пастор!“ „Ооо“, реков, „јас се здобив со една нова вера која не се распаѓа и не исчезнува!“ „Ха, јас баш би сакал да знам каква е таа вера.“ Тогаш јас можев да му го проповедам евангелието за Исус: „Токму довербата во Исус Христос е единствената шанса за овој свет!“ „Исус?“ - се чуди тој. „Па тоа е христијанството! Јас си мислев дека со тоа е готово.“ „Никако, тука се почнува кога сите други вери откажуваат!“

И сега ви посакувам и вам да ги отфрлите сите ваши погрешни верувања и да ја откриете довербата во Исус.

Веднаш по војната набавив еден стар Опел 4 бидејќи многу сакав да патувам. Тоа беше прекрасен стар модел. Кога за првпат се дотркалав со малиот Опел 4, еден пријател ми довикна: „Леле какво време! Пастор во автомобил! Сега треба да се пресечат сите дрвја покрај патот!“ Се налутив. „Мислиш ли ти дека сум лош возач?“ „Се разбира, верувам дека имаш и возачка дозвола!“ „Тогаш дојди и качи се!“ го убедував. „Не, ти благодарам! Уште не сум си го напишал тестаментот“ -

одврати тој. Во истиот миг наиде мојата жена. Ја викнав: „Жено, дојди ваму и качи се!“ Таа се качи, без да се премислува. И ден денес е жива! Во мигот кога го напушти цврстото тло и седна до мене, таа ми го довери својот живот мене. Така направете и вие со Исус: Доверете му го својот живот, без резерва.

Неодамна читав за еден потресен настан од Втората светска војна како, кога бил опколен Сталинград од руските армии, требало да одлета последниот германски авион. Авионот бил полн со ранети. Тогаш дошле уште војници и полесно ранети и полусмрзнати. Сите сакале да влезат, но веќе немало место. Немајќи друг начин, тие се пофаќале однадвор за крилата, за бравите, за држачите, секаде каде што можело да се држат. Тогаш авионот летнал. Кога се спуштил на безбеден аеродром, ниеден од фатените однадвор не бил веќе присутен - сите биле оддувани од воздушната струја или поради смрзнатите раце се отпуштиле. Само оние што биле внатре се спасиле.

Си мислев: Евангелието на Синот Божји, Исус, Кој умре за нас и воскресна, е таков авион за спасување. Со него може да се одлета од опсадата на безнадежноста. Во него има доволно место. Но има мноштво луѓе кои не се внатре, туку се неправилно нафатени однадвор. Додуша, се оди на Божиќ во црква. Се врши дури и крштевање, понекогаш дури се оди и во црква. Човек е крстен, но слободен си е да си верува што сака. Кога ќе се умре, тогаш треба да дојде пасторот и да потврди јавно дека тој бил добар човек. Разбирате? Луѓето само висат однадвор. Бидете уверени дека ќе бидете оддувани. Само оние внатре ќе се спасат. Дали си ти внатре?

Пеколот ќе биде полн со луѓе што знаеле за Исус, но не се качиле со Него. Сфатето го ова: Да се верува во Исус значи да се качиш Кај него. Направете го тоа

веќе еднаш. Тој е единствениот на Кого можете без резерви да Му го доверите својот живот.

На крај би сакал уште еднаш да ви го предочам Исусовиот крст. Во духот да се пренесеме во она време, да одиме кон ритчето наречено Голгота, близу до ерусалимските порти. Таму распнат на крст виси Божјиот Син. Тука, во подножјето на овој крст е единственото место во целиот свет каде што може човек да најде прошка на гревовите, да стане сѐ ново!

Во градот Либек има една прекрасна стара црква, Либечката катедрала. Таму се наоѓа една прекрасна слика на распетие што ја насликал сликарот Ханс Мемлинг во 15 век. Во 1942 имало бомбардирање на градот и црквата пламнала, па постоела опасност сѐ да изгори. Еден непознат војник, ризикувајќи го својот живот, се втурнал во црквата заедно со неколку пријатели и ја спасил сликата.

Набргу по војната јас држев предавања во Либек. Еден ден, директорот на една уметничка галерија ми рече: „Кај мене во визбата се наоѓа прочуената слика на Мемлинг. Ако сакаш да ја видиш, со задоволство ќе ти ја покажам.“ Јас не сакав да ја пропуштам таа прилика. Заедно со директорот и со уште еден пријател, отидовме во подрумот. Сликата беше прекрасна: Војници на коњи вооружени со копја, војници што фрлаат ждрепка, толпа народ, расплакани жени под крстот, фарисеи како се подбиваат. Над сите се издигаат три крста. Тогаш забележав нешто чудно: Среде таа турканица, под самиот крст имаше чистинка, едно празно место. „Тоа е чудно“, реков јас, „што има едно празно место точно под крстот на Исуса. Што сакал сликарот да каже со ова?“ Средновековните сликари всушност сакале да пренесат некоја подлабока порака со своите слики. Тие биле на некој начин експресио-

нисти. Тогаш мојот пријател ми појасни: „Мислам дека сликарот сакал да му каже на гледачот: 'Овде, под Исусовиот крст, има едно празно место. Заземи го ти!'"

Често си размислувам за таа слика и ми текнува за зборовите на песната:

Таму на крстот на Голгота,
Гревот мој вечно е закован!
Крвта на Исус се пролеа,
Знам, и за мене.

Да, јас се радувам бидејќи под Исусовиот крст има едно слободно место. И за тебе има едно слободно место. Дали твоето место ќе остане засекогаш празно?

# БЛАГОДАРАМ, НЕ!

Секое време си има специфични изреки што често се повторуваат и слушаат, и при соодветни и несоодветни прилики. Една од најпознатите изреки на денешното време е изреката „Благодарам, не!“ или „Без мене!“ Со оваа изрека ние се расфрламе околу себе и „удираме“ по нашите блиски, а понекогаш себеси смртно си наштетуваме. Изреката „Благодарам, не!“ е сосема деструктивна и животно опасна изрека. Но оваа изрека може да има и позитивна употреба. Да погледаме сега заедно како сѐ таа се употребува.

## 1. Не ја изговараме тогаш кога треба

Има една прастара случка опишана во Библијата која е многу актуелна и сега овде добро би ни дошла. Ќе ви ја раскажам.

Веројатно сте чуле за Аврам. Тој е Божји човек за кого се зборува на почетокот на Библијата: „Аврам му поверува на Бог и Бог ова му го прими за праведност.“ Аврам беше човек кој, иако знаеше дека во неговиот живот има вина, сепак живееше отворен живот пред Бог и му ги исповедаше своите гревови. Го признаваше Бог и со вера го прифати Божјето оправдување.

Еден ден, меѓу Аврам и неговиот внук Лот се создаде многу непријатна нетрпеливост. Библијата раскажува: „Аврам беше многу богат со добиток.“ Потоа: „Лот, кој одеше со Аврам, имаше многу овци и говеда.“ Потоа се случило следното: „И имаше често кавги меѓу овчарите на Аврам и овчарите на Лот.“ Се заканувало да избувне отворен судир меѓу двајцата роднини. Ви звучи ли

познато од најновата историја: „Народ без животен простор!“ - и судирите меѓу овчарите на двајцата роднини попримале сè поопасна форма. Сè почесто овчарите дотрчувале, секој кај својот господар, раскажувајќи возбудено за расправиите, кавгите и нетрпеливостите. Нетрпеливоста веќе го достигала својот максимум. И, драги присутни, што би направиле вие да бевте на местото на Аврам? Тој беше доста постар од својот внук Лот. Да бев јас на негово место, ќеречев: „Каков е тој начин на кој твоите овчари постапуваат со моите? Губете се одовде!“ Лот на ова би одговорил: „Никако! Јас имам право колку и ти. Губи се ти!“ И така кавгата би можела да оди во недоглед.

Гледате? Постоел миг кога можел да настане жесток прекин во односите на овие двајца роднини. Стариот праведник, кој секогаш оди со Бог, Аврам, го гледа својот внук и си мисли: „Кавга? Разделба? Без мене! Благодарам, не! Благодарам, не!“ И така, тој ја положил својата рака врз рамото на Лот и му рекол: „Драги мој, не смее да има кавга меѓу мене и тебе, бидејќи сме браќа!“ Потоа му предложил начин како може да се надмине проблемот, макар и на своја штета. Значи, дали треба да почне кавга? Благодарам, не!

Сега, дозволете ми, драги присутни, дами и господа, да ве прашам: Вие сите доживувате такви мигови, кога еден со друг се провоцирате. Дали и вие сте си помислиле: „Кавга? Благодарам, не!“ Дали некогаш сте реагирале така? Не, вие веројатно одушевено сте ја прифаќале кавгата. Веројатно сè уште сте скарани со Госпоѓа Шулце и со вашиот сосед. Размислете: Колку пати сте ги употребиле овие две зборчиња: „Благодарам, не!“ Господ Исус вели: „Блажени се миротворците.“ Сето наше христијанство има толку малечка вредност токму затоа што во решавачките мигови не велиме:

„Кавга? Благодарам, не!“ Напротив, во решавачките мигови потфрламе на мизерен начин.

Еве една друга случка, што со задоволство ја раскажувам. Дали ви е позната прекрасната приказна од Библијата за младиот маж по име Јосиф, кој уште како дете бил продаден во ропство од страна на своите браќа? Како роб во Египет, во тоа време најцивилизирана и најкултурна држава, тој служи во куќата на еден богат великодостојник по име Петефри. Тој Петефри имал мноштво робови и огромна куќа. Јосиф, уште од млади години склучил сојуз со Бог. Ова драги мои постои! Млад човек да му вети на Бог: „Јас Боже ќе Ти служам и ќе Те слушам!“ Но сега е сам во Египет. Гледал како другите робови крадат и лажат. Но тој не прави така. Го исмеваат. Но господарот стекнал доверба во него и сè му доверил. Знајте, христијаните ги исмеваат, но во нив може да се има доверба, бидејќи не крадат и не лажат. Јосиф постигнал морална височина и Петефри му доверил да управува со целата негова куќа и имот. Библијата тоа прекрасно го опишува, а јас уживам кога читам: „Петефри не се грижеше за ништо, освен за јадење и пиење.“ Можеби со задоволство и тоа ќе му го препуштеше на Јосиф, но сепак морал сам да јаде и да пие.

Јосиф се развил во многу убав маж. Бил облечен со вкус. Младата жена на неговиот господар еден ден го „забележала“. Таа е жена од еден идолопоклонички народ. Немала никаква работа и задолженија. Сите работи ѝ ги вршеле робовите, а таа се досадувала. Не е залудно речено: „Безделничењето е извор на сите зла.“ Тоа е голема вистина. Еден ден таа се „загледала“ во Јосиф. Почнала да му се додворува. Јосиф прво се правел дека не ја забележува. Тогаш се случила таа незаборавна сцена, кога во иста соба насамо се нашле Јосиф и жената, госпоѓа Петефри. Се појавува пред него со отворени

страсни предлози. Го влече за облеката и му вели: „Јосифе, дојди, легни со мене!“ Библијата овде дава една незаборавна сцена. Без премислување Јосиф решително вели: „Благодарам, не! Благодарам, не! Зар прељуба! Благодарам, не!“ Ах, ова се наши изреки, а луѓето од Библијата употребувале поубави зборови. Јосиф многу убаво се изразил: Тој рекол: „Како можам да направам толку големо зло и да му згрешам на Бог?!“ А ова значи токму тоа: „Благодарам, не!“

Мнозинството од возрасните и постарите што се присутни овде, кога биле во слична ситуација, не го издржале ова искушение и го направиле тој грев, направиле прељуба. Тој грев денеска веќе и не се нарекува грев. Дали тогаш сте рекле: „Бог ме гледа! Благодарам, не!“ Како би се однесувале ние на местото на Јосиф?

За жал, мислам дека ни на ум не ни паднало да кажеме: „Благодарам, не!“ „Благодарам, не! - бидејќи постои Божја наредба за чист и уреден живот. Тоа: „Благодарам, не!“ толку ретко ни паѓа на ум! Но јас ви велам: Бог внимава на сите гревови што секојдневно ги правиме. Последиците се страшни затоа што во потребниот миг не велиме: „Благодарам, не!“ Кога сме искушавани да ги погазиме Божјите заповеди, вистински миг е да го кажеме ова. Одлика на нашето време е токму неважењето на Божјите закони.

Јас еднаш држев предавање пред собир на хановерските свештеници, по повод на устоличувањето на сегашниот бискуп. Ме замолија да зборувам за темата: „Што им недостига на нашите свештеници и христијански заедници?“ Јас во предавањето реков: „Всушност, имам само едно да ви кажам: На сите ни недостига страв дека можеме да се најдеме во пеколот, дека Бог навистина сериозно ги сфаќа своите заповеди.“

Баш е добра оваа изрека: „Благодарам, не!“ Неа треба да ја примениме кога ќе нè зафати духот на „совре-

меноста“ кој ни вели да ги погазиме Божјите заповеди. Тогаш треба да речеме: „Не сакам! Благодарам, не!“

Библијата опишува една мачна сцена. Синот Божји се наоѓа на еден висок брег. Доаѓа ѓаволот (Дали знаете дека ѓаволот навистина постои? Да, тој постои! Можете слободно да ми верувате. Чесен збор!); Му се приближува и Му ги покажува сите земни царства, па му вели: „Сето ова ќе ти го дадам само ако за миг клекнеш пред мене и ми се поклониш!“ Синот Божји одговара: „Благодарам, не! Ако сака цел свет нека се поклони пред тебе, но јас нема да се поклонам.“ Господ Исус се изразил малку поубаво: „Треба да се поклонуваш само пред Бог и треба само Бог да го обожаваш!“

Зар не е прекрасно да се користи изреката „Благодарам, не!“ тогаш кога е време и место за неа? Во спротивно, ние ја злоупотребуваме таа изрека.

## 2. Го велиме тоа кога не треба

Ах драги мои, изреката „Благодарам, не!“ огромно мнозинство ја користи на погрешно место.

Пред мене стои едно момче, еден „фраер“, што би рекле. Јас му велам: „Човеку, кој знае што би се случило со тебе кога би решил да му го предадеш својот живот на живиот Бог!“ „Нее!“ - одговара тој - „Благодарам, не!“

Ние кон Бог се однесуваме како... Дозволете ми да дадам еден пример. Лекарот ми препорача секој ден по еден час да одам пеш. Така неодамна поминував извесно растојание во Есен, долж патот кај Судбанхоф. Таму крај патот видов еден стар кауч. На некои луѓе не им требал веќе и ноќе, користејќи ја маглата, незабележано го оставиле. „Нека се погрижат комуналците за него!“

Можам да си замислам каква била историјата на тој стар кауч: Веројатно е наследен од покојната баба. Но

младите си имаат модерен стан и модерен мебел. „Што да правиме сега со овој стар кауч?“ - вели мажот. „И што може да се направи со ваков стар кауч? Тој воопшто не одговара на нашиот животен стил. Којзнае какви сè црви има во него. Едноставно да го исфрлиме!“ И така го оставиле на патот.

На ист начин прави и модерниот човек со живиот Бог. Бог не се вклопува во нашиот животен стил. Не одговара на нашето модерно, плуралистичко општество. Не е во согласност со нашиот начин на мислење. Што да направиме со Бог? Да го поставиме „стариот кауч“ во црквата. И така таа е цела седмица затворена.

Пријатели! Бог не е стар кауч. Јасно!? Живиот Бог не е парче стар мебел кое ние по желба, ако не ни се допаѓа, би можеле да Го отстраниме. Дали имате претстава кој е живиот Бог? Можеби црквата е виновна што Бог станал „проблем“. Би требало трпки да нè лазат по грбот при самото спомнување на зборот „Бог“! Ах, тој рамнодушен став кон Бог: „Благодарам, не!“

Уште нешто ќе додадам. Се вели за нашиот западен свет дека е болен, не само телесно со рак и со разни други болести, туку дека е душевно болен. Дали знаете дека бројот на депресивни луѓе необично многу расте? Паметни глави размислуваат зошто нашиот стар, културен свет е болен. Еден швајцарски лекар многу мудро забележал: „Нашѐто време е сериозно болно затоа што му недостига Бог.“ Видете: во средниот век сè уште сметале на Бог. За тоа сведочат големите цркви од тоа време. Тогаш се обиделе да се ослободат од Бог. Марксизмот е еден страотен обид во овој правец. Потоа Техниката ја прогласиле за бог и на тој начин се обиделе да се ослободат од Бог. Научниците си ги испокршија прстите за да докажат: „Нема Бог!“ Маси луѓе грмат: „Религијата е опиум за народот!“ И најглупавото мало

дете прашува: „Каде е Бог?“ и продолжува да си го цица палецот. „Јас уште не сум го видел - значи не постои!“ Човекот се обидел на величествен начин да се ослободи од Бог.

Дали знаете до каде се стигнало? Не сме се ослободиле од Бога. Јас сè уште не сум сретнал атеисти што имаат храброст да изјават: „Бог не постои!“ Такви веќе нема. И ако се најде некој, тој е толку глуп, што не се ни брои. Големиот основач на модерната атомска физика, професорот Макс Планк, кратко пред својата смрт објави една книшка со наслов: „Религијата и природните науки“. Таму тој вели: „Денес, за нас научниците од природните науки, само по себе е јасно дека на крајот на сите сознанија стои Творецот.“ Дали гледате: Ние не се ослободивме од Бога!

Пред извесно време држев предавања во еден мал белгиски град. Една вечер, кога излегував од црквата, ме обиколија група младинци на возраст од околу 20 години. „Зошто не влегувате внатре?“ - ги прашав. „Ммм“, беше одговорот што го добив. Им викнав: „Тоа не е никаков одговор ’Мммх!’ Те прашувам тебе“, му реков не еден, „дали Бог е жив или не?“ Тој одговара: „Не знам.“ Му реков: „Токму тоа е страшно, човеку! Или е жив, и ти треба да си Негов, или не, и во тој случај бегај одовде.“ „Дали си отстапил од црквата?“ „Не!“ Му се обратив на еден друг: „Дали Бог постои?“ „Да, верувам во тоа.“ „О! Кажи ми: Дали се придржуваш кон Неговите заповеди?“ „Не!“ И така со ред ги прашував. Ниту еден немаше храброст да го негира постоењето на Бог, но исто така и никој не го земаше Бог сериозно. Така е насекаде.

Кога вршам посети, мажите ми велат: „Јас верувам во дедо Боже, но им препуштам на другите да одат во црква.“ Гледате? Не се негира Бог, но луѓето не се на негова страна!

Прашањето за Бог останува неразрешено, а неразрешените прашања создаваат комплекс, душевна болест, болест што ги уништува луѓето. Се уништуваме, бидејќи немаме храброст тие работи во врска со Бог да ги разјасниме. Во црквите на десет жени ќе најдете по еден маж во клупите. Каде се мажите? Јас ви гарантирам, и вие душевно ќе се уништите пред да дојдете во пеколот, бидејќи немате храброст да Му се предадете на Бог, а не можете ниту да се ослободите од Него.

Ние христијаните се наоѓаме во необична положба носејќи чудесна порака, имено дека тој Бог, кон Кого се однесуваме така недостојно, го урнал ѕидот што нè одделува од Него и дошол кај нас во ликот на Исус. Божествен Спасител дошол на светот! Не само што дошол, Тој и умрел на крст за нас. Што уште би требало Бог да стори за нас? Тој умрел на крст за тебе? Потоа станал од мртвите, ѝ задал конечен удар на смртта и направил пат кој води во живот. Во оваа ситуација ние стоиме и млако коментираме: „Да, тоа е фино, јас малку од тоа ќе си послушам, но...: „Благодарам, не!" Од ваков однос на човек му се згадува, едноставно му се повраќа!

Кога бев млад пастор, во мојот реон имав еден работник кој, секогаш кога му зборував за Исус, ме исмеваше и ме навредуваше. Кога го запрашав: „Како ќе се соочиш ти со смртта?", тој одговори: „Вие поповите постојано ги плашите луѓето со смртта! Благодарам, не!" И така ми се противставуваше. Кога умре, немаше ни 40 години. Една ноќ ме повика неговата жена, непосредно пред да умре. Отрчав кај нив и му реков: „Ова е часот кога Исус те повикува за последен пат!" Беше ужасно! Сакаше да се моли - но веќе не можеше. Му читав библиски стихови, полни со милост и утеха, но тоа не го покренуваше. Тој самиот во свое време велеше: „Благодарам, не!" Сега Бог повеќе не го сакаше! Умре во голем очај, без мир со Бог.

Ве преколнувам: Сериозно сфатете ја пораката од која здивот застанува: „Бог толку го засака светот, што го даде и својот единороден Син, за ниеден што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.“ Но Исус не застанува овде. Тој изговара зборови со неверојатна утеха: „Еве, стојам пред вратата на твоето срце и тропам.“

Пријатели, на светот има секакви христијани. Има христијани што само плаќаат данок на црквата. Фини луѓе, но многу досадни. Има христијани што одат во црква само за Божиќ. Ах вие, драги божиќни христијани! Има христијани што ги пуштаат жените да одат во црква, а тие не сакаат ни да се приближат. Има и такви што велат: „Јас сум крстен.“ Прекрасно! Но ако тоа е сè...! А има и христијани што го чуле зборот на живиот Бог: „Еве, стојам пред вратата и тропам. Ако некој го чуе мојот глас и отвори, ќе влезам кај него!“ - и велат: „Благодарам, не!“ Колку страшно! „Господе Исусе, сакам малку да бидам христијанин, тоа е толку убаво, но да Ти припаднам цел, тоа е премногу! Благодарам, не!“ Ова „Благодарам, не!“ го користиме на сосема погрешно место.

И вие не ќе бевте овде ако нешто не ве влече кон христијанството. Но внимавајте: Убавината на Христос ќе ја почувствувате само ако го слушнете Неговото тропање, ако му ја отворите вратата на своето срце и ако Го примите во својот живот!

### 3. За еден што ги имаше сите причини да каже: „Благодарам, не!“, а не гò кажа тоа

Тоа е самиот Господ Исус. Тој сосем сигурно имал причина да каже: „Благодарам, не!“ - но не рекол. Фала му на Бога што не рекол така!

Дозволете ми сега да ви раскажам една случка. Има еден дански поет по име Јакобсен. Тој напишал една потресна новела: „Чумата во Бергамо“. Бергамо е едно италијанско гратче во близината на Равена, поставено на еден рид до кој пристап има само по еден карпест пат. Во ова гратче, според Јакобсен, во средниот век се појавила чума. Страшно! Дење и ноќе ѕвонеле камбаните за мртвите. Луѓето му се молеле на Бог. Викале за помош, но напразно. Чумата косела уште пострашно. Тогаш им станало сè едно. Си рекле: „Бог е мртов!“ Ги дотркалале бочвите од визбите и почнала една општа пијанка. Почнала оргија во која настанале сексуални односи без оглед на тоа кој на кого му припаѓа. Настанала баханалија, оргија на очајот. Непрестајно цел ден. Им било сè едно. Не бил ограничуван ниту еден сетилен нагон. Сред игра некој ќе паднел потемнет во лицето. Го оставале тука да лежи. Оргијата продолжувала. „Да јадеме и пиеме, бидејќи утре ќе умреме!“

Но еден ден се сепнале. Слушнале некаква песна на мноштво гласови. Потрчале кон градските порти и, што ќе видат! По каменливиот пат кон градот се движи процесија од покајници што пеат литании: „Kyrie eleison! Господи помилуј!“ Најнапред одел еден млад монах со црн дрвен крст во рацете. Процесијата дошла до градските порти. Граѓаните на Бергамо стојат и се смеат: „Вие глупаци! Овде Бог е мртов! Доста со вашите глупави процесии. Бог е мртов! Дојдете да јадеме и пиеме, бидејќи утре ќе умреме!“

Монахот мирно продолжил со својот тежок дрвен крст кон црквата. Вратите на црквата биле ширум отворени и никој веќе не одел во неа. Целата процесија влегла внатре. Монахот го одложил крстот и го потпрел на столб. Дивата орда избезумени луѓе ги следела расплаканите покајници во црквата, смеејќи се и

подвикнувајќи. Месарот, со окрвавена престилка се качил на олтарот, грабнал пехар за причест и викнал: „Локајте! Кај нас Бог е мртов!“ Бледиот монах се качил на проповедалната и дал знак да стивнат. Настанала тишина. Потоа им рекол: „Сега ќе ви раскажам еден настан.

Кога на Синот Божји Му ги забиваа клинците во рацете и нозете и кога висеше на крст, народот Го исмеваше и го навредуваше. Дури и двата разбојника, десно и лево од Него, почнаа да Го исмеваат. Тогаш Синот Божји си помисли: 'Јас за овие луѓе не сакам да умрам. Нив тоа воопшто не ги трогнува. Зар да си го дадам животот за оваа нечиста толпа која со ништо не може да се придобие?' И така, Синот Божји си реши: 'Благодарам, не! Благодарам, не!' - и со својата божестевена сила ги отфрли клинците, скокна од крстот, ја грабна својата облека од војниците кои попаѓаа на земја, си ја наметна и летна на небо, па рече: 'Благодарам, не!' Така крстот остана празен! Нема откуп, нема спасение, нема блаженство. Постојат само смртта и пеколот!“

Така проповедал монахот. Во црквата настанала мртва тишина. Месарот веднаш беше слегол од олтарот. Стои немо пред проповедалната. Му паѓа пехарот од раце. „Нема откуп, нема спасение...?“ Овој див месар исчекорува три чекора напред, ја дига раката кон монахот и вика со продорен глас: „Ти, врати Го Спасителот на крстот! Врати Го Спасителот пак на крстот!“

Драги пријатели, монахот не раскажал како што било. Токму тоа е најпрекрасното, што Синот Божји не рекол: „Благодарам, не!“ Ако смеам да кажам, Тој сè уште страда на крстот, иако луѓето велат: „Работата, задоволствата и овој свет ни се поважни од нашето спасение.“

Овој Спасител, Кој и денес нѐ бара за да нѐ спаси, ги имаше сите причини да каже: „Благодарам, не! Правете што сакате!“ Јас да бев на Негово место, можеше светот, ако сака, да пропадне. Но Божјиот Син, Исус, не кажа: „Благодарам, не!“, туку и сега нѐ бара! Колку долго треба тебе да те бара? Кога еднаш ќе разбереш дека Исус сака да дојдеш кај Него? Кога ќе ти се отворат очите и ќе кажеш: „Мој Спасителу! Мој Откупителу!“

На крај само уште накратко.

## 4. „Без мене не можете ништо да постигнете!“

Видете, кога ние велиме „Благодарам, не!“ или „Без мене!“, на крајот ставаме извичник. Исус еднаш рече: „Без мене“, но не стави извичник на крајот. Реченицата не застанува тука. Таа во целост гласи: „Без мене не можете ништо да постигнете!“ Во ова можете со сигурност да верувате. Сѐ што правите без Него, во светлината на вечноста е безвредно.

Еднаш на улица гледав како две деца се тепаа. Едно друго мало дете што се замеша доби ќотек. Јас си мислев: „Дали и јас да се замешам?“ Тогаш доживеав потресна сцена. Детенцето се извлече од тепачката со плачни очи и со раскрвавен нос. Кога се оддалечи неколку чекори, се сврте и викна: „Ќе видите вие, јас ќе му кажам на бато!“ И забележав, сѐ си дојде на свое место. Тој има поголем брат, на кого може да му се пожали, и тој сигурно ќе му помогне. Си помислив: „Мало дете, колку е убаво што има постар брат!“ Ме обзеде голема радост бидејќи и јас во Исус имам голем брат кој е на моја страна и ќе ме брани. Колку е прекрасно што Тој брат е толку силен и своите ги штити. Тој вели: „Без мене не можете ништо да постигнете!“

Поетот Хавергал прекрасно напиша:

Свој живот дадов за тебе!
Од љубов јас доброволно,
Од грев и смрт те искупив,
Со своја крв што пролеав.

Јас ти посакувам да му кажеш на твојот Спасител, Кој толку многу сторил за тебе: „Господе Исусе, од сега ништо нема да правам без Тебе!“

# ИМА ЛИ СИГУРНОСТ ВО РЕЛИГИЈАТА?

Ова е сосема јасно: Во „религиозните“ работи не постои никаква сигурност. „Религијата“ по дефиниција е вечно трагање по Бог. Тоа подразбира вечен немир и несигурност. Но „евангелието“ е нешто сосема друго. Тоа е Божје трагање по нас. Подобро е да прашаме: „Дали во христијанството има сигурност?“

## 1. Огромна несигурност кај луѓето во врска со Бог

Морам веднаш на почетокот да забележам дека ние, денешните луѓе, сме многу смешни. Ако некој човек со добро здравје го заболи само малку нешто, веднаш трча кај доктор и го прашува: „Докторе, овде и овде ме боли. Што е тоа?“ Човекот сака точно да знае за што се работи.

Или друг пример: Семејство бара куќна помошничка. Една девојка се јавува на огласот. Домаќинката вели: „Ќе имате на располагање своја посебна соба, топла и ладна вода, телевизор, хај-фај уред. Еднаш седмично ќе добиете слободен ден.“ „Сè е тоа убаво“, вели девојката, „но јас би сакала да знам колку ќе бидам платена.“ „А, за тоа подоцна ќе се договориме“, вели домаќинката, „јас сакам прво да видам како работите.“ „Не, никако“, одговара девојката, „под тие услови не прифаќам. Јас би сакала однапред да знам колку ќе ми биде платата.“

Дали девојката има право? Секако дека има. Кога настапуваме на некое работно место, најважно прашање е „Колкава е платата?“ или: „Во каков статус ќе се најдам таму?“ Секој сака да знае каде се наоѓа. Кога се во прашање пари, секој сака да биде начисто. Така е и во сите области на животот. Сакаме да знаеме на што

сме. Но во најважната област, имено, во врска со живиот Бог, неверојатно е колку имаме нерасчистени работи.

Пред многу години зборував на еден собир во Аусбург, а тоа беше во еден шатор поставен на Плерер. Тоа е место каде што се одржуваат локални панаѓури. На организаторите им дојде една прекрасна идеја. Бидејќи сабота навечер кафеаните и местата за забава се полни со народ, тие предложија: „Да организираме собир во сабота ноќе, во дванаесет часот." Тоа не го објавивме никаде бидејќи добрите љубопитни христијани би дошле, а ние тоа не го сакавме. Моите пријатели со коли возеа по градот во единаесет и пол часот и ги обиколуваа сите места каде што имаше собири и забави, па ги собираа „ноќните птици" што излегуваа од таму непосредно пред затворањето на локалите. Тоа беа разновидни луѓе: келнери, што си одеа дома, барски дами, што добиваа слободен ден за викенд. Постојано колите го истураа својот товар пред шаторот. Во дванаесет часот, кога се качив на подиумот зад говорницата, пред себе имав публика со необичен состав, каков што сум немал никогаш во мојата кариера. Баш добро! Некои очигледно беа полупијани. Еден таков седеше точно спроти мене, некој дебелко со полуизџвакана цигара во устата, со смешна капа што моите младинци во шега ја викаа „лубеница". Си помислив: „Само да нема непредвидени проблеми!"

Почнав да зборувам. Само што го изговорив зборот „Бог", дебелкото со лубеницата извика: „Бог не постои!" Сите прснаа во смеа. Се наведнав преку пултот кон него и го прашав: „Дали си сосема сигурен дека Бог не постои? Дали можеш да потврдиш со стопроцентна сигурност?" Почна да се чешка по главата, така што лубеницата му се навали нанапред, си ја префрли цигарата во другиот крај на устата и конечно рече: „Па, добро, ова,... за тие

работи никој со сигурност не знае.“ Јас в лице му се насмеав и му реков: „Напротив! Јас сосема сигурно знам дека Бог постои!“ „Ајде де“, викна тој, „а од каде ти би можел така сигурно да знаеш за Бог?“ Јас му одговорив дека знам затоа што Исус ми кажа за Бог. И наеднаш, во собирот завладеа голема тишина.

Дали знаете на што сте во врска со Бог? Ги прашувам христијаните: Можете ли да кажете: „Би можел да се заколнам дека тужбата со моите гревови е скината и избришана, дека цената е наполно платена?“ Каков е одговорот? „Да, се надевам!“

Видете, смешно е што во врска со Бог и незнабошците и христијаните се наоѓаат во иста несигурност и неизвесност, и што така си живеат. Кога би поминал низ градот и би ги прашал луѓето: „Што мислите, дали Бог постои?“, тие би ми одговориле: „Да, би требало да постои некаков бог.“ Но ако прашувам понатаму: „Дали ти Му припаѓаш?“, ќе ми кажат: „Не знам!“ Каква невидена несигурност во врска со ова прашање си дозволуваат сериозни луѓе!

Ова што ќе ви го раскажам сега го доживеал еден од моите млади пријатели. Тој е студент и за време на летниот распуст помага на градилиштата за да си заработи за џепарлак. Еден ден неговите колеги на работа дознале дека тој учествува во евангелистичката младинска активност. Почнале да го задеваат: „Човеку, па зар ти одиш кај пасторот Буш?“ „Да.“ Почнале жестоко да му се потсмеваат: „Значи, ти во неделите одиш и во црква?“ „Секако!“ „Зар секоја недела?“ „Да, секоја недела!“ „И баш секоја недела. Ти мрднат да не си?“ „Не само тоа“, рекол тој, „јас одам и во средите на библиски проучувања!“ „Човеку, ти мора да си полудел.“ Така почнале да го напаѓаат уште пожестоко: „Поповите ги заглупуваат луѓето!“ - „Целото христијанство

потфрли, иако постои цели 2000 години!“ - „Библијата е една голема бесмислица!“

Накусо, овој млад човек бил нападнат со невидена жестокост. Но, за среќа, тој имал „слоновска кожа“, па сето тоа храбро го претрпел. Кога веќе им здодеало и кога престанале, тој им рекол: „Кога така се однесувате кон христијанството, јас претпоставувам дека сите вие и официјално сте ја напуштиле црквата.“ Сите веднаш замолкнале. Тогаш еден постар прозборил: „А што значи тоа: ’да се напушти црквата?’ Па и јас верувам во Господ. Ти се правиш како само ти да си христијанин. И јас сум христијанин. И јас верувам во дедо Боже. Потоа се придружиле и другите, велејќи: „Што се правиш дека си подобар од нас? И ние сме христијани. И ние веруваме во Господ.“ Наеднаш улогите се измениле. Сите биле единствени и викале: „И ние си веруваме во Господ. И ние сме христијани.“ Кога завршиле, мојот пријател им рекол: „Тогаш зошто ме исмевавте?“ Одговорот гласел: „Ти нè излудуваш. Со тебе не може да се разговара.“

Гледате ли! Возрасни и сериозни луѓе, градежни работници, кои како од шега можат да испијат неколку пива кога ќе се заморат, прво гневно го исмеваат христијанството, а потоа велат: „Момент! И ние сме христијани!“ Што да се каже на ова? Не е ли ова потресно? Во врска со Бог луѓето не знаат на што се. Во еден миг се однесуваат како безбожници, а во друг како христијани. Не ли е така? Се плашам дека и најголемиот дел од вас живеат вака збркано, без да имаат расчистено на што се.

## 2. Библијата зборува за прекрасна сигурност

Сега веројатно зачудено ќе прашате: „Па добро, пасторе Буш, дали има некаква сигурност во христијанската вера? Зар нема зрнце вистина во поговорката дека

во христијанството нема ништо сигурно и дека сè треба да се прифати со вера?“

Пред извесно време еден човек ми кажа еден „бисер“ какви што сум се изнаслушал во животот: „Јасно ми е дека два по два се четири, но во христијанството не може ништо да се знае, туку мора само да се верува.“ Ова е само едно од мислењата дека, кога се работи за христијанските вистини, разумот треба да се „пушти на пасење“ и да се верува на слепо. Вака мислат најголемиот број луѓе.

Или, друга слика. Пред мене застана еден човек и ми рече: „Пасторе Буш, вие христијаните ни самите не сте единствени. Постојат католици, евангелисти и многу други. Кај евангелистите пак има лутерани, реформирани и многу други. Тогаш кој е во право?“ Мене ми се чини дека и во самиот христијански свет владее убедување оти христијанската вера е најнесигурната и најнеизвесната работа на светот. Но ова всушност е огромна бесмислица.

Новиот Завет најдобро го дефинира христијанството. Таму секој ред е сосема јасен. Верувајте ми! Смешно е што и некои христијани живеат без да имаат сигурност, а тоа воопшто не им доликува. Целиот Нов Завет е јасен како бел ден и дава огромна сигурност. Јас накусо ќе ви објаснам:

Сосема е извесно дека Бог е жив! Не е тоа некое вишо суштество, не е некоја претстава, не е некоја судбина, не е некој дедо боже, туку тоа е Бог, Таткото на Исус Христос. Тој е жив! Како го знаеме ова? Тој се објавил во Исус Христос! Тоа го знаеме со стопроцентна сигурност. Отворете ја Библијата каде сакате и таму нема да наидете на разнообразни теолошки проблеми, туку јасно сведоштво: Бог е жив! Тој се објавил во Исус Христос! Човек што живее без Бог, живее погрешно, изопачено и бедно.

Тоа е сигурноста дека Тој Бог, што може и да ги уништи народите, Кој ќе суди, мене ме љуби со пламена љубов. Тоа не е некоја претпоставка, туку во Римјаните 8 јасно е кажано: „Јас сум сигурен (сигурен!) дека ниту смртта, ниту животот можат да ме разделат од љубовта Божја која е во нашиот Господ Исус Христос.“ Љубовта Божја дојде кај нас во ликот на Исус Христос! Тоа ние не го претпоставуваме, тоа со сигурност го знаеме. Каде е Божјата љубов? Тој нас нѐ засакал во Исус Христос. Христовите следбеници пеат:

Има ли на светов вакво чудо,
Какво за нас Бог што направи:
Својот Син Тој од небо го прати
Да нѐ спаси нас од вечна смрт....

Дали ја сфаќате оваа љубов? Знаете ли како таа изгледа?

Луѓето од Библијата биле сигурни дека Му припаѓале на Бог. Давид во 49 псалм вели: „...мојата душа Бог ќе ја грабне од канџите на подземјето и милосливо ќе ме прими.“ Овде нема: „Се надевам дека некогаш можеби ќе бидам спасен“, туку: „Јас знам, Тој ме примил!“ Или, на друго место: „Бог нѐ спаси од власта на темнината и нѐ пресели во кралството на својот сакан Син.“ Следбениците на Исус Христос доживеале преку Него темелна промена на својот живот и биле свесни за тоа. Или, на друго место од Новиот Завет: „Ние знеме дека преминавме од смрт во живот.“ Значи: „Ние знаеме!“ Дали и вие тоа би можеле да го кажете? Или: „Неговиот Дух му сведочи на мојот Дух дека сум Божје дете.“ Овде стои: „Јас сум!“

Библијата е недвосмислена и дава непресушна сигурност. Јас не знам од каде дошла во нашиот народ

таа бесмислена поговорка: Дека два по два се четири, јасно ми е, но во христијанството не може да се знае, мора да се верува. Дека два по два се четири тоа ми е јасно, но уште појасно ми е дека Бог е жив! Дека два по два се четири тоа ми е јасно, но дека Бог во Исус Христос нè засакал, тоа го знам уште посигурно! Луѓето што се обратиле кон живиот Бог, велат: „Два по два се четири тоа ни е јасно, но уште појасно ни е дека сме станале Божји деца!“

Да ве прашам сега јас вас: Каде можеме да најдеме во денешното христијанство ваква блескава сигурност? Каде? Зар не забележувате дека од ова произлегува оти ние сме се оддалечиле од Библијата и дека мораме да се вратиме назад. Престанете веќе еднаш со површното христијанство. Не се исплатува да се биде „само малку христијанин“. Се исплатува да се биде библиски христијанин. Тоа се исплатува. Да се биде сигурен дека Бог навистина постои, дека пламено ме љуби, дека јас смеам да бидам Негов - тоа се исплатува. Сè друго не вреди ни скршена пара.

Ваква блескава сигурност зрачи од песните на сите христијански песнарки. Да цитираме некои места:

Сигурност слатка! Исус е мој!
О, каква радост е за мене Тој!
Дете сум Божје, сигурно знам!
Откупен со крв, роден од Дух.

Христијанството не е талкање во густа магла, а вистинскиот христијански став е цврста и блескава сигурност! Или, според зборовите на песната:

Сигурен темел имам јас,
Во Исус Христос, мојот Спас,
Секој друг темел песок е!

Еве, уште еднаш да се обидам малку поинаку да објаснам. Сигурноста во христијанството значи дека Бог постои, дека Неговото откровение во Исус е вистина дури и ако цел свет отфрла дека Исус умрел за измирување на луѓето со Бог и дека потоа воскреснал за да ги спаси грешниците, дури и ако никој не сака да го искористи ова. Но сигурноста во христијанството значи и да бидеш субјективно сигурен дека Бог постои, дека се објавил во Исус, дека умрел и воскреснал. Јас за мене лично ова сум го прифатил со сигурна вера.

Дури и ако 10.000 професори му тврдат на еден млад верник дека Исус не воскреснал, тој сепак може да им докаже: „Почитувани 10.000 професори! Јас знам дека мојот Искупител е жив!" Дури и ако цел свет му противречи, верата вели: „Јас знам зошто верувам!" Дури и да ме затрупаат со мноштво научни аргументи, јас би одговорил: „Јас знам подобро!" Дури и кога цел свет би се сомневал, јас би рекол: „Јас имам сигурност!" Да, драги пријатели, толку силна е сигурноста што ја дава христијанската вера што ни се објавува во Библијата.

## Дали вие имате сигурност?

Да, сега јас морам да ве прашам: Дали вие имате таква сигурност? Дали ви недостига сигурност? Ако речете: „Јас си мислев дека сум христијанин, но не сум. Мене веќе ништо не ми е јасно!", тогаш јас не зборував напразно.

Се сеќавам на еден младински камп со моите момчиња во Холандија. Ноќе во два часот некој затропа на мојата врата. Кога отворив, пред вратата стоеше група млади во пижами. Јас ги прашав: „Што сакате?"

Еден од нив одговори: „Ние мислевме дека сме христијани, но сега сфативме дека сè уште не сме!“ Ова толку ги вознемирило, што во два часот ноќе сакаа тоа да го расчистат. Тоа е многу драгоцено. Ако сфатиме дека нашето христијанство е многу далеку од она што ни е прикажано во Библијата како една огромна сигурност, треба токму така да постапиме.

Големиот англиски проповедник од минатиот век, Сперџен, еднаш рекол вака: „Верата е шесто сетило.“ Како што знаете, човекот има пет сетила со кои го осознава светот: вид, слух, допир, вкус, мирис. Тоа се петте сетила со кои ние го осознаваме тридимензионалниот свет. Човек што ги користи само овие пет сетила прашува: „Каде е Бог? Јас не Го гледам. И Исус не Го гледам. Затоа ништо не верувам!“ Но кога Бог ќе ни подари просветлување преку Светиот Дух, ние добиваме шесто сетило. Сега можеме не само да гледаме, да слушаме, допираме, вкусуваме и мирисаме, туку можеме и да го осознаеме другиот свет. Библијата вели: „Тоа е вечниот живот, да те запознаат Тебе, единствениот вистински Бог, и Оној Кого Ти си Го пратил, Исус Христос.“ За ова е способно само шестото сетило!

Неодамна бев во Есен кај еден голем индустријалец. Тој има канцеларија во една голема деловна зграда, од каде што може да се види голем дел од градот. Откако ме воведоа низ некои простории, се најдовме лице в лице. Работата заради која дојдов кај него бргу беше завршена. Потоа почнавме разговор. Тој праша: „Интересно е што ме посети еден пастор!“ „Секако“, реков јас, „тоа е многу интересно!“ А тој продолжи: „Те молам, објасни ми, јас по војната, за време на студиите и потоа, посетував некои предавања и семинари за верата, но сепак имам некаков впечаток дека ...“ „Да“, побрзав да му помогнам, „биди слободен, јас имам јаки

нерви!“ „Имам впечаток дека христијанството, сепак, е една многу несигурна работа. Видете, нам ни држеа предавања на теми како: ’Христијанинот и стопанскиот живот’, ’Христијанинот и разоружувањето’, ’Христијанинот и вооружувањето’, ’Христијанинот и парите’, ’Христијанинот и неговата црква.’ Но никој не ми кажа што всушност значи да се биде христијанин. Тоа очигледно и тие луѓе не го знаат!“

Седев во таа прекрасна канцеларија, и поднесов в лице да ми се каже: „Очигледно, луѓето тоа не го знаат!“ Потоа реков: „О, се лажете!“ Тогаш човекот зачудено ме праша: „Можете ли да ми кажете што е тоа христијанин?“ „О, да“, реков, „тоа ќе ви го кажам кратко и јасно. Нема тука ништо нејасно.“ „Ха!“ - рече тој, уште со желба да се шегува. „Некои велат христијанинот не треба да има проблеми со полицијата, а други велат христијанин си ако си крстен во црква и погребан од свештеник!“ А јас продолжив: „Господине генерален директор, јас ќе ви објаснам што значи да се биде христијанин. Држете се цврсто. Христијанин сте ако од длабината на срцето можете да изјавите: ’Јас верувам дека Исус Христос, вистинскиот Бог, роден од вечноста од небесниот Татко, и исто така вистински човек, роден од девица Марија, е мој Господ, Кој мене, загубениот и проколнат човек, ме откупи.’ Господине генерален, и вие сте ’загубен и проколнат човек!’“ Тогаш тој климна со главата. Ова го разбра. Си призна. Такви сме. „Добро“ - реков јас, „...Кој мене, загубен и проколнат човек, ме избави, откупи и ослободи од сите гревови, од смртта и од моќта на ѓаволот, господине генерален, ... Кој ме откупи и ослободи од власта на ѓаволот!“ Тој климна со глава. Тоа донекаде му беше познато. Потоа продолжив: „...не со злато или сребро, туку со својата скапа и света крв, со своите незаслужени страдања и со

смртта за да бидам Негова своина. Господине генерален, треба да ви биде јасно дека христијанин е оној што може да каже: 'Јас сум своина на Исус; Тој ме откупи од гревот, од смртта и пеколот преку својата крв, во тоа сум сосема сигурен.'" Тогаш настана мртва тишина во канцеларијата. Потоа тој праша: „Како се доаѓа до тоа? Како да дојдам јас до тоа?" Му одговорив: „Слушајте, тукушто разбрав од вашата секретарка дека ќе одите на одмор. Јас уште денес попладне ќе ви подарам еден Нов Завет. Да си го понесете со себе и секој ден да си читате по еден дел од Јовановото евангелие и да се молите за прочитаното. Така сè ќе ви стане јасно!"

Треба да ви биде јасно дека христијанскиот став, онака како што е објаснет во Новиот Завет, е сигурност. Објективните реалности се вистина и јас субјективно, преку вера, ги примам како такви и така се спасувам. Дали имате таква сигурност? Јас не би можел да живеам кога не би знаел дека Бог ме прифатил.

Прашав едно момче: „Дали го сакаш Исус?" „Да." „Знаеш ли дали Тој те прифаќа? Дали си Негов?" „Па, не сум сосема сигурен. Уште се борам со сомневањата." „Човеку" - му реков - „јас така не би можел да живеам. Јас морам да знам дали Тој ме прифатил!" Ах, вие несигурни христијани, што не знаете дали Бог постои или не, вие што за вашата финансиска состојба многу добро знаете, а за Бога не знаете, вие всушност и не сте христијани! Според Новиот Завет, христијани се оние што можат да кажат: „Јас знам дека Исус Христос е мој Господ."

Сега би сакал да ви раскажам една убава приказна што можеби ви е позната. Генералот фон Вибан раскажувал дека еднаш, на воена вежба, јавал низ шума и така се закачил на некои гранки, па си ја скинал униформата. Генерал не смее да има скината униформа.

Кога вечерта дојавал во селото каде што бил главниот штаб, неколку војници седеле на едно ѕитче. Тој го запрел коњот и им довикнал: „Дали меѓу вас има некој шивач*)?“ Еден од војниците се исправил и рекол: „Да, господине генерале, јас сум шивач.“ Генералот Вибан му наредил: „Тогаш веднаш дојди со мене во штабот во гостилницата ’Кај јагнето’ и закрпи ми ја униформата.“ Војникот одговорил: „Но јас не знам да шијам.“ „Како тоа, не знаеш? Зар ти не си шивач?“ „Извинете, господине генерале!“, рекол војникот, „моето презиме е Шнајдер (шивач), но јас не сум шнајдер (шивач).“

Генералот фон Вибан, кога го раскажуваше овој настан, рече: „Истото може да се каже и за многу христијани. Во формуларите под ’религиозна припадност’ стои ’христијанин, евангелик’, но во реалноста сите тие би требало да кажат: ’Јас само се викам христијанин, но не сум христијанин!’“

О, колку жална состојба! Колку опасна состојба! Тие луѓе не се спасени!

А сега, да одиме чекор напред!

## 4. Како да добијам сигурност?

Сега можеби ќе прашате: „Како да добијам таква сигурност?“ Јас ви одговарам: Молете го Бога за тоа. Почнете редовно да ја читате Библијата, секој ден посветете по петнаесетина минути за „тивок час“. Сега би сакал да ви кажам нешто многу важно: До сигурност во верата не се доаѓа со помош на разумот, туку со помош на совеста.

Денес, кога разговарам со луѓето за христијанството,

---

*) Зборот „Шнајдер“ на германски значи шивач, а едновремено е и доста често име.

тие вака велат: „Ах, господине пасторе, јас никако неможам да верувам. Библијата е полна со противречности.“ „Противречности?“ - прашувам јас. „Да, на пример, таму се раскажува: Адам и Ева имале два сина, Каин и Авел. Каин го убил Авела. Така тој останал сам. Потоа отишол во далечна земја и си барал жена. Па сега, ако тие биле единствените луѓе, тој не можел да си најде жена. Пасторе, јас ова не можам да го разберам.“ Дали сте ја слушнале оваа приказна? Со оваа приказна Германците бегаат плашејќи се Бог на некој начин да не ги досегне. Јас во овој случај имам обичај да кажам: „Интересно! Имате Библија. Каде прочитавте дека Каин отишол во далечна земја и таму си барал жена?“ Тогаш се вцрвуваат. „Да!“ - прашувам јас натаму. - „Кога веќе ја отфрлате Библијата, со чија помош илјадници разумни луѓе ја спознале верата во Бог, а вие сметате дека сте од нив попаметни, вие сигурно добро сте ја проучиле. Каде точно стои тоа што го тврдите?“ Се открива дека тие едноставно не знаат. Тогаш јас им ја отворам Библијата. Таму тоа воопшто не стои напишано така, туку дека: „Каин отиде во далечна земја и ја позна својата жена.“ Тој со себе си ја понел и својата жена. Која била негова жена? Пред тоа стои дека Адам и Ева имале многу синови и ќерки. Тоа била негова сестра. Во Библијата јасно стои дека Божја волја била да ги создаде сите луѓе од еден род. Во почетокот морале меѓусебно да се женат браќа со сестри. Подоцна Бог тоа го забранил. Јасно? Јасно!

Така сета таа теорија паѓа во вода. А дали човекот сум го убедил и тој поверувал? Никако! Тој веќе приготвува нова „стапица“: „Господине пасторе, а сега, ве молам, одговорете ми на ...“ - и така разговорот продолжува. Од сето тоа едно е јасно: Јас можам на човека да му одговорам на илјада прашања, а тој сепак и пона-

таму да си остане со затемнет ум. Значи, до вера не се доаѓа со логика и разум, туку само преку совеста.

Во градот Есен мој претходник, пастор и проповедник, беше Јулиус Даман. Нему еднаш му дошол некој млад човек и му го поставил прашањето за Каин и неговата жена и слични работи. На ова Даман само одмавнал со рака и рекол: „Млад човеку, Исус Христос не дошол да одговара на лукави прашања, туку да ги спаси грешниците! Ако си ти кутар грешник, добредојден си."

Само луѓе со немирна совест, луѓе на кои им станало јасно дека: „Мојот живот не е во ред, јас не можам да излезам сам на крај со моите проблеми", само такви можат да веруваат во Спасителот. Разумот подоцна ќе им проработи и ќе се вклучи во верата.

Во една прилика доживеав нешто за што сакам да ви раскажам. Еден ден дојдов во болница и влегов во една соба каде што лежеа шест мажи. Штом влегов во собата, тие пријателски ме прифатија: „Ах, господине пасторе, баш добро што ни дојдовте! Имаме едно прашање за вас." „Ооо!", - реков јас - „едно прашање. Убаво! А што ве мачи?" Јас веќе се уплашив дека ми местат некоја „стапица". Почна еден од нив кого другите го натераа: „Вие нели, верувате дека Бог е семоќен?" „Да, токму така верувам!" „Е па, еве го прашањето: Може ли Бог да направи камен толку тежок, што не би можел да го подигне?" Дали ви е јасно за што се работи? Ако речам „да", тогаш Бог не е семоќен, а ако речам „не", пак излегува дека не е семоќен. За миг размислував како да им одговорам и си велев: „Дали да им објаснувам опширно?" Но, одеднаш тоа ми се виде глупаво и јас нему му поставив друго прашање: „Млад човеку, сега јас ќе ти поставам поважно прашање: 'Дали поради овој проблем си имал непроспиени ноќи?'" „Непроспиени

ноќи?“ запраша тој зачуден. „Никако!“ Тогаш му реков: „Слушајваму, јас морам да си ги штедам силите со цел на луѓето да им одговарам само на оние прашања поради кои не можат да спијат.“ Потоа продолжив: „Млад човеку, дали навистина имаш проблеми поради кои не можеш да спиеш?“ Одговорот уследи многу брзо: „Ах, да, се работи за мојата девојка. Таа е бремена, а ние не сме подготвени за брак.“ „А, така“, реков, „значи поради ова не можеш да спиеш. Ајде сега за тоа да разговараме!“ „Добро“ - рече тој - „но дали христијанството има некаква врска со овој проблем?“ „О да!“ - реков. „Проблемот со каменот навистина нема врска со христијанството, но со девојката, секако има. Сфатете, вие сте направиле грев. Сте ја прекршиле Божјата заповед, бидејќи сексуалните односи пред брак се забранети. Сте ја завеле девојката. Сега размислувајте како да се извлечете од овој грев. Вие сте заглавиле во грев и вина, и сега само Бог може да ви помогне, ако се обратите и се покаете, ако речете: 'Згрешив!' Дури тогаш Спасителот може да ви помогне.“ А момчето слушаше внимателно. Наеднаш му „светна!“ „Зар Исус се интересира за мојата нечиста совест? Зар може да ми помогне? Тој може да ме извлече од мојот промашен живот!“

Видовте ли? Тој сакаше да дојде до Бог преку својот разум. И стигна до една глупост! Но кога беше доведен преку совеста, веднаш му „светна“. А дали и вам ви стана јасно? До сигурноста за спасението не доаѓаме преку одговори на лукави прашања, туку ако ѝ дозволиме на нашата совест да „прозборува“ и ако кажеме: „Јас сум грешен.“ Тогаш ни се појавува Спасителот распнат на крст. Само тогаш можеме да доживееме: „Моите гревови се простени.“ И понатаму: „Тој ме прима.“ Патот секогаш води преку совеста, а не преку разумот.

Треба да ви биде јасно: Кога сакаме да дојдеме до сигурноста на спасението, дозволете ми да ви кажам, мораме нешто и да ризикуваме. Веројатно сте забележале дека црквите имаат богато обоени прозорци - витражи. За време на некој сончев ден, ако ги гледате овие прозорци однадвор, тие изгледаат темни и боите не се распознаваат. Но ако влезете внатре во црквата, тогаш наеднаш сите бои светнуваат. Слично е и со христијанската вера: Сè додека ја гледате однадвор, не можете да ја разберете. Сè ви изгледа некако темно. Мора да се влезе внатре. Мораш да се одлучиш за Исус. Мораш на Спасителот да му се довериш, да му се предадеш. Дури тогаш сè ќе ти стане јасно. Тоа е исчекор од смрт кон живот и тогаш во еден потег ќе го разбереш целото христијанство.

Исус Христос во една прилика проповедал. Илјадници луѓе дошле да Го слушаат. Наеднаш Тој кажал тешка беседа: „Вакви какви што сте, вие не можете да влезете во небесното царство! Морате наново да се родите! Вашата природа, дури и вашите најдобри дела, не се прифатливи за Божјето царство!“ Тогаш станале неколку мажи и рекле: „Ајде да си одиме одовде. Ова што се говори е скандалозно.“ Неколку жени потаму велат: „Мажите си отидоа, да одиме и ние.“ Така и жените си одат. Неколку младинци понатаму си велат: „И мажите си отидоа, и жените си отидоа. Ајде да си одиме и ние.“ Набргу се расчистил целиот простор. Веројатно било грозно. Можам да си замислам како е, бидејќи ова може и мене да ми се случи. Додека проповедам, да почнат еден по еден да си одат и на крај да останам сам, со неколкумина најверни. Така му било и на Исус! Многу непријатно чувство! Наеднаш Тој се наоѓа осамен. Илјадници си отишле, додека ги поучувал. Не сакаат повеќе да Го слушаат. Само уште дванаесет-

темина ученици стојат околу Него. Да бев јас на Негово место, можеби ќе почнев да ги молам: „Ах, ве молам, не си одите и вие. Останете со мене. Не ме напуштајте." Но Исус направил нешто сосема друго. Знаете ли што рекол? Тој рекол: „И вие можете да си одите ако сакате!" Во Божјето царство нема присила. Божјето царство е единствено царство во кое нема полиција. Тоа царство е најдоброволно од сите царства што можат да се замислат. „Ве молам, ако сакате и вие одете си!" Токму така им рекол Исус на своите ученици. Тие ги прифатиле условите. Кога 6.000 луѓе ќе тргнат во еден правец, човек со задоволство се придружува. И учениците биле во искушение да си одат, особено кога Исус им вели: „Повелете, одете!" Им ја отвора вратата ширум: „Дозволено е да се откажеш. Дозволено е да одиш во пропаст. Дозволено е да си бидеш безбожен. Дозволено е да одиш во пеколот, ако сакаш." Тогаш Петар станал и, премислувајќи се за миг, вели: „А каде да одам? Каде? Дали да се проживее со труд и мака како коњот, или да се живее во калта на гревот? И на крај да се замине, преку смртта право во пеколот. Сето тоа е безвредно." Потоа го погледнува Исуса и наеднаш сѐ му станува јасно: „Единственото што се исплатува е да се проживее животот заедно со Исус. Затоа вели: „Каде да одиме, Господе Исусе? Само ти имаш зборови за вечен живот. Ние поверувавме и сфативме (пазете: овде работи совеста!) дека Ти си Месија (на грчки: „Христос", на еврејски: „Месија". Тоа значи божествен Спасител, заб. прев.), Син на живиот Бог! Ние кај Тебе ќе останеме!"

Драги пријатели, на овој начин се доаѓа до сигурноста. Треба да се размисли за различните животни патишта и да се заклучи: Исус е единствената шанса за мене! Јас навистина би сакал да добиете таква прекрасна сигур-

ност: „Ние поверувавме и разбравме дека Ти си Христос, Син на живиот Бог.“

На крај би сакал да посветам малку време и да им обрнам посебно внимание и на оние меѓу вас што го направиле првиот чекор во верата, што му Го предале срцето на Исус, па сепак си велат: „Јас немам сигурност на спасението. Како да се здобијам со оваа сигурност? Во својот живот сè уште го гледам само гревот!“ На овие загрижени луѓе би сакал да им порачам: Зар мислите дека сигурноста на спасението се добива кога човек е безгрешен? Во тој случај би требало да чекаме сè до мигот кога ќе влеземе во небото. На секој верник, сè до последниот ден и последниот здив во овој живот, потребна му е крвта на Исус за проштавање на гревовите.

Спомнете си за приказната за загубениот син. Тој си дошол дома и рекол: „Јас згрешив!“ Татко му го прифатил и настанала веселба. Си замислувам што можело потоа да се случува: Следниот ден наутро на синот случајно му паѓа на подот шолјичката за кафе и се крши. Не е ни чудно, по толку долго отсуство и време поминато со свињи, веќе заборавил да се однесува како што треба на масата. Значи, ја испушта шолјата од невнимание. Слушајќи како таа се распарчува, му излетува пцост од устата: „Проклета да си!“ Зар татко му ќе пламне и ќе му свика: „Марш надвор! Назад кај свињите!“ Дали верувате дека така би се случило? Не! Татко му веројатно би рекол: „Во ред сине, и тоа се случува!“ Можеби би го поучил: „Драги сине, другпат внимавај подобро. Ние ќе бидеме стрпливи сè додека пак се привикнеш на куќниот ред и навиките дома!“ Сигурно не би го пратил назад кај свињите.

Видете, кога човек ќе му се предаде на Исус, ќе открие една страшна работа: Старата природа е сè уште

присутна. Сè уште има порази. Но ако и по обраќањето доживеете пораз, немојте веднаш да се разочарате, туку паднете на колена и молете се со овие три реченици: Прво: „Ти благодарам Господе, што сè уште сум Твој." Второ: Прости ми, преку Твојата пролеана крв." И трето: „Ослободи ме од мојата стара природа." Но најпрво: „Ти благодарам Господе, што сè уште сум Твој."

Дали ви е јасно? Сигурноста на спасението се состои во тоа што знам дека јас си дојдов дома, и сега се борам да станам чист и подобар, како човек што си дошол дома, а не како човек што може да биде избркан и пак треба да се враќа дома. Кога некои проповедаат: „Секој ден треба одново да го задобиваме спасението!" - прават страшна грешка. Моите деца не мораат секој ден да доаѓаат кај мене и да ми велат: „Тато, смееме ли денес пак да станеме твои деца?" Па тие се веќе мои деца! Оној што станал Божје дете, се бори да стане подобар, без да се сомнева дека ќе му биде одземена привилегијата да биде Божје дете.

Јас сега на сите вас од сè срце ви посакувам да станете наполно сигурни дека сте Божји деца!

# ДАЛИ ХРИСТИЈАНСТВОТО Е ПРИВАТНА РАБОТА?

Еве уште едно многу раширено мислење: „Религијата е приватна работа!“ Дали е ова точно? Дали христијанството е приватна работа? Или, уште поточно: Дали христијанскиот став е приватна работа?

Пред да одговорам на ова прашање, би сакал јас да поставам прашање. Замислете една монета од пет марки. Што е претставено на неа? Бројот 5 или орел? Обата! Монетата од пет марки има две страни. Така е и со прашањето: „Дали христијанството е приватна работа?“ Одговорот гласи: Обете! И да и не.

Вистинскиот, жив христијански став има две страни: една сосема приватна и една сосема јавна. Таму каде што недостига едната страна, нешто не е во ред.

Сега ќе ви ги објаснам двете страни на еден вистински христијански став.

## 1. Христијанството има една строго приватна страна

За да ви го разјаснам ова, ќе почнам со една приказна. Еднаш некој ми рече дека сум бил „раскажувач на прикаски“. Јас му одговорив: „Тоа не е срамно. Мене ми е многу страв луѓето да не заспијат в црква. Кога постојано раскажувам приказни, тие не заспиваат!“ Освен тоа, сиот живот всушност се состои од приказни - а не од теории.

Во покраината Равенсберг во минатиот век живеел еден силен проповедник, разбудувач, по име Јохан Хајнрих Фолкенинг. Со помош на неговите проповеди

целата област на Билефелд, покраината Равенсберг, доживеала големо духовно будење. Една вечер Фолкенинг бил повикан кај еден богат селанец. Тој имал голем имот и бил познат како чесен и работлив човек. Но тој многу ги мразел евангелистичките проповеди. Всушност, тој одбивал да признае дека е грешник. Сметал дека не му е потребно некој да го спасува од гревот. Често изјавувал: „Правам добро и не се плашам од никого.“

Еден ден го викнале Фолкенинг кај него, бидејќи селанецот лежел на претсмртна постела. Сакал да се причести. Фолкенинг бил човек со висок раст и неговите светли очи биле многу познати. Влегол во собата на селанецот, пристапил до креветот и почнал да го гледа долго и молкома. Најпосле рекол: „Хајнрих, јас сум многу, многу загрижен за тебе. Патот по кој одеше досега не води во небото, туку право во пеколот.“ Кога ги изговорил овие зборови, се свртил и си заминал. Селанецот се налутил и повикал по него: „И ти си ми бил некаков пастор! Зар тоа е христијанска љубов?“

Набргу се спуштила ноќ. Тешко болниот лежел буден. Во неговата совест се водела борба. „Не одиш во рајот, туку право во пеколот! Што ако навистина е така?“ Во сеќавањето му наидувале секакви гревови што ги направил до тогаш. Не го почитувал Бога. Кога ќе му се укажела прилика, ги мамел луѓето.

Во ноќите што следеле почнал да го мачи грозоморен страв. Станал многу немирен. Наеднаш сфатил дека има многу гревови и дека не е Божје дете. Сакал навистина да се обрати. По три дена пак ја пратил својата жена кај Фолкенинг: „Жено, викни го пак Фолкенинг!“

Кога Фолкенинг пристигнал, пак било доцна навечер. Селанецот зборувал возбудено со силен немир во гласот: „Пасторе, јас верувам, јас морам да се

обратам!“ „Да“ - вели Фолкенинг - „со староста ни иде и паметот! Бидејќи си во мака, сакаш да се обратиш, но желбата заради мака не е вистинска желба. Мора да биде сосема поинаку.“ Потоа се свртил и си заминал. Селанецот сега навистина збеснал. Сигурно и вие би му се налутиле на ваков пастор, зар не? Зар не било подобро за пасторот да биде малку пољубезен со еден богат селанец? Освен тоа, изгледало дека селанецот бргу ќе умре. Но Фолкенинг бил Божји човек и знаел што зборува.

Требало уште три дена за селанецот да западне во голем очај. Веќе било сосема јасно: „Морам да умрам! Каде се во мојот живот љубовта, мирот, радоста, трпението, пријателството, добрината, верата, кротоста, чистотата?“ Тој цел живот го презирал Спасителот Кој умрел за него. Го бркал Оној што му пристапувал со љубов. Чувствувал дека е на работ на пеколот и дека е безнадежно очаен човек. „Жено“, молел, „викни го пасторот!“ Таа му рекла: „Не можам повеќе. Тој ништо не ти помага. Видовме дека ништо не стори за тебе.“ „Жено, бргу викај го! Јас отидов во пеколот!“

Жена му пак отишла. Кога Фолкенинг дошол, затекол човек кој конечно сфатил: „Немојте да се лажете, Бог не може да биде изигран. Човекот што си посеал, тоа и ќе си пожнее!“ Фолкенинг седнал близу до креветот и прашал: „Одиш кон пеколот, а?“ „Да, одам кон пеколот!“ Тогаш Фолкенинг рекол: „Хајнрих, ајде да одиме на Голгота. Исус умрел и за тебе!“ Потоа му зборувал, топло и пријателски за тоа како Исус ги спасува грешниците. Но пред тоа, ние треба да сфатиме дека сме грешници. Мораме да се откажеме од заблудата дека: „Правиме добро и не се плашиме од никого!“ Мораме да се соочиме со вистината. Дури тогаш Исус спасува! Селанецот наеднаш сфатил: „Исус умрел на

крстот за мене! Тој платил за моите гревови! Тој може да ми подари праведност, каква што единствено може да помине пред Бог!“ За првпат селанецот се молел како што треба: „Боже, смилувај ми се мене грешен! Исусе, те молам спаси ме од пропаста во пеколот!“ Фолкенинг тивко си заминал. Го оставил човекот и му го препуштил на Исус. Фолкенинг си заминал спокоен, бидејќи Библијата вели: „Кој ќе го повика името на Исус, ќе се спаси!“ Кога дошол следниот ден, затекол човек што има мир со Бог. „Како е Хајнрих?“ Хајнрих му одговорил: „Тој милосливо ме прими!“ Се случило чудо!

Ете, така еден горд селанец го доживеал повторното раѓање. А сега внимавајте добро: Една ноќ, еден учен човек дошол кај Господ Исус и Му рекол: „Господине Исусе, сакам да дискутирам со тебе за религиозни прашања.“ Исус му одговорил: „За тоа не треба да се дискутира. Ако некој не се роди одново, тој не може да го види Божјето царство!“ „Како?“ - прашал човекот. „Па јас не сум во состојба да станам повторно бебе, да се вратам во утробата на мајка ми и одново да се родам!“ Исус сепак му одговорил: „Ако некој не се роди од вода и Дух, тој никако не може да влезе во Божјето царство!“ Ова е приватната страна на христијанството, кога човекот низ тесната врата ќе влезе во животот, кога ќе се роди одново, преку големото Божје чудо.

Ова не се безначајни теолошки поими. Овде се работи за вашето вечно спасение, верувајте ми! Многу е веројатно при вашата умирачка да немате покрај себе некој пастор како Фолкенинг. Ново раѓање е кога конечно ќе признаете дека Бог е во право. Тој вели дека сме загубени грешници и дека нашето срце е зло. Ново раѓање е да се копнее по Исус, единствениот Спасител на светот. Ново раѓање значи искрено да му се признае на Спасителот: „Згрешив против Небото и против

Тебе.“ Новото раѓање значи вера: „Неговата крв ме чисти од сите гревови. Тој плати за мене и ми подари праведност која вреди пред Бог.“ Ново раѓање значи јасно и решително да му се предадете на Исус. Ново раѓање е кога Светиот Дух ти вели: „Сега и ти си прифатен!“ Библијата ова го нарекува „запечатување“. Без ново раѓање никако не можеш да влезеш во Божјето царство. Оној што станал Божје дете, тој тоа го знае. Драги пријатели, кога човек се дави, и кога некој ќе го извлече на суво, тој сигурно знае дека е спасен, бидејќи пак е на суво и може слободно да дише.

Ете, тоа е приватната страна на христијанската вера. Ова секој мора сам да го искуси за да помине од смрт во живот. Вистинско чудо е кога ќе се сетам како јас преминав на страна на Господ Исус. Живеев далеку од Бог и правев секакви гревови. Сепак, Исус дојде во мојот живот. Сега јас сум негов и целта во животот ми е да предупредам колку што е можно поголем број луѓе за опасноста што им се заканува и да ги придобијам за Исус. Ве молам: Не смирувајте се додека не доживеете ново раѓање и додека не знаете со сигурност: „Исус е мој Спасител и јас сум Негов.“

Но, новото раѓање не е крај на приватноста во христијанството, туку само почеток. Следи нешто повеќе, и приватниот аспект се збогатува.

Уште од самото мое обраќање јас знаев и си велев: „Сега по секоја цена сакам да го слушам гласот на мојот Пријател!“ Така почнав да ја читам Библијата. Денес луѓето мислат дека само пасторите ја читаат Библијата. Во Есен, во близина на мојата куќа има еден парк. Јас со задоволство одам таму наутро и си ја читам Библијата додека се шетам. Луѓето што живеат во соседството ме набљудуваат. Неодамна еден ми се обрати со зборовите: „Јас секогаш ве гледам кога си го читате вашиот

миолитвеник.“ Молитвеник обично читаат католичките свештеници. Тој и не помислувал дека јас читам книга што би можел да ја чита секој човек. Библијата навистина е наменета за секого!

Кога бев на одмор со мојата младинска група од Есен, имавме обичај пред појадок да се собереме на тивка побожност од околу петнаесет минути. Најпрво ќе си отпеевме една утринска песна како, на пример, „Зората на вечноста“ и ќе го прочитавме стихот одбран за тој ден. Потоа јас одбирав еден библиски текст. Тогаш секој се повлекуваше на некое тивко место и си го читаше текстот за себе. Така прават во своите домови сите оние што поминале на страна на Исус, кои почнале еден нов, духовен живот. Тие не можат да живеат ако не го слушнат гласот на добриот Пастир и ако не разговараат со Него низ молитва. Затоа сега и јас ве молам: Оживејте ја приватната страна на христијанскиот живот на тој начин што ќе почнете да го читате Новиот Завет. Имајте тивок час на побожност наутро или навечер.

Кога ќе завршите со читањето, склопете ги дланките за молитва и речете: „Господе Исусе, сега морам да зборувам со Тебе. Денес имам напорен ден. Те молам, помогни ми во сè! Заштити ме од моите омилени гревови! Дај ми исто така и љубов кон другите луѓе! Подари ми го Светиот Дух!“ Молете се! Разговарајте со Исус! Тој е близу! Тој ве слуша! Ова спаѓа во приватната страна на христијанството. Христијанинот има комуникација со својот Господ.

Пред извесно време разговарав со еден господин што беше поверувал: „Вам ви треба секој ден четврт час тивка заедница со Исус!“ Тој одговори: „Пасторе Буш, јас не сум пастор. Пасторите имаат време за такви работи. Но јас? Па јас имам страшно многу работа.“

Му одвратив: „Слушај ти ваму! Дали си завршил некогаш сè што си планирал за тој ден? „Никогаш не сум успеал“ - призна тој. „Ете, гледаш!“ - реков јас - „тоа доаѓа оттаму што немаш петнаесетина минути побожност на почетокот на денот. Ако ти стане навика наутро да разговараш со Исус и да прочиташ неколку стихови од Евангелието и потоа да се помолиш, ќе видиш како сè ќе ти оди како песна.

Да, колку повеќе работа имаш, сè повеќе ти е потребна утринска побожност. Можеби подоцна тоа време ќе нарасне и на половина час за да имаш време на твојот Спасител да му кажеш сè што те мачи. Наеднаш сè ќе се подобри. Јас ова го велам од искуство. И мене понекогаш ми е така. Ќе станам од кревет наутро и веќе телефонот ѕвони. И весникот подготвен ме чека. Одново заѕвонува телефонот. Потоа доаѓа некој да ме посети. Тогаш цел ден сум напнат. Ништо не ми оди. Наеднаш ми текнува: „Па јас денес воопшто не разговарав со Исус! Тој немаше можност нешто да ми каже! Затоа ништо не ми оди!“

Според тоа, да резимираме: Тивкото време со Исус припаѓа на сосема приватната страна на христијанството.

На приватната страна на христијанството му припаѓа и „распнувањето“ на телото што треба да се прави секојдневно. Во мојот живот сум разговарал со многу луѓе. Сите имале поплака против некого. Жените се жалат против мажите. Мажите се жалат против жените. Родителите се жалат против децата. Децата се жалат против родителите.

Обидете се вака: Ако покажете со прст кон некого: „Ова е тој поради кого сум несреќен!“, тогаш забележете дека во истиот миг три прста од испружената рака покажуваат кон самите вас.

Верувајте ми! Кога ќе си воспоставите обичај да си имате петнаесет минути тивок час на побожност, Исус

ќе ви открие дека сиот ваш неуспех всушност доаѓа од самите вас. Бракот не ви оди бидејќи не живеете отворено пред Божјите очи. Работата не ви оди, бидејќи не одите со Бога. Христијанинот мора да се научи секојдневно да „се распнува“ на крстот, односно да ја распнува својата грешна природа.

Дозволете ми да ви пренесам едно мое лично искуство. Неодамна поминав осум дена во заедништво и одмор со педесетина соработници што работат со младинци во градот Есен. Не можам да опишам колку убаво си поминавме. Имавме голем благослов. Но сепак имаше и тешкотии. И кога за последен пат заедно ја славевме Господовата вечера (причеста), се случи спонтано еден на друг да се обраќаме и да се извинуваме: „Те молам брате, прости ми!“ Јас лично отидов кај тројца од нив и им реков: „Прости ми за начинот како ти пристапив!“ Еден од нив ми одговори: „Но ти беше наполно во право!“ „Сепак, те молам, прости ми!“ Дали разбирате? За човек од мои години не е лесно да се понизи пред едно дваесетгодишно момче. Но немаш мир додека не го сториш тоа.

Кога ќе имаш редовни тивки часови со Исус, ќе го научиш и тоа, ќе научиш секој ден да ја распнуваш на крст својата грешна природа. Тогаш ќе ти биде убаво. Ете тоа претставува приватната страна на христијанството. Ако ова не ти е познато, подобро воопшто немој да се нарекуваш христијанин.

Често одам по улици и си размислувам: „Сите луѓе што ги среќавам изгледаат како да се христијани, речиси сите плаќаат црковен данок (Во Германија секој граѓанин што има приходи плаќа црковен данок на црквата за која се определил, заб. прев.). Кога би запреле некого на улица и би го прашале: „Извинете, дали сте вие христијанин?“, би добиле одговор: „Секако!

Па јас не сум индус!“ Но кога би почнале да се распрашуваме понатаму: „Ве молам уште за некоја информација! Дали некогаш не сте можеле да спиете од радост затоа што сте христијанин?“, би добиле ваков одговор: „Што ти е тебе? Да не си се поместил од умот?“ Ете така стојат работите - христијанство без радост! Единствено што се прави е да се мрмори кога мора да се плати црковниот данок. Од радост - ни трага. Но, од мигот кога ќе доживеете ново раѓање, ќе сфатите што значат зборовите на апостол Павле: „Радувајте се секогаш во Господа, и пак ќе речам: Радувајте се!“

Драги пријатели, неодамна на моите младинци што ги поучувам им прочитав едно прекрасно место од Библијата: „Но вам, кои се боите од Моето име, ќе ви огрее Сонцето на Праведноста“ - се разбира, тоа е Исус - „и под Неговите крилја ќе има спасение.“ Колку убаво кажано! Знаете ли како продолжува текстот понатаму? Еве вака: „И вие ќе излегувате и влегувате, ќе потскокнувате како згоени телиња.“ Прекрасно опишано! Но јас многу ретко сретнувам христијани кои поради радоста што имаат Спасител „потскокнуваат како згоени телиња“. Зошто ние не можеме да сториме така? Затоа што не сме вистински христијани, ете затоа! Јас се сеќавам на мојата драга мајка. Кај неа имаше нешто од таа слободна радост во Господ. Се сеќавам на мнозина што ги знам како радосни христијани. Би сакал, како стареам, да имам сè повеќе радост во Господа. Да, но за ова треба нешто повеќе отколку „да се биде само малку христијанин!“

Ете, тоа е едната страна на христијанството. А сега: „Дали христијанството е приватна работа?“ Да, христијанството во голема мера е приватна работа.

Но, ајде сега да ја погледнеме и другата страна на монетата од пет марки. Еден вистински, жив христијанин

има и страна која во голема мера е јавна, која може секој да ја види.

## 2. Христијанството е една јавна работа

Пред сè, јавната страна на христијанството се состои во тоа јавно да се приклучиш кон некоја заедницата на христијани. Многу е важно ова што ќе го кажам сега: Вистинските христијани се придружуваат кон оние што сакаат да бидат спасени.

Секоја недела во црквите има богослужби. Зошто не сте присутни таму? „Па, добро" - вели некој - „јас си слушам богослужба преку радио (или телевизија)." Овде не зборувам за оние што се болни па не можат да присуствуваат. Тие веројатно се радуваат што имаат можност да ги користат овие медиуми. Но вашето христијанство е навистина бедно ако не одите таму каде што има вистинска богослужба, ако нешто не ве влече во заедницата на христијаните. Ова е јавната страна на христијанството.

Отприлика 300 години по Христовото раѓање (тоа е навистина многу одамна) на престолот на големото Римско царство седнал еден необичен човек, Диоклецијан. Тој бил бивш роб. Подоцна бил ослободен и бргу напредувал во кариерата, за конечно да стане цар на огромната империја. Во тоа време христијанството веќе било многу распространето. На Диоклецијан му било познато дека неговите претходници ги прогонувале христијаните. Но тој си рекол: „Не сум луд да ги прогонувам моите најдобри граѓани. Нека си веруваат што сакаат. Во моето царство секој има право да си ја негува онаа религија што ќе си ја одбере." За еден цар ова бил необичен став, но по сè изгледа, правилен, бидејќи познато ни е дека секогаш народните водачи сакаат да

владеат не само со државата, туку и со совеста на луѓето. Но, царот Диоклецијан имал еден млад совладетел по име Галерие. Тој требало да го наследи царот. Галерие еден ден му рекол на царот: „Слушај Диоклецијане! Ако христијаните станат мнозинство, царството ќе стане нестабилно. Имено, тие постојано зборуваат за некој друг цар, Исус. Треба нешто да преземеме против нив!“ „Ах!“ - одвратил Диоклецијан, „остави ме на мира! Еве веќе 250 години моите претходници ги прогонуваат христијаните и сепак не успеале да ги ограничат. Јас не би сакал пак да почнувам со тоа.“ Ова било навистина мудро. Но Галерие не мирувал и постојано досадувал: „Но христијаните се многу чудни. Тие велат дека имаат Свети Дух, што другите луѓе го немаат, тие ќе се спаселе, а другите луѓе не. Тие се вообразени луѓе. Мораш нешто да преземеш против нив!“ Диоклецијан пак останал при својот став да не ги прогонува христијаните. Но тој Галерие бил многу поздодевен отколку што можам јас да раскажам, така што конечно Диоклецијан „смекнал“ и рекол: „Па добро, ајде да ги забраниме само нивните собирања.“ Така бил издаден царски декрет: „Секој може, ако сака, да биде христијанин, но христијаните не смеат јавно да се собираат. Тоа ќе се казнува со смрт.“ Значи, христијанството станало приватна работа, но без никакви собири. Црковните водачи се собрале да се советуваат: „Што да се прави? Зар не е подобро да послушаме? Секој смее да си прави дома како сака. Никој нема да го спречува.“ Интересно е што заклучиле тие христијани од ова древно време на прогоните: „Собирањето за молитва, песните, проповедите, слушањето и жртвувањето - па тоа е составен дел од христијанската вера. Ние ќе правиме како и досега!“ И така продолжиле и натаму да се собираат во заедници како и порано. Галерие триумфирал: „Гледаш ли Диоклецијане! Тие

се државни непријатели! Тие не се покоруваат!“ Тогаш почнало најужасното прогонство на христијаните. Мнозина се покориле и рекле: „Можеме да си бидеме христијани и дома. Не одиме по заедниците.“ Така си ги спасиле животите. Но христијанската заедница рекла: „Тие се отпад. Кој не се собира во заедница, тој е отпаднат, односно не е вистински христијанин!“

Ова може да се каже и за денешните христијани. Во денешното христијанство има многу такви отпаднати. Христијаните од она време имале право кога не се покориле на царската наредба. Во Библијата јасно стои: „Не ги напуштајте своите собири, како што прават некои.“ Денес ние би рекле: „...како што прави огромното мнозинство.“ Затоа, сите што сакаат да се спасат, ги молам: Придружете им се на оние што сакаат да бидат сериозни христијани.

Има многу можности да се приклучиш. Има црковни заедници. Има домашни кругови за проучување на Библијата. Има младински групи. Јас од сè срце ве молам: Барајте заедница со верните. Еднаш еден Французин ми рече: „Некој сака да јаде харинги, друг сака да оди в црква.“ Не, не е така! Ова е многу сериозна работа. Еден оди во пеколот, друг се приклучува кон Црквата. Така е тоа! Ако навистина сакаш да станеш Христов следбеник, тогаш оди кај твојот пастор и прашај го: „Каде да се приклучам? Каде можам да слушнам повеќе за Исус?“ Оди таму каде што навистина можеш да чуеш за Спасителот. Ако некој ти рече: „Кај нас нема такво нешто“ - тоа не е вистина. Секогаш се наоѓаат луѓе што го сакаат Господ Исус. Можеби се малку на број. Можеби се по малку чудни. Но ако не земаш учество во заедницата со христијаните, твоето христијанство е мртво!

Христијанското собирање не е како што треба ако не ги содржи овие елементи: пеење, слушање, молитва, и - жртвување. Сите овие се составни компоненти на едно христијанско заедништво. Ова го правеле и првите христијани. Така се манифестира еден, од Бог зачнат, нов живот.

Има само една вистинска христијанска вера. Тоа е кога се има заедница со другите христијани. Од смрт во живот, бидејќи ги љубиме браќата. Ова значи дека, ако некој не се дружи со другите христијани, тој е духовно мртов!

Јас не можам да ја заборавам мојата прва пасторска служба во Билефелд, каде што служев како помошен проповедник во еден округ. За богослужба се собираа мал број луѓе во една голема црковна сала. Една саботна вечер, Бог ми даде можност да разговарам во еден општествен комунистички дом со „другарите“, со „слободните“ мислители, така што дискусијата се отегна до доцна во ноќта. Околу еден часот домарот нè избрка на улица. Врнеше. За првпат се најдоа собрани околу мене стотина луѓе што ме слушаа, фабрички работници од мојот округ. Стоевме под уличната светилка. Луѓето прашуваа, а јас им одговарав. Долго зборувавме за Исус, дека Тој дошол од друг свет. Уште долго зборувавме дека и тие се несреќни, дека не е вистина оти се без грев, дека во основа и тие веруваат, дека постои вечност и Божји суд. Во два часот им реков: „Сега морам да си одам, луѓе. Утре претпладне во девет и пол водам богослужба. Знам дека сите вие со задоволство би дошле таму, но се плашите еден од друг.“ Тие беа Вестфалци. Пред мене стоеше еден работник, да речеме дека се викаше Б. Беше на возраст од околу 35 години и во суштина вистински Вестфалец. „Зар јас да се плашам?“ - рече тој. „Во никој случај!“ Му реков: „Човеку, смири

се! Веднаш ќе се разгласи низ фабриката дека в недела си бил в црква, а ти се плашиш од тоа!“ „Јас да се плашам? Не, никако!“ - пак се огласи тој. Уште еднаш му реков: „Ти би дошол, но...“ „Добро!“ - рече - „ќе дојдам утре претпладне - со песнарка под мишка!“ И така, во неделата наутро, значи, само неколку часа подоцна, овој Вестфалец дојде на богослужба, марширајќи јавно низ улиците со песнарка под мишка. Многу луѓе во квартот го забележале.

Во понеделникот наутро ме посети и ми рече: „Имавте право. Во фабриката многу се возбудија што сум бил в црква. Дури сега гледам каков терор вршат: Викаме: „Да живее слободата“, но и натаму сме бедни робови на луѓе. Сè им плеснав в лице. Ја отфрлив дури и нивната литература. Те молам, кажувај ми уште за Исус!“

Ова беше мојот прв обратеник. Тој јасно покажа дека е обратен. А сè почна со неговото доаѓање на богослужба во таа мала верска заедница. Подоцна дојдоа и други, мразот почна да се крши. Бог си викна мнозина за живот. Но мене ми беше интересно што тие работници решија да дојдат кај нас и да ни се приклучат.

Јас ве преколнувам и вас, заради вашето спасение. Јас не сум пропагатор на црквата, или на пасторите, или на заедниците, или на нивните водачи. Пред сè, овде се работи за спасението: Приклучете се кон заедницата со другите христијани!

Второ, јавната страна на вистинското христијанство бара од тебе она што го имаш во Исус да го делиш со другите луѓе.

Ние во Германија се доведовме во смешна ситуација. Луѓето си мислат: „Јас плаќам црковен данок и со тоа сум им ја предал на пасторите одговорноста за ширење на евангелието.“ Понекогаш посакувам да престане ова

глупаво плаќање на црковен данок со цел, христијаните, Христовите следбеници и следбенички, да можат да кажат: Тоа не е задача само на пасторите. И наша задача е да зборуваме за Исус, секаде каде што се движиме: Во фабриката, во канцеларијата, во училиштето. Дали некогаш сте кажале: „Вистина е дека Исус е жив! Грев е да пцуеме! Срамота е да се кажуваат непристојни вицови!" Дали некому сте му признале: „Јас му припаѓам на Исус!" Тогаш луѓето ќе почнат да слушаат. Јас би додал: Сè додека немаме храброст јавно да признаеме дека Исус е наш Спасител, ние и не сме вистински христијани!

Исус рече - слушајте ме добро: „Кој јавно ќе признае дека е на Моја страна, и јас ќе се ставам на негова страна пред Мојот небесен Татко, а кој ќе се откаже од Мене пред луѓето, и јас ќе се откажам од него пред Мојот небесен Татко." Ќе биде навистина страшно кога еден ден на Божјиот суд ќе станат некои што мислат дека се „христијани" и ќе речат: „Господе Исусе! И јас верував во Тебе!" - а Исус ќе Му рече на небесниот Татко: „Јас овој не го познавам! Твојот сосед никогаш не дозна дека оди кон пеколот. Ти не го предупреди, иако го знаеше патот што води во вечен живот. Ти молчеше секогаш кога имаше прилика да ја отвориш устата и да зборуваш за својот Спасител!" Можеби вие ќе одговорите: „Да, но јас и самиот имав толку слаба вера!" Исус ќе ти каже: „Требаше и за таа своја слаба вера да кажуваш. И најслабата вера има силен Спасител! Всушност, ти и не треба да зборуваш за својата слаба вера, туку за Мене! Јас навистина не те познавам!" - „Кој ќе се стави јавно на Моја страна, и јас ќе бидам на негова страна пред Мојот небесен Татко, а кој ќе се откаже од Мене пред луѓето, и јас ќе се откажам од него пред Мојот небесен Татко." Така вели Исус, а Тој никогаш не лаже! Кога еднаш ќе собереме храброст да отвориме уста?

Морам да ви раскажам уште една приказна: Пред неколку седмици говорев во еден град од Рурската област. Состаноците ги организираше еден млад автомеханичар, еден мој пријател по име Густав. Тој стана радосен и силен сведок за Исус затоа што во решавачкиот миг научи како јавно да зборува за Исус. Тоа се случило вака:

Еден понеделник наутро, во работилницата каде што работел, сите колеги раскажувале какви сѐ срамни авантури доживеале во текот на викендот. Еден рекол: „Ние така се испијанивме, што пивото почна да ни тече низ нос!" Друг раскажувал како си поминале убаво со некои жени. „А ти Густаве, каде беше вчера?" - прашал еден од нив. Густав во тоа време бил уште практикант. „Јас бев на богослужба" - одговорил Густав. „Попладнето бев на библиско проучување кај пастор Буш, во неговата младинска група." Почнале жестоко да се подбиваат со него. На младиот Густав му се смачило. Се чувствувал глупаво. Одеднаш го опфатил бес против сите колеги и мајстори што го напаѓале и си помислил: „По која логика во христијанскиот свет е дозволено да се ракажуваат срамни работи, а не е дозволено да се признае дека човек е верен?!"

Во тој миг тој решил целата работилница да ја придобие за Исус. Почнал на колегите практиканти да им зборува насамо: „Ти ќе завршиш во пеколот! Ајде да те однесам на младинските состаноци каде што ја проучуваме Библијата. Таму ќе слушнеш за Исус!" Кога дојде време да го полага мајсторскиот испит, цела работилница беше многу изменета. Јас лично се уверив во тоа. Сите практиканти се приклучија кон нашата младинска група. Три механичари се приклучија кон една друга христијанска група. Во работилницата повеќе не се раскажуваа простачки вицови. Ако дојдеше нов

работник и ако почнеше да раскажува непристојни шеги, го предупредуваа: „Затвори си ја устата човеку, еве доаѓа Густав!“ Тие многу го почитуваа Густав, а тој денес има голем авторитет и води голема механичарска работилница. Бог него го благослови и на видлив, надворешен начин.

Јас уште еднаш прашувам: Каде се христијаните што имаат храброст да ја отворат устата и јавно да признаат дека се верни? Духовно толку ќе растеме, колку што јавно зборуваме за нашата вера.

Дали христијанството е приватна работа? Не! Ние сме должни да им зборуваме на луѓето за Исус. Престанете да молчите како страшливци! Во спротивно, на Судниот ден Исус нема да ве познава!

За време на Третиот Рајх, кога младинците од мојата група, на возраст од околу 16 - 17 години, беа масовно одведувани и мобилизирани во работни групи, јас секогаш им подарував по една мала Библија и им велев: „Внимавај добро! Кога ќе те одведат во работната група, уште првата вечер отвори ја Библијата на маса и читај ја пред сите. Отпрво тоа ќе одекне како бомба! Но веќе следната вечер ќе биде полесно. Ако тоа не го сториш уште првата вечер, после нема да ти дозволат.“ Момчињата го правеа тоа. Уште првиот ден, на масата - Библија! „Што читаш ти тука?“ „Библија!“ Тоа секогаш би одекнало како бомба, бидејќи во германското христијанство секој може да чита какво било ѓубре, но Библија не! Ова му се случи и на мојот пријател Паул, за жал тој загина во војната. Следното утро, кога си го отворил орманчето, Библијата ја немало. Се вртел околу. Едно момче се насмеало. Почнале и другите полека да се смеат. „Вие ли ми ја зедовте Библијата?“, прашал. „Мммм...“ „Каде е мојата Библија?“ „Ја зеде командантот!“ Сега му било јасно: ќе биде густо! По

дневните активности, Паул се повлекол во едно мирно ќоше и се помолил: „Господе Исусе, овде сум сосема осамен. Имам само 17 години. Те молам не оставај ме, помогни ми! Пред сè, да зборувам за Тебе!“ Потоа отишол кај командантот и затропал на вратата. „Напред!“ Командантот седел зад бирото. Пред него лежела Пауловата Библија. „Што сакаш?“ „Господине команданте, те молам врати ми ја мојата Библија. Таа е моја.“ Командантот ја зел Библијата и ја прелистувал: „Значи, твоја е?! Дали знаеш дека таа е многу опасна книга?“ „Да господине команданте, тоа ми е познато. Библијата е опасна дури и тогаш кога е заклучена во орманче. Таа внесува немир.“ Буум! Како да експлодирала бомба. Командантот се исправил: „Седни овде малку!“ Потоа почнал да раскажува: „Јас во свое време сакав да студирам теологија.“ „А потоа командантот отпадна од верата?“ прашал Паул. Така се развил еден необичен разговор во кој човек од околу 40 години му признава на едно 17-годишно момче: „Јас во основа сум страшно несреќен човек. Но не можам сега назад, би морал од многу нешта да се откажам.“ А момчето одговара: „Кутар команданте! Но Исус вреди повеќе од секоја жртва!“ Командантот го отпуштил момчето со зборовите: „Ти си среќен човек!“ „Се разбира, господине команданте!“ - потврдил Паул - и си излегол со својата Библија. И никој во логорот повеќе не го вознемирувал!

Ах, каде се христијаните кои имаат храброст да застанат на страна на нивното верување?!

Па сега, дали христијанството е приватна работа? Да! Новото раѓање и личната побожност се одвиваат во најскришните одаи на срцето!

Но, дали христијанствотото е јавна работа? Да! Христијаните се собираат во заедници на богослужба, во куќни библиски кругови, во младински групи, во

женски христијански групи, во машки христијански групи. Вистинските христијани се храбри и јавно го признаваат Спасителот. Светот треба да види дека Бог преку Исус запалил оган во срцата на луѓето.

# КОГА ЌЕ ДОЈДЕ „КРАЈОТ НА СВЕТОТ“?

Пред извесно време разговарав со еден човек индустријалец. Тој ме потупка по рамото и ми рече: „Убаво е од вас господине пасторе што ги учите младите на добро однесување!“ На ова јас му реков: „Да бидам наполно искрен, јас и не очекувам многу од тоа. Во Библијата е напишано дека човечкото срце е зло уште од најраната младост. Затоа јас мислам дека предупредувањата многу не помагаат. Моја цел е да постигнам нешто сосема друго.“ „А што е тоа што сакате да постигнете?“ „Јас најмногу од сè би сакал овие момчиња да станат сопственост на Господ Исус и да бидат Божји деца за веки веков!“ - му објаснив. „Ах“ - одврати тој - „тешки зборови, господине пасторе! Треба да се спуштиме малку на земјата!“

Зар не коментираше тој мудро? „Да се спуштиме на земјата!“ Јас гласно се насмеав и го прашав: „А на каква почва треба да се спуштиме, драги директоре? Зар не забележувате дека почвата под нашите нозе веќе одамна се ниша?“

Јас сум уверен дека човек не мора да биде директор во индустријата за да забележи дека почвата под нашите нозе е многу несигурна. Луѓето се проникнати со страв: секој би сакал да живее во сигурност, но свесен е дека сигурност нема. Некој си отвора штеден влог во швајцарска банка, некој си гради бункер во Боливија. Се надеваме дека некаде се наоѓа сигурност, но сепак претчувствуваме - сигурност никаде нема! Не случајно денес со сета сериозност ни се наметнува прашањето: „Што ќе се случи со овој свет?“ Обележје на нашето време е и прашањето што луѓето постојано си го поставуваат: „Кога ќе биде крајот на светот?“

Пред неколку години, познатиот швајцарски писател Дуренмат напишал драма што ја нарекол „Физичар". На крајот од драмата, еден физичар изнесува едно мрачно предвидување за иднината: „Не може да се исклучи можноста луѓето заемно да се уништат со атомски бомби." Делото буквално завршува со овие зборови: „И така земјата бесмислено и вечно продолжува да се врти во вселената."

Значи, се појавува визија за една мртва планета што бесцелно кружи во вселената. Кога еден модерен писател вака гледа на светот, тоа мора да го привлече нашето внимание. Сепак, јас не верувам дека крајот ќе биде таков како што предвидува овој писател. Кога ова би му го рекол на писателот Дуренмат, тој секако би ме прашал: „А зошто ти мислиш дека нема да биде така? Па тоа само што не се случило?" Јас би му одговорил: „Затоа што во Библијата пишува поинаку. Господ Исус рекол: 'Човечкиот род нема наполно да се уништи сè додека не дојде вистинскиот крај.' Значи, не е така како што тврдите вие, но сепак постојат некои сличности!"

Сега се поставува прашањето кому треба да му веруваме кога се работи за предвидувањето на иднината.

Во основа постојат две погрешни методи за откривање на иднината.

Едната метода ја практикуваше масовно Јозеф Гебелс. (Гебелс беше министер за пропаганда во времето на Хитлер, заб. прев.). Според неа јас едноставно треба да замислам нешто за иднината. Како сега да го слушам: „За пет години германските градови ќе бидат поубави од кога и да е порано." Значи, таа метода се состои од проекција на сликата на моите визии врз маглите на иднината. Таканаречените „Сведоци на Јехова" се мајстори за ова. Постарите од нас ќе си спомнат како во 1925 година на секое ќоше стоеше

залепена плаката со пораката: „Милиони луѓе што живеат сега, нема никогаш да умрат.“ Оваа изјава потекнуваше од овие таканаречени „сериозни проучувачи на Библијата“. Потоа се умираше како никогаш порано. Значи, треба да се измисли нешто убаво за иднината. Подоцна тие си го сменија името и се нарекоа „Сведоци на Јехова“. И сега веројатно настапуваат со нешто измислено.

Втората погрешна метода е да се бара помош од гатачи. Јас во ова воопшто не се разбирам, а и не сакам ништо да знам за овие методи: за гатањето, спиритизмот, пророкувањето со висок, гледањето на карти, хороскопот и што уште не. Ќе ви кажам и зошто не сакам да навлегувам во овие работи. Во мојата Библија на неколку места стои: „Вака вели Господ: Кој ќе се советува со гатач, вражач, астролог, да се истреби од Мојот народ.“ Јас му придавам огромна важност на тоа да му припаѓам на Божјиот народ и да бидам спасен. Затоа внимавам да не бидам вовлечен во овие работи. Ако некој од вас се зафатил со вакви нешта, заради спасението на вашата душа ве молам: Одете на мирно место, повикајте го Исус, признајте му го овој грев и молете за прошка!

Јас решив да верувам во Божјите зборови кажани во Библијата. Прво, затоа што тие носат печат на вистинитост и второ, затоа што луѓето од Библијата рекле: „Вака зборува Господ!“ Значи, сепак постои исправен пат да се дознае барем нешто за иднината: Библијата!

Кога воените операции во последната војна го достигнаа својот максимум, од тајната полиција ми упатија предупредување да престанам да проповедам. Не смеев да патувам по разни места и да држам говори. Ми беше дозволено да зборувам јавно само во градот

Есен. Тогаш имав доволно слободно време. Градот се уриваше под бомбите и кога ќе ги завршев библиските часови по визбите, ми останувaше доста слободно време. Ова време го користев за темелно студирање на последната книга на Библијата, Откровението на апостол Јован. Ми стана јасно дека оваа книга е необично актуелна. Затоа решив нешто од тоа што го дознав да им го пренесам и на другите луѓе.

Сега ќе ви кажам што вели Библијата за иднината.

## 1. Исус повторно ќе дојде

Ова е сосема јасно. Највожен настан што треба да го очекуваме е враќањето на истиот презрен Исус овенчан со слава!

Оној ден, кога Тој се вознесе на небото, Неговите ученици стоеја и гледаа нагоре, испраќајќи го со погледот и набљудувајќи како исчезнува во друга димензија. „Еден облак го подзеде, и го скри од нивните очи." - се вели во Библијата. Наеднаш, пред нив се појавија два ангела и им рекоа: „Овој Исус пак ќе дојде, на ист начин како видовте да се вознесува на небото!" Исус пак доаѓа! Од Божјите димензии Исус еден ден пак славно ќе дојде во нашиот тридимензионален свет! Тоа е надежта на христијаните.

Морам сега да ви раскажам како оваа, малку чудна вистина мене лично ми светна во умот и ми стана јасна. Поминаа веќе околу 35 години откако јас, како млад пастор, дојдов во една рударска област близу до градот Есен. Бев млад човек на околу 27 години, меѓу отприлика 12.000 рудари. Никој не сакаше да ми ја ислуша пораката. Среде населбата имаше еден грд плоштад, опкружен со згради за наемање на рударите. Во едно ќоше на тој плоштад останала една мала куќичка. Во

таа куќичка јас си приспособив една соба во која ги одржував моите библиски проучувања. Беше прекрасно како луѓето постепено почнаа да доаѓаат. Дојдоа неколку рудари, комунисти и слободни мислители, кои беа љубопитни да видат што сака да каже овој „поп“, потоа неколку мајчички со деца, неколку деца, и два-тројца младинци. Сепак беше многу чудно! Оваа мала заедница што полека се создаваше, ги возбуди духовите на сите луѓе во областа. На крај доживеавме постојано да бидеме вознемирувани. Еден ден ни ги скршија прозорците. Потоа напрвивме дрвени капаци. Другпат врз тие капаци затрескаа камења. Следниот пат играа фудбал со метални конзерви пред вратата што водеше во салата, така што не можевме да си го слушнеме гласот. Еднаш организираа демонстрации пред нашата саличка. Потоа гласно пееја:

Не нè плаши вишо суштество,
Ни Бог ни цар ни трибун!
А за спасение,
Сами ние ќе се грижиме!

Едновремено ние внатре пеевме:

Господ е љубов,
Ме спаси мене!...

- Тоа беа времиња!

Но еден ден навистина беше тешко. Како да се отвори пеколот и како ѓаволот лично да дојде. Се случи нешто многу чудно. Наеднаш нешто удри во вратата, нешто тешко падна на подот. Си помислив: „Сега фрлија и бомба!“ Слушнав како луѓето веднаш побегнаа. Срцето ми застана. Надвор беше необично мирно.

Полека ја отворив вратата и, што ќе видам: Надвор во калта што се беше направила од дождот лежеше голем железен крст со распетие. Ми беше познат. Го откорнале од еден католички дом за мажи што беше во близината и со него треснаа во вратата: „Еве ви го вашиот Христос! Во калта со Него!" Беше дождлива ноемвриска вечер. Крстот со распетието лежеше во калта. Стоев на тој безнадежен плоштад, опкружен со станбени згради и рударски кули. Зад мене стоеше малечката христијанска заедница. Сите се тресеа од страв. Пред нас лежеше ликот на распнатиот Спасител во калта. Си мислев: Бог имал илјада причини овој свет да го препушти сам на себе. Но Тој не го сторил тоа. Го пратил Својот Син! Божјиот Син направил нешто невидено! Тој ја зел на себе нашата вина и дозволил да биде прикован на крст. Сега, наместо човекот да падне и да го обожава овој Спасител, тој ја зема неговата слика и ја фрла во калта. Така човекот плука на подадената Божја рака за помош! Но, знаете ли што? Тие луѓе не Го мразеа толку Исус! Денешните луѓе не Го мразат Исуса во толкава мера! Тие едноставно и рамнодушно ја фрлаат во кал Неговата слика! Во мене тлееше тапа болка. Си мислев: „Што ќе стори сега Бог? Сега би требало од небото да падне оган!" Но од небото не падна никаков оган. Само дождот ромонеше, а сликата на распнатиот Спасител лежеше во калта. Од далеку се слушаше потсмешливо кикотење. Тие ме исмеваа. Но мене наеднаш ми „светна". „Секако, вака нема вечно да остане. Божјиот Син, Кој умре за светот, нема да остане вечно презрен. Ова нема вечно да трае. Тој нема вечно да ја крие Својата моќ и Својата слава. Сосема логично, доаѓа ден кога овој свет што Го презре Него, ќе мора да увиди дека Тој беше единствената шанса за нас луѓето и дека тој е Владетелот на светот. Тој ќе се врати пак во

слава!“ И таа вечер, кога стоев на дождот пред мојата мала заедница, на тоа жално место со распетието во калта и кога се вративме во нашата мала саличка, јас одново се развеселив, бидејќи во нова светлина ја доживеав пораката: Исус повторно се враќа! Застанав зад проповедалната, ја отворив 24 глава од Матеја и читав: „...и тие ќе го видат Синот човечки на облаците небесни со голема сила и слава.“ Од тогаш многу му се радувам на ова.

И така, секогаш кога ќе видам како го презираат мојот Спасител, Оној што спасува од смртта, што ги проштава гревовите, што прави човек да биде среќен и задоволен, јас се радувам, бидејќи знам дека иде ден кога ќе биде отстранет од Него овој превез на срамот, и Тој ќе дојде во слава!

Кога за првпат влегов во големата сала на Младинскиот христијански клуб во Есен, во таканаречената Вајгел-хаус, таму забележав само една единствена слика на ѕидот. Во големата сала, каде што се собираат по неколку стотици младинци, виси слика на која е претставен Исус Христос. Во долниот дел на сликата се гледа град, горе се облаци и во облаците на небото бел коњ. На коњот јава Тој, Царот, чијашто рака е прободена на крстот. На мојот претходник, пасторот Вајгел, му реков: „Ти си ја закачил само оваа единствена слика на ѕидот. Зар оваа е најпогодната слика за еден младински клуб? Да бев јас на твое место, ќе обесев некоја друга слика!“ Тој ми одговори: „Драги пасторе Буш, цела седмица нашите младинци се по канцеларии, школи, фабрики, рудници. Кога таму зборуваат за Исус, постојано ги исмеваат и ги понижуваат. Ако не сакаат да учествуваат во световниот грешен живот, тие се исмевани и напаѓани. Така често ја губат храброста. Кога ќе дојдат овде, оваа слика им вели:

Исус е победник,
Вечен победник!
Негов ќе е цел свет!

Јас лично искусив колку е голема оваа надеж. За време на Третиот Рајх во Дармштад бев затворен бидејќи во една голема сала зборував за Исус. Во колата ме седнаа до еден СС-комесар. Околу нас стоеја стотици луѓе. СС-овецот зад воланот доби наредба: „Вози!“ Но моторот не сакаше да запали. Колата си беше добра, но сепак моторот не можеше да тргне. „Вози човеку!“ - свика комесарот. Јас седев назад како уапсен покрај него. А моторот никако да тргне. Тогаш среде таа вознемирена маса луѓе се појави едно момче на скалите од црквата и запеа со продорен глас, така што сите слушнаа:

Исус е победник, вечен победник!
Негов ќе е цел свет.
По неговата смрт,
Сè му е предадено во раце!
Тој се искачи на престолот.
Да, Исус е победник!

Потоа момчето пак исчезна во толпата. Најпосле сепак автомобилот тргна, а јас му реков на комесарот: „Ти, кутар човеку! Јас сепак сум на победничката страна!“ Тој се стутка и промрмори: „И јас порано бев член на Сојузот на младите христијани.“ „А, така“, реков јас, „а денес ги апсите христијаните?! Кутар човеку, јас не би се менувал со вас!“ Така стигнавме во затворот. А мене ми се отвори видикот кон второто Христово доаѓање.

Колку помачно е времето во кое живееме, сè поважно е очекувањето на второто Христово доаѓање.

Да нема забуна: Ова повторно доаѓање на Исус Христос на земјата всушност е Негово трето доаѓање. Првото негово доаѓање беше кога дојде како човек. Тогаш Тој на почетокот лежеше во јасли како бебе во Витлеем, роден од Марија. Овој настан ние го славиме на Божиќ, ако воопшто знаеме што всушност славиме. Имено, Божјиот Син стана човек за нас да нè стори Божји деца и ние да станеме Негови браќа.

Второто доаѓање на Исус се случува во Дух - сега и денес. Тој рекол: „Ете, стојам пред вратата на твоето срце и тропам. Ако некој го чуе Мојот глас и Ми отвори, ќе влезам при него." Дали знаете зошто проповедаме за Исус? Сакаме да Му помогнеме да дојде и кај вас. Во Библијата пишува: „А на сите што го примија, им даде власт да станат Божји деца." Морате да му Го отворите своето срце!

Третпат Тој ќе дојде во слава, овде на оваа земја. Сфаќате ли? Тоа е толку логично. Дотогаш луѓето ќе ги испробаат сите можни режими на владеење: Уставна монархија, апсолутна монархија, претседателска демократија, народна демократија, диктатура и што уште не. Ќе видиме дека сите тие не се којзнае колку добри. Тогаш Исус, мојот Цар, ќе ни покаже како се владее!

## 2. Што му претходи на повторното Христово доаѓање?

Библијата вели дека светската историја ќе трае извесно време. Но потоа незабележано ќе настапи едно време во кое светската историја постепено ќе се приближи кон својот крај. Тоа време ќе го наречеме со терминот „последно време".

Библијата говори дека настапува време на сеопшта бркотија, време во кое луѓето не ќе можат да се справат со нараснатите проблеми. Тогаш ќе кулминира човеч-

ката збунетост и беспомошност. Господ Исус дава четири карактеристични белези за ова време.

Прво, Тој вели дека тоа време ќе се карактеризира со политички хаос. Исус буквално кажува: „Народ ќе се дигне против народ и царство против царство.“ Никогаш до сега немало толку многу и толку скапо платени дипломати, и не биле одржани толку многу и толку скапи мировни конференции. Сепак, никогаш во историјата немало вакво време во кое толку бесмислено народите се вооружувале, не штедејќи ги народните пари. Со парите дадени за атомското вооружување би можеле да се изградат градови и градови и да се задоволат на луѓето потребите за станови. Наместо тоа, се тврди дека морале да се вооружат. И најмалечките држави сакаат да поседуваат атомско оружје! Освен тоа, копнежот на народите за мир никогаш не бил толку голем како денес. Нам ни треба мир. Никој разумен човек не ја сака војната, но сите безумно се вооружуваат. Преку ова и се гледа политичкиот хаос на последните времиња.

Другиот знак што го споменува Исус е хаосот на полето на економијата. Исус вели: „Ќе има глад и скапотија.“ На земјата навистина се раѓа доволно храна сите да бидат нахранети. Денес, како никогаш досега, имаме многу високообразовани економисти. Сепак, никогаш немало толку сложена економија како денеска. Според податоците на ООН, половината од светското население е гладно. Зар не треба во една високоразвиена цивилизација, во која се произведуваат доволно материјални добра, сите луѓе да имаат доволно храна? Сепак тоа не ни успева. Напротив, економската конфузија расте!

Третиот знак што го спомнува Исус во врска со последните времиња е хаосот на полето на верата. Исус кажува: „Ќе речат: Еве овде е Месија, ене онде е Месија.“

Неодамна кај мене дојде еден млад човек и ми рече: „А во што всушност јас треба да верувам? Постојат римокатолици, грчки католици, реформирани, лутерани, методисти, баптисти, армија на Спасот, пентекосталци, сведоци на Јехова, новоапостолска црква, ислам будизам и така натаму. Во што треба јас да верувам?“ Му се насмевнав и му реков: „Момче, теши се, ќе дојде уште полошо! Тоа е предвидено во Библијата.“

Ова е еден знак за последното време. Луѓето не се ориентираат според Библијата и затоа ѓаволот може да ги прелаже. А Бог ова го дозволува. „Се слушаат гласови: Овој бил спасител, оној бил спасител! Хаосот на полето на религијата е страшен. Кога гледам како во големите градови луѓето трчаат од една религиозна сензација кон друга, ми се смачува. Би сакал да им кажам дека ниту еден проповедник не може да ги спаси. Ако сами не го најдете Спасителот, никој нема да ви помогне.

Постои и четврти знак на последното време: Расеаниот израелски народ треба пак да се собере во Палестина. За мене постоењето на државата Израел претставува најголем знак на нашето време, знак од кој застанува здивот. Некои велат дека тоа не бил никаков знак. Но, кога неодамна застанав на швајцарската граница за царинска проверка, пред мене имаше кола со знак на државата Израел. Си помислив: „Библиските пророштва се исполнуваат! Дури и регистарските таблички тоа го потврдуваат!“

Татко ми ми кажуваше дека во 1899 година на Евреите им бил понуден островот Мадагаскар како татковина. Но Евреите рекле: „Не! Ние имаме ветување кое гласи: Враќање во земјата на нашите татковци!“ Тогаш цел свет мислел: „Тоа е невозможно!“ Денес постои држава Израел.

Значи, последното време е карактеризирано по тоа што луѓето, и покрај сиот технички напредок, се сè

побеспомошни и сè помалку можат да ги решаваат проблемите. Беспомошноста на луѓето е очигледна. Колку ќе трае ова последно време, не можам да ви кажам. Библијата не ни дава точен број на годините. Но таа нè предупредува: „Внимавајте!“ Павле за верните вели: „Ние не сме од оние што спијат. Ние сме трезни и му припаѓаме на денот.“

Ова време на безнадежност ќе кулминира пред да дојде Христос. Треба прво да се појави антихрист, лажен Христос. Ова врме би сакал да го наречам последно време. Ние веќе ја доживуваме безнадежноста на последното време, а оваа безнадежност плаче за еден силен водач! Да, светот веќе си го вика диктаторот! Кога безнадежноста ќе го постигне својот максимум, тогаш ќе се појави еден голем и силен човек, што ќе се нарече светски спасител. Тој нема да биде вистинскиот, туку лажен Христос.

Според Библијата, тој ќе излезе од морето на народите (морето ги симболизира народите) и ќе ја преземе сета светска власт. Ние го нарекуваме овој човек антихрист. Под неговата власт светот ќе се обедини. Овој период на светската историја ќе се карактеризира со човечки пркос против Бог. Тоа ќе биде последен обид луѓето да се спасат самите себе преку политика и економски програми. Библијата на зачудувачки начин ја опишува оваа последна диктатура. За ова таа користи сликовит говор. За да се разберат овие слики, човек треба да има во себе Свети Дух. Ќе ви кажам како Библијата зборува за овој последен тиран, антихрист. Апостол Јован доживеал визија во која вели: „Стоев на морскиот песок. Наеднаш од морето излезе ѕвер, страшен ѕвер со многу глави и круни, и со голема уста која зборуваше страшни богохулства.“ Како да ја разбереме оваа необична слика?

Морето е слика за светот на народите. Кој бил на море знае дека морето е нестабилно, односно никогаш не се смирува. Така и светот на народите никогаш не е мирен. Постојано има некој немир. Последниот светски „спасител" ќе се појави од народите. Сите светски големи политичари од последните децении се прикажуваа како спасители на светот. Тие излегоа од морето на народите: Малиот Корзиканец Наполеон, безначајниот каплар од светската војна Адолф Хитлер, чевларот Сталин... Сите тие се само претходници на антихрист. Тие идат одоздола а народот среќен им вели: „Тој е еден од нас!" Но Мојот Спасител Исус Христос не доаѓа од морето на народите, туку од Божјиот свет. Тој е Син на живиот Бог!

Антихрист е наречен ѕвер. Што треба ова да значи? За луѓето во Библијата е речено: „Бог го создаде човекот според својот лик." Колку поблиску сум до Бог, толку сум почовечен. Колку човек повеќе му врти грб на Бог, толку поѕверски се однесува. Големиот непријател на христијанството, филозофот Ниче, рекол: „Најблагородниот човек е русокоса ѕверка." Тој го сфатил тоа. Антихрист ќе биде човек што целосно се откажал од Бог. Го отфлил Бога, и затоа е животно - ѕвер без срце.

Тој е животно „со многу глави". Што значи пак ова? Ова значи: Тој не е глупав! Луѓето ќе кажат: „Тој има мозок!" Тој има „лавовска муцка". Тоа значи: Тој ќе го исполни светот со својата пропаганда. За време на нацизмот се изнаслушавме говори, трештеа сите звучници. О, јас можам да си замислам како, кога тој ќе дојде со својата бесмислена пропаганда, сè ќе сруши на земја.

Тоа ќе биде последен обид на човекот да се спаси без вистинскиот Спасител, Господ Исус. Човекот ќе се обиде да се спаси без покајание и обраќање. И сите

прашања ќе се „решат“. Политичките проблеми ќе се решат, бидејќи антихрист ќе создаде светско царство. Економските проблеми ќе се решат, бидејќи сите ќе се снабдуваат преку бончиња. Религиозните проблеми ќе се решат, бидејќи тој ќе рече: „Јас сум спасител на светот. Мене обожавајте ме!“
Колку е непријатно да се увиди дека нашето време наликува на ова последно време.

Тогаш сиот свет ќе му се поклони на антихрист - единствено христијаните ќе речат: „Ние не те обожаваме!“ Секој ќе мора да добие и да носи знак на своето чело, печат, но христијаните ќе речат: „Не! Ние си имаме свој Спасител - а Тоа е Исус!“ Ќе настане прогонство. Во Библијата стои: „Кој нема да го прифати печатот, тој... нема да има право да купува и да продава.“ За ова еден толкувач на Светото писмо од Баварија, по име Оберлин, уште пред 150 години напишал: „Ова не ни е јасно. Но кога ќе дојде времето и кога ќе почне да се случува, ќе ни стане јасно.“ Нам ни се познати веќе тоталитарните држави. Јасно ни е што значи ова: Таков човек без печат нема дозвола за пристап, нема бонови за снабдување со храна, нема работна дозвола. Нека си верува што сака, но таквиот човек нема ни татковина ни права. Ова веќе се случува по светот. Кога ова го читав, бев потресен и си мислев: „Има луѓе што тврдат дека Библијата била застарена. Библијата не е застарена. Нашите погледи на светот се застарени. Библијата ни ја покажува иднината.“

Антихрист ќе толерира сè и сешто, само нема да толерира приврзаност кон вистинскиот Спасител, Господ Исус Христос. Затоа пак ќе настане големо прогонство на христијаните.

Еднаш за ова им зборував на моите деца. Мојата мала ќеркичка почна да плаче. „Дете, зошто плачеш?“ - ја

прашав. Липајќи таа ми одговори: „Тоа може да се случи секој миг." „Да", реков јас, „може.",„И што ќе биде ако не му останам верна на Спасителот?" Јас ѝ одговорив: „Тоа би било страшно. Но за ова доволно е само едно: Мораш уште денес да му бидеш верна!"

Ова време може уште утре да нè затече и ние не би имале повеќе шанси да го најдеме Исус. Тогаш нема да има повеќе богослужби. Камбаните ќе се претопат за споменици на антихрист. Од црквите ќе се направат музеи каде што ќе има изложби со фотографии од животот на антихрист, почнувајќи од неговата рана младост. Луѓето со плач ќе бараат утеха, но нема да ја најдат. Поради тоа што го отфлиле единствениот вистински Утешител, Исус, друг нема да најдат. Во книгата на пророк Еремија читам: „Бидејќи ме отфрливте, вели Господ, нема да има друг утешител за вас." Луѓето, во својот очај, ќе бидат препуштени еден на друг. Верувам дека тогаш христијаните ќе се сметаат за среќни, иако ќе одат во смрт. Единствено тие ќе имаат утешител во тоа време во кое утеха ќе нема!

Мене ме потресоа зборовите што ги изрекол Исус: „Луѓето ќе умираат од страв во очекување на настаните што треба да настапат." Во Откровението на Јован се вели дека антихрист ќе го исполни светот со восклици, фанфари, знамиња и славје. Си мислев: „Како сега ќе одат сиве овие работи заедно? Од една страна страв и напрегнато очекување, од друга страна славење на големи успеси." Но, откако ја доживеав 1933 година (доаѓањето на Хитлер на власт, заб. прев.) знам добро дека земјата може да се исполни со извици „ура", со маршеви и знамиња - па сепак да владее длабок страв од нештата што треба да дојдат.

Но, во миговите кога антихрист ќе биде на врвот на својата моќ, кога ќе триумфира и ќе си мисли дека Го

надмудрил Исуса, тогаш Бог ќе дејствува: Исус ќе дојде во слава! Оттука натаму во Библијата веќе многу и не се зборува за антихрист. Исус Христос ќе го оддува со здивот на својата уста!

Колку помрачни се времињата и колку појасни стануваат овие знаци на невидена збрканост кај луѓето и претстојната власт на антихрист, луѓето сè повеќе треба да ѝ веруваат на Библијата, да ги кренат главите и да го очекуваат Исус!

### 3. Што следи по Христовото враќање?

За ова Библијата ни дава само неколку општи насоки. Таа вели дека прво Исус ќе владее како цар илјада години на оваа земја. Можеби тоа е сликовит израз што значи дека Исус ќе владее долго време. Мене сето тоа ми е логично: прво настанува безнадежна состојба на човештвото. Потоа следи последен напор и горделив обид луѓето сами да го спасат светот, и на крај доаѓа да владее мојот Цар! А Тој знае како се владее! Одете малку и посетете ги домовите каде што владее Исус. Да, и денес има многу домови каде што владее Исус. Уште при влегувањето ќе забележите: „Овде владее некоја друга атмосфера!“

Јас познавав една млада брачна двојка. Еден ден дојде мажот кај мене и ми рече: „Сакам да му се предадам на Бог. Досега бев безбожник. Јавно зборував против Него, и не можам повеќе.“ Тогаш дознав сè. Бракот му пропаднал. Тој своевремено тврдел: „Јас ќе докажам дека човек може да има среќен брак и без Бога.“ Но сè му тргнало наопаку. Се карале над мртвото тело на првото дете што им умрело. Сега призна: „Бог е против нас. Јас се предавам.“

Јас го вршев погребот на детето и беше навистина потресно. Од едната страна таткото со неговите родни-

ни и пријатели. Од другата страна неговата убава млада жена, со својата партија. Два света, две партии - а меѓу нив мртвото дете. Беше потребна повеќе од една година додека и жената не се здоби со вера во Господ Исус. Нема да заборавам како ми пиша едно велигденско утро: „Тој воскресна и во моето срце!“ Тогаш пак се оженија и почнаа од почеток. Тие беа многу самостојни и интелигентни луѓе. Но сега сè беше како што треба.

Тој вака ми објаснуваше: „Порано сè ни одеше лошо.“ „А зошто сега добро ви оди?“ - прашав јас. Тој ми одговори со светнати очи: „Затоа што сега кај нас владее Исус! Сега мојата жена не вели: 'Јас сум главна!' И јас не велам повеќе: 'Јас сум главен!' Ние сега прашуваме: 'Што сака Исус?' Така е можно!“ Тогаш мене ми дојде оваа мисла: Кога Исус може да владее на овој начин овде по домовите, толку добро и толку прекрасно, како ли ќе биде кога ќе владее како Цар на земјата! Тоа илјадагодишно царство ќе биде нешто прекрасно. Сфаќате? Исус ќе биде цар!

О прекрасен ден!
Исусе, ти си сонце!

Откако човештвото ќе ужива среќно во ова владеење на Исус, пак ќе дојде време да се проверат нивните срца дали навистина се промениле. Тогаш и буквално ѓаволот ќе биде пуштен да ги лаже луѓето, па ќе се види дека човечкото срце воопшто не се променило и луѓето си останале исти. Библијата ни кажува дека тогаш луѓето за последен пат ќе кренат востание против Бог. Потоа ќе дојде крајот на светот. Сончевиот систем ќе се распадне. Небото и земјата ќе исчезнат. Натаму се вели: „И видов голем бел престол, и на него седеше Некој. Ги видов мртвите, и големи и мали како стојат

пред Бог. Се отворија книги. Оној, чиешто име не се најде напишано во книгата на животот, беше фрлен во огненото езеро!“

Еднаш еден човек ме праша: „Каде ќе стои тој голем престол ако сè исчезнало?“ Јас му реков: „Немој да се грижиш за тоа. Подобро грижи се како ти ќе стоиш пред тој голем бел престол!“ Човекот може да доживее вечна пропаст. Би сакал оваа страшна вистина да ја немаше во Библијата. Но оваа страшна вистина постои! Ние можеме да бидеме меѓу загубените!

Сега ќе ви раскажам една приказна. Во еден шкотски дворец се собрало друштво. Разговорот се префрлил на христијанството. Седеле околу каминот, каде што горел отворен оган. Еден постар господин ѝ рекол на домаќинката: „Од вашиот разговор разбрав дека сте христијанка. Дали сериозно верувате во она што е напишано во Библијата?“ „Да!“ „И дека мртвите ќе воскреснат?“ „Да!“ „И дека сите ние ќе бидеме судени?“ „Да!“ „И дека секој што не е запишан во книгата на животот ќе биде фрлен во пеколот?“ „Да, и тоа го верувам!“ Тогаш господинот отишол на другиот крај од салонот, каде што имало кафез со птица. Ја зел птицата од кафезот, дошол до каминот и направил движење како да ќе ја фрли во огнот. Госпоѓата уплашена му се нафрлила и му рекла: „Што правите?! Кутрата птица!“ Господинот се насмеал: „Слушајте ме! Вам ви е жал за ова кутро животинче, а вашиот таканаречен Бог на љубов да фрли во оган милиони луѓе. Каков Бог на љубов е тоа?“ Завладеала тишина, а потоа дамата рекла: „Вие се лажете! Бог никого не го фрла во пеколот. Таму секој сам трча и доброволно се одлучува. Бог сака да ги спаси сите луѓе!“

Библијата ни го опишува последниот суд со потресна слика: „Ги видов мртвите, и мали и големи, како стојат пред Бог.“

Луѓето многу ја напаѓаат оваа порака за Божјиот суд и велат: „Тоа не е вистина!“ Еден мој млад пријател го запрашале во фабриката каде што работи: „Зар навистина веруваш дека ќе има Страшен суд?“ „Да, верувам во тоа.“ Тој што го прашал се засмеал: „Глупости! Колку луѓе сега се живи? Колку досега живееле? Замисли, секој посебно да биде суден. Па колку ќе трае тоа!“ А на ова младиот човек му рекол: „Кога ќе дојде тој час, ќе имаме многу време. Ништо друго нема да мораме да работиме.“

Да, Бог има време за секого од нас. Со ова Бог сака да ни каже дека секого го сфаќа сериозно, бидејќи и секого посебно ќе го суди. Бог покажал дека нѐ сфаќа сериозно, со тоа што го дал својот Син да умре за нас. Ако вие тоа го отфрлите и си го проживеете својот живот во грев, попусто и бесмислено, и тоа Бог ќе го сфати сериозно. Сето тоа ќе се открие на Судниот ден.

Библиската визија, пак, за далечната иднина завршува вака: „И видов ново небо и нова земја, каде што владее правда.“ Тој нов свет е насликан во Библијата со надреалистички бои, тешко сфатливи за нас; но едно е јасно: Бог тогаш си го остварил својот план во целост. Тие што се запишани во книгата на животот ќе го населуваат тој нов свет и ќе бидат слични на Него, на Божјиот Син. Тоа е свет без полиција, без затвори, без судови, без ѓавол, без војна, без болки, без грев, без смрт! Сами прочитајте за ова во прекрасните глави 21 и 22 од Откровението. Тоа се надреалистички слики што ги надминуваат сите наши поими, бидејќи нам ни е познат само овој свет каде што владее грев, страдања и смрт. Јас би сакал да имам дел во тој нов свет. А ти?

Би сакал да истакнам уште неколку работи: Колку повеќе ги проучувам овие завршни настани од Библијата, сè повеќе ме мачи фактот дека на крај ќе има само два вида луѓе: Спасени и загубени. Некој можеби ќе каже: „Во цел свет мошне малку луѓе се грижат за Исус!“ Јас би додал: „Бројот на загубените може да биде и голем!“ Нашите татковци вака се молеа за царството Божје: „Иако нема многу таму, нека бидам јас меѓу нив!“

На крај ќе има само спасени и загубени. Дозволете ми да го кажам и следното.

Прво, збор-два за загубените. Мојот пријател Паул Хумбург ми раскажа во една прилкика: „Сонував сон. Тоа беше денот на Старшниот суд. Слушнав како Исус ги брка загубените: 'Одете си од мене проклети!' Токму така стои во Библијата! Ги видов како одат избркани, со наведена глава, во очај и ужас. Потоа забележав како еден го праша другиот: 'Го виде ли тоа?' 'Да', одговори другиот, 'го забележав: Раката што нè избрка беше прободена! Таа била на крстот прободена и за нас, но ние за тоа не се грижевме. Сега со право сме загубени луѓе!'“

Сфатете: Па тој умрел и за вас! Без оглед на тоа во што верувате и дали сте безбожни, треба да знаете: Исус умре за вас! Сега дојдете кај овој Господар! Ако речете: „Јас сум грешник!“, јас ќе ви одговорам: „Тој токму грешниците ги бара! Други луѓе и нема!“ Ако некој рече дека е добар, тој лаже. На тие што се загубени не им треба Спасител. Тие се толку загубени, што и не забележуваат дека им треба Спасител!

А сега збор-два за спасените. Во библискиот опис на идниот свет се вели дека новиот главен град, новиот Ерусалим, ќе има дванаесет огромни, скапоцени темелни

камења. На нив ќе бидат напишани имињата на дванаесеттемина апостоли, сведоци на евангелието. Се обидувам да го замислам тоа. На еден камен стои „Петар", па „Јован", „Јаков"... На еден од камењата стои натпис „Матеј". Дали знаете од какво потекло е Матеј? Тој во почетокот бил страшен лажго, измамник и црноберзијанец. Еден ден, кога седел во својата, од народот омразена канцеларија, поминал Исус и го викнал да му биде следбеник. Така Леви (така му било вистинското име) оставил сè и тргнал по Исус. Тој доживеал да го види Спасителот како умира за него. Доживеал да види и како воскреснал. Бил присутен и кога Исус се вознел во невидливиот свет. Го доживеал и испраќањето на Светиот Дух, според ветувањето на Исус.

Подоцна веројатно пријателите го молеле: „Ти толку многу доживеа со Исус, зошто тоа не го напишеш во една книга!" Така тој го напишал Евангелието според Матеј, кое сега ние го имаме во Библијата и во кое милиони луѓе го нашле Исус. Неговото ново име „Матеј" во новиот свет стои на видно место, име на еден, некогаш нечесен човек кого Исус го спасил и преобразил. Ете, толку силна е милоста на Исус Христос! Токлу силен Спасител е Тој!

Оваа милост сега сака да дејствува и во твојот живот. Не спротивставувај се. Се работи за твоето спасение, сега и за вечност.

# КАКВА Е ПОЛЗАТА ОД ЖИВОТОТ СО БОГ?*

Денешната тема гласи: „Каква е ползата од животот со Бог?“ Би можеле исто така да се запрашаме: „Дали се исплаќа да се биде христијанин?“ За ова морам најнапред да ви цитирам едно место од Библијата. Во писмото до Ефешаните се вели: „Нека е фален Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Кој нѐ благослови со секаков духовен благослов во небесни добра преку Христос.“ Овој цитат на чудесен начин зборува за богатиот благослов што го имаат христијаните преку Исус. Но пред да дојдам до самата тема, морам прво да расчистам со една претпоставка. Прво што сакам да кажам е дека:

## 1. Животот со Бог не е никаква илузија!

Да, животот со Бог не е некоја вообразба, не е некоја илузија! Сакам ова да ви го разјаснам.

Како пастор што работел во голем град, сум имал многу интересни средби. Неодамна сретнав еден млад човек и му реков: „Човеку, што би станало од тебе кога твојот живот би му припаднал на Бог!“ „Ах, пасторе Буш“ - рече тој, „приземји се малку!“ Дали ви е познат овој израз? Со ова тој сакаше да каже: „Биди малку реален. Па Бог не постои!“ Јас му реков: „Човеку, тоа е нешто најново што сум го чул!“ Тој ми одговори: „Вни-

*) Ова е последна проповед на пасторот Буш што ја одржа на 19 јуни 1996 г. во Sassnitz. Кога се врати од евангелизациското патување, тој се прибра дома кај Бог, на 20 јуни 1996 г.

мавајте на ова што ќе го кажам: Луѓето некогаш се чувствувале беспомошни во однос на силите на природата, и така си замислиле дека има некои сили што би можеле да им помогнат. Едни таа сила ја нарекле Алах, други Бог, трети Јехова, четврти Буда, петти... како ли уште не. Но во меѓувреме се утврдило дека сето тоа е една празна замисла и дека небото всушност е празно!" Така овој млад човек ми одржа една убава лекција. Кога заврши, јас му одвратив: „Ах, драги мој, ти не го познаваш Исус!" „Исус?" - праша тој. „Па Тој е исто така еден од многуте религиозни водачи." „Не, тоа е страшна грешка!" - му реков јас. „Тоа е фатална грешка, драги мој. Јас ќе ти кажам Кој е Исус. Откако го запознав Исуса, јас оттогаш знам дека Бог е жив. Без Исуса ние ништо не знаеме за Бог!" Тогаш му објаснив кој е Исус.

Кој е Исус? Би сакал и вам да ви објаснам со еден пример.

Во мојот живот сум доживеал многу работи. Често сум бил по затвори, не затоа што сум украл нешто, туку поради мојата вера. За време на Третиот Рајх нацистите не сакаа младински пастори како мене, и затоа ме затвораа по грозни затвори. Една казна одлежав во еден посебно одвратен затвор. Целата зграда беше од бетон, но ѕидовите беа толку тенки, што се слушаше кога некој кашла во ќелијата под мојата и кога некој на третиот кат паѓа од кревет. Јас седев во една мала ќелија како дупка. Во ќелијата до мене доведоа некој нов затвореник, уапсен од тајната полиција. Човекот беше во ужасен очај. Низ тенкиот ѕид го слушав како плаче цели ноќи. Слушав како се превртува на својот кревет. Често слушав како придушено липа. Страшно е да се слуша како плаче маж. За време на денот во затворот не е дозволено да се лежи на креветот. Така, постојано слу-

шав како тој оди по ќелијата, два и половина чекори наваму, два и половина чекори натаму, како животно во кафез што оди наваму-натаму. Понекогаш го слушав како воздивнува. А јас во мојата ќелија го имав Божјиот мир! Кога слушнав како мојот сосед е во очај, си помислив: „Морам да се сретнам со него. Морам да зборувам со него. Па јас сум душегрижник." Тогаш го повикав стражарот. Тој дојде. Јас му реков: „Слушајте! Покрај мене има очаен човек. Тој умира од очај. Јас сум пастор, пуштете ме да одам кај него. Би сакал да зборувам со него." Тој одговори: „Ќе прашам за ова." По еден час се врати и рече: „Не е дозволено! Одбиено е!" И така, јас не го видов оној човек, а ми беше при рака. Не знам како изгледаше, дали беше млад или стар, јас само го чувствував неговиот потресен очај. Дали можете тоа да си го претставите? Понекогаш застанував пред ѕидот и си мислев: „Кога би можел да го скршам овој ѕид и да преминам кај него!" Но не можев да го пробијам тој ѕид, колку и да мавав по него.

Но, внимавајте добро на ова што ќе го кажам! Во онаа состојба во која се наоѓав тогаш, беше присутен и живиот Бог, Творецот на набото и Земјата. Ние сме затворени во видливиот тридимензионален свет. Бог е сосема близу. Библијата вели: „Ти ме окружуваш од сите страни." Бог е на дланка растојание од нас. Но меѓу Него и нас има бариера од некоја друга димензија. Низ таа бариера до Божјите уши допира лелекот од овој свет. Тој ги слуша клетвите на огорчените, плачот на осамените срца, болката на оние што стојат покрај гробовите, воздишките на оние што страдаат поради неправдите. Сето тоа го притиска Божјето срце, како мене што ме притискаше очајот на човекот во ќелијата покрај мојата.

Но, замислете, Бог може да го стори она што јас не можам. Еден ден, Бог го урнал ѕидот што стои меѓу Него

и нас и дошол во нашиот видлив свет - во Својот Син Исус! Разбирате? Во Исус, Синот Божји, Бог дошол кај нас, во сета нечистотија и беда на овој свет! Откако го познавам Исус, јас знам дека Бог постои. Имам обичај да кажам: Откако дошол Исус, да се побива Бог е обично незнаење.

Сега ќе ви зборувам за Исус. Во моите предавања јас со најголемо задоволство би зборувал за Исус, но тогаш времето би ми било премногу кратко за ваква богата и прекрасна тема. Значи, Исус се родил во Витлеем, пораснал и станал возрасен маж. Надворешно на него не се забележувало ништо од Божјата слава, па сепак, луѓето нешто ги привлекувало кон Него. Тие чувствувале: Во Него Божјата љубов и милост дошле при нас!

Кананската земја, во која живеел тогаш Исус како член на израелскиот народ, била окупирана од странски трупи, имено, од Римјаните. Во градот Капернаум, како местен командант бил еден римски офицер - капетан, заповедник над 100 војници. Можеби не сте знаеле - Римјаните верувале во многу и разни богови, но во суштина, во никаков вистински Бог. Овој римски капетан меѓу своите слуги имал еден човек што особено му бил драг. Тој човек бил тешко болен, на умирање. Многу лекари го прегледале, но никој не можел да му помогне. На крај му станало јасно: „Мојот драг слуга ќе умре!" Тогаш се сетил: „Многу сум слушал за Исус. Можеби Тој ќе може да помогне? Ќе одам кај Него!" Така, овој неверен, безбожен човек отишол кај Исус и му рекол: „Господине Исусе, мојот слуга е болен. Дали можеш да го излечиш!" „Да" - одговорил Исус - „ајде да одиме таму!" На ова капетанот рекол: „Ах, тоа воопшто не е потребно, Ти не мораш да одиш таму. Кога јас заповедам, моите слуги веднаш послушуваат. Доволно е да

речеш еден збор, и мојот слуга ќе биде здрав.“ Овој римски многубожец всушност со ова рекол: „Ти можеш неможното да го направиш можно! Па самиот Ти си Бог!“ Исус се свртел кон народот и рекол: „Ваква вера не најдов кај Израелците.“ Ова значи: „Ваква вера како кај овој атеист нема во целата црква.“ Гледате ли: Овој многубожечки капетан сфатил дека во ликот на Исус лично Бог дошол кај нас!

Морате да ја знаете историјата за Исус. Јас ве молам, јас ве преколнувам: Набавете си Нов Завет. Читајте го Евангелието според Јован, потоа другите евангелија и така со ред. Приказните за Исус се прекрасни. Јас не знам да има такви илустрирани списанија во кои би имало поинтересни приказни отколку оние во Новиот Завет.

Но Исус, Синот Божји, не дошол на овој свет само затоа да излечи нечиј слуга, ниту само затоа да посведочи и да документира дека Бог постои. Тој сакал нешто повеќе. Тој дошол за луѓето да стекнат мир со Бог!

Внимавајте, меѓу Бог и нас не стои само бариерата на другата димензија. Меѓу тебе и Бог, меѓу мене и Бог, стои еден сосема друг ѕид, односно бариера. Тоа е ѕидот на нашата вина! Дали некогаш сте лажеле? Да? Со тоа вие сте доѕидале уште еден камен меѓу Бог и себе. Дали сте живееле без Бог, еден ден без молитва? Да? Ова е уште една тула. Нечисти мисли, прељуба, кражба, непочитување на неделата и илјадници други работи, сите прекршувања на заповедите; секојпат ние додаваме по еден камен во ѕидот. Што сè нема наѕидано во тој ѕид што ги дели луѓето од Бог. Но Бог е свет Бог. Кога ќе го изговорам името „Бог“, неизбежно се поставува прашањето за мојата вина, а ова прашање мора да се разреши. Бог смртно сериозно го сфаќа секој грев.

Познавам луѓе што велат: „Бог мора да се радува што јас верувам во Него!“ Ах, какво време! Но ова не е

доволно. И ѓаволот „верува во Бог!“ Секако, тој не е атеист. Тој многу добро знае дека Бог е жив. Но тој нема мир со Бог. Човекот добива мир со Бог кога ќе се отстрани ѕидот на неговиот грев и вина што стои меѓу него и Бог. Токму за ова дошол Исус. Тој го урнал ѕидот на нашата вина. Затоа Тој дозволил да Го прикоцат на крст. Тој знаел: „Некој мора да ја понесе осудата на Светиот Бог за гревот - или човекот или Јас.“ Разбирате? Или Вилхелм Буш ќе плати, или Исус! И тогаш, Синот на живиот Бог, Исус Христос, ја поднел казната наменета за мене. И твојата казна, исто така.

Сега пак би сакал да го насликам пред вашите очи Господ Исус на крстот. Ова е најчудесната слика што светот кога било ја видел. Таму виси Тој, преку кого Бог го урнал ѕидот, и Кој дошол во бедата на овој свет. Таму виси Тој за кого Библијата вели: „Бог ги положи сите наши гревови врз Него.“ Таму виси Оној што ги понесува сите наши камења на гревот - да, карпите на гревот, што тежат! Тој ги носи на своите плеќи. Таму виси Оној што го прави она што никој од нас не може: Тој ги симнува нашите грешни товари. Морате ова сами да си го прочитате во Библијата. На крстот се остварува пророштвото од Стариот Завет: „На Него беше положена казната за ние да имаме мир.“

Еве уште еден начин ова да ви го разјаснам. Во Швајцарија имав еден драг пријател, со кој сум бил на прекрасни патувања. Кога некаде заедно ќе ручавме, следуваше плаќање на сметката. Во такви случаи се вели: „Некој мора да плати. Кој имаше поголем паричник?“ Се разбира, тогаш јас велев: „Ханс, ајде ти плати. Покажи се малку!“ Разбирате, нели? Некој мора да плати. За нашата вина пред Бог, за сите наши гревови и престапи некој мора да плати. Или му верувате на Исус дека Тој платил за вас - или пак самите вие еднаш

ќе морате да си платите. За секоја вина мора да се плати. Разберете: Токму затоа ми е Исус толку драг. Затоа се држам цврсто за Него, бидејќи Тој плати за мене.

Исус не остана во прегратките на смртта. Не! А тоа е прекрасно. Три дена по смртта на Исус, гледаме еден човек во тивка замисленост. Тој си медитира: „Што се случи со Исус? Сега Тој е мртов. Јас сам видов како Го положија в гроб и одозгора навалија голем камен. Дали Тој беше Божји Син или не беше?“ Човекот се викаше Тома. И додека човекот сè уште си размислуваше: „Што се случи со Исус?“ - дојдоа неговите пријатели радосни и одушевени: „Човеку! Тој е жив! Што си се нажалил толку? Тој е жив!“ „Кој е жив?“ „Исус!“ „Тоа е невозможно!“ „Ама да! Ние го видовме празниот гроб, лично те уверуваме, се колнеме дека е така! Најпосле, ние имавме средба со Него!“ „Зар е возможно тоа“, си мисли Тома, „некој да воскресне од мртвите? Ако е тоа вистина, тогаш Тој е Божји Син, тогаш сам Бог им се објавил на учениците!“ Но тој е сомничав: „Многу пати во животот сум бил изигран. Јас повеќе не верувам во она што не сум го видел!“ Еднаш, кога патував со воз, кондуктерката со која зборував за Исус, ми рече: „Јас верувам само во она што го гледам!“ Така си мислел и Тома. Потоа им рекол на другарите: „Ако не ги видам трагите од клинците и не ги пипнам со прст и ако не ја положам раката во смртната рана што му ја нанесоа во ребрата, јас нема да верувам.“ Можеле другите ученици ако сакаат да се раскинат од објаснување, како јас сега овде, сепак Тома би рекол: „Јас не верувам!“

Седум дена потоа, Тома е пак заедно со своите другари, учениците Христови. Наеднаш се појавува Исус пред нив. „Мир вам!“ Тој се обраќа кон Тома и му вели: „Тома, дојди ваму. Пружи ја раката. Пипни со прст во раните на Моите раце, положи си ја раката на Мојата

смртна рана и не биди неверен, туку верен!" Тогаш овој сиромав, неверен човек паднал на колена и повикал: „Господе Исусе, мој Господе и мој Боже!"

Сега веројатно разбравте што сакав да ви кажам кога ви зборував дека животот со Бог не е илузија. Животот со Бог не е нешто замислено. Бог не е нешто неодредено: „Некаде има некој бог, но каков е, тоа не се знае." Не! Туку вака: Постои живот со Бог, и тој се засновува на фактот што Божјиот Син дошол и умрел за мене и воскреснал од мртвите. Затоа јас можам денес да знам нешто сигурно за Бог.

Тоа беше прво што сакав да го разјаснам во врска со нашата денешна тема, имено: Животот со Бог не е никаква илузија. Сега ќе продолжам со следното прашање, а тоа е прашањето:

## 2. Како се добива живот со Бог?

Луѓето често ми велат: „Пасторе Буш, вие во суштина сте многу среќен човек. Имате нешто што јас го немам." Јас им одговарам: „Немојте да се грижите. И вие можете да го имате истото. Исус е тука и за вас." Тогаш се поставува прашањето: „Да, но како да добијам живот со Бог?" На ова Библијата одговара јасно, со една реченица: „Верувај му на Господ Исус Христос!"

Ех, кога би можел да те доведам до оваа вера. Но за таа цел морам прво да ви разјаснам што всушност значи да се „верува". Некои луѓе имаат сосема погрешна претстава за верата. Некој ќе погледне на својот часовник и вели: „Сега е точно седум и дваесет минути според мојот часовник. Тоа го знам сосема сигурно." Некој друг, што нема часовник, вели: „Сега е дваесет минути по седум - верувам во тоа." Така луѓето си мислат дека „верата" е некое неодредено знаење. Дали е така? Што значи

да се „верува“ кога Библијата вели: „Верувај му на Господ Исус Христос?“ Сега ќе ви го разјаснам тоа врз основа на едно доживување.

Еднаш држев предавања во главниот град на Норвешка, Осло. Едно саботно утро сакав да летам назад, бидејќи веќе следниот ден во Вупертал требаше да зборувам на еден голем собир. Но сè тргна наопаку. Авионот доцнеше еден час поради магла. Конечно се качивме во авионот за Копенхаген, каде што требаше да се префрлиме во друг авион. Кога бевме над Копенхаген, наеднаш пилотот сврте и летна во правец на Шведска. Преку разгласот тој ни соопшти дека над Копнехаген има густа магла и таму не може да се слета. Така летавме кон Малме. Јас воопшто не сакав да одам во Малме во Шведска. Што барам таму? Мојата желба беше да одам во Диселдорф. Требаше да зборувам во Вупертал. Најпосле се спуштивме во Малме. И што да видиме? Цел аеродром беше полн со народ. И уште пристигнуваа други авиони и народ се истоваруваше. Испадна дека во тоа време Малме бил единствен аеродром на кој немало магла, и затоа сите авиони пристигнуваа таму. А тоа̀ беше сосема мал аеродром, па набргу во зградата и по чекалните немаше каде да се седне. Јас се спријателив со еден австриски трговец. Двајцата се прашувавме: „Што ќе се случи сега? Веројатно и утре ќе нè осамне овде. Ќе капнеме од умор.“ Сите прашуваа, негодуваа, мрмореа, колнеа, знаете веќе како е во такви ситуации. Наеднаш од звучниците се слушна: „Еден четиримоторен авион лета на југ! Во моментов не знаеме дали ќе пристигне во Хамбург, Диселдорф или Франкфурт. Која сака да оди на југ, нека се качи!“ Значи, сепак беше нешто неодредено. Покрај нас една жена викна: „Јас не се качувам! Се плашам!“ Јас ѝ реков: „Драга госпоѓо, не треба да се плашите. Не морате да

се качувате.“ Мојот австриски пријател ми рече: „Ах, лет низ магла! И уште да не знаеш каде ќе стигнеш!“ И во тој миг, кога жената цимолеше и Австријанецот беше заплашен, покрај нас помина пилотот во својата сина униформа. Јас му го видов лицето. Беше многу сериозен и добро концентриран. Даваше впечаток: „Овој знае што е одговорност. За него ова не е игра.“ На мојот австриски пријател му реков: „Човеку, во овој можеме да имаме доверба. Дојди, да се качиме. Тој не е ветропир.“ И така, се качивме. Потоа авионот се одлепи од тлото и ние веќе бевме во рацете на овој човек. Но ние имавме доверба. Јас му го доверив мојот живот. Слетавме во Франкфурт и ми требаше цела ноќ додека си дојдов дома. Но сепак дојдов до целта. Ова значи да се „верува“. Да се верува значи: Својот живот да му го довериш некому.

Како да добијам живот со Бог? „Верувај во Господ Исус Христос!“ Јас вака би се изразил: Качи се со Исус! Видете, при качувањето во авионот имав чувство дека мојот пријател, Австријанецот, да можеше, со едната нога ќе останеше на земјата, а со другата ќе стапеше во авионот. Но тоа така не оди. Или се останува надвор, или се влегува внатре и му се доверува животот на пилотот. Така е и со Исус. Не можете со едната нога да живеете без Исус, а со другата да се качите кај Него. Значи, така не може. Вера во Исус Христос, живот со Бог има само ако ризикувам и Му се доверам. Јас морам да Му речам: „Земи го мојот живот Исусе, јас Ти го предавам.“

Сега би ве запрашал: На кого би му се предале, ако не на Божјиот Син? Никој на светот не сторил за мене толку многу, како што сторил Исус! Тој толку ме сака, што умрел за мене. И за вас! Никој толку не нè сака. Потоа Тој станал од мртвите. Зар нема да му го доверам животот на Оној што воскреснал? Ние сме глупави ако

тоа не го направиме! Во моментот, кога ќе му го предадам својот живот на Исус, јас се качувам во живот со Бог. Прекрасни се стиховите на духовната песна:

Сè му предавам на Исус,
Од срце, доброволно.
Нему вечно ќе му служам,
За Него ќе живеам.
Сè му предавам на Исус,
Сосем Негов станувам;
Духот Божји да ме полни,
Смиреност да чувствувам....

Ах, кога и вие вака би му изјавиле на Исус!

Откако вака објаснив, би сакал уште нешто да додадам. Кога ќе решите да му го предадете својот живот на Исус и да се качите кај Него, кога ќе посакате да му се доверите, тоа треба и да Му го кажете. Тој е тука. Тој е близу до вас. Ве слуша. Кажете му: „Господе Исусе, јас Ти го предавам мојот живот!“

Кога јас, како безбожен и расипан млад човек се обратив и го примив Исуса, се молев: „Господе Исусе, сега ти го предавам мојот живот. Не можам да ти ветам дека ќе бидам добар. За таа цел Ти треба да ми дадеш ново срце. Мојот карактер е лош, јас сè ти предавам. Направи нешто со мене.“ Тоа беше часот во мојот живот кога јас со двете нозе се качив кај Исус и му го предадов кормилото на мојот живот на Оној што ме откупи со својата крв.

Но, за да се напредува во животот со Бог, мора од срце да се прават следните три работи: Проучување на Божјиот Збор - Библијата, разговор со Бог - молитва и заедништво со верните.

Не може да му се припаѓа на Исус, а да не се слуша ништо веќе за Него. Мора да се има Библија или Нов

Завет и секој ден, по четврт час, мирно да се чита со ред. Ако има нешто што не разбирате, бидете спокојни. Но, колку почесто читате, сè почудесно ќе ви изгледа. Мене лично многу пати ми заиграло срцето од радост што му припаѓам на таков прекрасен Спасител и што можам да им зборувам на луѓето за Него. Можеме да имаме живот од Бог, но треба овој живот да го даваме и понатаму.

Непосредно поврзано со првата работа, со Божјиот Збор, е и втората - молитвата. Исус ве слуша! Не треба да Му кажувате красни говори. Доволно е ако се молите едноставно, како што би се молела една домаќинка: „Господе Исусе! Денес е лош ден. Мојот маж е лошо настроен, децата се немирни, јас имам многу за перење, а ми недостигаат и десет марки. Господе Исусе, ти ја предавам сета оваа грижа. Те молам дај ми срце полно со радост, бидејќи јас го имам Твојот божествен живот. Помагај ми денес, те молам. Фала Ти Исусе што смеам целосно да Ти се доверам!“ Разбирате ли? На Исуса смеам да му кажам сè што ми лежи на срце! Исто така смеам да молам: „Господе Исусе, помогни ми подобро да те запознаам и сè повеќе да ти се предавам!“

Третото нешто што спаѓа во живеењето со Бог е заедништвото со верните. Значи, се здружуваш со оние што исто така сакаат да му припаѓаат на Исус. Неодамна некој ми рече: „Јас сакам да верувам, но не ми успева!“ Јас го советував: „Ти треба дружење со другите христијани!“ Тој почна да се брани: „Никои не ми се допаѓаат!“ „Да“, реков јас, „тогаш не може да ти се помогне. Ако сакаш да си со нив заедно и на небото, тоа мора да го учиш уште сега. Добриот Бог не може да произведе специјални христијани за тебе да ти се допаѓаат.“

Кога бев млад, познавав еден директор на банка во Франкфурт, еден постар господин. Тој ми раскажуваше настани од неговата младост. Кога завршил матура,

татко му му рекол: „Еве ти толку и толку пари, па направи си една турнеја низ сите главни градови на Европа.“ Замислете си го тоа! Младинец од 18 години да добие таква дозвола. И вие можеби сте посакувале вакво нешто. Стариот господин ми раскажуваше: „Јас знаев дека не е тешко во големите градови да западнеш во грев и срам. Но јас сакав да Му припаѓам на Исус. Затоа, со мојот багаж си понесов и еден Нов Завет. Секој ден, пред да ја напуштам хотелската соба, јас го слушав гласот на Исус и Му одговарав. Секаде каде што ќе отидов, ги барав христијаните, и насекаде наоѓав Христови следбеници: Во Лисабон, во Мадрид, во Лондон, во... Но најтешко беше во Париз. Таму долго се распрашував за да најдам човек што би сакал да биде Исусов. Најпосле ми покажаа еден чевлар. 'Тој чита Библија!'“ И така, младиот човек отишол во посета кај чевларот, во неговата работилница. Кога се качил кај него, го прашал: „Дали го познаваш Исус?“ Наместо одговор, очите на чевларот светнале. Младичот му рекол: „Ќе доаѓам секое утро кај вас заедно да се молиме. Смеам ли?“ Толку многу му значела онаа трета работа од христијанскиот живот, заедништво со луѓе што сакаат да бидат сериозни христијани.

Ете, тоа беа моите подготвителни работи што сакав да ви ги разјаснам. Прво, објаснив дека животот со Бог не е илузија. Исус дошол на овој свет. И второ: Како да добијам живот со Бог? „Верувај во Господ Исус Христос!“ И сега доаѓаме до вистинското прашање.

### 3. Каква е ползата од животот со Бог?

Драги пријатели, кога би сакал да ви раскажам што сѐ човек има од животот со Бог и од заедништвото со Исус, ќе ме затече Божиќ и пак нема да завршам. Толку многу има за тоа да се зборува.

Нема никогаш да заборавам што ми рече татко ми кога на 53 години лежеше на претсмртна постела. Тоа му беа последни зборови: „Вилхелме, те молам, кажи им на моите пријатели и познати колку бев среќен и блажен со Исус - во животот и во умирањето!“ Знаете што? Кога човек лежи на претсмртна постела, веќе не раскажува смешки и вицови. И кога некој со последниот здив сведочи: „...колку ме направи среќен Исус - во животот и во смртта“, тоа се памети и многу значи. А како ќе умираш ти?

Кога служев како млад пастор во Рурската област, ми се случи една интересна случка. Се одржуваше еден голем собир во кој еден учен човек два часа докажуваше дека Бог не постои. Ја употреби сета своја ученост. Салата беше полна со луѓе. Освен тоа, од чадот на цигарите одвај се дишеше. Аплаузи имаше колку сакаш: „Урааа! Нема Бог! Можеме да правиме што сакаме!“ По два часа, кога говорникот заврши, водителот на собирот стана и рече: „Сега е време за дискусија. Кој сака, нека се пријави!“ Природно, никој немаше доволно храброст да се јави. Секој си мислеше: „Толку учен човек не може да се побие.“ Сигурно имаше некои присутни што не се сложуваа со она што беше кажано, но кој има храброст да се качи на говорницата, пред илјадници луѓе што му аплаудираа на претходниот говорник! Но сепак има некој. Се јавува еден глас. Во задните редови се појавува една стара баба, вистинска источнопруска стара бабичка со црно капче, какви што ги има многу во Рурската област. Претседавачот прашува: „Бабичке, имате нешто да кажете?“ „Да!“ - одговори бабата - „Би сакала нешто да кажам.“ „Но морате прво да излезете напред.“ „Да!“- вели бабата - „јас не се плашам!“ Каква храбра жена! Тоа се случи некаде околу 1925 година. Значи, бабата храбро чекори напред, се качува на

подиумот и застанува зад говорницата и почнува: „Господине говорниче, еве веќе два часа ни зборувате за вашата невера. Дозволете сега јас да зборувам пет минути за мојата вера. Би сакала да ви кажам што направи за мене мојот Господ, мојот Небесен Татко. Видете, кога бев уште млада, мојот маж настрада во рудникот и дома ми го донесоа мртов. Јас останав со моите три мали деца. Тогаш социјална помош речиси и не постоеше. Можев да умрам од очај над мртвото тело на мојот маж. Тогаш мојот Бог ме утеши така како што ниеден човек не можеше да ме утеши. Тоа што ми го кажуваа луѓето, ми влегуваше од едното уво и ми излегуваше од другото. Но тој, живиот Бог, ме утеши! Јас му реков: 'Господе, сега ти биди им татко на моите деца!' (навистина беше трогателно како раскажуваше старата жена!) Навечер често не знаев од каде ќе добијам пари за да ги нахранам моите деца. Тогаш пак му реков на мојот Спасител: 'Господе, ти знаеш во каква мака сум. Те молам, помогни ми!'"

Потоа старата жена се сврте кон говорникот и му рече: „Тој никогаш не ме остави на цедило, никогаш! Бог сторил и нешто повеќе од тоа. Тој го пратил својот Син, Господ Исус Христос. Тој умрел, воскреснал и ме измил со Својата крв од сите гревови! Да!" - продолжи таа - „сега сум една стара жена. Наскоро ќе умрам. Но Тој ми даде надеж за вечен живот. Ако сега ми се затворат очите, ќе се разбудам на небото, бидејќи јас му припаѓам на Исус. Сето тоа Тој го направи за мене! А сега, те прашувам господине говорниче: „Што направило за вас вашето неверие?" Тогаш говорникот стана, ја потупка по рамото старата баба и рече: „Ах, на една таква стара жена ние нема да ѝ ја одземаме верата. Таа е добра за старите луѓе." Требаше да ја видите старата бабичка! Таа енергично се оттргна и

изјави: „Нее, нее! Нема само така да ме избркаш! Јас ти поставив прашање, господине говорниче, и ти треба да ми одговориш на него! Јас ти кажав што направи мојот Господ за мене. А сега ти кажи ми: Што направи за тебе твоето неверие?“ - Настана тешка пауза! Жената беше навистина мудра...

Денес, кога од сите страни во светот се напаѓа евангелието, јас прашувам: Каква корист имате од вашето неверие? Јас немам впечаток дека луѓето имаат мир во срцето и се среќни поради тоа. Не, драги мои!

Што корист има човек од животот со Бог? Јас ќе ви кажам од свое искуство: Мојот живот не би можел да го поднесам ако немав мир со Бог, преку Исус! Имаше моменти кога срцето ќе ми пукнеше. Денес слушнав за една случка. Тука во соседството се случила страшна несреќа, што фрлила во длабока тага две семејства. Ако добро разбрав, две деца се прегазени. Ненадејно може да ни се случи нешто страшно. Во такви мигови не помагаат никакви големи изјави. Тогаш завршува сета мудрост. Само раката ја подаваш во темнината и прашуваш: „Има ли некој што може да ми помогне?“ Во тешките мигови на животот се гледа што имаме кај Исус! Кога се оженив, на мојата жена ѝ реков: „Жено, сакам да ми родиш шест сина и сите да свират труби.“ Толку убаво си замислував: да имам цел лимен оркестар во куќата. Добивме шест деца, четири убави ќерки и два сина. Но моите два сина ги нема веќе. И двата Бог ми ги одзеде на страшен начин, прво едниот, а потоа и другиот. Тоа никако не можев да го разберам. Целиот мој живот работев со млади луѓе бидејќи бев младински пастор, а моите сопствени деца... Уште се сеќавам како беше кога ми ја соопштија веста за смртта на мојот втор син. Како некој да ме прободе со нож во срцето. Доаѓаа луѓе и ме тешеа, но нивните зборови не допираа до моето

срце. Бев младински пастор и знаев: „Вечерва ќе морам да бидам во младинскиот христијански дом. На 150 младинци треба да им проповедам радосна Божја порака. А моето срце крвавеше!“ Тогаш се заклучив, паднав на колена и се молев: „Господе Исусе, ти си жив, те молам, помогни ми мене кутриот пастор!“ Го отворив Новиот Завет и прочитав: „Исус рече: Свој мир ви давам!“ Јас знаев: Тоа што Тој го ветува, и го исполнува. Затоа го молев: „Господе Исусе, не разбирам зошто ми го стори тоа, но дај ми го твојот мир! Исполни го моето срце со твојот мир!“ И, ви тврдам, Тој го стори тоа!

И вам ќе ви треба Исус тогаш кога ниту еден човек не ќе може да ве утеши. Тоа е прекрасно: Кога ниеден човек не може да ти помогне - да се познава Исус, Кој нѐ откупил на крстот со својата крв и Кој воскреснал. Да можеш да му речеш: „Господе, дај ми го твојот мир!“ Мирот што Тој го дава се влева во нашето срце како огромна струја! Тоа важи и за најтешките мигови во нашиот живот, кога доаѓа смртта. Како мислиш да умираш? Тогаш ниеден човек не ќе може да ти помогне. Дури и најмилата рака еден ден ќе мораш да ја отпуштиш. Како ќе изгледа тоа? Одиш во Божје присуство! Дали сакаш да стапиш пред Бог со сите твои гревови? Ах, само кога би ја прифатиле силната рака на Спасителот и кога би Му рекле: „Ти ме откупи со твојата скапа крв и ми ги прости сите мои гревови!“ Тогаш може да се умре блажен!

Што имаме од животот со Бог? Јас ќе ви набројам:

- мир со Бог
- радост во срцето
- љубов кон Бог и кон ближниот така што ги сакам дури и непријателите, па и тие што ме нервираат
- утеха во несреќата, така што секој ден сонцето ми свети

- сигурна надеж во вечен живот
- Свети Дух
- проштавање на гревовите
- стрпливост... ах, би можел уште многу да набројувам.

Ќе завршам со песната што толку многу ја сакам:

Сигурност слатка, Исус е мој!
О, каква радост е за мене Тој!
Дете сум Божјо, сигурно знам!
Откупен со крв, роден од Дух.
Затоа пеам и сведочам!
Го славам Исус цел живот свој...

Голема работа е да му припаѓаш на Спасителот! Јас и вам ви го посакувам ова богатство, оваа среќа!

---

Вилхелм Буш

Роден е во 1897 во Вупертал-Елберфелд. Младоста ја минал во Франкфурт на Мајна и таму матурирал. Со вера се здобил како млад поручник во Првата светска војна. Теологија студирал во Тибинген. Отпрвин бил пастор во Билефелд, потоа во едено рударско подрачје и на крај со децении бил младински пастор во Есен. При тоа тој многу пати одржувал евангелизациски говори и во земјата и во странство. За време на Третиот Рајх, поради верата и борбата на искрената црква често бил затворан. По Втората светска војна тој пак бил неуморен гласник на Исус и многу патувал. Во 1966, кога се враќал од едно евангелизациско предавање што го држел во Либек, Господ го прибрал во небесниот дом.

**Почитувани читатели,**
**ако ни го испратите овој исечок**
**со вашите податоци,**
**ќе ви испратиме каталог**
**според кој можете да порачате**
**бесплатна христијанска литература.**

***Ве молиме, исечокот испратете го на адреса:***
***"Љубители на Христијанското Евангелие"***
***Поштенски фах 698, 91001 Скопје***

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Име

Презиме

Адреса

Место   Пошт. бр.

Телефон   Возраст

Што може да се добие
од животот со Бог?

- мир со Него
- радост во срцето
- љубов кон Бог и кон
  својот ближен
- утеха во несреќа
- сигурна надеж во
  вечниот живот
- проштавање на
  гревовите
- стрпливост...

Сето ова можете да го
добиете и вие, но и многу
повеќе...
Откријте го тоа сами во оваа
книга, преку проповедите на
пасторот Буш.

Второ издание

ЉУБИТЕЛИ
на ХРИСТИЈАНСКОТО
ЕВАНГЕЛИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

126 06 22
G 08 550

ISBN 989-8...